Ludwig Boltzmann Institut für Menschenrechte
Ludwig Boltzmann Institute of Human Rights

# СТУДИЈА ЗА СИРОМАШТИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:
## Локални социјални проблеми и потреби



*Скопје, март 2011*

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

financed by
Austrian Development Cooperation

Ludwig Boltzmann Institut für Menschenrechte
Ludwig Boltzmann Institute of Human Rights

# СТУДИЈА ЗА СИРОМАШТИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА:
# Локални социјални проблеми и потреби

*Скопје, март 2011*

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МТСП
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД
И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

*financed by*
Austrian
Development Cooperation

***Издавач***
Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“ – БИМ-ФВ, Скопје

*Подготовката и печатењето на оваа публикација се финансиски поддржани од страна на Австриската соработка за развој (ADC)*

**Подготовка**
Здружение на граѓани „Мозаик“
Проф. д-р Мариа Доневска – координатор на истражувањето
Доц. д-р Сузана Борнарова – главен истражувач/автор
Доц. д-р Наташа Богоевска – истражувач/автор
Доц. д-р Светлана Трбојевиќ – истражувач/автор
Боге Божиновски - статистичар

**Реализација на теренско истражување**
Мартен Боард - Скопје

**Проект**
Човекови права и социјална инклузија во Македонија
Институт за човекови права „Лудвиг Болцман“ - БИМ-ФВ, Скопје
ул. „Вељко Влаховиќ“ бр. 1 А-1/4 1000 Скопје
тел.: +389 (0)2 3216 956
факс: +389 (0)2 3216 982

**Тим за поддршка на БИМ-ФВ, Скопје**
Петранка Делова-Миладинова – менаџер на проектот
Стојан Мишев – советник за човекови права
Нинослав Младеновиќ – советник за човекови права
Јагода Иљов – административен асистент

**Лице за поддршка од Министерството за труд и социјална работа на РМ**
Ирена Тодороска – раководител на Одделението за социјална инклузија

**Лектура**
Оливера Јовевска

Ставовите изразени овде и оние на авторите не го изразуваат секогаш официјалниот став на *Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ (БИМ-ФВ)* и на *Австриската соработка за развој (ADC)*

При употреба на податоците, молиме да се наведе изворот: *СТУДИЈА ЗА СИРОМАШТИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА ИСКЛУЧЕНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА: Локални социјални проблеми и потреби*, март 2011

Почитувани,

Дозволете да го искажам моето огромно задоволство од Студијата за сиромаштијата и социјалната исклученост која, едноставно, го заокружува нашиот заеднички стремеж за изградба на едно инклузивно и кохезивно општество во процесот на наша поскорешна евроатлантска интеграција.

Во оваа насока, благодарност до Институтот за човекови права „Лудвиг Болцман“ и до Австриската развојна агенција за несебичните заложби за заедничко унапредување и усовршување на политиките од областа на социјалната заштита и социјалната инклузија, почитувајќи го принципот заснован на човекови права.

Актуелните состојби прикажани во оваа студија се можност за создавање амбиент што ќе генерира општествен развој и кохезија.

Наша цел и понатаму ќе биде одржување дијалог и партнерски однос меѓу сите засегнати страни на национално и на локално ниво како клучен процес за создавање општество во кое врската меѓу поединецот и општествениот систем ќе значи безусловни еднакви шанси и можности за сите.

Со почит,

Џељаљ Бајрами
Министер за труд и социјална политика

**СОДРЖИНА**


I. МЕТОДОЛОШКА РАМКА 7
- 1. ВОВЕД 7
- 2. ОСНОВНИ ПОИМИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО 9
- 3. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 10
- 4. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 11
  - 4.1. Квалитативна методологија 11
  - 4.2. Квантитативна методологија 11
    - *4.2.1. Локација на квантитативното истражување* 12
    - *4.2.2. Основна структура на примерокот* 12
    - *4.2.3. Дополнителни обележја на структурата на примерокот* 15
  - 4.3. Истражувачки предизвици 17

II. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО 19
- ОПШТИНА БЕРОВО 19
- ОПШТИНА ЛИПКОВО 43
- ОПШТИНА РАДОВИШ 69
- ОПШТИНА ЧАШКА 97
- ОПШТИНА ПЕХЧЕВО 125
- ОПШТИНА КОНЧЕ 153
- ОПШТИНА НЕГОТИНО 177
- ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ 201

III. ЗБИРНА АНАЛИЗА, ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ 223
- 1. ЗБИРНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ОПШТИНИТЕ 223
  - 1.1. Вработување 223
  - 1.2. Животен стандард 223
  - 1.3. Социјални проблеми и социјална заштита 225
  - 1.4. Здравство и исхрана 226
  - 1.5. Образование 227
  - 1.6. Спорт, забава, култура 228
- 2. ЗАКЛУЧОЦИ 229
- 3. ПРЕПОРАКИ 231

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 236

Анекс 1: Прашалник - истражување на социјалната положба на граѓаните во РМ 239

**ЛИСТА НА КРАТЕНКИ**

**ЕПП –** Еднократна парична помош

**МТСП –** Министерство за труд и социјална политика

**НВО –** Невладини организации

**ППП –** Постојана парична помош

**СПП –** Социјална парична помош

**ТНП** – Туѓа нега и помош

**ЦВ –** Центри за вработување

**ЦСР –** Центар за социјална работа

**ОУ** – Основно училиште

**ЦОУ** – Централно основно училиште

# I МЕТОДОЛОШКА РАМКА

## 1. ВОВЕД

Независноста на Република Македонија, како и преминот од планска во пазарна економија во 1991 година, го означи почетокот на долгата и социјално тешка транзиција. Процесот на транзиција беше придружен со приватизација, реструктурирање на претпријатијата и затворање голем број непрофитабилни индустриски капацитети. Како последица на тоа, голем дел од работната сила во Република Македонија беше претворена во технолошки вишок, стапките на невработеност и сиромаштија забележаа остар пораст, а животниот стандард значително се влоши. Во ваква ситуација, сиромаштијата и социјалната исклученост, како комплексни и мултидимензионални проблеми, беа проследени со негирање на човековите права, на што укажува фактот дека ранливите групи население не беа во можност да си ги задоволат ни основните животни потреби. На сериозноста и одржливоста на овој проблем укажува и моменталната стапка на релативна сиромаштија во Македонија, која сè уште е многу висока и изнесува 28,7%.[1]

Во ваквиот општествен контекст, системот на социјална заштита во Македонија беше соочен со предизвикот да одговори на сè поголемиот број сиромашни и социјално исклучени граѓани. Еден од релевантните показатели за осиромашеноста на македонските граѓани е бројот на корисници на социјална парична помош за работоспособни, материјално необезбедени лица (а му се доделува на домаќинството). Во декември 2009 година, од вкупниот број домаќинства во Македонија (564.296), дури 9,4% (53.105 домаќинства) беа корисници на социјална парична помош[2]. И покрај обидите на креирачите на политиката за намалување на трошоците за социјална помош и вклучување на ранливите групи граѓани во општествените текови, бројот на корисници не се намали значително во изминатите две децении. За постигнување поголема социјална вклученост на граѓаните, поинтензивно во периодот по 2004 година, фокусот беше ставен на децентрализацијата во социјалната заштита. Со измените и дополнувањата на Законот за социјална заштита од 2004 година[3] на општините им се даде можност и одговорност да ги развиваат социјалните функции на локално ниво и да креираат програми за задоволување на потребите на групите во социјален ризик. Законот предвидуваше можност општините да развиваат вонинституционални форми на заштита преку основање и организирање центри за дневно и за привремено згрижување граѓани, во зависност од нивните потреби, како и да организираат и да спроведуваат социјална заштита на граѓаните од своето подрачје преку донесување сопствени развојни програми согласно со специфичните

---

[1] www.stat.gov.mk

[2] www.mtsp.gov.mk

[3] Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/2000, 17/2003, 65/2004).

потреби. Паричните бенефиции, кои сепак не ги покриваат сите ранливи групи и се во премногу мал износ за да можат да влијаат врз намалување на сиромаштијата и на социјалната исклученост, останаа централизирани. Сепак, и покрај законските измени, општинските функции во доменот на социјалната заштита останаа недоволно развиени поради незавршената фискална децентрализација во голем дел од нив, недоволните локални иницијативи и недостигот од обврзувачки елементи во законската регулатива што би се однесувале на ангажираноста на општините во развивање локални социјални програми. Веќе со Законот за социјална заштита од 2009 година[4] се воведе обврзувачки елемент, според кој општината е должна развојните програми што ги изготвува да ги усогласи со стратегиските програми на Министерството за труд и социјална политика и да ги доставува на мислење, по што се очекува во натамошниот период да се интензивираат активностите и на општините во доменот на социјалната заштита.

Последица на ваквата состојба е сиромашна мрежа на локални социјални услуги во општините во Македонија. Пристапот до одредени социјални услуги е овозможен само преку законската рамка, додека до други е оневозможен поради законски или административни пречки. Воедно, социјалните услуги на локално ниво често се воспоставуваат без претходна и соодветна анализа на ситуацијата, локалните социјални проблеми и без процена на потребите. Како последица на тоа, од една страна, корисниците на социјалните бенефиции сѐ уште се само пасивни корисници во системот на заштита (особено корисниците на паричните надоместоци), а од друга страна, на некои групи население што се погодени од повеќекратни социјални проблеми им недостасува пристап до постојните услуги поради социјалната исклученост.

Поради сознанијата за недоволната анализа на сиромаштијата, социјалната исклученост, социјалните проблеми и потреби на локално ниво, се очекува резултатите од ова истражување да придонесат за пополнување на јазот и за снабдување на општините што се инволвирани во истражувањето со релевантни податоци потребни за процесот на стратегиско планирање заради справување со сиромаштијата и со социјалната исклученост.

[4] Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија" 79/09).

## 2. ОСНОВНИ ПОИМИ ВО ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Сиромаштија:** За сиромашни се сметаат лица, семејства и групи лица чии ресурси (материјални, културни и социјални) се на такво ниво што ги исклучува од минимално прифатливиот начин на живеење во земјата во која живеат.[5]

**Социјална исклученост:** За разлика од сиромаштијата, која се фокусира на поединците или на домаќинствата, социјалното исклучување примарно ги опфаќа односите меѓу поединецот и општеството, како и динамиката на тие односи.[6] Социјалното исклучување значи неможност ефективно да се партиципира во економскиот, културниот и социјалниот живот и на определен начин претставува отуѓување и дистанцирање од нормалните текови на општеството.

**Социјални потреби:** Потреби на поединецот како единка што се услов за негова егзистенција како човечко битие, како и потреби што ги задоволува поединецот во заедницата.[7]

**Социјален проблем:** Состојби што влијаат врз значителен број луѓе како непожелни појави, кои со оглед на нивната распространетост се сметаат за извор на тешкотии и незадоволства, а кои можат да се спречат или да се ублажи нивното дејство со организирана општествена акција.[8]

**Социјална заштита:** Парични надоместоци и лични социјални услуги обезбедени за лица што не влегуваат во ниедна шема на социјално осигурување, а кои се без доволно средства за живеење за себе и за семејството.[9]

[5] http://epp.eurostat.ec.europa.eu

[6] http: www1.oecd.org/cer/obj5/docs.htm

[7] Пејановиќ С. (1995) Појам потреба и социјалне потребе, Социјална мисао, бр. 5-6, Београд.

[8] Сулејманов З., Стојановски Н. (2002) Социјална патологија, стр 21, Скопје.

[9] Амицис Г. (2004) Систем на социјална заштита во Република Македонија, Стр. 11-12, Скопје.

## 3. ЦЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

**Општа цел.** Општа цел на истражувањето на сиромаштијата и на социјалната исклученост е процена на социјалните потреби и проблеми на осиромашените и социјално исклучените групи граѓани во осум избрани општини во Македонија: Липково, Чашка, Студеничани, Неготино, Радовиш, Конче, Берово, Пехчево.

**Посебни цели:**

- Идентификација на видовите социјални проблеми и потреби на социјално исклучените граѓани.
- Утврдување на сиромаштијата и на животниот стандард на граѓаните вклучени во истражувањето.
- Обезбедување информации за условите на живеење и за проблемот на маргинализација и учество во локалната заедница.
- Идентификација на формите на исклученост на сиромашните и на социјално исклучените граѓани во таргетираните општини.
- Анализа на видовите бенефиции и услуги од социјалната заштита што се користат, како и пречките за пристап до нив.
- Утврдување на причините за евентуалниот ограничен пристап до социјалните услуги за ранливите групи граѓани.
- Презентирање на локалните мрежи на постојните социјални услуги и нивната расположливост (општини, центри за социјална работа - ЦСР, социјални, здравствени и образовни институции, невладини организации и други релевантни актери).
- Препознавање на социјалните услуги за кои постои потреба, а недостасуваат во општините и идентификација на клучните пречки во обезбедувањето на постојниите услуги на локално ниво.
- Давање препораки за надминување на идентификуваните социјални проблеми.
- Обезбедување податоци што ќе можат да се искористат при подготовка на стратегиски документи за борба против социјалната исклученост и сиромаштијата во таргетираните општини.

## 4. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Во истражувањето беше применета комбинирана квалитативно-квантитативна методологија.

### 4.1. Квалитативна методологија

Во рамките на квалитативната методологија беа користени следниве **техники**:

- *Анализа на содржина* на претходни истражувања, статистички бази на податоци и релевантна законска регулатива.
- *Експертски интервјуа* беа спроведени со по еден претставник од општините, ЦСР и центрите за вработување: беа реализирани вкупно 24 експертски интервјуа (по три во секоја од осумте општини: Липково, Чашка, Студеничани, Неготино, Радовиш, Конче, Берово, Пехчево).
- *Дискусии во фокус-групи* беа организирани во сите општини: реализирани се вкупно осум вакви дискусии во кои како учесници се јавија вкупно 76 лица: 58 корисници на права од социјалната заштита и 18 некорисници - жители на општините (Преглед 1).

*Преглед 1. Структура на учесници во фокус-групи*

| Општина | Корисници на СЗ | | Некорисници на СЗ | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | Мажи | Жени | Мажи | Жени | |
| Липково | 7 | / | 2 | / | 9 |
| Чашка | 9 | 2 | 3 | / | 14 |
| Студеничани | 6 | / | 4 | / | 10 |
| Неготино | 5 | 4 | 1 | / | 10 |
| Радовиш | 4 | 1 | 1 | 1 | 7 |
| Конче | 3 | 1 | 1 | / | 5 |
| Берово | 7 | / | 3 | / | 10 |
| Пехчево | 8 | 1 | 2 | / | 11 |
| **Вкупно:** | **49** | **9** | **17** | **1** | **76** |

За спроведување на квалитативниот дел од истражувањето беа изработени и користени следниве **инструменти**: планови на експертски интервјуа (3) и чек-листа за дискусијата во фокус-групите.

### 4.2. Квантитативна методологија

Во квантитативниот дел од истражувањето беше користена **техниката** анкета на домаќинствата. За целта на анкетата беше изготвен **инструмент** прашалник со 41 прашање од затворен и полуотворен тип, поделени во осум поглавја: 1) основни информации за главата на домаќинството; 2) информации за домаќинството; 3) животен стандард; 4) здравство и исхрана; 5) образование; 6) социјални проблеми и социјална заштита; 7) спорт, забава и култура и 8) живеалиште.

### *4.2.1. Локација на квантитативното истражување*

Емпириското истражување беше спроведено во осум општини во Македонија, четири урбани и четири рурални: а) урбани: Берово, Пехчево, Неготино и Радовиш и б) рурални: Липково, Чашка, Студеничани и Конче. Анкетирањето беше спроведено во текот на октомври-ноември 2010 година. Во ова истражување беа вклучени општини по избор на нарачателот на истражувањето.

*Преглед 2. Населени места во кои е спроведено анкетното истражување*

| Општина | Населено место | Урбана | Рурална |
|---|---|---|---|
| Берово | Г. Берово | 50 | |
| | С. Владимирово | | 50 |
| Липково | С. Липково | | 100 |
| Радовиш | Г. Радовиш | 65 | |
| | С. Раклиш | | 35 |
| Чашка | С. Чашка | | 100 |
| Пехчево | Г. Пехчево | 63 | |
| | С. Умлена | | 27 |
| | С. Чифлик | | 10 |
| Конче | С. Конче | | 100 |
| Неготино | Г. Неготино | 70 | |
| | С. Долни Дисан | | 19 |
| | С. Тамјаник | | 8 |
| | С. Тремник | | 3 |
| Студеничани | С. Студеничани | | 100 |
| **Вкупно** | | 248 | 552 |

### *4.2.2. Основна структура на примерокот*

Со емпириското истражување беше опфатен примерок од 800 домаќинства, односно по 100 домаќинства од секоја од осумте таргетирани општини. Одговорите на анкетните прашања ги дава главата на семејството (кога е затечен/а во текот на анкетирањето) или во случај на негово/нејзино отсуство, одговорите ги дава полнолетен член на домаќинството во негово/нејзино име. Станува збор за комбинација од пригоден примерок, репрезентативен според одредени индикатори:

- *Рурална/урбана припадност:* од аспект на овој критериум, учеството на домаќинствата од руралните и од урбаните средини во примерокот е пропорционално на реалната структура на населението според руралната/урбаната припадност во таргетираните општини. Анкетирани се 248 (31%) домаќинства од урбани средини, 532 (66,5%) домаќинства од рурални средини и 20 (2,5%) домаќинства од приградски средини.
- *Корисници на социјална помош - некорисници*: Заради целите на

опфат и анализа на социјалната ситуација на социјално ранливите домаќинства што оствариле пристап до системот на социјална заштита (социјалната помош), но и на оние што не се корисници на овој вид бенефиции, како и заради потребата од компарација на животниот стандард и проблемите меѓу овие две групи домаќинства, во секоја општина е избран приближно ист број домаќинства од двете групи (во приближен соодност 50% - 50%). Анкетирани се 381 (47,6%) домаќинство - корисници на социјална помош и 418 (52,3%) домаќинства што не се корисници на социјална помош.

- *Етничка припадност*: Учеството на домаќинствата во примерокот од аспект на етничката припадност е приближно пропорционално на реалната структура на населението во таргетираните општини според етничката припадност (види подетално за структурата на примерокот во прегледите 3 и 4 во продолжение).

*Преглед 3. Структура на примерокот според етничка припадност*

| Општина | | Етничка припадност на главата на домаќинството | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонец/ка | Албанец/ка | Ром/ка | Турчин/ка | Србин/ка | Бошњак/чка | Одбива да одговори | |
| Радовиш | вкупно | 88 | 0 | 4 | 7 | 0 | 0 | 1 | 100 |
| | во % | 11,0% | 0.0% | 0.5% | 0.9% | 0,0% | 0,0% | 0.1% | 12,5% |
| Неготино | вкупно | 96 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 | 1 | 100 |
| | во % | 12,0% | 0.0% | 0,3% | 0,1% | 0,0% | 0,0% | 0.1% | 12,0% |
| Берово | вкупно | 84 | 0 | 16 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100 |
| | во % | 10.5% | 0.0% | 2.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 12,5% |
| Пехчево | вкупно | 92 | 0 | 7 | 0 | 1 | 0 | 0 | 100 |
| | во % | 11,5% | 0.0% | 0.9% | 0,0% | 0.1% | 0.0% | 0.0% | 12,5% |
| Конче | вкупно | 96 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 100 |
| | во % | 12,0% | 0.1% | 0,0% | 0.1% | 0.3% | 0.0% | 0.0% | 12,5% |
| Липково | вкупно | 0 | 100 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100 |
| | во % | 0.0% | 12.5% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 0.0% | 12.5% |
| Студеничани | вкупно | 0 | 96 | 0 | 2 | 0 | 1 | 1 | 100 |
| | во % | 0.0% | 12,0% | 0.0% | 0.3% | 0,0% | 0.1% | 0.1% | 12.5% |
| Чашка | вкупно | 96 | 1 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 100 |
| | во % | 12,0% | 0.1% | 0,0% | 0.1% | 0.3% | 0,0% | 0,0% | 12,5% |
| | вкупно | 552 | 198 | 29 | 12 | 5 | 1 | 3 | 800 |
| | во % | 69.0% | 24.8% | 3.6% | 1.5% | 0.6% | 0.1% | 0.4% | 100.0% |

*Преглед 4. Структура на примерокот според рурална/урбана припадност и не/ корисници на социјална помош*

| Општина | | | Тип на населено место | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Урбано | Рурално | Приградско | |
| Радовиш | Корисници | вкупно | 31 | 19 | | 50 |
| | | во % | 31% | 19% | | 50% |
| | Некорисници | вкупно | 34 | 16 | | 50 |
| | | во % | 34% | 16% | | 50% |
| | вкупо | вкупно | 65 | 35 | | 100 |
| | | во % | 65% | 35% | | 100% |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Неготино | Корисници | вкупно<br>во % | 30<br>30% | 20<br>20% | | 50<br>50% |
| | Некорисници | вкупно<br>во % | 40<br>40% | 10<br>10% | | 50<br>50% |
| | вкупо | вкупно<br>во % | 70<br>70% | 30<br>30% | | 100<br>100% |
| Берово | Корисници | вкупно<br>во % | 19<br>19% | 23<br>23% | | 42<br>42% |
| | Некорисници | вкупно<br>во % | 31<br>31% | 27<br>27% | | 58<br>58% |
| | вкупо | вкупно<br>во % | 50<br>50% | 50<br>50% | | 100<br>100% |
| Пехчево | Корисници | вкупно<br>во % | 24<br>24% | 21<br>21% | | 45<br>45% |
| | Некорисници | вкупно<br>во % | 38<br>38% | 16<br>16% | | 54<br>54% |
| | Одбива да одговори | вкупно<br>во % | 1<br>1% | 0<br>0% | | 1<br>1% |
| | вкупо | вкупно<br>во % | 63<br>63% | 37<br>37% | | 100<br>100% |
| Конче | Корисници | вкупно<br>во % | | 47<br>47% | | 47<br>47% |
| | Некорисници | вкупно<br>во % | | 53<br>53% | | 53<br>53% |
| | вкупо | вкупно<br>во % | | 100<br>100% | | 100<br>100% |
| Липково | Корисници | вкупно<br>во % | | 50<br>50% | | 50<br>50% |
| | Некорисници | вкупно<br>во % | | 50<br>50% | | 50<br>50% |
| | вкупо | вкупно<br>во % | | 100<br>100% | | 100<br>100% |
| Студеничани | Корисници | вкупно<br>во % | | 50<br>50% | | 50<br>50% |
| | Некорисници | вкупно<br>во % | | 50<br>50% | | 50<br>50% |
| | вкупо | вкупно<br>во % | | 100<br>100% | | 100<br>100% |
| Чашка | Корисници | вкупно<br>во % | | 38<br>38% | 9<br>9% | 47<br>47% |
| | Некорисници | вкупно<br>во % | | 42<br>42% | 11<br>11% | 53<br>53% |
| | вкупо | вкупно<br>во % | | 80<br>80% | 20<br>20% | 100<br>100% |

* Реалната структура според рурална/урбана припадност во таргетираните општини е: Липково (100% рурално), Чашка (100% рурално), Студеничани (100% рурално), Конче (100% рурално), Радовиш (66,14% урбано, 33,86% рурално), Пехчево (58,67% урбано, 41,33% рурално), Берово (50,23% урбано, 49,77% рурално), Неготино (69,14% урбано, 30,86% рурално)

### *4.2.3. Дополнителни обележја на структурата на примерокот*

Од аспект на **половата** дистрибуција на главите на домаќинствата, од вкупно 800 анкетирани домаќинства, во поголемиот дел од нив - 694 (86,8%) главата на домаќинството е маж, а во 99 (12,4%) домаќинства е жена. Најголем број домаќинства во кои главата на домаќинството е жена се лоцирани во урбаните општини Неготино (29,3%) и Берово (20,2%) (Табела 1).

*Табела 1. Пол на главата на домаќинството по општини*

| Општина | | Пол на главата на домаќинството | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Машки | Женски | Одбива да одговори | |
| Радовиш | вкупно<br>во % | 94<br>11,8% | 5<br>0,6% | 1<br>0,1% | 100<br>12,5% |
| Неготино | вкупно<br>во % | 71<br>8,8% | 29<br>3,6% | 0<br>0,0% | 100<br>12,5% |
| Берово | вкупно<br>во % | 80<br>10,0% | 20<br>2,5% | 0<br>0,0% | 100<br>12,5% |
| Пехчево | вкупно<br>во % | 92<br>11,5% | 7<br>0,9% | 1<br>0,1% | 100<br>12,5% |
| Конче | вкупно<br>во % | 90<br>11,3% | 10<br>1,3% | 0<br>0,0% | 100<br>12,5% |
| Липково | вкупно<br>во % | 92<br>11,5% | 8<br>1,0% | 0<br>0,0% | 100<br>12,5% |
| Студеничани | вкупно<br>во % | 85<br>10,6% | 10<br>1,3% | 5<br>0,6% | 100<br>12,5% |
| Чашка | вкупно<br>во % | 90<br>11,3% | 10<br>1,3% | 0<br>0,0% | 100<br>12,5% |
| | вкупно<br>во % | 694<br>86,8% | 99<br>12,4% | 7<br>0,9% | 800<br>100% |

Од аспект на **возраста**, мнозинството од главите на домаќинствата се на возраст над 40 години (613 или 76,6%). Глава на домаќинство на возраст од 40 до 49 години има во 220 или 27,5% од вкупниот број домаќинства, додека исто така значителен е и бројот на домаќинства со глава на возраст од 50 до 59 години (208 или 26%) и повеќе од 60 години (185 или 23,1%).

Според **брачниот статус,** мнозинството од главите на домаќинствата се во брак (662 или 82,8%), 59 (7,4%) се вдовци (претежно жени, од кои поголемиот дел - 33, живеат во руралните општини), 58 (7,3%) се немажени/неженети, а 17 (2,1%) се разведени (поголемиот дел од нив - 13, во урбаните општини).

Анализата, согласно со **големината на домаќинствата,** покажува дека од вкупно 800 анкетирани домаќинства, 280 (35%) се до тројца членови, а 221 или 27,6% се четиричлени домаќинства. Значителен е и бројот на домаќинства со повеќе од четворица членови. Имено, дури 258 (32,2%) од домаќинствата се

со пет-седум члена, а 38 (4,7%) со осум или повеќе членови. Најголемиот дел од домаќинствата со пет и повеќе членови се сконцентрирани во руралните општини Липково и Студеничани, каде што доминира албанското население (Табела 2).

*Табела 2. Број на членови во домаќинството по општини*

| Општина | | Број на членови на домакинството | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 13 | 14 | 15 | Одбива да одговори | Вкупно |
| Радовиш | вкупно<br>во % | 1<br>0,1% | 25<br>3,1% | 22<br>2,8% | 35<br>4,4% | 11<br>1,4% | 5<br>0,6% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,6% | 1<br>0,1% | 100<br>12.5% |
| Неготино | вкупно<br>во % | 3<br>0.4% | 16<br>2.0% | 22<br>2.8% | 31<br>3.9% | 20<br>2.5% | 6<br>0,8% | 0<br>0.0% | 1<br>0.1% | 0<br>0,0% | 1<br>0.1% | 0<br>0.0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 100<br>12.5% |
| Берово | вкупно<br>во % | 16<br>2.0% | 25<br>3.1% | 19<br>2.4% | 31<br>3.9% | 8<br>1.0% | 1<br>0.1% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 0<br>0,0% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 0<br>0,0% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 0<br>0,0% | 100<br>12.5% |
| Пехчево | вкупно<br>во % | 4<br>0.5% | 17<br>2.1% | 20<br>2.5% | 35<br>4.4% | 13<br>1.6% | 7<br>0.9% | 2<br>0.3% | 7<br>0,9% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 2<br>0,3% | 100<br>12,5% |
| Конче | вкупно<br>во % | 6<br>0.8% | 17<br>2.1% | 15<br>1.9% | 33<br>4.1% | 17<br>2.1% | 12<br>1.5% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 0<br>0,0% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 0<br>0,0% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 0<br>0,0% | 100<br>12,5% |
| Липково | вкупно<br>во % | 2<br>0.3% | 0<br>0.0% | 6<br>0.8% | 10<br>1.3% | 28<br>3.5% | 18<br>2.3% | 11<br>1.4% | 12<br>1.5% | 6<br>0.8% | 4<br>0,5% | 1<br>0.1% | 1<br>0,1% | 0<br>0.0% | 1<br>0,1% | 0<br>0,0% | 100<br>12,5% |
| Студеничани | вкупно<br>во % | 1<br>0.1% | 3<br>0,4% | 2<br>0,3% | 13<br>1.6% | 35<br>4.4% | 24<br>3.0% | 11<br>1.4% | 8<br>1.0% | 1<br>0,1% | 0<br>0.0% | 1<br>0.1% | 0<br>0.0% | 1<br>0.1% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 100<br>12.5% |
| Чашка | вкупно<br>во % | 6<br>0.8% | 17<br>2.1% | 15<br>1.9% | 33<br>4.1% | 17<br>2.1% | 12<br>1.5% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 100<br>12.5% |
| | вкупно<br>во % | 39<br>4.9% | 120<br>15.0% | 121<br>15.1% | 221<br>27.6% | 149<br>18.6% | 85<br>10.6% | 24<br>3.0% | 21<br>2.6% | 7<br>0,9% | 5<br>0.6% | 2<br>0.3% | 1<br>0.1% | 1<br>0.1% | 1<br>0.1% | 3<br>0.4% | 800<br>100% |

Ваквата структура на домаќинствата според бројот на членови укажува на сè уште постојнаата практика на живеење во заедничко домаќинство на повеќе генерации и на сè уште високиот наталитет, особено кај албанските домаќинства.

Согласно со **образовниот статус** на главата на домаќинството, од 800 домаќинства, во 780 (97,5%) главата на домаќинството е писмен/а, односно знае да чита и да пишува, а само во десет домаќинства (1,3%) главата на домаќинството е неписмен/а (десет или 1,3% од анкетираните лица не се произнеле во однос на писменоста на главата на домаќинството). Факт што треба да се истакне е дека најголемиот дел од главите на домаќинства - 297 (37,1%) се само со основно образование, а 69 (8,6%) се без образование или со незавршено основно образование. Најголемиот дел од оние што немаат завршено ни основно образование се сконцентрирани во руралните општини Конче и Чашка, но исто така и во Берово - претежно меѓу испитаниците од ромската етничка група (Табела 3).

*Табела 3. Формално образование на главата на домаќинството по општини*

| Општина | | Степен на формално образование на главата на домаќинството: | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Без образо-вание | Непотполно основно образование | Основно образо-вание | Средно Стручно | Средно Гимна-зиско | Вишо образо-вание | Високо образование (додиплом-ски) | Пост-универзитетско ниво (докторат, специјализација) | Не знам | Вкупно |
| Радовиш | вкупно | 0 | 11 | 32 | 34 | 8 | 7 | 7 | 0 | 1 | 100 |
| | во % | 0,0% | 1,4% | 4,0% | 4,3% | 1,0% | 1,0% | 0,9% | 0,0% | 0,1% | 12.5% |
| Неготино | вкупно | 1 | 4 | 14 | 43 | 25 | 8 | 5 | 0 | 0 | 100 |
| | во % | 0,1% | 0,5% | 1,8% | 5,4% | 3,1% | 1,0% | 0,6% | 0.0% | 0,0% | 12,5% |
| Берово | вкупно | 0 | 12 | 34 | 29 | 10 | 3 | 11 | 0 | 1 | 100 |
| | во % | 0,0% | 1,5% | 4,3% | 3,6% | 1,3% | 0,4% | 1,4% | 0.0% | 0,1% | 12,5% |
| Пехчево | вкупно | 1 | 1 | 27 | 39 | 17 | 6 | 9 | 0 | 0 | 100 |
| | во % | 0,1% | 0,1% | 3,4% | 4,9% | 2,1% | 0,8% | 1,1% | 0,0% | 0,0% | 12,5% |
| Конче | вкупно | 1 | 14 | 38 | 39 | 3 | 6 | 9 | 0 | 0 | 100 |
| | во % | 0,1% | 1,8% | 4,8% | 4,9% | 0,4% | 0,8% | 1,1% | 0.0% | 0,0% | 12,5% |
| Липково | вкупно | 0 | 4 | 62 | 9 | 13 | 6 | 4 | 1 | 1 | 100 |
| | во % | 0,0% | 0,5% | 7,8% | 1,1% | 1,6% | 0,8% | 0,5% | 0,1% | 0,1% | 12,5% |
| Студени-чани | вкупно | 0 | 5 | 52 | 18 | 19 | 4 | 2 | 0 | 0 | 100 |
| | во % | 0,0% | 0,6% | 6,5% | 2,3% | 2,4% | 0,5% | 0,3% | 0,0% | 0,0% | 12.5% |
| Чашка | вкупно | 1 | 14 | 38 | 39 | 3 | 3 | 2 | 0 | 0 | 100 |
| | во % | 0,1% | 1,8% | 4,8% | 4,9% | 0,4% | 0,4% | 0,3% | 0.0% | 0,0% | 12.5% |
| | вкупно | 4 | 65 | 297 | 250 | 98 | 40 | 41 | 1 | 3 | 800 |
| | во % | 0,5% | 8,1% | 37,1% | 31,3% | 12,3% | 5,0% | 5,3% | 0,1% | 0,4% | 100% |

Од аспект на **занимањето** на главата на домаќинството, најголемиот дел анкетирани домаќинства се со глава на домаќинството работник (277 или 34,5), потоа пензионер (134 или 16,8%) и земјоделец (105 или 13,1%).

Во однос на **типот на домаќинство**, од 800 анкетирани домаќинства, најголемиот дел 340 (42,5%) се неземјоделски, 266 (33,3%) се мешовити, а 149 (18,6%) се земјоделски домаќинства (45 домаќинства не ја определиле припадноста во однос на ова прашање, или 3,8%).

### 4.3. Истражувачки предизвици

Истражувачкиот тим во текот на истражувањето наиде на неколку предизвици:

- Во делот на *квалитативното истражување* без тешкотии беа спроведени експертските интервјуа со повеќето општини и центрите за социјална работа и беа организирани фокус-групите. Сепак, во контактите со центрите за вработување се наиде на неспремност за соработка и отпор во однос на обезбедување пристап до податоците за невработеноста и нејзините карактеристики во таргетираните општини. Оваа тешкотија беше надмината на тој начин што податоците беа обезбедени од Агенцијата за вработување во Скопје, која располага со централна база на податоци за сите општини (бројот и карактеристиките на невработените лица и дефицитарните занимања во општината).
- Во делот на *квантитативното истражување* чувствителноста на дел од прашањата што засегаат во приватниот живот на домаќинството резултираше со извесен отпор кај анкетираните глави на домаќинството да ги дадат бараните информации. Сепак, процентуално учеството

на одговорите од категоријата „одбива да одговори“ е статистички незначајно и оттука не ја попречи генерализацијата на сознанијата добиени од истражувањето.

- Во истражувањето не постоеше можност за обезбедување задоволителна родова рамнотежа од аспект на застапеност на жените во фокус-групите и како глави на анкетираните домаќинства, пред сè, како резултат на традицијата во Република Македонија глава на домаќинството да биде маж.

II  РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО



# ОПШТИНА БЕРОВО

# 1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА БЕРОВО

Општина Берово се наоѓа на просечна надморска височина од 800 м и се протега на површина од 579 км$^2$. Географската конфигурација на теренот е претежно ридско-планинска, а рамнински терени има само околу речното корито на Брегалница. Малешевските Планини се централно поставени во општината, а нивните котлински страни се дисецирани со изворишни речни долини од реката Брегалница. Општината опфаќа еден град и осум села определени како рурални месни заедници. Населените места во општината се од збиен тип со оддалеченост од 3 до 15 км од општинскиот центар, освен селото Двориште, кое се наоѓа во близина на македонско-бугарската граница и е оддалечено 21 км од Берово.

Според податоците од пописот на населението во 2002 година, во општината има вкупно 13.941 жител. Бројот на жители континуирано се зголемувал од 1921 до 1991 година, а потоа почнува да опаѓа со просечна годишна стапка од 0,4%. Во однос на претходниот попис од 1994 година, бројот на жители е намален за 238 лица, односно 1,7%. Единствено во градот Берово во меѓупописниот период бројот на жители се зголемил за 250 лица (3,6%), што во најголем дел се должи на миграцијата село - град. Во сите други населени места се забележува намалување на бројот, при што најголем пад е забележан во Владимирово, 22,5%. Со 23,4 жители на еден километар општината се вбројува меѓу ретко населените општини во Македонија. Од вкупниот број жители, 50,4% се мажи, а 49,6% се жени. Во однос на етничката структура на населението, 13.335 (95,65%) се изјасниле како Македонци, 459 (3,29%) како Роми, 91 (0,65) како Турци и останати. Половина од населението живее во урбани населби, а половина во рурални. Просечната старост на населението изнесува 36,3 години. Возрасната структура на населението покажува тенденција кон стареење на населението во општината. Според податоците од пописот во 2002 година, 3.553 (23,6%) жители се на возраст од 0 до 19 години, 8.405 (55,2%) се на возраст од 20 до 65 година, а 1.978 (19,2%) се на возраст над 65 години.

Општината располага со богати природни ресурси. Посебно се нагласува шумскиот и езерскиот потенцијал. Најзастапени се дабовата и буковата шума. Вкупната обработлива површина изнесува 68.226 ха, при што на земјоделско земјиште отпаѓаат 57%, а на шумско 43%. Од земјоделското земјиште се обработуваат 67%, од кои 21% се под ниви и градини, 33% пасишта, 2,2% овоштарници и 9,5% ливади.

За развој на општината особено се значајни минералните суровини и рудите. Во општината функционира рудник за јаглен, кој е во експлоатација. Сè уште не се доволно испитани потенцијалите на општината за силициумски кристали. Истото тоа се однесува на каолинските глини, кои се погодни за производство на керамички и огноотпорни производи, кварцот, кој се користи за создавање огноотпорен материјал, јагленот, железото и други рудни ресурси, кои се делумно активни, а во поголем дел сè уште само

потенцијално атрактивни ресурси за натомошно истражување и експлоатација. Потенцијалите за развој главно се гледаат во развој на туризмот, мала, лесна и незагадувачка прехранбена индустрија и планско користење на шумските ресурси.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ

**Образование:** Во општина Берово има две централни училишта за основно образование, и тоа во градот Берово и во селото Русиново. Основното училиште во Берово има подрачни училишта во седум селски заедници. Во градот Берово има едно училиште за средно образование, и тоа со гимназиско образование и со стручно образование, и истурени паралелки во Пехчево. Специјални училишта нема. Бројот на ученици во основното и во средното образование бележи тренд на опаѓање.

**Здравство:** Примарната здравствена заштита во општина Берово се обезбедува во Здравствен дом ситуиран во градот Берово и во осум приватни ординации со матични лекари по општа медицина. Активни се пет стоматолошки ординации, кои се приватизирани со реформите за приватизација на стоматолошката дејност. На територијата на општина Берово работат три приватни аптеки. Приватна гинеколошка ординација нема. Моментно постои пункт на лекар специјалист од соседна општина. Во поголемите села (Русиново и Двориште) има здравствени организации во кои се обезбедуваат основните здравствени услуги. Тие со одлука се прогласени за рурални подрачја и имаат двајца лекари по општа медицина. Служба за брза помош има, но таа не располага со специјално возило. Службата има едно обично возило што е во добра состојба. На територијата на општина Берово има специјалистичка стоматолошка протетика, специјалистичка лабораторија, специјалисти за офталмологија, интерна медицина и рендген, а во примарното здравство за училишна медицина и превентивна стоматологија. Во општина Берово нема поликлиника, ниту специјалистичка клиника, а жителите во случај на потреба се упатуваат во Кочани, Штип или во Скопје.

**Социјални установи:** За предучилишно воспитание и образование се грижи централната општинска јавна установа за деца - Детската градинка „23 Август“. Во градинката во Берово престојуваат 180 деца и заедно со клоновите во три поголеми села се опфатени вкупно 248 деца. Приватна детска градинка нема. Во општина Берово нема ниту јавен ниту приватен старски дом.

**Културни установи:** Домот на културата „Димитар Беровски“ е единствена установа од областа на културниот живот во општина Берово. Во рамките на Домот функционираат библиотека, музеј и градско кино, кое во последниов период е надвор од функција.

**Спортски објекти:** Во општина Берово има две спортски сали, три спортски игралишта во градот Берово и седум во сите села на територијата на општина Берово.

**Медиуми:** Во општина Берово има едно приватно локално радио, една приватна локална телевизија, која емитува само забавна програма, и еден весник што се издава во електронска форма.

**Граѓански организации:** Во општина Берово се регистрирани 60-80 здруженија на граѓани, но активни се десетина од нив.

**Стопански субјекти:** На територијата на општина Берово најразвиена е текстилната индустрија, која вработува најголем број жители од општината. Во овој сектор се регистрирани околу пет-шест фирми кои вработуваат 450-500 луѓе. Од некогашните четири-пет големи капацитети што вработуваа над 1.200 луѓе, само два успешно го завршија процесот на приватизација, додека останатите отидоа под стечај или во ликвидација.

## 3. ДОМИНАНТНИ ПРОБЛЕМИ ВО ОПШТИНАТА

**Социјални проблеми:** Доминантни социјални проблеми во општината се сиромаштијата и невработеноста. Стапката на вработеност изнесува 41,5%, а најголем дел од населението работи во индустријата (43,1%), секторот услуги исто така е многу значаен со 36,7% од вкупниот број вработени, а потоа доаѓа земјоделството како трет сектор во кој се ангажираат 20% од вработените. Најголем дел од вработените лица се во градот, со оглед на лоцираноста на индустриските капацитети и јавните установи. Стапката на невработеност на територијата на општина Берово изнесува 31,9%. Од вкупно 2.681 невработено лице, 1.114 (41,6%) се жени. Невработеноста на младото население на возраст од 15 до 24 години изнесува 67,3%. Источниот регион, во кој припаѓа општината има најниска стапка на невработеност на младото население во споредба со другите региони во Република Македонија. Друга карактеристика на невработеноста е долгорочната невработеност. Од вкупниот број невработени лица, 31,5% чекаат на вработување осум и повеќе години. Најголем дел од невработените лица се неквалификувани работници (41,4%), со средна стручна спрема се 26,9%, додека најмал дел (9,7%) се лица со вишо и со високо образование. Анализата на стапката на невработеност според возрасни групи покажува релативно еднаква дистрибуција, односно на возраст од 20 до 29 години невработени се 575 (21,4%), на возраст од 30 до 39 невработени се 644 (24,0%), на возраст од 40 до 49 невработени се 617 (23,0%), на возраст од 50 до 59 невработени се 599 лица (22,3%) од вкупниот број невработени. Над 60 години невработени се 193 лица, или 7,2% од вкупниот број на невработени лица. Во Берово, сивата економија не е значително застапена.

Во Центарот за вработување во Берово, како надлежна институција за преземање мерки за намалување на невработеноста, има девет вработени лица, од кои пет се со високо образование: правник, економист, психолог, социолог и лице со техничко образование. Центарот реализира активности и програми за самовработување, програма за поддршка за формализирање на постојните бизниси, субвенционирано вработување (самохрани родители, брачни парови со три и повеќе деца, лица кои останале без работа поради

стечај, ликвидација и технолошки вишок, лица постари од 55 години и млади лица до 27 години). Центарот за вработување во 2009 година реализирал едукации за почнување со бизнис и изработка на бизнис-планови, обука за економско јакнење на жени - жртви на семејно насилство, како и анкета за потребни вештини и знаења на пазарот на труд во општина Берово. Во 2010 година во општина Берово не се ангажирани корисници на социјална парична помош за изведување јавни работи, иако во претходните години се реализирале такви активности.

Според процените на локалниот Центар за вработување, како најзагрозена категорија граѓани од аспект на вработувањето се посочуваат лицата кои завршиле високо образование. Кај нив постои согласност и интерес да се вработат и на работни места за кои е предвиден понизок степен на образование и за работи што се помалку платени. Во однос на корисниците на услуги од социјална заштита, потребно е да се разгледаат можностите за стимулирање на нивно вработување преку законски мерки за поволни услови и директна поддршка (плаќање придонеси за подолг временски период).

Побарувачката на работна сила е мала и не може да придонесе за значително намалување на невработеноста. Генерално, присутни се сите профили и кадри за кои работодавците искажале потреба. Сепак, неповолна е старосната структура (поради големиот удел на постарата, средовечна работна сила), како и половата структура (поголем е бројот на невработени мажи, а поголема е побарувачката за женска работна сила).

Во помала мера се присутни и други социјални проблеми, како што се алкохолизмот и семејното насилство. Во последно време се јавува проблемот со користење дроги од страна на малолетни лица.

Како социјално најзагрозена група во општината се издвојува населението од ромска етничка припадност. Во последниот период се влошува состојбата на ромското население, се истакнува проблемот на гетоизација и движење во групи. Според категорија на проблем најзагрозено население е сиромашното население, а според старосната граница лицата над 50 години.

**Инфраструктурни проблеми:** Инфраструктурата на општина Берово е во задоволителна состојба. Во 95% од општината има водоводна мрежа со делумно променети цевки, а во другиот дел со вода се снабдуваат преку бунари и хидрофори. Изградена е нова пречистителна станица за вода за пиење и пречистителна станица за отпадни вода од 11 милиони евра, средства обезбедени од швајцарска донација. Канализациска мрежа има во градот и во дел од селата. Комуникациската поврзаност во основа е добра и има асфалтирани патишта до сите населени места. Меѓутоа, квалитетот на асфалтот е во лоша состојба, а и внатре во селата има неасфалтирани земјени патишта.

**Еколошки проблеми:** Во општина Берово не се утврдени поголеми еколошки проблеми. Како позначајни се напоменуваат проблемот со неурбанизираната депонија и проблеми поврзани со пожари.

## 4. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНАТА

**Општинска администрација:** Во рамките на општинската администрација нема посебно одделение за социјална заштита, туку надлежностите се реализираат од страна на Одделението за локален развој, меѓународна соработка и јавни дејности. Од вкупниот број лица вработени во општинската администрација, 29 имаат статус на државни службеници. Нема вработен социјален работник. Општината нема подготвено акционен план или стратегија за социјален развој. Советот на Општина Берово усвои Правилник за згрижување бездомници и предвиде средства од општинскиот буџет за оваа категорија граѓани. Соработката со граѓаните се одвива најчесто преку форуми, но досега немало граѓански иницијативи, собир на граѓани, ниту локален референдум. Како форма на помош за социјално загрозеното население Општината дава еднократна парична помош, за чие доделување надлежност имаат Советот и градоначалникот. Годишната ставка на градоначалникот за доделување средства врз основа на барање, во кое спаѓаат и барања за помош, е 300.000 денари, при што еднократно за едно решение максималната сума е 50.000 денари.

Мрежата на социјални услуги во општината ја сочинуваат Центарот за социјална работа, Дневниот центар за лица со посебни потреби, мал групен дом и народна кујна.

**Центар за социјална работа:** Центарот за социјална работа е надлежен да постапува за подрачјето на двете општини Берово и Пехчево. Бројот на вработени во Центарот е 29, од кои седум социјални работници, тројца педагози, двајца психолози, двајца правници, двајца дефектолози, еден социолог, еден наставник, двајца економисти, три медицински сестри и помошен персонал. Просторните и техничките капацитети на Центарот не се на завидно ниво. Центарот располага со две возила, кои не се во добра состојба. Во Берово, Центарот има на располагање седум простории и 17 компјутери.

Центарот за социјална работа соработува со невладиниот сектор, пред сè, во реализацијата на проект за згрижувачки семејства, со Општината во однос на функционирањето на народната кујна и ангажирањето на корисниците на социјална парична помош во изведување јавни работи, со училиштето кога се работи за деца во ризик, како и со здравствените установи кога има потреба за тоа. Во рамките на фокус-групите беше истакнато дека во изведувањето јавни работи селективно се ангажираат корисници на социјална парична помош. *„Кога се плаќа, се ангажираат лица кои се партиски определени, а кога треба да се работи без пари, тогаш нè ангажираат само нас Ромите“.*

Како најзначајни проблеми за функционирање на Центарот за социјална работа се издвојуваат проблемите со возилата и недостигот од гориво, како и проблеми во координацијата на тимовите. Најтешка проблематика за работа се регулирањето на односите родители - деца, семејното насилство, сексуалното насилство врз деца.

**Број и структура на корисници на мерки и услуги на социјална заштита:** Анализата на структурата на корисници на парична помош од социјална

заштита на територијата на општина Берово покажува дека 182 домаќинства се корисници на социјална парична помош, 25 семејства користат постојана парична помош, 344 лица се јавуваат како корисници на помош и нега од туѓо лице. Околу 20 лица се корисници на еднократна парична помош во последнава година. Правото на парична помош од социјална заштита најчесто не се остварува како резултат на поседувањето земјоделска површина. Од формите на вонинституционална заштита, на територијата на општина Берово функционира Дневен центар за лица со пречки во развојот, кој е во целост финансиран од страна на Министерството за труд и социјална политика. Општината обезбедува простор, а со Центарот менаџира НВО „Порака“. Во Берово е отворен првиот мал групен дом, во кој се сместени пет деца без родители и родителска грижа. За нив се грижат тројца едукатори. Во Берово, исто така, функционира народна кујна преку заедничко ангажирање на МТСП, Центарот за социјална работа и Општината. Институционално се згрижени 14 лица, од кои две во Домот за деца без родители и родителска граижа „11 Октомври“ - Скопје, девет во СОС Детското село во Скопје, две во Бања Банско и едно во Демир Капија. Во мрежата на јавни услуги од социјална заштита недостигаат згрижувачки семејства и центри за стари лица.

## 5. СОРАБОТКА НА ОПШТИНАТА СО ЛОКАЛНИТЕ АКТЕРИ

Општината има добра соработка со ЗЕЛС, меѓутоа таа не се однесува на прашања од социјалната сфера. Во последниот период се намалува интензитетот на таа соработка и, главно, се сведува на протоколарна соработка.

Соработката на Општината со Агенцијата за вработување се реализираше при изработката на Локален акционен план за вработување во Берово и во Пехчево 2009-2011, како и при ангажирање корисници за изведување јавни работи.

Општината реализира соработка со граѓански здруженија најчесто преку консултации, задолжителна консултација кога се планира буџетот за следната година, како и при кофинансирање одредени проекти на НВО.

Соработката со приватниот сектор не е доволно развиена, но се напоменува дека се зајакнува социјалната одговорност на приватните фирми. Неколку од нив донирале средства за отворање на Дневниот центар за лица со посебни потреби.

Соработката на централно и на локално ниво се одвива преку заеднички проекти, како што се народната кујна и функционирањето на Дневниот центар.

Во општината е формирана Локална граѓанска група на доброволна основа, во која учествуваат сите релевантни актери на локално ниво, како и претставници од христијанската и исламската верска заедница, а целта е превенција на социјални проблеми.

# 6. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА ВО ОПШТИНА БЕРОВО

## 6.1. Општи податоци за анкетираните домаќинства

Во општина Берово беа анкетирани вкупно 100 домаќинства, од кои 50 од урбана средина и 50 од рурална. Структурата на анкетираните домаќинства, според типот на домаќинството, покажува дека најголем број се неземјоделски (58%), потоа земјоделски (25%) и мешовити (17%). Дистрибуцијата на домаќинства според етничката припадност покажува дека 84 од нив се изјасниле како македонскии, а 16 домаќинства се изјасниле како ромски. Во 80 домаќинства глава на домаќинството е маж, а во 20 е жена. Во најголем број случаи на анкетирани едночлени домаќинства (62,5%) глава на домаќинството е жена. Во помал број случаи жената се јавува како глава на двочлени домаќинства (28%) и на трочлени (10,5%).

*Графикон 1.*




*Графикон 2.*




Речиси во сите домаќинства со поголем број членови како глава на домаќинството се определува маж. Во најголем број од случаите главата на домаќинството е во брачна заедница (76%), во 8% се работи за лица кои се неженети/немажени и во 16% од случаите станува збор за вдовец/вдовица. Иако 99% од анкетираните лица се описменети, голем дел (12%) се со нецелосно основно образование, 34% се со основно образование, 39% со средно образование и 14% се со вишо и со високо образование. Во најголем број од домаќинствата главата на домаќинството е пензионер (25%), потоа работник (23%), земјоделец (21%), службеник (6%) и за забележување е тоа што 12% од испитаниците одбиле да дадат одговор на ова прашање. Како корисници на парична помош од социјална заштита се изјасниле 42 испитаници, при што за забележување е дека кај сите 42 домаќинства нема ниту еден вработен. Според типот на домаќинството, постои релативно уедначена дистрибуција на корисниците на парична помош од социјална заштита, при што на земјоделски тип домаќинство отпаѓаат 21% и на неземјоделски 19% од домаќинствата.

*Графикон 3.*




*Графикон 4.*




### 6.2. Вработување

Од вкупниот број анкетирани домаќинства, во 59% нема ниту еден вработен. Од нив, 76,3% домаќинства се македонски, а 23,7% се ромски. Загрижува високата стапка на невработеност меѓу анкетираните лица од ромска етничка група, кои во 87,5% случаи истакнале дека немаат ниту еден вработен во домаќинството. Во 25 домаќинства се евидентира по еден вработен, во 16 домаќинства се евидентирани две вработени лица, од кои најголем дел се со македонска етничка припадност.

### 6.3. Животен стандард

Извршената анализа на добиените податоци покажува дека 58 домаќинства не оствариле никаков приход од редовен работен однос во изминатите 12 месеци. И тука се потврдува истата тенденција, односно најголем дел од испитуваните ромски семејства (87,5%) живеат без приходи од личен доход. Од вкупниот број испитаници, 30% посочуваат дека во домаќинството е остварен приход врз основа на пензии, а 40% од испитаниците оствариле приход врз основа на земјоделство. Притоа, треба да се забележи дека ниту едно ромско домаќинство не остварило приход врз основа на пензии и на земјоделство. Само 2% од испитаниците примиле приход од имот (закуп, продажба). Само пет од анкетираните лица, сите корисници на парична помош од социјална заштита, истакнале дека примиле финансиска помош од некој поблизок роднина на семејството. Повисок степен на солидарност се евидентира во рамките на ромската заедница, каде што оваа појава е застапена во 18,8% од случаите. Приходите врз други основи имаат незначителен удел во вкупниот буџет на домаќинствата.

*Графикон 5.*




Најголем дел од домаќинствата (33%) во последниот месец оствариле приход до 5.000 денари, при што 78,8% од нив се корисници на парична помош од социјална заштита, а 21,2% не се. Иста сума приходи се јавува како најзастапена во вкупната бројка корисници на парична помош од социјална заштита. Имено, од 42 корисници на социјална заштита, 26 истакнале дека претходниот месец оствариле приход под 5.000 денари. Во 28% од домаќинствата месечната сума на приходи изнесува од 5.001 до 10.000 денари, при што најзастапена група што остварува приход во тој износ се домаќинствата кои не користат никаков вид парична помош од социјална заштита (71,4%). Додека само осум проценти од испитаниците остваруваат над 23.000 денари.

*Графикон 6.*



Важно е да се напомене дека 54,8% од корисниците на парична помош од социјална заштита оствариле приход врз основа на земјоделство. Додека една третина од испитаниците кои не се корисници на парична помош од социјална заштита не оствариле приход врз основа на земјоделство.

Во однос на прашањето за консумирање топол оброк со месо, домаќинствата во кои се готви два пати неделно се доминантни (33%), потоа следуваат домаќинствата во кои се приготвува топол оброк со месо само еднаш неделно (22%), а кај 11% од случаите се готви повеќе пати во неделата. Значајно е да се забележи високиот процент на домаќинства (21%) во кои не се консумира топол оброк со месо ниту еднаш неделно. Во оваа категорија спаѓаат 62,5% од анкетираните ромски домаќинства. Во рамките на категоријата корисници на парична помош од социјална заштита, 33,3% од испитаниците истакнуваат дека ниту еднаш во неделата не приготвуваат топол оброк со месо, 26,2% консумираат двапати неделно, додека 21,4% еднаш неделно. Во 19% од случаите се приготвува повеќе од двапати неделно. Од лицата кои изјавиле дека ниту еднаш во неделата не консумираат топол оброк со месо се издвојуваат пензионерите како најдоминантна група (28,6%), потоа работнички домаќинства (14,3%) и земјоделски (9,5%). Во домаќинствата во кои главата на домаќинството е службеник топол оброк со месо во најголем број случаи (50%) се консумира двапати неделно, додека во 33,3% од случаите се консумира седум пати во неделата.

*Графикон 7.*




Дистрибуцијата на одговорите во однос на полот на главата на домаќинството покажува слична тенденција, при што во најголем број од домаќинствата во кои глава е маж се консумира топол оброк двапати неделно (35,0%), додека кај оние во кои жена е глава на домаќинството двапати топол оброк се консумира во 25% од случаите. Се забележува висок процент на домаќинства (25%) во кои жената е глава на домаќинството, а каде што ниту еднаш неделно не се приготвува топол оброк со месо.

Најголем број од испитаниците (81) истакнале дека пари им недостасуваат најмногу за покривање на режиските трошоци (домување, вода, електрика, гориво), за храна и безалкохолни пијалаци (68) и за облека и обувки (58). Во помал број случаи, испитаниците истакнале дека им недостасуваат пари за покуќнина и мебел (35), за комуникации (23), а за задоволување на хигиенските и здравствените потреби, како и на рекреативните и културните потреби (24). Само девет испитаници истакнале дека им недостигаат пари за образование. Анализата на одговорите на корисниците на парична помош од социјална заштита покажува слична тенденција. Имено, 90,5% од нив истакнале дека им недостигаат пари за режиски трошоци, 83,3% за храна и безалкохолни пијалаци, а само 4,8% истакнале дека им недостигаат пари за купување алкохолни пијалаци и тутун. Ист број испитаници - Роми (15) истакнуваат дека им недостигаат пари за купување храна и покривање на режиските трошоци. За разлика од нив, кај испитаниците - Македонци поголем е бројот на оние на кои им недостасуваат пари за режиски трошоци (66) наспроти испитаниците кои наведуваат дека им недостигаат пари за храна и безалкохолни пијалаци (53).

*Графикон 8.*




Најголем дел од испитаниците живеат во двособен стан (50%), помал дел во трособен (29%), во едноособен стан 12%, а само 8% во четирисобен. Анализата на станбените услови за живеење, споредени со бројот на членовите на домаќинствата, покажува дека најголем број од едночлените домаќинства живеат во двособни и во трособни станови. Загрижува фактот што 12,5% од петчлените домаќинства живеат во едноособен стан и 100% од анкетираните шестчлени домаќинства живеат во двособен стан.

*Графикон 9.*




*Графикон 10.*




Во однос на начинот на кој домаќинствата го загреваат домот, евидентиран е висок процент на користење печки на цврсто гориво, дрва (92), а мал број го загреваат домот со сопствено парно (3), со печка на струја (3) и со течни горива (2). Податоците за тоа колкав број простории се загреваат укажуваат на намален квалитет на живеење во зимскиот период. Имено, најголем број од домаќинствата (49%) загреваат само една просторија во домот, додека 40% две простории, а три и повеќе простории само 11%.

Најголем дел од домаќинствата (98) се приклучени на канализациона мрежа. Истата тенденција се забележува и кај корисниците на парична помош од социјална заштита, односно само две домаќинства имаат септичка јама. Кај 76 домаќинства во домот има веце со бања, веце во двор имаат 37 домаќинство, а веце во стан 20 домаќинства. Резултатите покажуваат дека голем дел од домаќинствата се приклучени на водоводна мрежа, односно чешма во стан имаат 94 домаќинства.

*Графикон 11.*



Евидентно е дека 18 домаќинства немаат бојлер, од кои шест се корисници на парична помош од социјална заштита. Дел од анкетираните домаќинства имаат недостиг од основните апарати за домаќинство, како што се електричен шпорет (13), фрижидер (4) и фижидер за длабоко замрзнување (13). Повеќе од половината домаќинства (64) немаат компјутер, од кои 46 не можат да си дозволат, а 18 немаат потреба. Голем дел од корисниците (42,6%) не можат да си дозволат да купат компјутер. Патнички автомобил немаат 61 домаќинство, од кои 37 не можат да си дозволат, додека трактор немаат 66 домаќинства, а не можат да си дозволат 20 домаќинства.

### 6.4. Социјални проблеми и социјална заштита

Во однос на проблемите поврзани со социјалниот развој, како најзастапени се истакнуваат невработеноста (74%) и сиромаштијата (69%). Во 26% од случаите како релевантен проблем се наведува болест на член на домаќинството, при што само во еден случај се наведува инвалидноста како сериозен проблем. Социјалните проблеми поврзани со социјални девијации и третата група проблеми поврзани со природни еколошки процеси не се наведуваат како значителни проблеми од страна на испитаниците.

*Графикон 12.*




Анкетираните домаќинства посочуваат дека не користеле ниту една форма на вонинституционална и институционална социјална заштита. Во однос на паричната помош од социјална заштита, како најзастапена форма се јавува социјалната парична помош, односно 44 домаќинства изјавуваат дека во минатото или сега биле/се корисници на социјална парична помош, додека само во еден случај се истакнува користењето на постојана парична помош. Меѓу корисниците на социјална парична помош, 68,2% се Македонци, додека 31,8% се Роми.

*Графикон 13.*




Како најзастапена форма на детска заштита се јавува детскиот додаток, односно 34 испитаници истакнале дека користеле детски додаток, додека само еден испитаник се изјаснил дека користел посебен детски додаток. Незначително е повисока стапката на корисници на детски додаток од македонската етничка заедница. Правото на родителски додаток за дете се остварува во пет домаќинства, од кои четири македонски и едно ромско.

Испитаниците посочуваат дека досега не добиле никаков вид помош од невладини организации, од Општината, од верски и хуманитарни организации или од други правни лица.

Анализата на причините за некористење на правото на парична помош од социјална заштита покажува потреба за одделна анализа на македонската и на ромската етничка заедница. Тоа се должи на фактот што најголем дел од ромските домаќинства (87,5%) остваруваат право на парична помош, односно во истражувањето се вклучени само две ромски домаќинства што не користат ваков вид помош (во едниот случај биле одбиени, а во другиот истакнале дека немаат потреба од социјална помош). Оттука, релевантна за анализа останува состојбата на домаќинствата во македонската етничка заедница, каде што најголем дел од испитаниците (42,9%) истакнуваат дека немале потреба од остварување на ова право, а 14,3% биле одбиени. Мал број од испитаниците наведуваат дека причини за некористење на ова право се нивната неинформираност (3,6%), непоседувањето целосна документација (2,4%) и срамот од средината (1,2%).

*Графикон 14.*




Во однос на користењето на правата од детска заштита, анализата покажува различна состојба. Ромската заедница во голема мера е одбиена од администрацијата во користењето на овие права (43,8%), додека 25,0% не го оствариле правото поради неинформираност. Кај македонската етничка заедница се покажува висок степен на немање потреба од користење на ова право (29,8%), висок степен на одбивање (21,4%), неинформираност (2,4%) и срам (1,2%).

Во однос на користењето на формите на вонинституционална и институционална заштита, најголем дел од испитаниците немале потреба (49%), биле одбиени (26,0%), други причини се неинформираноста (16,0%), немањето целосна документација (7,0%) и срамот (2%). Мора да се истакне високата стапка на одбиени барања (43,8%) за остварување на правата на вонинституционална или институционална заштита, особено кај ромската популација.

### 6.5. Здравство и исхрана

Во најголем број од случаите (88%) испитаниците истакнале дека сите членови на семејството се здравствено осигурени, иако овој процент е незначително помал кај ромската популација (81,3%). Загрижува фактот што во пет домаќинства (три македонски и две ромски) здравствено не се осигурени сите членови, додека во четири домаќинства (три македонски и едно ромско), сите корисници на парична помош од социјална заштита, не е осигурен ниту еден член од домаќинството. Анализата на податоците покажува дека најголем број лица кои немаат здравствено осигурување се членови на земјоделски и на работнички семејства.

*Графикон 15.*




Од вкупниот број домаќинства, најголем дел (85%) во случај на болест користат јавни здравствени услуги (услуги на јавни здравствени установи и купуваат лекови од позитивната листа). Мал број испитаници (5%) - членови на домаќинства каде што главата на семејството е работник (3%) и службеник (2%) купуваат лекови што не се на позитивната листа. Само 3% од домаќинствата се лекуваат приватно. За забележување е дека сите тие се корисници на парична помош од социјална заштита. Значајно е да се забележи дека 4% од испитаниците не посетуваат лекар и користат алтернативни начини на лекување. Дистрибуцијата на одговори според етничката припадност покажува дека 12,5% од Ромите, за разлика од 2,4% од Македонците, користат алтернативни начини на лекување. Во рамките на оваа категорија лица кои не користат услуги на лекар, туку се лекуваат во домашни услови, 50% се корисници на парична помош од социјална заштита. Најголем број од испитаниците (66%) се оддалечени не повеќе од 15 минути одење пеш до најблискиот здравствен дом, на 30% од испитаниците им се потребни 15-30 минути, а само во еден случај на домаќинство од македонска националност му се потребни повеќе од 30 минути за да стигне до најблискиот здравствен дом.

### 6.6. Образование

Од вкупниот број домаќинства опфатени со истражувањето, 42 имаат деца кои се на возраст од шест и повеќе години, односно деца кои се вклучени во образовниот процес. Од нив, 34 домаќинства се со македонска етничка припадност, а осум со ромска етничка припадност. Во рамките на

домаќинствата со македонска етничка припадност, 11 домаќинства имаат едно дете кое посетува основно образование, седум домаќинства имаат две деца кои посетуваат основно образование, девет домаќинства имаат едно дете во средно образование, а две домаќинства две деца во средно образование, додека десет домаќинства имаат едно дете на факултет, а четири домаќинства две деца вклучени во високото образование.

*Графикон 16.*




Во рамките на домаќинствата со ромска етничка припадност, три домаќинства имаат едно дете кое посетува основно образование, четири домаќинства имаат две деца и едно со три деца кои посетуваат основно образование. Две домаќинства имаат едно дете во средно образование, а само едно ромско домаќинство има две деца на факултет. Во ниедно од анкетираните домаќинства не е евидентирано дете кое е на школска возраст, а не е вклучено во редовните образовни процеси. Од вкупниот број домаќинства со деца на школска возраст, 22 примаат парична помош од социјална заштита. Од нив, 17 домаќинства имаат деца во основно образование, шест домаќинства имаат деца во средно образование, а пет домаќинства имаат деца на факултет. Дистрибуцијата на одговори во однос на занимањето на главата на домаќинството покажува дека деца вклучени во образовните процеси имаат 57,1% од земјоделските домаќинства, 52,2% од работничките домаќинства, 66,7% од домаќинствата каде што главата на домаќинството е службеник, односно раководно лице.

Во најголем број случаи, домаќинствата со деца кои посетуваат основно образование живеат на оддалеченост од основното училиште

помала од 1 км (73,1%), додека во помал број се јавуваат домаќинства што се оддалечени 1-2 км (11,5%), односно 2-3 км (11,5%), а само во случај на едно земјоделско домаќинство оддалеченоста е поголема од 4 км. Најголем дел од домаќинствата што се корисници на парична помош од социјална заштита живеат во непосредна близина на основното училиште (70,6%), 17,6% се оддалечени 1-2 км, а во два случаја имаме домаќинства на оддалеченост поголема од 2 км, односно од 4 км.

Анализата на податоците покажува дека сите деца вклучени во основно и во средно образование редовно ја посетуваат наставата.

Домаќинствата со деца кои посетуваат основно и средно училиште не користеле никакви форми на помош за образование, освен бесплатен превоз, и тоа пет домаќинства за деца од основно образование и три домаќинства за деца од средно образование. Дистрибуцијата на одговори покажува дека три домаќинства - корисници на парична помош од социјална заштита користеле право на бесплатен превоз во основно образование, едно во средно образование. Што се однесува до домаќинствата во кои има членови - студенти во високообразовни институции, како форми на помош се посочени стипендиите (две домаќинства) и кредитите (три домаќинства). Ниту едно домаќинство - корисник на помош од социјална заштита не користело стипендија, а само едно домаќинство има член кој користи кредит како форма на помош за високо образование. Сите домаќинства што ги користат формите на помош за образование се од македонска етничка припадност.

### 6.7. Спорт, забава, култура

Испитаниците од општина Берово истакнале дека во најголем број од населените места постојат локали, кафе-барови и маркети. Половина од испитаниците истакнале дека во населеното место има киносала, библиотека, спортско игралиште, нишалки, ресторан, интернет-кафе, спортска обложувалница. Најголем дел од испитаниците (72 домаќинства) истакнале дека ниту еден член од нивното домаќинство не користи интернет. Во 25% од случаите на користење интернет, испитаниците користеле домашен компјутер, а само во еден случај користеле интернет од интернет-кафе.

# 7. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 7.1. Заклучоци

| ОБЛАСТ | Потесно подрачје | СОСТОЈБА/ПРОБЛЕМИ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▸ Земјоделство<br>▸ Сточарство<br>▸ Текстилна индустрија<br>▸ Туризам |
| **2. Институционални капацитети** | *Образование:* | ▸ 2 училишта за основно образование<br>▸ 7 подрачни училишта<br>▸ 1 средно училиште (гимназија и стручно образование) |
| | *Здравство:* | ▸ Здравствен дом<br>▸ 8 ординации по општа медицина<br>▸ 5 стоматолошки ординации<br>▸ Гинеколошка ординација нема<br>▸ Амбуланти во селата<br>▸ 3 аптеки |
| | *Социјала:* | ▸ Центар за социјална работа<br>▸ Дневен центар за лица со посебни потреби<br>▸ 1 детска градинка со клонови во три села<br>▸ Нема старски дом<br>▸ 1 народна кујна<br>▸ Мал групен дом |
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▸ Дом на културата<br>▸ Киносала надвор од функција<br>▸ Библиотека<br>▸ Музеј<br>▸ Нема театар<br>▸ Локална телевизија, радио и весник во електронска форма<br>▸ 2 спортски сали и 10 спортски игралишта |
| | *Стопански субјекти:* | ▸ Текстилна индустрија, која вработува најголем број жители од општината. Во овој сектор се регистрирани 5-6 фирми кои вработуваат 450-500 луѓе |
| **3. Социјални проблеми** | | ▸ Најизразени: невработеност и сиромаштија<br>▸ Стапка на невработеност: 31,9%<br>▸ Невработеноста на младото население на возраст од 15 до 24 години изнесува 67,3%<br>▸ Најголем дел од невработените лица се неквалификувани работници (41,4%)<br>▸ Долгорочна невработеност, односно од вкупниот број невработени лица, 31,5% чекаат на вработување осум и повеќе години<br>▸ Стапката на невработеност според старосни интервали покажува релативно еднаква дистрибуција<br>▸ Алкохолизам и семејно насилство<br>▸ Користење дрога од малолетни лица |

| | | |
|---|---|---|
| | *Социјално ранливи групи население:* | ▶ Сиромашните лица<br>▶ Старите лица<br>▶ Ромите |
| **5. Инфраструктурни проблеми** | *Патишта:* | ▶ Асфалтирани патишта до сите населени места<br>▶ Квалитетот на асфалтот е во лоша состојба<br>▶ Неасфалтирани земјени патишта во селата |
| | *Водовод:* | ▶ Водоводна мрежа во 95% од општината<br>▶ Изградена е нова пречистителна станица за вода за пиење и пречистителна станица за отпадни води на реката Брегалница |
| | *Канализација:* | ▶ Канализациска мрежа има во градот и во дел од селата<br>▶ Дел од населените места не се опфатени со главната пречистителна станица |
| **6. Еколошки проблеми** | | ▶ Проблем со неурбанизираната депонија<br>▶ Проблеми поврзани со пожари |
| **7. Меѓуинституционална соработка во општината** | | ▶ Соработката на Општината со сите релевантни актери се оценува како релативно добра, единствено со приватниот сектор се оценува како слабо развиена |
| **8. Социјална заштита** | *Од Општината:* | ▶ Нема посебно одделение за социјална заштита, туку надлежностите се реализираат од страна на Одделението за локален развој, меѓународна соработка и јавни дејности<br>▶ Не е вработен социјален работник<br>▶ Не е подготвен акционен план или стратегија за социјален развој<br>▶ Изготвен е Локален акционен план за вработување во Берово и во Пехчево 2009-2011<br>▶ Изготвен е Правилник за згрижување бездомници<br>▶ Висината на еднократната парична помош што ја доделува изнесува 50.000 денари, а за таа ставка од буџетот се предвидени 300.000 денари |
| | *Од ЦСР:* | ▶ Корисници на СПП: 182 домаќинства<br>▶ Корисници на ППП: 25 семејства<br>▶ Корисници на ТНП: 344 лица<br>▶ Корисници на ЕПП: 20 лица<br>▶ Вонинституционална заштита: 15 корисници на Дневниот центар за лица со посебни потреби; 5 корисници во мал групен дом; народна кујна во Берово<br>▶ Институционална заштита: 14 корисници (2 – „11 Октомври"; 9 - СОС Детско село; 2 - Бања Банско; 1 - Демир Капија) |

## 7.2. Препораки

| ОБЛАСТ | Потесно подрачје | ПРЕПОРАКИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ И ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▸ Потенцијалите за развој главно се гледаат во развој на туризмот, мала, лесна и незагадувачка прехранбена индустрија и планско користење на шумските ресурси. Постојат можности за искористување на природните суровини со кои е богата општината (каолински глини, кварц, јаглен, железо и други рудни ресурси) |
| **2. Институци-онални капацитети** | *Образо-вание:* | ▸ Подобрување на условите за одвивање на наставата во училишните згради<br>▸ Обезбедување енергетски ефикасни објекти во јавниот сектор |
| | *Здравство:* | ▸ Подобрување на условите за функционирање на брзата помош<br>▸ Отворање амбуланти во сите села |
| | *Социјала:* | ▸ Да се збогати мрежата на социјални установи во општината<br>▸ Да се подобрат техничките можности за функционирање на Центарот за социјална работа<br>▸ Да се анализираат потребите за отворање центри за дневно згрижување на различни категории корисници<br>▸ Да се отворат центри и домови за стари лица |
| | *Култура/ спорт/ забава:* | ▸ Ставање на киносалата во функција<br>▸ Да се промовира развојот на невладиниот сектор<br>▸ Да се изгради театар<br>▸ Да се промовира медиумскиот развој во општината |
| | *Стопански субјекти:* | ▸ Да се стимулира развојот на поголеми стопански субјекти кои би можеле да апсорбираат поголема работна сила |
| **3. Социјални проблеми** | | ▸ Да се промовираат програми за вработување на корисниците на социјална заштита<br>▸ Да се разгледаат можностите за стимулирање на вработување корисници на услуги од социјална заштита преку законски мерки за поволни услови и директна поддршка (плаќање придонеси за подолг временски период)<br>▸ Да се подобрат таргетирањето на активните мерки кон долгорочно невработените и ефективноста во однос на вработувањето на корисниците на социјална заштита<br>▸ Да се реализираат превентивни програми за спречување на појавата на семејно насилство, како и на користењето дрога<br>▸ Да се зајакне стручната советодавна и советувалишна работа со домаќинствата зафатени со овие категории проблеми |

| | | |
|---|---|---|
| | *Социјално ранливи групи население:* | ▶ Да се збогати мрежата на социјални услуги за старите лица: да се анализираат можностите за отворање социјални услуги за помош во домашни услови, дневни центри<br>▶ Да се разгледа можноста за развивање на формата згрижувачки семејства<br>▶ Да се разгледаат можностите за отворање сервиси за помош во домашни услови |
| **5. Инфраструктурни проблеми** | *Патишта:* | ▶ Да се подобри локалната патна инфраструктура (асфалтирање на локалните патишта) |
| | *Водовод:* | ▶ / |
| | *Канализа-ција:* | ▶ Да се воспостави канализација во сите населени места<br>▶ Да се изградат колекторски системи и пречистителни станици за населените места што не се опфатени со главната пречистителна станица |
| **6. Еколошки проблеми** | | ▶ Да се изнајде решение за организирано справување со цврстиот отпад за да се реши проблемот со дивите депонии |
| **7. Меѓуинститу-ционална соработка во општината** | | ▶ Унапредување на соработката на Општина Берово со сите соседни општини<br>▶ Унапредување на соработката меѓу Општината, ЦСР и Центарот за вработување преку интензивирано и поефикасно имплементирање јавни работи, активни мерки за вработување корисници на социјална заштита, членство во заеднички тела, едукација за можностите и формите на нивна соработка во доменот на социјалната заштита, како и практична имплементација на заеднички проекти<br>▶ Унапредување на соработката на Општината со приватниот сектор и со верските организации преку нивно партнерско вклучување во реализација на програми од областа на социјалната заштита |
| **8. Социјална заштита** | *Од Општина:* | ▶ Вработување социјален работник во Општината<br>▶ Едукација на вработените во Одделението за можностите и формите за развивање на социјално-заштитните функции на Општината<br>▶ Едукација за стратегиско планирање и изработка на програми од областа на социјалната заштита<br>▶ Проширување на формите на социјална заштита што ги реализира Општината (претежно финансиска помош) со нови форми на социјални услуги<br>▶ Зголемување на ставката што се издвојува од буџетот за социјална заштита и подетално и посистематско планирање на тие буџетски средства<br>▶ Развивање на мрежата на локални социјални сервиси преку приватно-јавно партнерство<br>▶ Иницирање на социјалната одговорност кај приватниот сектор |
| | *Од ЦСР:* | ▶ Намалување на корисниците на социјална парична помош преку интензивирање на активностите за нивно вработување во соработка со Центарот за вработување<br>▶ Анализа на можностите за проширување на опфатот на домаќинствата - корисници на социјална помош со услугите на народната кујна<br>▶ Развивање на мрежата на институционална и вонинституционална заштита во општината |



# ОПШТИНА ЛИПКОВО

## 1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА ЛИПКОВО

Општината Липково влегува во групата средно мали рурални општини во Република Македонија. Таа се простира во северниот дел на државата на површина од 270 $км^2$. Географската конфигурација на теренот е претежно ридско-планинска, а голем дел на територијата им припаѓа на сливните подрачја на Липковска, Лојанска и Вакцинска Река. На север се граничи со Косово и со Србија, на исток со општината Куманово, на југ со Арачиново, а на запад со Скопје. Општината опфаќа 22 населени места, при што сите се определени како рурални месни заедници. Тие лежат на просечна надморска височина од 365 м, што е под просекот за државата. Просечната густина на населеност изнесува 110 жители на 1 $км^2$. Таа е поголема во рамничарските предели, за разлика од ридско-планинските населби, кои имаат поголем атар, но помал број жители. Административен центар на општината е селото Липково со 2.644 жители, кон кое гравитираат другите селски населби. Најголема населба во општината е селото Слупчане со 3.789 жители.

Според податоците од пописот на населението во 2002 година, во општина Липково живеат вкупно 27.049 жители. Бројот на жители континуирано се зголемувал од 1948 година, кога е направен првиот официјален попис на населението. Во однос на претходниот попис од 1994 година, бројот на жителите е зголемен за 2.801 лице. Меѓутоа, во планинските населби се забележува тренд на иселување, генерално, во рамничарските селски населби на ова подрачје, но и во градовите Скопје и Куманово. Голем број жители емигрирале во Турција. Во општината има 3.599 домаќинства и 5.790 стана. Во домаќинствата живеат во просек по 6,4 члена. Од вкупниот број жители, 13.701 (52%) се мажи, а 13.348 (48%) жени. Во однос на етничката структура на населението, 26.360 (96,13%) се изјасниле како Албанци, 370 (1,77%) Срби, 169 (0,62%) Македонци и останати.

Општината располага со богати природни ресурси. Посебно се нагласува шумскиот и езерскиот потенцијал. Главна стопанска дејност е земјоделството, каде што е ангажирано 95% од населението. Земјоделството се практикува на површина од 22.599 ха, од кои 8.256 ха или 36,5% отпаѓаат на земјоделско земјиште, кое делумно се наводнува од липковскиот хидросистем. Пасиштата заземаат површина од 4.375 ха, додека шумите се распространети на површина од 9.968 ха. Едно од главните обележја на оваа општина се двете вештачки езера, односно Липковско Езеро, кое покрај за наводнување се користи за пиење и за користење во домаќинствата од жителите на општина Куманово, и езерото Глажња, кое генерално се користи за наводнување и за риболов.

За развој на општината особено се значајни минералните суровини и рудите. Општината располага со антимон и арсен од рудникот „Лојане", како и со мермер и гранит од населените места Матејче и Никуштак. Потенцијалите за развој главно се гледаат во развој на туризмот, користење на плодната земја (земјоделство и сточарство) и рационална експлоатација на рудните богатства.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ

**Образование:** Основното образование е организирано во шест централни и седум подрачни училишта од редовното, задолжително образование. Две од нив се загреваат со централно парно греење. Релативно е добра состојбата на училиштата во ридските населени места, а лоша во планинските. Изградена е нова зграда на училиштето во Никуштак. Во општина Липково има едно училиште за средно образование, сместено во општинскиот центар Липково. Средни стручни и специјални училишта нема. Бројот на ученици во основното и во средното образование бележи тренд на пораст.

**Здравство:** Здравствени услуги на територијата на општината се обезбедуваат преку приватни здравствени установи: 11 приватни ординации со матични лекари по општа медицина и една стоматолошка ординација. Со одлука на Владата на Република Македонија е предвидено формирање здравствена станица, за што се обезбедени и финансиски средства. На територијата на општина Липково има две аптеки. Приватна гинеколошка ординација нема. Во поголемите ридски села има амбуланти во кои се обезбедуваат основни здравствени услуги. Амбуланти недостасуваат во повисоките планински села. Служба за брза помош нема. Во општина Липково нема поликлиника, ниту специјалистичка клиника, а жителите во случај на потреба се упатуваат во Куманово или во Скопје.

**Социјални установи:** Во општина Липково нема установа за предучилишно воспитание и образование (детска градинка). Исто така, нема ниту јавен ниту приватен старски дом.

**Културни установи:** Во општина Липково недостасуваат установи за задоволување на културните потреби на граѓаните. Мрежата на културни установи на локално ниво воопшто не е развиена. Нема театар, кино, музеј. Со библиотечен фонд располагаат дел од централните основни училишта, но недостасува централна, општинска библиотека. Дом на културата имаше во село Матејче, но по конфликтот во 2001 година целосно е уништен. Во тек е процедурата за изградба на нов културен дом, за што се издвоени средства од Министерството за култура.

**Спортски објекти:** Во општина Липково има една спортска сала во селото Слупчане и шест спортски игралишта. Има шест спортски клуба, од кои поактивен е еден фудбалски клуб.

**Медиуми:** Во општина Липково нема локално радио, локална телевизија, а не се издава ниту локален весник.

**Граѓански организации:** Во општина Липково се регистрирани десетина здруженија на граѓани, но активни се неколку од нив: ЕД „Натира“, Сојузот на албанската жена - разгранок Липково, Здружението „Баран“, Здружението на интелектуалната Албанка. Генерално се насочени кон заштита на човековите права, еманципација и екологија.

**Стопански субјекти:** Во евиденцијата на деловни субјекти се запишани околу 900 стопански субјекти со седиште на територијата на општина Липково,

но околу 400 од нив се активни. Од нив, 37% се претпријатија, 56% се трговски друштва и 7% останати. Најразвиени значајни стопански гранки се мелничката индустрија, индустријата за производство на мебел и столарија. Голем дел од индустриските капацитети што вработуваа голем број жители од општината (дел од соседната општина Куманово) се во ликвидација или стечај: ЧИК - Куманово, Кожарницата, Тутунскиот комбинат - Куманово, Земјоделската задруга „Никуштак" и др.

Во општина Липково традиционална стопанска гранка е земјоделството, бидејќи постојат одлични агротехнички услови за развој, а најголем дел од селскиот атар е обработлива површина, која се наводнува од водите на липковскиот систем. Според податоците од Државната агенција за статистика на Република Македонија од пописот за земјоделство, во општина Липково има две земјоделски стопанства и 3.450 индивидуални земјоделци, кои располагаат со вкупна површина од 8.256 ха.

## 3. ДОМИНАНТНИ ПРОБЛЕМИ ВО ОПШТИНАТА

**Социјални проблеми:** Како најзначајни социјални проблеми во општината се издвојуваат оние поврзани со социјалниот развој: невработеноста, сиромаштијата, социјалната исклученост. Стапката на вработеност на територијата на општина Липково изнесува 11%. Во однос на стопанските субјекти, најголем број лица се вработени во стопански субјекти со над 25 вработени, додека најмал број во стопански субјекти со шест-десет вработени. Голем дел се вработени во јавната и државна администрација, пред сѐ, во секторот образование. Присутна е и сивата економија. Според податоците од Агенцијата за вработување, на територијата на општина Липково се регистрирани 4.702 невработени лица. Од нив, 1.675, односно 35,6%, се жени. Анализата на бројот на невработени лица според степенот на образование покажува дека најголем дел (73,8%), односно 3.742 се лица со неквалификувана работна спрема, а само мал дел (2,1%) се лица со вишо или со високо образование. Иако нема значителна разлика во бројот на невработени лица според возрасната група, сепак, најголем број од невработените се на возраст 20-24 години (798) и на возраст 25-29 години (613 лица), што претставува 30% од вкупниот број невработени лица. Една третина од лицата се невработени осум и повеќе од осум години. Најзагрозени од аспект на вработувањето се лицата со најнизок степен на образование.

Центарот за вработување надлежен за Липково е ситуиран во Куманово. Во Центарот се вработени 27 лица, од кои 18 со високо образование, седум со средно образование и две лица со основно. Од страна на Центарот, како надлежна институција за постапување во случај на невработеност, се спроведуваат активни мерки за намалување на невработеноста, и тоа: субвенционирање при вработување, самовработување, вработување инвалидни лица и лица од одредени целни групи. Во работните клубови

се организира обука за странски јазици и професионална ориентација на невработени лица. Корисници на социјална парична помош за изведување јавни работи во општината се ангажирани само еднаш.

На територијата на општина Липково во помала мера се присутни и други социјални проблеми, како што се користење дрога и други психотропни супстанции, асоцијално однесување на деца.

Како социјално најзагрозена група во општината се издвојува населението што живее во високите планински делови од општината. Со оглед на слабата комуникациска поврзаност и недостигот од мрежа на установи неопходни за задоволување на базичните човекови потреби, жителите на овие општини се целосно исклучени од главните општествени текови. Во општина Липково се јавува една категорија граѓани кои не се запишани во Матичната книга на родените, поради што не поседуваат документи и не се во можност да ги користат социјалните и другите бенефиции. На територијата на општина Липково, исто така, се јави една голема група граѓани кои по визната либерализација со Европската Унија заминаа да бараат азил од страна на европските држави.

**Инфраструктурни проблеми:** Општина Липково се соочува со големи инфраструктурни проблеми. Еден од најсериозните проблеми е недостигот од квалитетна вода за пиење. Систем за водоснабдување речиси и нема. Ниедна селска населба нема водоводна мрежа, туку најчесто се снабдува со вода преку индивидуални бунари и извори од ридско-планинското подрачје. Овој проблем посебно го истакнаа и претставниците во фокус-групите: *„Браната е на територијата на нашата општина, а водоводот поминува покрај нас и нѐ заобиколува...“* Некои населби (а не села) во пет села во рамничарскиот дел на Липково имаат парцијални привремени мрежи со лош квалитет и неквалитетна вода. Канализациски систем постои само во две села, односно најголем дел од селата не се покриени со канализациона мрежа, туку се користат септички јами. Поради тоа, значаен проблем се отпадните води, кои ги загадуваат подземните води, односно индивидуалните извори (бунарите), почвите, дворовите итн. Рамничарските населби се поврзани главно со асфалтирани патишта, а основната патна артерија е релацијата Липково - Куманово. Голем проблем претставува пристапот до планинските села, посебно во зимски период. Внатре во селата има неасфалтирани земјени патишта.

**Еколошки проблеми:** Како најголем еколошки проблем во општина Липково се истакнува квалитетот на водата за пиење. Посебно проблемот со водата за пиење во рамничарските предели, бидејќи се загадени со концентрат од арсен, антимон и хром и други тешки метали, потоа од фекалните води и др. Тие води не се контролираат од санитарни и здравствени установи. Во Липково се јавува и проблемот со неурбанизирана, дива депонија. Комуналното претпријатие со вкупно десет вработени лица функционира само во 11 ридски села.

## 4. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**Општинска администрација:** Во рамките на општинската администрација нема посебно одделение за социјална заштита, туку надлежностите се реализираат од страна на еден вработен во Одделението за нормативно-правни и јавни дејности. Од вкупниот број лица вработени во општинската администрација, 19 имаат статус на државни службеници. Нема вработен социјален работник. Позначаен документ изготвен од страна на Општината е Стратегијата за локален развој 2009/2011, во која социјалниот развој се утврдува како еден од основните столбови на локалниот развој. Како стратегиски социјални цели се предвидуваат: јакнење на капацитетот на жителите преку различни курсеви и обуки, јакнење на капацитетите на локалните НВО, изградба на социјални станови и активности за подобрување на благосостојбата на децата. Соработката со граѓаните се одвива најчесто преку собир на граѓани, известување на локалните телевизии во соседната општина Куманово и Информативниот центар во општинската зграда. Како форма на помош за социјално загрозеното население Општината доделува еднократна парична помош, за чие доделување надлежност има градоначалникот. Вкупниот буџет на Општината е 270.000 евра (без наменските дотации од страна на Владата на Република Македонија), а годишната ставка на градоначалникот за доделување средства врз основа на барање, во кое спаѓаат и барања за помош, е 3.000-4.000 евра.

**Центар за социјална работа:** Центарот за социјална работа, кој е ситуиран во Куманово, е месно надлежен за жителите на Липково. Во Липково има само Канцеларија за материјални давања, во која може да се остваруваат формите на социјална парична помош, постојана парична помош и еднократна парична помош. Бројот на вработени стручни работници во Канцеларијата на ЦСР е четворица, и тоа: социолог, правник, педагог и лице со албанска книжевност. Канцеларијата располага со соодветен простор, меѓутоа со лоши технички капацитети. Иако е опремена со компјутери, нема интернет. Возила нема, по потреба се праќаат од Куманово, но и тие се во лоша возна состојба.

Канцеларијата за материјални давања генерално слабо соработува со невладиниот сектор, верските организации и со приватниот сектор. Со Општината се вклучени во заеднички активности и соработката се оценува како добра. Имајќи предвид дека Канцеларијата е надлежна за постапување во управна постапка кога се реализираат парични права, таа нема соработка со училиштата и со здравствените установи. Соработката со локалниот Центар за вработување се оценува како недоволно добра, пред сè, поради физичката одвоеност.

Како **најзначајни проблеми** во функционирањето на Канцеларијата за материјални давања се издвојуваат немањето возила, недостигот од средства за работа, голема оптовареност на стручните работници со голем број жители. Најголем број проблеми во работењето се јавуваат како последица на недостигот од документација за остварување одредено право на одредена категорија граѓани кои не се заведени во матичната евиденција.

Во општина Липково се нагласува потребата од отворање центар за социјална работа или, во најмала рака, проширување на надлежностите на постојната Канцеларија за материјални давања, со што би се олеснила реализацијата на правата од социјалната заштита. Ваквата ситуација наметнува потреба жителите на општина Липково да патуваат во соседната општина Куманово во случај на потреба од остварување некое право на институционална или вонинституционална заштита, како и дел од правата од парична помош од социјална заштита што не се остваруваат во Канцеларијата за материјални давања.

**Број и структура на корисници на мерки и услуги на социјална заштита:** Анализата на структурата на корисниците на парична помош од социјална заштита на територијата на општина Липково покажува дека 2.300 домаќинства се носители на правото на социјална парична помош, околу 80 семејства користат постојана парична помош. Еднократната парична помош најчесто се одобрува во случај на потреба од покривање трошоци за здравствени услуги, меѓутоа таа не се исплаќа воопшто од март годинава.[10] Правото на парична помош од социјална заштита најчесто не се остварува како резултат на поседувањето моторно возило. Исто така, процедурата се отежнува како последица на сложената документација што се бара за остварување одредено право и на прво место би требало да се преземат активности за упростување на обрасците и за поедноставување на процедурата. Во таа насока службеникот вработен во Канцеларијата забележа: *„За да може корисникот да оствари право на парична помош од социјална заштита, треба да го запише матичниот број на седум места..."*

Во општина Липково не е развиена мрежа на социјални услуги. Од формите на вонинституционална заштита нема центар за дневно или за привремено сместување корисници, згрижувачки семејства, мал групен дом. Нема народна кујна и ниту една установа за институционална заштита.

## 5. СОРАБОТКА НА ОПШТИНАТА СО ЛОКАЛНИТЕ АКТЕРИ

Општината има добра соработка со ЗЕЛС. Во најголема мера се сведува на консултации пред донесувањето закони што се однесуваат на општините и техничка помош.

Соработката со централната власт тече без проблеми во однос на реализацијата на заедничките активности. Соработката на Општината со Агенцијата за вработување се оценува како генерално добра. Нема континуирана соработка, туку се реализира врз проектна основа. Веќе две години граѓаните - корисници на социјална парична помош не се ангажираат на изведување јавни работи во општината.

Општината има соработка со граѓански здруженија најчесто заради координација на активностите. Соработката со верските организации е неформална.

[10] Истата состојба беше констатирана во сите општини во кои се реализираше истражувањето.

Соработката со приватниот сектор не е доволно развиена, но се напоменува дека се зајакнува социјалната одговорност на приватните фирми. Фирмата што ја доби концесијата за каменоломот асфалтира дел од патиштата во тој дел на општината.

## 6. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА ВО ОПШТИНА ЛИПКОВО

Во општина Липково беа анкетирани вкупно 100 домаќинства, рурално население, сите со албанска етничка припадност. Структурата на анкетираните домаќинства, според типот на домаќинството, покажува дека најголем број од анкетираните домаќинства се мешовити (57%), потоа неземјоделски (26%), земјоделски (13%), додека 4% од испитаниците не се произнеле во однос на типот на домаќинство. Според старосната структура, во најголем број главата на домаќинството е на возраст меѓу 50 и 59 години (46%), додека кај 36% од домаќинствата главата на домаќинството е на возраст од 40 до 49 години, а во 14% станува збор за лице постаро од 60 години, а во 4% е на возраст меѓу 30 и 39 години. Најголема е застапеноста на петчлени (28%) и шестчлени (18%) домаќинства. Во 92 домаќинства глава на домаќинството е маж, а во осум е жена.

*Графикон 1.*




Според бројот на членови на домаќинството, семејствата каде што жена е глава на домаќинството најчесто се осумчлени (37,5%) и петчлени (25,0%) домаќинства. Во најголем број од случаите главата на домаќинството е во брачна заедница (94%), во 3% од случаите станува збор за лица кои се неженети/немажени и во 3% од случаите станува збор за вдовец/вдовица.

*Графикон 2.*




*Графикон 3.*




Иако 96% од анкетираните лица се описменети, голем дел (4%) се со нецелосно основно образование, 62% се со основно образование, 22% со средно образование, а само 6% се со вишо образование. Само четири лица кои се анкентирани имаат високо образование и едно лице постуниверзитетско образование. Во најголем број од домаќинствата главата на домаќинството е работник (53%), потоа земјоделец (14%), стручњак (5%), раководител (2%), додека по 6% отпаѓаат на занимањата службеник, приватен претприемач, пензионер и домаќинка.

*Графикон 4.*




Како корисници на парична помош од социјална заштита се изјасниле повеќе од половина испитаници (51). Треба да се забележи дека кај 47 домаќинства нема ниту еден вработен, а во 15 домаќинства еден член е самовработен. Според типот на домаќинство, постои релативно уедначена дистрибуција на корисниците на парична помош од социјална заштита, при што на земјоделски тип домаќинство отпаѓаат 24,0%, на неземјоделски 14,0%, а на мешовит 58,0% од домаќинствата.

*Графикон 5.*




*Графикон 6.*




### 6.2. Вработување

Од вкупниот број анкетирани домаќинства, во 47% од случаите нема ниту еден вработен. Притоа, во 31 домаќинство има само по еден невработен член, од кои 17 од машки пол, а 14 од женски, а во 23 домаќинства има по две невработени лица, од кои 10 од машки пол и 13 од женски. Притоа, се јавуваат и три семејства со три невработени лица (едно од машки пол и две од женски). Во 47 домаќинства се евидентира по еден вработен, а во 16 домаќинства се евидентирани две вработени лица и во 12 домаќинства се евидентирани по три вработени. Сепак, загрижува податокот за вкупно 10 вработени лица од женски пол наспроти 95 лица од машки пол.

*Графикон 7.*




*Графикон 8.*




### 6.3. Животен стандард

Извршената анализа на добиените податоци покажува дека 30 домаќинства не оствариле никаков приход од редовен работен однос во изминатите 12 месеци. Најголем дел од домаќинствата што оствариле приход од редовен работен однос се работнички семејства (64,3%), потоа следуваат тие со службеник, приватен претприемач и стручњак по 7,1%, како и 4,3% домаќинка, по 2,9% раководител и земјоделец и по 1,4% пензионер, слободна професија и невработен. Притоа, од вкупно 50 домаќинства што се корисници на парична помош од социјална заштита, 22 семејства оствариле приход од редовен работен однос во изминатите 12 месеци. Привлекува внимание

фактот дека во општина Липково се јавуваат 68% домаќинства - корисници на парична помош од социјална заштита што оствариле приход надвор од редовен работен однос. Од нив, 49,2% се работнички домаќинства, 20,3% земјоделски, кај 8,5% глава на домаќинството е пензионер, исто како и во однос на домаќинствата каде што глава на домаќинството е приватен претприемач, по 5,1% кај службеник и домаќинка и по 1,7% кај стручњак и невработено лице како глава на домаќинството. Две третини од домаќинствата (68,0%) - корисници на парична помош од социјална заштита оствариле приход надвор од редовен работен однос.

*Графикон 9.*




*Графикон 10.*




Интересно е да се забележи дека 40% од корисниците на парична помош од социјална заштита оствариле приход од земјоделска дејност. Интересно е дека 33 домаќинства оствариле приход од странство, од кои 51,5% се домаќинства каде што главата на домаќинството е работник, а 12,1% се земјоделски домаќинства. Најголем дел од домаќинствата (24%) во последниот месец оствариле приход од над 30.001 денар, од кои 45% се семејства каде што главата е работник, по 12,5% отпаѓаат на домаќинства на службеник, приватен претприемач, домаќинка и стручњак и кај 4,2% главата на домаќинството е со занимање слободна професија. Загрижува фактот дека 15% од домаќинствата оствариле до 5.000 денари, од кои 73,3% се корисници на парична помош од социјална заштита. Дистрибуцијата на одговори во интервалот на приходи до 5.000 денари покажува дека има девет домаќинства каде што главата е работник, додека пет се земјоделски и во едно главата е домаќин/ка. Исто така, во рамките на оваа категорија домаќинства се идентификувани четири што не се корисници на парична помош од социјална заштита. Две третини од корисниците на помош од социјална заштита остваруваат приход од 5.001 до 10.000 денари, 12% од анкетираните домаќинства отпаѓаат на овој интервал.

*Графикон 11.*




Приходи во висина од 14.001 до 18.001 денар оствариле 8% од домаќинствата, додека 15% оствариле приход од 18.001 до 23.000 денари.

*Графикон 12.*




Анализата на податоците што се однесуваат на домаќинствата каде што главата е неженет/немажена и вдовец/вдовица покажува дека 33% од нив остваруваат приход помал од 5.000 денари.

Во однос на прашањето за консумирање топол оброк со месо, домаќинствата во кои се готви еднаш неделно се доминантни (19%), потоа

следуваат домаќинствата во кои се приготвува топол оброк со месо двапати неделно (17%), трипати во неделата (15%) и четирипати (15%). Пет и повеќе пати неделно готват 28% од домаќинствата. Значајно е да се забележи дека во 6% од домаќинствата, сите земјоделски, не се консумира топол оброк со месо ниту еднаш неделно.

*Графикон 13.*




Во рамките на категоријата корисници на парична помош од социјална заштита, 12,0 % од испитаниците истакнуваат дека ниту еднаш во неделата не приготвуваат топол оброк со месо, 28,0% консумираат еднаш неделно, 24,0% двапати неделно, трипати 10,0%. Изненадува фактот што дури 26,0% од корисниците консумираат топол оброк со месо повеќе од трипати неделно. Дистрибуцијата на одговорите во однос на полот на главата на домаќинството покажува слична тенденција, при што во најголем број од домаќинствата во кои глава на домаќинството е маж се консумира топол оброк еднаш неделно (20,7%), додека кај оние во кои жена е глава на домаќинството, во 37,5% се консумира трипати неделно и во исто толкав процент седумпати неделно.

*Графикон 14.*



Најголем број од испитаниците истакнале дека пари им недостасуваат најмногу за покривање на трошоците за сообраќај (69) и за режиските трошоци (64), потоа за образование (47), хигиена и здравје (46), како и по 33 за покуќнина и рекреација. Релативно е понизок бројот на наведени одговори во кои се посочува недостигот од пари за храна и безалкохолни пијалаци (27) и за комуникации (15). Само двајца испитаници нагласиле дека им недостасуваат пари за алкохол и за цигари. Анализата покажува дека 62,5% од испитаниците кои истакнале дека им недостигаат пари за режиски трошоци се корисници на парична помош од социјална заштита. Истиот сооднос се задржува и во дистрибуцијата на одговори во однос на недостигот од средства за сообраќај (60,9%), хигиена и здравје (65,2%) и за образование (61,7%). Најголем дел од испитаниците (42) - корисници на парична помош од социјална заштита нагласуваат дека им недостасуваат парични средства за сообраќај и за забележување е дека дури кај 40 испитаници - корисници е наведен недостигот од средства за режиски трошоци.

Најголем број (99) од домаќинствата живеат во живеалишта изградени од цврст материјал, додека само едно живее во трошна/монтажна градба. Најголем број од семејствата живеат во четирисобен (44%) и поголем (35%) стан, додека во трособен стан живеат 17%, помал дел во двособен (2%). Станува збор за домаќинства што живеат во живеалишта кои во најголем број случаи (38) се над 100 м$^2$, во 36 случаи се од 80 до 100 м$^2$.

*Графикон 15.*




*Графикон 16.*




Во однос на начинот на кој домаќинствата го загреваат домот, евидентиран е висок процент на користење печки на цврсто гориво, дрва (90), а мал број го загреваат домот со сопствено парно (6), и по две со централно парно греење и со печка на струја. Податоците за тоа колкав број простории се загреваат укажуваат на намален квалитет на живеење во зимскиот период. Имено, најголем број од домаќинствата (41%) загреваат само една просторија во домот, додека 30% две простории, а три и повеќе простории 26% од домаќинствата.

*Графикон 17.*




Најголем дел од домаќинствата (99) се приклучени на канализациона мрежа. Истата тенденција се забележува и кај корисниците на парична помош од социјална заштита.[11] Голем е бројот на домаќинства (92) кои во домот имаат веце со бања, веце во дворот имаат 23 домаќинства, а веце во станот само четири домаќинства. Резултатите покажуваат дека голем дел од домаќинствата имаат чешма во станот (95), а 97 домаќинства имаат и чешма во дворот. Евидентно е дека три домаќинства немаат бојлер, додека дел од анкетираните домаќинства имаат недостиг од основните апарати за домаќинство, како што е фижидер за длабоко замрзнување (13). Повеќе домаќинства (38) немаат компјутер, од кои 22 не можат да си дозволат, а 16 немаат потреба. Голем дел од корисниците (72) не можат да си дозволат да купат клима-уред. Патнички автомобил немаат 37 домаќинства, од кои 25 не можат да си дозволат.

*Графикон 18.*




[11] Овој податок е резултат на фактот дека анкетното истражување е спроведено во општинскиот центар Липково каде што има канализациона мрежа.

### 6.4. Социјални проблеми и социјална заштита

Анализата на податоците во однос на социјалните проблеми покажува дека најзначајни се проблемите поврзани со социјалниот развој, и тоа невработеност (38), сиромаштијат (43) и болест (40). Исто така, од страна на анкетираните домаќинства како значајни проблеми се наведуваат и конфликтните семејни односи (4), инвалидноста (14), а се забележува и по еден случај на дете без родители и родителска грижа. Кај 38% од испитаниците се наведени проблеми поврзани со природни еколошки процеси, како што е земјотрес, во 27 случаи е наведена поплавата, а во 13 случаи е наведена сушата како природен еколошки проблем.

*Графикон 19.*




Најголем дел од анкетираните домаќинства се корисници на правата на парична помош од социјална заштита, односно 51 домаќинство се приматели на социјална парична помош, а само во три случаи се корисници на постојана парична помош. Меѓу корисниците на социјална парична помош, 43,1% се работнички, 27,5% се земјоделски домаќинства, 5,9% се домаќинства на службеник, по 2% на стручњак, 11,8% на пензионер и 7,8% домаќин/ка. Постои релативно иста тенденција во однос на дистрибуцијата на одговори според полот на главата на домаќинството. Во домаќинствата каде што глава на домаќинството е маж, 53,3% се корисници на социјална парична помош, а 3,3% се корисници на постојана парична помош. Во домаќинствата со жена како глава на домаќинството, 25% се корисници на социјална парична помош, а во овие домаќинства нема корисници на постојана парична помош.

*Графикон 20.*




Како најзастапена форма на детска заштита се јавува детскиот додаток, односно 11 испитаници истакнале дека користеле детски додаток, додека ниту еден испитаник не се изјаснил дека користел посебен детски додаток.

*Графикон 21.*




*Графикон 22.*




Анализата покажува дека 59,0% од домаќинствата што не остваруваат право на парична помош од социјална заштита немале потреба за остварување на ова право, 35,0% од домаќинствата биле одбиени, додека 6% правото не го оствариле поради неинформираност. Истата тенденција се забележува и во однос на користењето на правата од детска заштита. Имено, процентот на испитаници кои немаат потреба од користење на ова право е 46,0%, а одбиени биле 37% од домаќинствата. Загрижува фактот што релативно висок број домаќинства (14%) не го остваруваат ова право поради неинформираност. Само 2,0% од домаќинствата не го оствариле правото поради нецелосна/несредена документација. Во однос на користењето на формите на вонинституционална и институционална заштита, најголем дел од испитаниците немале потреба (48,0%), биле одбиени (37%), биле неинформирани (13%) или немале целосна документација (2%).

## 6.5. Здравство и исхрана

Во најголем број од случаите (92%) испитаниците истакнале дека сите членови на семејството се здравствено осигурени. Загрижува фактот што во 6% од домаќинствата здравствено се осигурени дел од членовите, додека во 2% од домаќинствата не е осигурен ниту еден член. Анализата на податоците покажува дека едно од домаќинствата што не се здравствено осигурени е пензионерско, а едно со глава на семејството домаќин/домаќинка. Сите домаќинства во кои никој не е здравствено осигурен се корисници на парична помош од социјална заштита.

*Графикон 23.*




Во 75% од домаќинствата во кои жена е глава на домаќинството сите се здравствено осигурени, додека само по едно домаќинство е делумно неосигурено, односно ниту еден член на домаќинството не е осигурен. Евидентирано е само едно домаќинство во кое никој не е осигурен, во пет домаќинства членовите се делумно здравствено осигурени. Од вкупниот број домаќинства, најголем дел (51%) во случај на болест користат јавни здравствени услуги (услуги на јавни здравствени установи и купуваат лекови од позитивната листа), а дури 45% од домаќинствата одат на јавен лекар, но купуваат лекови приватно. Мал број (2%) од вкупниот број испитаници не одат на лекар, односно користат алтернативни начини на лекување. Исто така, кај 2% од домаќинствата членовите се лекуваат приватно.

## 6.6. Образование

Од вкупниот број домаќинства опфатени со истражувањето, 89 домаќинства имаат деца кои се на возраст од шест и повеќе години, односно деца кои се вклучени во образовниот процес. Од нив, 29 домаќинства имаат по едно дете кое посетува основно образование, при што во едно домаќинство со две деца, иако се на возраст за основно училиште, не посетуваат настава. Исто така, 12 домаќинства имаат две деца, кои посетуваат основно образование, четири домаќинства имаат по три деца, а три по четири и повеќе деца. Најголем број домаќинства кои имаат деца во основно образование живеат на оддалеченост не поголема од 2 км. Забележително е дека 15% од домаќинствата живеат на оддалеченост поголема од 4 км. Евидентирани се 36 домаќинства со по едно дете во средно образование, а 13 домаќинства со две деца во средно образование, додека шест домаќинства со три деца во средно образование. Треба да се забележи дека во 41 домаќинство има деца кои се запишани на факултет.

*Графикон 24.*




Од вкупниот број домаќинства со деца на школска возраст, 46 домаќинства примаат парична помош од социјална заштита. Од нив, 33 домаќинства имаат деца во основно образование, 29 домаќинства имаат деца во средно образование, а 21 домаќинство имаат деца на факултет. Дистрибуцијата на одговори во однос на занимањето на главата на домаќинството покажува дека деца вклучени во образовните процеси имаат 15,7% од земјоделските домаќинства, 52,8% од работничките домаќинства, 6,7% од службеничките, по 5,6% од домаќинствата на стручњаци, пензионери и претприемачи, 4,5%

на домаќин/ка, 2,2% од домаќинствата каде што главата е раководител, како и едно домаќинство на лице со слободна професија.

Од вкупниот број домаќинства чии деца посетуваат основно училиште, 14 користеле право на бесплатен превоз, од нив 12 домаќинства се корисници на парична помош од социјална заштита. Кај домаќинствата чии деца посетуваат средно училиште се среќаваат девет домаќинства што користеле право на бесплатен превоз, од нив осум домаќинства се корисници на социјална парична помош. Други фомри за помош за образование не се користат од страна на домаќинствата. Од сите форми за помош на високо образование, само седум домаќинства се корисници на стипендија, од кои пет корисници на парична помош од социјална заштита, додека четири лица се запишани според квота за упис.

### 6.7. Спорт, забава, култура

Испитаниците од општина Липково истакнале дека во нивното населено место има спортско игралиште (89), нишалки (5), кафе-бар (71), библиотека (57)[12], ресторан (96), маркети (94) и по 89 интернет-кафеа и спортски обложувалници. Во 37 домаќинства се истакнува дека ниту еден член од нивното домаќинство не користи интернет. Во 53% од случаите на користење интернет, испитаниците користеле домашен компјутер, а само во девет случаи користеле интернет од интернет-кафе.

## 7. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### 7.1. Заклучоци

| ОБЛАСТ | Потесно подрачје | СОСТОЈБА/ПРОБЛЕМИ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▸ Главна стопанска дејност е земјоделството, каде што е ангажирано 95% од населението<br>▸ Мелничка индустрија, индустрија за производство на мебел и столарија |
| **2. Институционални капацитети** | *Образо-вание:* | ▸ 6 ЦОУ<br>▸ 7 подрачни училишта<br>▸ 1 средно училиште |
| | *Здравство:* | ▸ 11 приватни ординации со матични лекари по општа медицина<br>▸ 1 стоматолошка ординација<br>▸ 2 аптеки<br>▸ нема служба за брза помош<br>▸ нема гинеколошка ординација<br>▸ Нема амбуланти во планинските села |

[12] Во општината нема централна библиотека, но има библиотеки во рамките на основните училишта.

| | | |
|---|---|---|
| | *Социјала:* | ▶ Истурено Одделение за материјални давања на Центарот за социјална работа - Куманово<br>▶ Неразвиена мрежа на социјални установи: нема детски градинки, нема домови за стари лица<br>▶ Нема центар за дневно или привремено сместување на корисници<br>▶ Нема згрижувачки семејства<br>▶ Нема мал групен дом<br>▶ Нема народна кујна<br>▶ Нема установа за институционална заштита |
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▶ Мрежата на културни установи на локално ниво воопшто не е развиена<br>▶ 1 спортска сала и 6 спортски игралишта<br>▶ Нема локални медиуми<br>▶ Десетина здруженија на граѓани |
| | *Стопански субјекти:* | ▶ 900 стопански субјекти со седиште на територијата на општина Липково, но околу 400 од нив се активни. Од нив, 37% се претпријатија, 56% се трговски друштва и 7% останати |
| **3. Социјални проблеми** | | ▶ Доминантни проблеми: невработеност, сиромаштија, социјална исклученост<br>▶ Во Центарот за вработување се регистрирани 4.702 невработени лица, од кои 35,6% се жени<br>▶ најголем дел (73,8%) се лица со неквалификувана работна спрема, а само мал дел (2,1 %) се лица со вишо или со високо образование<br>▶ 30% од вкупниот број невработени лица се на возраст 20-29 години<br>▶ Една третина од лицата се невработени осум и повеќе од осум години.<br>▶ Во помала мера се јавува проблемот на користење дрога и други психотропни супстанции и асоцијално однесување на деца |
| | *Социјално ранливи групи население:* | ▶ Населението што живее во високите планински делови од општината<br>▶ Старите лица<br>▶ Инвалидните лица (за нив не постојат никакви социјални услуги во општината)<br>▶ Лицата кои не се евидентирани во Матичната книга на родените<br>▶ Еднородителските семејства |
| **5. Инфраструктурни проблеми** | *Патишта:* | ▶ Рамничарските населби се поврзани главно со асфалтирани патишта<br>▶ Лош пристап до планинските села, посебно во зимски период |
| | *Водовод:* | ▶ Нема систем за водоснабдување |
| | *Канализација:* | ▶ Канализациона мрежа има само во две села<br>▶ Останатите користат септички јами |

| | | |
|---|---|---|
| **6. Еколошки проблеми** | | ▶ Неурбанизирана, дива депонија за цврст отпад<br>▶ Загадени подземните води, односно изворите од отпадните води |
| **7. Меѓуинститу-ционална соработка во општината** | | ▶ Генерално добра соработка со сите релевантни актери<br>▶ Нема постојана соработка, туку се реализира врз проектна основа<br>▶ Недоволно развиена соработка со приватниот сектор<br>▶ Неформална соработка со верските организации |
| **8. Социјална заштита** | *Од Општина:* | ▶ Нема посебно одделение за социјална заштита, туку надлежностите се реализираат од страна на еден вработен во Одделението за нормативно-правни и јавни дејности<br>▶ Не е вработен социјален работник<br>▶ Изработена е Стратегија за локален развој 2009-2011<br>▶ Општината доделува еднократна парична помош за граѓаните во случај на потреба<br>▶ За реализација на оваа форма се издвојуваат 1,3% од буџетот на Општината |
| | *Од ЦСР:* | ▶ Корисници на СПП: 2.300 домаќинства<br>▶ Корисници на ППП: 80 |

## 7.2. Препораки

| ОБЛАСТ | Потесно подрачје | ПРЕПОРАКИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ И ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | Потенцијалите за развој главно се гледаат во развој на туризмот, користење на плодната земја (земјоделство и сточарство), како и во искористување на природните суровини и рудите со кои е богата општината (антимон, арсен, мермер, гранит) |
| **2. Институционални капацитети** | *Образо-вание:* | ▶ Да се прошири мрежата на централни и подрачни основни и средни училишта<br>▶ Намалување на образовната исклученост на децата од повисоките планински села преку подобрување на пристапот и отворање интернатско сместување<br>▶ Да се изградат лаборатории и спортски сали во основните училишта |
| | *Здравство:* | ▶ Да се зголеми понудата на здравствени услуги на локално ниво, пред сè, преку отворање поголем број специјалистички ординации и аптеки<br>▶ Посебен фокус да се стави на отворање амбуланти во планинските села<br>▶ Да се формира служба за брза помош<br>▶ Да се отвори здравствен дом |

| | | |
|---|---|---|
| | *Социјала:* | ▸ Да се развие мрежата на социјални установи во општината<br>▸ Да се отвори центар за социјална работа или да се прошират правата од социјална заштита што може да се реализираат во Канцеларијата отворена во општинскиот центар Липково<br>▸ Подобрување на техничките можности на Канцеларијата со возило, пристап до интернет и друга неопходна опрема за работа<br>▸ Да се отворат дневни центри за лица со посебни потреби и за стари лица<br>▸ Да се отворат детски градинки (дневни центри) во населените места со поголем број деца<br>▸ Да се отворат домови за стари лица |
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▸ Да се воспостават основните културни установи во општината: кино, театар, музеј, библиотека<br>▸ Да се промовира медиумскиот развој во општината (отворање радио, ТВ-станица, печатен медиум)<br>▸ Да се промовира развојот на невладиниот сектор и да се формираат нови здруженија на граѓани<br>▸ Да се изградат поголем број спортски игралишта |
| | *Стопански субјекти:* | ▸ Да се стимулира развојот на поголеми стопански субјекти што би можеле да апсорбираат поголема работна сила |
| **3. Социјални проблеми** | | ▸ Да се промовираат програми за вработување на корисниците на социјална заштита<br>▸ Да се подобрат таргетирањето на активните мерки кон долгорочно невработените и ефективноста во однос на вработувањето на корисниците за социјална заштита<br>▸ Да се насочат мерките на обука, преквалификација и доквалификација кон дефицитарните занимања во општината<br>▸ Да се реализираат превентивни програми за спречување на појавата на социјални проблеми поврзани со девијантно однесување<br>▸ Да се зајакне стручната советодавна и советувалишна работа со домаќинствата зафатени со овие категории проблеми |
| | *Социјално ранливи групи население:* | ▸ Да се збогати мрежата на социјални услуги за старите лица: да се анализираат можностите за отворање социјални услуги за помош во домашни услови, дневни центри, мали групни домови<br>▸ Да се отворат дневни центри за лица со пречки во развојот (деца и возрасни)<br>▸ Да се разгледаат можностите за отворање сервиси за помош во домашни услови<br>▸ Да се преземат мерки за намалување на социјалната исклученост на лицата од планинските села<br>▸ Изнаоѓање модули за евидентирање во Матичната книга на родените заради остварување на правата од социјална заштита |

| | | |
|---|---|---|
| **5. Инфраструктурни проблеми** | *Патишта:* | ▸ Да се подобри локалната патна инфраструктура (асфалтирање на локалните патишта)<br>▸ Да се подобри пристапот до планинските села<br>▸ Да се реконструира регионалниот пат Куманово – Липково - Арачиново |
| | *Водовод:* | ▸ Да се приклучи општината на водоводна мрежа<br>▸ Да се изнајдат механизми за редовна контрола на водата во сите населени места |
| | *Канализа-ција:* | ▸ Да се воспостави канализација во сите населени места |
| **6. Еколошки проблеми** | | ▸ Да се изнајде решение за организирано справување со цврстиот отпад за да се реши проблемот со дивите депонии и со загадените води |
| **7. Меѓуинститу-ционална соработка во општината** | | ▸ Унапредување на соработката на Општината со соседните општини<br>▸ Унапредување на соработката меѓу Општината, ЦСР и Центарот за вработување преку интензивирано и поефикасно имплементирање јавни работи, активни мерки за вработување корисници на социјална заштита, членство во заеднички тела, едукација за можностите и формите на нивна соработка во доменот на социјалната заштита, како и практична имплементација на заеднички проекти<br>▸ Унапредување на соработката на Општината со приватниот и со невладиниот сектор преку нивно партнерско вклучување во реализација на програми од областа на социјалната заштита |
| **8. Социјална заштита** | *Од Општина:* | ▸ Зајакнување на капацитетите на Одделението за нормативно-правни и јавни дејности со вработување социјален работник<br>▸ Едукација на вработените во Одделението за можностите и формите за развивање на социјално-заштитните функции на Општината<br>▸ Едукација за стратегиско планирање и изработка на програми од областа на социјалната заштита<br>▸ Проширување на формите на социјална заштита што ги реализира Општината (претежно финансиска помош) со нови форми на социјални услуги<br>▸ Зголемување на процентот што се издвојува од буџетот за социјална заштита и на ефикасноста на тие буџетски средства |
| | *Од ЦСР:* | ▸ Намалување на корисниците на социјална парична помош преку интензивирање на активностите за нивно вработување во соработка со Центарот за вработување<br>▸ Развивање на мрежата на институционална и вонинституционална заштита во општината<br>▸ Разгледување на можностите за поедноставување на процедурата и упростување на обрасците за остварување на правата од социјална заштита |



# ОПШТИНА РАДОВИШ

## 1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА РАДОВИШ

Општина Радовиш е лоцирана во југоисточниот дел од Република Македонија, а го зафаќа северозападниот дел од Радовишко-струмичката Котлина. Со своето простирање на 608 км$^2$ се вбројува меѓу средно големите општини со густина на населеност од 41,5 жители на км$^2$. Општината има добри контактни и функционални врски со околните општини. Градот Радовиш е општински административен центар со добра местоположба за развој на стопанството, сместен во централниот дел на општината на надморска височина од 380 метри. Како административен центар, градот Радовиш ги опслужува и жителите на општина Конче, бидејќи во него се сместени сите државни институции што дејствуваат на регионално ниво.

Во општина Радовиш има еден град, 22 селски населби и 27 месни заедници. Вкупниот број жители изнесува 28.244, а бројот на домаќинства е 7.184. Од вкупното население, 66,14% живее во урбани средини, а 33,86% во рурални. Само две населби имаат повеќе од 1.000 жители (Ињево и Ораовица), а во останатите бројот на жителите се движи меѓу 300 и 1.000. Во пет населби живеат помалку од 50 жители. Демографските трендови во општина Радовиш резултирале со целосно празнење на повеќе селски населби: Али Лобаси, Држани, Дурутлија, Каралобоси, Караџалар, Ново Село, Папавница, Сариѓол, Ќоселија, Чешме Маале, Шаинташ, Шипковица.

Во општина Радовиш, 51,3% од населението се мажи, а 48,7 жени. Структурата на населението според етничката припадност е следна: Македонци - 82%, Турци - 16,2%, Албанци -  0,05%, Власи - 0,08%, Роми - 1% и други – 0,67%. Од аспект на старосната структура, 51,06% од населението припаѓа на возрасната група 0-14 години, 39,7% на возрасната група 15-64 години и 9,24% на возрасната група над 65 години. Се забележува процесот на стареење на населението, преку мало опаѓање на учеството на населението до 14-годишна возраст и пораст на учеството на старото население. Образовната структура на населението упатува на ниско образовно ниво во општината. Имено, дури 45,7% од населението се со незавршено основно образование, 27,4% се со завршено основно образование, 9,8% со средно техничко, 11% со завршено средно, 0,5% со недовршено високо и 5,6% со завршено високо образование.

Општината е богата со природни ресурси: води (реки и извор на термални води), шуми, руда (бакар, злато, железо, сребро, цинк), како и декоративни камења за градба, кварц и глина. Дејности развиени во оваа општина се: рударството, текстилната индустрија, земјоделството (тутунарство, лозарство, градинарство, овоштарство) и сточарството (задржано, пред сè, во турските села).

Општината располага со значителни потенцијали за развој. Потребно е зголемено инвестирање во земјоделството и во сточарството. Иако нема поголеми комбинати во овие дејности, голем дел од населението (и меѓу вработените и невработените) се занимава со овие дејности. Планинскиот туризам, исто така, треба да се развива. Во целата општина нема ниту

еден хотел, само еден мотел „Панорама“. Инвестирањето и во иновативни технологии за искористување на термоминералните води би придонело за развој на оваа општина.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ

**Образование:** Во градот Радовиш има две централни основни училишта. Во селата има три централни основни училишта (Ињево, Подареш и Ораовица). Во 12 села има училишта со паралелки до четврто одделение. По завршувањето на четвртото одделение, децата од овие села ги посетуваат централните училишта во околните села. Во градот Радовиш има една гимназија и дисперзиран Електротехнички факултет од факултетот во Штип. Децата од селата кои го продолжуваат образованието, по завршување на основното, најчесто патуваат до градот Радовиш, бидејќи во селата нема средни училишта.

Комисијата за култура, образование и спорт има изготвено Стратегија за развој на образованието во општина Радовиш.

**Здравство:** Состојбата со здравствените установи е алармантна во однос на покриеноста на селата. Има еден здравствен дом во градот Радовиш и седум амбуланти, од кои ниту една не се наоѓа во селата. Има и четири специјалистички клиники и седум аптеки, повторно сите во градот. Од приватните здравствени установи, има 15 ординации и осум специјалистички клиники.

**Социјални установи:** Во општината не постои развиена мрежа на социјални установи. Има само три државни детски градинки и ниту еден дом за стари лица. Во општина Радовиш функционира Меѓуопштинскиот центар за социјална работа, во чија надлежност е остварувањето на правата на социјална заштита на граѓаните од општината Радовиш и во општината Конче.

**Културни институции:** Во општина Радовиш активни се две институции од областа на културата: Центарот за култура „Ацо Караманов“, во чии рамки има кино и театар, и Народната библиотека „Браќа Миладиновци“. Постои и еден етнолошки музеј. Познати се фолклорните ансамбли „Бучим“ и „Ацо Караманов“ и три аматерски драмски студија. Во Радовиш во текот на годината се одржуваат неколку културни настани: „Радовишко културно лето“, детски фолклорен фестивал и поетски средби. Меѓу културно-историските вредности на општина Радовиш и на Конче се вбројуваат неколку цркви и археолошки локалитети: стар манастир - Дамјан, Маркова Кула - Подареш, Исарот - Кале.

**Спортски објекти:** Во Радовиш постојат седум активни спортски клубови за фудбал, борење, ракомет, стрелаштво, велосипедизам, мотоспорт, алпинизам. Радовиш поседува и неколку спортски објекти: Спортската сала „25 Мај“ со капацитет од 1.500 седишта, Спортско-рекреативниот комплекс „Шампион“ со олимписки базен, градски фудбалски стадион, повеќе игралишта за мал фудбал, ракомет, одбојка и тениски терен. Во општината

има само две детски игралишта, кои се руинирани.

**Медиуми:** Во општината активни се две локални телевизии: ТВ Кобра и ТВ Еми, две локални радија: Радио Алфа и Радио Радовиш и два кабелски оператори. Печатени локални медиуми нема.

**Граѓански организации:** Во општина Радовиш се регистрирани 70 здруженија на граѓани (вклучително и спортските и фолклорните клубови што се тековно активни). Од останатите, тековно активни се: четири здруженија за локален развој, три за инвалидни лица, две еколошки здруженија, едно за заштита на правата на жената, едно за Ромите и едно за македонско-руска соработка.

**Стопански субјекти:** Регистрирани се вкупно 1.230 мали стопански субјекти, 15 средни и еден голем, кои се во функција. Од поголемите стопански субјекти, надвор од функција е АД „Јака табак". Во општина Радовиш поважни економски сектори се: градежништво и индустрија за градежни материјали; дрвна индустрија; метална, машинска и неметална индустрија; црна и обоена металургија; рударство; козметичко-фармацевтска индустрија; земјоделство; лов и риболов; туризам; текстилна, прехранбена, тутунска индустрија; трговија; транспорт; банкарство; јавен сервис и услуги. Приватниот сектор е развиен во следниве економски гранки: рударство, угостителство, текстил, шумарство, месна индустрија, трговија на големо и мало, занаетчиство, индустрија за конзервирање, млечна индустрија, индустрија за неметали, тутунска индустрија, козметичко-фармацевтска, обработка на злато и сребро. Приватната дејност е доминантна и изнесува 90% од вкупното стопанство во општината.

## 3. ДОМИНАНТНИ ПРОБЛЕМИ ВО ОПШТИНАТА

**Социјални проблеми:** Доминантни социјални проблеми во општината се невработеноста, зголемената дисфункционалност во семејствата и бракоразводите, како и извесен подем на девијациите меѓу младите: деликвенција, алкохолизам, наркоманија и коцкарски игри на среќа (спортско обложување). Меѓу социјално најзагрозените категории население се истакнуваат старите лица и припадниците на турската етничка група.

Согласно со општата состојба во поглед на невработеноста во Република Македонија, и во општината Радовиш овој проблем се истакнува како најдоминантен. Од вкупното население (28.244), лица над 15-годишна возраст се 17.956. Од нив, економски активни се 11.071 (59,39% од лицата над 15-годишна возраст). Од економски активните лица, 8.701 се лица кои вршат занимање (или 76,46% од активното население). Учеството на лицата кои вршат занимање во лицата над 15-годишна возраст е 45,41%.

Вработени се 4.861 (27% од лицата над 15-годишна возраст), од кои 4.011 во стопански дејности, а 850 во нестопански, а невработени се 6.210 (34,6% од лицата над 15-годишна возраст). Најголем дел од вработените се

сконцентрирани во текстилната индустрија, рударството, градежништвото, металната и во електроиндустријата.

Според последните податоци добиени од Центарот за вработување во Радовиш, бројот на невработени, заклучно со 31.10.2010, изнесува 5.812, од кои мнозинството се жени (58,12%). Според етничката структура, најголем дел се Македонци (4.699), Турци (1.154), Роми (21), Срби (11), Власи (1), Албанци (1) и други (25). Најголема концентрација на невработени има во возрасната група од 25 до 29 години (759), од кои 316 се жени. Од вкупниот број невработени, мнозинството чекаат на вработување осум и повеќе години (1.777, од кои 486 се жени). Дефицитарни занимања се: дипломирани филолози по англиски јазик, информатичари, електро и машински инженери.

Центарот за вработување реализира повеќе активни мерки во соработка со УНДП и во согласност со оперативните планови на МТСП во насока на намалување на невработеноста: обуки за работа со компјутери и странски јазици, преквалификација, доквалификација, самовработување и поддршка на мали бизниси, субвенционирано вработување на млади лица, лица на кои работниот однос им престанал поради стечај или ликвидација, постари лица (55-64 години), деца со посебни потреби, самохрани родители, многудетни брачни парови, жртви на семејно насилство, деца без родители. Сепак, вработувањето на корисниците на социјална заштита се одвива тешко, пред сè, поради нивните ниски квалификации. Најзагрозени од аспект на невработеноста се неквалификуваните постари лица, за кои е особено тешко вклучувањето на пазарот на трудот.

Во реализацијата на активните мерки, Центарот за вработување соработува со ЦСР, пред сè, од аспект на размена на податоци за ранливите групи кои се вклучуваат во активните мерки. Во однос на активните мерки, Центарот за вработување соработува и со работодавците од приватниот сектор. Соработката со Општината е ограничена и се однесува претежно на реализација на јавните работи кои, како што беше истакнато, ретко се применуваат. Соработката со училиштата се сведува на посредување при вработување наставен кадар, а Центарот за вработување нема активна улога во однос на професионалната ориентација на учениците за избор на нивната струка.

Во услови на висока невработеност, сè уште опстојува сивата економија, но согласно со сознанијата од терен, таа се намалува. Како проблем за време на дискусијата во фокус-групите беше истакнат проблемот на несигурноста и прекршувањето на правата на работниците од страна на работодавците. Во оваа насока еден од учесниците во фокус-групата истакна:

*„Нема шанси да се најде сигурно вработување во оваа општина. И вработувањето е политизирано. А кога ќе сум најдел некаква работа, не ми исплаќале дневници, ме пријавувале на минимален износ или не ме пријавувале и не ми плаќале придонеси воопшто...“*

Во општината реално постојат можности за намалување на невработеноста преку стимулирање на развојот на приватните бизниси,

малите претпријатија, искористување и обновување на потенцијалите за земјоделство и за сточарство (овој сектор страдаше и со кризата во „Сведмилк"), како и стимулации за регистрирање на индивидуалните земјоделци кои се занимаваат со оваа дејност.

**Инфраструктурни проблеми:** Што се однесува до инфраструктурата во општина Радовиш, околу 90% од патиштата во градот се асфалтирани (иако се доста оштетени и потребна им е реконструкција), додека во селата, освен регионалните патишта, околу 80% од патиштата се неасфалтирани. Приближно 40% од улиците немаат улично осветлување. Во градот Радовиш има неколку паркови, но не се средени. Како последица на поплавите, мостовите исто така се оштетени и потребна им е реконструкција.

Од вкупниот број домаќинства, 90% се приклучени кон градскиот водовод. Има пивка вода со висок квалитет, но водоснабдувањето не е трајно решено и постојат проблеми, особено во летниот период. Во некои од ридско-планинските села има проблем со водата за пиење, која недостасува во летните месеци, бидејќи има проблеми со пумпите поради високата точка. Канализационата покриеност не е докрај решена, покриеноста со канализациска мрежа е 90% во урбаните средини и 60% во руралните. Само седум од селските населби имаат канализација, пред сè, поголемите и понаселени села. Најголем проблем се јавува поради изведената паралелна канализациска мрежа во која се сместени и цевководот за фекална и цевководот за атмосферска канализација, кои треба да се одделат.

**Еколошки проблеми:** Општината Радовиш се соочува со неколку еколошки проблеми. Клучниот еколошки проблем е поврзан со дивите депонии што никнуваат околу градот и ги има во сите села. Тоа се јавува од причина што постои организирано собирање на сметот и на цврстиот отпад само во градот, за што Општината има формирано две јавни претпријатија. Друг е проблемот со отпадните води, кои претставуваат едни од најсериозните загадувачи на животната средина. Поради недостигот од канализациона мрежа во поголемиот дел од селата за организирано одведување на отпадните води од домаќинствата, тие претежно ги собираат отпадните води во фекални јами, па постои опасност од загадување на водата за пиење од артерските бунари. Загаденоста на реките е надмината откако е спречено загадувањето на Тополничка Река и Маденска Река од рудникот „Бучим". Сепак, во овие реки сè уште се забележливи траги и талог од долгогодишното загадување. На неколку места во општината постои и проблем на ерозија на земјиштето, особено меѓу селата Подареш и Ораовица и по текот на Радовишка, Иневска, Оравичка Река и Сушица.

## 4. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНАТА

**Општинска администрација:** Во општина Радовиш сè уште не е формирано засебно одделение за социјална заштита. Делот од општинските функции во однос на социјалната заштита на населението ги реализира Одделението за јавни дејности и општи работи. Од вкупниот годишен буџет на Општината (120.000.000 денари), само 0,02% се одвојуваат за целите на социјална заштита на граѓаните.

Општина Радовиш досега нема изготвено никаков стратегиски документ од областа на социјалната заштита. Интервенциите на Општината во доменот на социјалната заштита се сведуваат на интервенции по барање на загрижени граѓани кои се нашле во ситуација од социјален ризик и се обраќаат за помош. Вообичаено станува збор за финансиска помош за граѓани по претрпени еколошки непогоди.

На децентрализацијата во социјалната заштита во рамките на општината се гледа со резерва поради неизвесноста како ќе се одвива трансферот на надлежности во услови на недостиг од човечки, технички и финансиски ресурси. Притоа, беше истакната потребата вработените во Општината да бидат обучени за претстојните предизвици што ги носи децентрализацијата.

**Центар за социјална работа:** Правата од социјална заштита граѓаните ги остваруваат преку Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Радовиш, кој воедно ја покрива и општината Конче.

Од мерките на социјална заштита најчесто се користи социјалната помош. Има 695 корисници на социјална парична помош (9,7% од вкупниот број домаќинства во Радовиш – 7.184), 73 корисници на постојана парична помош и 260 корисници на паричен надоместок за помош и нега од друго лице. Учесниците во фокус-групата укажаа на многу нискиот износ на паричните надоместоци, со кој не може да се покријат основните егзистенцијални потреби на домаќинствата. Воедно, за нив голема тешкотија претставуваат административните барања поврзани со месечното пријавување, но и обновата на документи. Поради ова, корисниците се изложени на големи финансиски трошоци и на проблеми поврзани со неефикасноста и непристапноста до институциите до кои тие мора да се обратат за да ги извадат потребните документи (МВР, Катастар и др).

Мерките на вонинституционална заштита ги користат осум лица: четири лица се сместени во згрижувачко семејство, три лица во мал групен дом, едно лице во станбена единица (самостојно живеење со поддршка). Институционална заштита користат вкупно 23 лица, сместени во Ново Село - Струмица; во Заводот во Демир Капија; во Банско; во Чичино Село; во Домот за стари лица „Зафир Сајто“ и во Домот за стари лица во Прилеп.

Мрежата на социјални услуги во општината е неразвиена. Има само еден дневен центар „Порака“ за лица со интелектуална попреченост и постои голема потреба од развивање на оваа мрежа со дополнителни дневни центри и други видови социјални услуги.

ЦСР - Радовиш до јуни 2010 година работел на територијален принцип, а потоа на комбиниран принцип: територијален и категоријален. Во ЦСР се вработени вкупно девет стручни работници (четворица социјални работници, еден педагог, еден психолог, двајца правници, еден социолог). ЦСР располага со осум простории (200-250 $м^2$) опремени со компјутер за секој стручен работник и едно возило што се користи за увиди во домаќинствата, но е во лоша состојба и е технички неисправно. Во ЦСР често пати нема телефон, не е вработена хигиеничарка, постои недостиг од средства за покривање на тековните трошоци, што ја отежнува нивната работа.

ЦСР има слаба соработка со невладиниот сектор, со исклучок на НВО „Порака", а со општините се соработува ретко, пред сѐ, во делот на јавните работи, кои не се применуваат во 2010 година (бројот на ангажирани лица на јавни работи во 2009 бил 26 корисници на социјална парична помош, а во 2010 нема такви лица). Соработката со училиштата е поврзана со деца во социјален ризик, со здравствените установи се соработува, исто така, најчесто во однос на новороденчиња и деца, а со Центарот за вработување на имплементација на активните мерки за корисниците на социјална заштита. Соработка со приватниот сектор и со верските организации не постои.

## 5. СОРАБОТКА НА ОПШТИНАТА СО ЛОКАЛНИТЕ АКТЕРИ

Општина Радовиш има најтесна соработка со соседната општина Конче, со која се граничи на југозапад, додека регионална соработка остварува со сите општини: Берово на исток, Василево на југ, Штип на северозапад и Карбинци и Виница на север. Заедно со Брегалничкиот и Струмичкиот регион, формирано е Здружение за регионален економски развој на овие општини.

Во рамките на општината, солидна соработка и размена на информации се остварува и со централната власт и со ЗЕЛС, на чии средби редовно учествуваат претставници од Општината, пред сѐ, градоначалникот. Со ЦСР соработката е многу слаба. Имплементацијата на јавните работи во соработка со ЦСР, која во минатото малку повеќе се применувала, е затаена. За потребите на корисниците на социјална заштита до пред две години Општината издавала семејни уверенија, но таа надлежност повеќе ја нема. Соработката со локалниот Центар за вработување е малку подобра. Секоја година овие институции соработуваат од аспект на имплементација на проекти поврзани со активните мерки на пазарот на трудот (самовработување, бизнис-планови). Соработката со НВО кои се активни во општината е задоволувачка. Најчесто се остварува со „Црвен крст", иако корисниците на социјална помош воопшто не се задоволни и не паметат кога последен пат добиле помош од оваа организација. Со останатите НВО Општината соработува преку Одделението за локален економски развој преку директно информирање, испорака на помош при апликација на предлог-проекти, обуки и партнерства при заеднички апликации на предлог-проекти.

Соработката со приватниот сектор не се остварува во полето на социјалната заштита, туку се сведува на контакти заради донации за потребите на општината (солидна соработка во овој домен Општината остварува со „Бучим“, „Алба инженеринг“, „Бест фуд“, како и со текстилните компании „Суперхит“ и „Марди“). Недоволна е соработката со верските организации која, исто така, понекогаш се сведува на барања за донации или издавање дозволи што не се поврзани со задоволување на социјално-заштитните потреби на граѓаните во општина Радовиш. Општина Радовиш ги вклучува граѓаните најчесто во рамките на процесот на стратегиско планирање преку јавните расправи за урбанистичко планирање и преку јавното огласување и информирање за постојни обуки, работилници и програми.

## 6. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА ВО ОПШТИНА РАДОВИШ

### 6.1. Општи податоци за анкетираните домаќинства

Со емпириското истражување беа опфатени вкупно 100 домаќинства од општина Радовиш. Од нив, 65% се домаќинства од урбани средини и 35% од рурални; 50% се корисници на социјална помош и 50% од домаќинствата не се корисници.

Според етничката структура, 88% од анкетираните домаќинства припаѓаат на македонската етничка група, 7% на турската, 4% на ромската и 1% одбиле да се произнесат за својата етничка припадност (Графикон 1).

*Графикон 1.*




Од вкупниот број домаќинства, во 94% главата на домаќинството е маж, во 5% жена (ниту една од жените не е глава на земјоделско домаќинство), а 1% одбиле да кажат кој е глава на домаќинството. Половината од главите на домаќинствата припаѓаат на возрасната група од 40 до 59 години (50%), на

возрасната група 30-39 години припаѓаат 20%, а 24% припаѓаат на возрасната група 60 години и повеќе.

Во 89% од домаќинствата, главата на домаќинството е оженет/омажена, а во 11% останато (неженет/немажена - 4%, вонбрачна заедница - 1%, разведен/разведена - 3%, вдовец/вдовица - 3%). Мнозинството од главите на домаќинствата се писмени (97%).

Според формалниот степен на образование, 11% се со недовршено основно, 32% со основно, 42% со средно и по 7% вишо и високо образование (1% нема одговор).

Во структурата според занимање, најголем број припаѓа на работници и пензионери: 23% работници, 18% пензионери, 14% земјоделци, 6% службеници, 4% домаќин/ка, 4% приватен претприемач, а останатите припаѓаат на други занимања (војници/полицајци, ученик/студент, раководител и други).

### 6.2. Вработување

Од вкупниот број домаќинства, мнозинството или 35% се со четворица членови, 25% се со двајца и 22% со тројца, а со пет-шест члена има 16% (1% е само со еден член и 1% без одговор) (Графикон 2). Од домаќинствата со пет-шест члена (16 = 100%), во мнозинството главата на домаќинството е со нецелосно или само со основно образование (62,5%).

*Графикон 2.*




Поголемиот дел од домаќинствата во примерокот се неземјоделски - 48% (од нив 48 = 100%, 77,1% се во урбаните средини), мешовити се 35%, земјоделски се 9%, а непознат тип домаќинство има кај 8%. Од аспект на етничката припадност, 47,7% од македонските домаќинства се неземјоделски, во 71,5% од турските домаќинства се извршува земјоделска дејност, додека ромските домаќинства се неземјоделски.

Структурата на домаќинствата од аспект на образовниот статус на главата на домаќинството покажува дека од вкупниот број земјоделски домаќинства (9 = 100%), мнозинството или 88,9% се со нецелосно основно

или со основно образование, кај мешовитите домаќинства (35 = 100%), исто така, голем дел од домаќинствата се со недовршено основно или со основно образование (48,6%), додека кај неземјоделските домаќинства се забележува повисок образовен статус кај главата на домаќинството: кај мнозинството од овие домаќинства (48 = 100%) главата на домаќинството е се средно или со повисоко од средно образование (68,7%).

Структурата на домаќинствата во однос на вработувањето укажува на сериозноста на овој проблем. Од вкупниот број домаќинства, во мнозинството нема ниту еден вработен (38%). Во 31% од домаќинствата има само по еден вработен, во 26% по двајца вработени, а во 5% тројца вработени (Графикон 3).

*Графикон 3.*




Анализата во однос на вработувањето според пол укажува на малку поповолна состојба во однос на вработеноста кај жените во споредба со мажите. Во 60% од домаќинствата нема ниту еден вработен маж, во 35% од домаќинствата има по едно вработено машко лице, во 4% по две вработени машки лица, а само во едно домаќинство (1%) има вработено три машки лица (вкупно 46 вработени мажи). Што се однесува до жените, во 50% од домаќинствата нема ниту една вработена жена, во 48% од домаќинствата вработена е по една жена, а во 2% од домаќинства вработени се по две жени (вкупно 52 вработени жени).

Состојбата во однос на невработеноста е следна: во поголемиот дел од домаќинствата (47%) нема ниту еден невработен, во 25% од домаќинствата има по еден невработен, во 19% по двајца невработени, во 9% има по тројца-

четворица невработени членови. Има 11 членови на домаќинствата кои се технолошки вишок, од кои четворица се мажи, а седум жени.

Од аспект на неактивното население во домаќинствата, во 28% од домаќинствата има по еден или двајца пензионери, во 59% деца/ученици/студенти, во 7% домаќини/ки (мнозинството жени) и само во 1% работно неспособни лица.

### 6.3. Животен стандард

Во мнозинството домаќинства (61%) остварен е приход од редовен работен однос во изминатите 12 месеци. Состојбата со приходи од редовен работен однос е најповолна кај македонските домаќинства, од кои 68,2% оствариле ваков приход, а најнеповолна кај турските домаќинства, од кои ниту едно домаќинство нема остварено приход од редовен работен однос во изминатите 12 месеци (Табела 1).

*Табела 1.*

**Приходи од редовен работен однос во изминатите 12 месеци?**
Дали вие или некој друг од вашето семејство сте примиле приходи од редовен работен однос изминатите 12 месеци?

| | | | НЕ | ДА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|
| Националност на главата на семејството | Македонец/ка | Вкупно | 28 | 60 | 88 |
| | | % на националност | 31,8% | 68,2% | 100,0% |
| | | % | 28,0% | 60,0% | 88,0% |
| | Ром/ка | Вкупно | 3 | 1 | 4 |
| | | % на националност | 75,0% | 25,0% | 100,0% |
| | | % | 3,0% | 1,0% | 4,0% |
| | Турчин/ка | Вкупно | 7 | 0 | 7 |
| | | % на националност | 100,0% | 0% | 100,0% |
| | | % | 7,0% | 0% | 7,0% |
| | Одбива да одговори | Вкупно | 1 | 0% | 1 |
| | | % на националност | 100,0% | 0% | 100% |
| | | % | 1,0% | 0% | 1,0% |
| ВКУПНО | | Вкупно | 39 | 61 | 100 |
| | | % на националност | 39,0% | 61,0% | 100,0% |

Меѓу изворите на приход во домаќинствата надвор од редовен работен однос предничат приходите од пензии, кои ги оствариле 27% од домаќинствата, приходите од земјоделство, кои ги оствариле 15% од домаќинствата, како и приходи од помош од деца/родители/роднини и сезонска работа, кои ги оствариле по 9% од домаќинствата (Графикон 4). Во

сите домаќинства што остваруваат дополнителен приход од сезонска работа главата на домаќинството е маж.

*Графикон 4.*




Од аспект на износот на месечните приходи (Графикон 5), состојбата во домаќинствата не е алармантна. Најголем дел од домаќинствата (26%) остваруваат месечен приход од 5.001 до 10.000 денари. По 17% од домаќинствата остваруваат приходи до 5.000 денари и од 10.001 до 14.000 денари. Останатите остваруваат приходи повисоки од 14.001 денар (вкупно 34% од домаќинствата).

*Графикон 5.*



Од домаќинствата со приходи до 5.000 денари (17 = 100%), сите, односно 100%, се корисници на социјална помош, што укажува на нивната неповолна финансиска ситуација. Од вкупниот број домаќинства - корисници на социјална помош (50 = 100%), мнозинството (52%) имаат месечен приход од 5.001 до 10.000 денари, 34% до 5.000 денари и само 14% повеќе од 10.000 денари. Кај домаќинствата што не се корисници на социјална помош состојбата во однос на месечните приходи е значително поповолна. Ниту едно домаќинство нема приход понизок од 10.000 денари, 30% имаат приходи од 10.001 до 14.000 денари, а значителен е и бројот на домаќинства со приходи над 30.000 денари (20%) (Табела 2).

*Табела 2. Месечни приходи во домаќинството според корисници/некорисници на социјална помош*

| Корисници/ некорисници на СП | | Приходи што домаќинството ги остварило минатиот месец | | | | | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | до 5.000 мкд | 5001 – 10000 мкд | 10001 – 14 000 мкд | 14001 – 18 000 мкд | 18001 – 23 000 мкд | 23001 – 30 000 мкд | Над 30000 мкд | Не знам | Одбива да одговори | |
| Да | вкупно | 17 | 26 | 2 | 1 | 1 | 1 | 0 | 1 | 1 | 50 |
| | % од корисник | 34,0% | 52,0% | 4,0% | 2,0% | 2,0% | 2,0% | 0,0% | 2,0% | 2,0% | 100,0% |
| | % од приходи | 100,0% | 100,0% | 11,8% | 14,3% | 10,0% | 14,3% | 0% | 20,0% | 100,0% | 50,0% |
| | % од вкупно | 17,0% | 26,0% | 2,0% | 1,0% | 1,0% | 1,0% | 0,0% | 1,0% | 1,0 | 50,0% |
| Не | вкупно | 0 | 0 | 15 | 6 | 9 | 6 | 10 | 4 | 0 | 50 |
| | % од корисник | 0,0% | 0,0% | 30,0% | 12,0% | 18,0% | 12,0% | 20,0% | 8,0% | 0,0% | 100,0% |
| | % од приходи | 0,0% | 0,0% | 88,2% | 85,7% | 90,0% | 85,7% | 100,0% | 80,0% | 0,0% | 50,0% |
| | % од вкупно | 0,0% | 0,0% | 15,0% | 6,0% | 9,0 | 6,0% | 10,0% | 4,0% | 0,0% | 50,0% |
| | вкупно | 17 | 26 | 17 | 7 | 10 | 7 | 10 | 5 | 1 | 100 |
| | % од корисник | 17,0% | 26,0% | 17,0% | 7,0% | 10,0% | 7,0% | 10,0% | 5,0% | 1,0% | 100,0% |
| | % од приходи | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |

Анализата на месечните приходи според етнички групи укажува на најголема загрозеност на турската етничка група. Имено, најголем дел од турските домаќинства остваруваат приходи до 5.000 денари - дури 71,4%. Сите ромски домаќинства, пак, се со месечни примања до 10.000 денари (по 50% од категориите до 5.000 денари и од 5.001 до 10.000 денари). Кај припадниците на македонската етничка група, најголемиот дел се со месечни примања од 5.001 до 10.000 денари (26,1%), 19,3% се со примања од 10.001 до 14.000 денари, по 8% се со примања од 14.001 до 18.000 денари и од 23.001 до 30.000 денари (Графикон 6).

*Графикон 6.*




Мнозинството од домаќинствата живеат во цврсти градби (92%), додека 7% живеат во трошни или монтажни градби, а 1% во импровизирани градби. Поголемиот дел од домаќинствата живеат во двособен стан (32%), иако е значителен и бројот на оние што живеат во четирисобен стан (30%). Во гарсониера или еднособен стан живеат 18 домаќинства (5% во гарсониера и 13% во еднособен стан).

Од домаќинствата што живеат во гарсониера или еднособен стан (18 = 100%), најголемиот дел се корисници на социјална помош (83,3%). Најголем дел (20 или 40%) од некорисниците на социјална помош (50 = 100%) живеат во четирисобни или поголеми станови, што укажува на нивната поповолна станбена ситуација. Од аспект на брачниот статус, вреди да се истакне дека од домаќинствата во кои главата на домаќинството е оженет/омажена (89 = 100%), најголем дел живеат во само двособни станови (33.7%).

Најголем дел од домаќинствата живеат во станбена површина од 61 до 80 м$^2$ (26%), во станбена површина од 41 до 60 м$^2$ живеат 20%, во станбена површина над 80 м$^2$ живеат 24%, во станбена површина до 40 м$^2$ живеат 28% (2% од домаќинствата одбиле да одговорат на ова прашање). Од домаќинствата во кои главата на домаќинството е во брак (89 = 100%), 48,3% живеат во станбена површина до 60 м$^2$, 41,6% живеат во станбена површина од 61 до 100 м$^2$, а само 10,1% во станови со површина поголема од 100 м$^2$ (2,2% од овие домаќинства одбиле да одговорат на ова прашање).

Во однос на санитарните услови во домаќинството, 79% од домаќинствата имаат веце со бања во станот (од нив мнозинството или 59,5% не се корисници на социјална помош). Состојбата во однос на канализацијата и водоснабдувањето задоволува. Од вкупниот број домаќинства, кај 96% има канализација, а кај 98% има чешма во станот. Најчест начин на греење е со печка на цврсти горива, застапено кај 79% од домаќинствата, греење со печка на струја се јавува кај 11% од населението, сопствено парно греење кај 7% (3% не одговориле на ова прашање). Во зимските месеци мнозинството

домаќинства (51%) загреваат само една соба, 29% две соби, 20% три и повеќе соби. Поголемиот дел од домаќинствата што загреваат само една соба (51 = 100%) се корисници на социјална помош – 72,5%. Од аспект на етничката припадност, во сите домаќинства, независно од етничката припадност, најчесто се загрева само една соба: 46,6% кај македонските домаќинства, 100% кај ромските домаќинства, 85,7% кај турските домаќинства (Табела 3).

*Табела 3. Број на соби што се загреваат во зимските месеци според националност*

| **Националност** | | **Колку соби од вашето живеалиште загревате?** | | | | | **вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **една** | **две** | **три** | **Четири и повеќе** | **Не знам** | |
| Македонец/ка | вкупно<br>% од Националност | 41<br>46,6% | 28<br>31,8% | 13<br>14,8% | 3<br>3,4% | 3<br>3,4% | 88<br>100,0% |
| Ром/ка | вкупно<br>% од Националност | 4<br>100,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 4<br>100,0% |
| Турчин/ка | вкупно<br>% од Националност | 6<br>88,7% | 1<br>14,3% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 7<br>100,0% |
| Одбива да одговори | вкупно<br>% од Националност | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 1<br>100,0% | 0<br>0,0% | 1<br>100,0% |
| Вкупно | вкупно<br>% од Националност | 51<br>51,0% | 29<br>29,0% | 13<br>13,0% | 4<br>4,0% | 3<br>3,0% | 100<br>100,0% |

Од аспект на облеката, најмногу недостасува топлата зимска облека (јакни, џемпери), што како недостиг го истакнале 43% од домаќинствата, потоа обувки (14%), свечена облека (1%), долна облека (1%), а 14% од домаќинствата истакнале дека не им недостасува облека (64,3% од домаќинствата на кои не им недостасува облека не се корисници на социјална помош). Постојат извесни разлики во однос на она што недостасува од облека меѓу домаќинствата со различна етничка припадност: на македонските домаќинства најмногу им недостасува зимска облека (44,3%), на ромските домаќинства најмногу им недостасуваат обувки (75%), а на турските домаќинства најмногу им недостасува топла зимска облека (57,1%).

Состојбата со поседување апарати во домаќинствата е прикажана на Прегледот 1 долу. И покрај тоа што за некои апарати до 20% од домаќинствата не сакале да се произнесат дали ги поседуваат поради чувствителноста на прашањето (пред сè, за корисниците на социјална помош), тенденцијата е дека повеќе од 90% од домаќинствата ги поседуваат основните апарати за домаќинство: фрижидер (100%), телевизор (100%), шпорет на цврсто гориво (95%), електричен шпорет (96%), бојлер (93%), машина за перење алишта (93%), правошмукалка (91%), мобилен телефон (91%). Помалку од 20% од домаќинствата поседуваат единствено: видеокамера (12%), мотоцикл (18%) и земјоделски машини (11%).

*Преглед 1. Поседување апарати за домаќинство*

| ***Апарати за домаќинство*** | Домаќинството има | На домаќинството не му треба | Домаќинството не може да си дозволи | Одбива да одговори | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| шпорет на цврсто гориво | 95 | 5 | / | / | 100 |
| електричен шпорет | 96 | 3 | 1 | / | 100 |
| печка | 76 | 16 | 8 | / | 100 |
| бојлер | 93 | 4 | 3 | / | 100 |
| фрижидер | 100 | / | / | / | 100 |
| длабоко замрзнување | 77 | 17 | 1 | / | 100 |
| машина за перење алишта | 93 | 3 | 3 | 1 | 100 |
| машина за миење садови | 21 | 46 | 16 | 17 | 100 |
| правошмукалка | 91 | 7 | 1 | 1 | 100 |
| клима-уред | 20 | 47 | 14 | 19 | 100 |
| радио/грамафон/касетофон | 83 | 11 | / | 6 | 100 |
| телевизор | 100 | / | / | / | 100 |
| видеокамера | 12 | 58 | 10 | 20 | 100 |
| видеорикордер/ДВД | 61 | 27 | 2 | 10 | 100 |
| фотографски апарат | 38 | 43 | 6 | 13 | 100 |
| компјутер | 43 | 28 | 14 | 15 | 100 |
| телефон | 39 | 39 | 3 | 19 | 100 |
| мобилен телефон | 91 | 5 | 2 | 2 | 100 |
| велосипед | 65 | 23 | 3 | 9 | 100 |
| мотоцикл | 18 | 52 | 13 | 17 | 100 |
| патнички автомобил | 43 | 33 | 9 | 15 | 100 |
| трактор/земј. машини | 11 | 61 | 10 | 18 | 100 |
| | | | Σ=119 | | |

Значајно е да се нагласи дека од вкупниот број случаи на искажување неможност домаќинството да се снабди со некои од наведените апарати за домаќинство (119 случаи кога не можат да си дозволат купување одреден апарат), мнозинството се корисници на социјална помош (во 79 случаи или 66%).

### 6.4. Социјални проблеми и социјална заштита

Од социјалните проблеми најизразени се, пред сѐ, проблемот на сиромаштија, кој го истакнале 74% од домаќинствата, и проблемот на невработеност, кој го истакнале 64% од домаќинствата. Од останатите

проблеми, болестите се јавуваат кај 18% од домаќинствата, семејното насилство кај 6%, бракоразводите кај 5%, и конфликтните семејни односи и инвалидноста во по 4% од домаќинствата. Проблемите поврзани со девијации и со природни непогоди се слабо застапени (со 2% и 1%).

Податоците за соочувањето со проблемот на сиромаштија и невработеност меѓу урбаните и руралните домаќинства упатуваат на следниве сознанија, кои говорат за тоа дека руралното население е повеќе погодено од овие проблеми во споредба со урбаното: 71,4% од руралните домаќинства истакнале дека се соочуваат со проблемот на невработеност, а 85,7% со проблемот на сиромаштија. Од урбаните домаќинства, 60% се соочиле со проблемот на невработеност, а 67,7% со проблемот на сиромаштија (Графикон 7).

*Графикон 7.*




Користењето на мерките на социјална заштита е на многу ниско ниво (со исклучок на социјалната парична помош). Користење на вонинституционалните форми на заштита се јавува само кај 6% од домаќинствата (2% во вид на информирање, консултативна, советодавна и советувалишна работа и 4% стручна помош за решавање брачни и семејни кризи). Институционална заштита во вид на оспособување за работно-производствена активност користеле 3% од домаќинствата. Од паричните бенефиции, покрај 50% кои се корисници на социјална парична помош, се јавуваат и по 2% корисници на постојана парична помош, паричен надоместок за помош и нега од друго лице и еднократна парична помош. Од мерките на детска заштита, најмногу била користена еднократната парична помош за новороденче - 16%, 2% од

семејствата користеле или користат детски додаток и 2% посебен детски додаток што се доделува за грижа за инвалидно дете.

За истакнување е дека меѓу причините за некористење на мерките на социјална и детска заштита од страна на домаќинствата доминира неинформираноста за постоење на можноста за користење на овие законски права (Графикон 8). Така, на пример, најчеста причина за некористење на паричната помош од социјална заштита е одбивањето (15%), потоа неинформираноста (9%), неисполнувањето услови (4%), несредената документација (3%), срамот (2%), додека останатите се во категоријата на оние што немаат/немале потреба од овој вид помош.

Што се однесува до користењето на мерките на детска заштита, дури 42% не ја користеле поради неинформираност за правата, 7% биле одбиени, 2% не исполнувале услови и во по 1% бидејќи имале несредена документација или од срам (останатите немале потреба од овие мерки).

Слична е состојбата во однос на неинформираноста на граѓаните за постојниите права во однос на користењето на институционалните и вонинституционалните форми на социјална заштита: повеќе од половина од домаќинствата - 63% не ги користеле поради неинформираност, 4% биле одбиени, 3% од срам, 3% поради неисполнување услови, 1% поради несредена документација (останато се домаќинства што немале потреба од овие мерки).

*Графикон 8.*



### 6.5. Здравство и исхрана

Состојбата со здравственото осигурување во домаќинствата е добра. Мнозинството се домаќинства во кои сите членови се здравствено осигурени (93%), а кај останатите постои состојба на делумно здравствено осигурување (односно непокриеност со здравствено осигурување на сите членови).

Поголемиот дел од домаќинствата во случај на болест (освен хоспитализација) се лекуваат во јавното здравство, односно одат на лекар и земаат лекови на рецепт - 85%, 11% се лекуваат целосно приватно (63,6% од нив не се корисници на социјална помош), а кај 4% оваа состојба не е позната. Нема забележани случаи на лекување со алтернативна медицина. Овие податоци, сепак, укажуваат на нискиот животен стандард кај населението, поради што поголемиот дел од домаќинствата не можат да си ги дозволат трошоците за приватно лекување.

Во однос на оддалеченоста до најблискиот здравствен дом, на повеќе од половината од домаќинствата (51%) им се потребни 16-30 минути за да стигнат до него, на 39% им се потребни до 15 минути, а на 10% повеќе од 30 минути. Во однос на пристапноста до здравствените институции, постојат разлики меѓу руралните и урбаните домаќинства. Имено, мнозинството од урбаните домаќинства можат да стигнат до најблискиот здравствен дом за помалку од 15 минути (55,4%), додека мнозинството од руралните домаќинства (74,3%) го имаат најблискиот здравствен дом на оддалеченост од 16 до 30 минути. Овие податоци укажуваат на неповолната ситуација на руралното население од аспект на пристап до институциите за здравствена заштита (Графикон 9).

*Графикон 9.*



Состојбата од аспект на готвење и консумирање храна богата со месо, исто така, задоволува. Најголемиот дел од домаќинствата (33%) приготвуваат топол оброк со месо два пати неделно, 26% три пати неделно, 24% еднаш неделно, 11% по четири и повеќе пати неделно, а само 5% ниту еднаш. Сепак, од аспект на етничката структура, добиените податоци се следни: Македонците најчесто готват топол оброк со месо - два пати неделно (37,5%), додека Ромите најчесто еднаш неделно (75%), а Турците, исто така, најчесто еднаш неделно (57,1%).

Меѓу потребите на домаќинството за чие задоволување недостасуваат средства, храната и безалкохолните пијалаци се на прво место, а хигиената и здравјето (потреба од лекови и помагала) котираат на четвртото место (Преглед 2). За истакнување е дека голем процент од домаќинствата (26%) ги истакнале алкохолните пијалаци и тутунот како потреби за кои им недостасуваат средства, со што според важноста стојат пред потребите за образование, комуникација, рекреација и култура. Кога станува збор за недостигот од средства за хигиена и здравје (лекови и помагала), тој е поголем меѓу руралните домаќинства во споредба со урбаните: 78% од руралните домаќинства наспроти 48% од урбаните истакнале дека имаат недостиг од средства за задоволување на овие потреби.

*Преглед 2. Листа на потреби во домаќинството за чие задоволување недостасуваат средства*

| Потреби во домаќинството | Број на домаќинства што истакнале недостиг од средства |
|---|---|
| 1. Храна и безалкохолни пијалаци | 98 |
| 2. Домување, вода, електрика, горива | 93 |
| 3. Облека и обувки | 83 |
| 4. Хигиена и здравје (лекови и помагала) | 63 |
| 5. Покуќнина, мебел | 43 |
| 6. Сообраќај (транспорт/автомобил) | 33 |
| 7. Алкохолни пијалаци и тутун | 26 |
| 8. Образование | 24 |
| 9. Комуникација (телефон, интернет) | 17 |
| 10. Рекреација и култура (весници, книги, патувања, забава) | 10 |

### 6.6. Образование

Во 49% од домаќинствата има деца на школска возраст (шест и повеќе години). Во 32% од домаќинствата има деца кои посетуваат основно образование, од кои на 14% основното училиште им е оддалечено до 1 км, на 8% од 1,01 км до 2 км и на 7% од 2,01 до 4 км (3% не дале одговор). Најголем дел од домаќинствата на кои училиштето им е оддалечено 2,01-4 км од живеалиштето (7 = 100%) припаѓаат на групата рурални домаќинства (71,4%), додека дури 92,9% од домаќинствата на кои училиштето им е оддалечено до 1

км (14 = 100%) се урбани. Во 18% од домаќинствата децата посетуваат средно образование, а во 12% има деца кои посетуваат високо образование. Не се забележува проблем во однос на редовноста на децата на училиште.

Што се однесува до помошта што ја добиваат домаќинствата во однос на образованието на децата, таа е на ниско ниво. Од 32 домаќинства со деца во основно образование, девет користат бесплатен превоз и едно бесплатна ужинка. Од 18 домаќинства со деца на средношколска возраст, пет користат бесплатен превоз до средните училишта. Од 12 домаќинства со деца во високо образование три користеле стипендии, и по две кредити и упис во квоти.

### 6.7. Спорт, забава, култура

Од аспект на пристапот до спортски и културно-забавни институции и објекти, состојбата кај домаќинствата е релативно добра, имајќи предвид дека пристапноста до сите наведени институции/објекти е поголема од 60%. Најголема е пристапноста до спортските игралишта - 94% од домаќинствата истакнале дека имаат спортско игралиште во близина на живеалиштето, а најмала до театар, кино и библиотека (63%, 64% и 64%) (Графикон 10).

*Графикон 10.*




Поголем дел од домаќинствата воопшто не користат интернет - 42%. Сепак, значителен е и процентот на оние што користат интернет, и тоа од домашен компјутер (34%) и најчесто од интернет-кафе (19%); 1% користат најчесто од работа, а кај 5% состојбата е непозната. Од аспект на руралната и урбаната припадност на домаќинствата, најголем дел (58,5%) од урбаните домаќинства користат интернет, додека кај руралните домаќинства состојбата е спротивна - најголемиот дел од домаќинствата не користат интернет воопшто (48,6%).

# 7. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 7.1. Заклучоци

| ОБЛАСТ | Потесно подрачје | СОСТОЈБА/ПРОБЛЕМИ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▸ Рударство, текстилна индустрија<br>▸ Приватната дејност е доминантна (90% од вкупното стопанство) |
| **2. Институционални капацитети** | *Образо-вание:* | ▸ 2 ЦОУ во градот<br>▸ 3 ЦОУ во селата<br>▸ 12 подрачни ОУ (до 4 одделение) во селата<br>▸ 1 гимназија во градот<br>▸ 1 дисперзиран Електротехнички факултет |
| | *Здравство:* | ▸ 1 Здравствен дом<br>▸ 7 амбуланти<br>▸ 7 аптеки<br>▸ 4 специјалистички клиники<br>▸ 15 приватни ординации<br>▸ 8 приватни специјалистички клиники<br>▸ Нема здравствени институции по селата |
| | *Социјала:* | ▸ 3 детски градинки<br>▸ 1 дневен центар за инвалидни лица „Порака“<br>▸ Меѓуопштински ЦСР<br>▸ Нема домови за стари лица<br>▸ Неразвиена мрежа на социјални установи |
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▸ 1 Центар за култура (со кино и театар)<br>▸ 1 Народна библиотека<br>▸ 2 фолклорни ансамбли<br>▸ 3 аматерски драмски студија<br>▸ 1 спортска сала<br>▸ 1 спортско-рекреативен комплекс<br>▸ 2 детски игралишта<br>▸ 7 спортски клуба<br>▸ 2 ТВ, 2 радиостаници, 2 кабелски оператори, нема печатен медиум<br>▸ 7 спортски клубови<br>▸ 70 регистрирани здруженија на граѓани |
| | *Стопански субјекти:* | ▸ Регистрирани 1.230 мали стопански субјекти, 15 средни и 1 голем |
| **3. Социјални проблеми** | | ▸ Најизразени: невработеност, дисфункционалност кај семејствата, бракоразводи; подем на деликвенцијата, алкохолизмот, наркоманијата, коцкарските игри на среќа (спортско обложување)<br>▸ Невработеност: невработени се 5.812 лица (58,12% од нив жени)<br>▸ Најголем број невработени чекаат на вработување осум и повеќе години<br>▸ Секоја година, согласно со оперативните планови на МТСП, се реализираат активни мерки (субвенционирано вработување, мали бизниси, работни клубови)<br>▸ Јавни работи воопшто не се применуваат во 2010, во 2009 година во јавни работи биле ангажирани 26 лица - корисници на СПП |

| | | |
|---|---|---|
| | *Социјално ранливи групи население* | ▸ Старите лица<br>▸ Турската етничка група |
| **5. Инфраструктурни проблеми** | *Патишта* | ▸ 90% асфалтирани патишта во градот<br>▸ Неасфалтирани локални патишта (само 20% под асфалт)<br>▸ 40% од улиците немаат осветлување |
| | *Водовод* | ▸ 90% приклученост кон градскиот водовод<br>▸ Проблем со водоснабдување во летен период, особено во повисоките населени места |
| | *Канализа-ција* | ▸ 90% покриеност со канализација во градот, 60% во руралните средини<br>▸ Само седум рурални населби имаат канализација<br>▸ Проблем со паралелна канализациска мрежа, во која има цевовод и за фекална и за атмосферска канализација<br>▸ Останатите користат септички јами |
| **6. Еколошки проблеми** | | ▸ Диви депонии за цврст отпад (само во градот има организирано собирање)<br>▸ Загадени реки од цврст отпад и одводни води (од села без канализација) и остатоци од загаденост на реките од „Бучим“<br>▸ Ерозија на земјиште |
| **7. Меѓуинститу-ционална соработка во општината** | | ▸ Солидна соработка меѓу Општината и централната власт, ЗЕЛС, НВО<br>▸ Соработка, пред сè, со соседната општина Конче; со Брегалничкиот и Струмичкиот регион е формирано заедничко Здружение за регионален економски развој<br>▸ Слаба соработка меѓу Општината, ЦСР и Центарот за вработување<br>▸ Слаба соработка со приватниот сектор и верските организации |
| **8. Социјална заштита** | *Од Општина:* | ▸ Слабо развиени функции од социјална заштита<br>▸ Нема одделение за социјална заштита<br>▸ Не е вработен социјален работник<br>▸ Не се изработени програми за социјална заштита или стратегиски документи од оваа област<br>▸ Нема развиени форми за социјална заштита на ранливите групи население (освен повремена финансиска помош)<br>▸ Од буџетот се издвојуваат минимални 0,02% за социјална заштита |

| | | |
|---|---|---|
| | *Од ЦСР:* | ▶ Корисници на СПП: 695 (9,7% од вкупниот број домаќинства)<br>▶ Корисници на ППП: 73<br>▶ Корисници на ТНП: 260<br>▶ Вонинституционална заштита: осум лица (четири во згрижувачко семејство, три во мал групен дом, едно лице во станбена единица (самостојно живеење со поддршка).<br>▶ Институционална заштита: вкупно 23 лица, сместени во Ново Село - Струмица; во Демир Капија; во Банско; во Чичино Село; во Домот за стари лица „Зафир Сајто“ и во Домот за стари лица – Прилеп |

## 7.2. Препораки

| ОБЛАСТ | Потесно подрачје | ПРЕПОРАКИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ И ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▶ Општината располага со значителни потенцијали за развој. Потребно е зголемено инвестирање во земјоделството и во сточарството. Планинскиот туризам, исто така, треба да се развива. Во целата општина нема ниту еден хотел, само еден мотел „Панорама“. Инвестирањето и во иновативни технологии за искористување на термоминералните води (и другите суровини) би придонело за развој на оваа општина. |
| **2. Институционални капацитети** | *Образо-вание:* | ▶ Да се анализираат можностите за отворање уште едно средно училиште |
| | *Здравство:* | ▶ Да се направи соодветна анализа на потребите и да се отворат амбуланти (општа медицина и стоматологија) во селата<br>▶ Да се отвори аптека во руралното подрачје |
| | *Социјала:* | ▶ Да се збогати мрежата на социјални установи во општината<br>▶ Да се прошири бројот на детски градинки<br>▶ Да се отворат домови за стари лица<br>▶ Да се воспостават дневни центри за млади со девијантно однесување |
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▶ Да се прошири бројот на детски игралишта<br>▶ Да се основа печатен медиум<br>▶ Да се збогати спортскиот, културниот и забавниот живот во селата со нови содржини |
| | *Стопански субјекти:* | ▶ Да се стимулира развојот на поголеми стопански субјекти кои би можеле да апсорбираат поголема работна сила |

| | | |
|---|---|---|
| **3. Социјални проблеми** | | ▸ Да се придонесе кон намалување на невработеноста преку стимулирање на развојот на приватните бизниси, малите претпријатија, искористување и обновување на потенцијалите за земјоделство и сточарство, како и стимулации за регистрирање на индивидуалните земјоделци кои се занимаваат со оваа дејност<br>▸ Да се промовираат програми за вработување на корисниците на социјална заштита и да се подобри таргетирањето на активните мерки<br>▸ Да се реализираат превентивни програми за спречување на појавата на девијации кај младите и на семејни дисфункции<br>▸ Да се отворат советувалишта за млади и семејни советувалишта |
| | *Социјално ранливи групи население* | ▸ Да се збогати мрежата на социјални услуги за старите лица: да се анализираат можностите за отворање социјални услуги за помош во домашни услови, дневни центри, мали групни домови<br>▸ Да се изврши анализа на потребите и проблемите на турското население и да се вложат напори за воспоставување мерки и програми за унапредување на состојбата кај оваа етничка група |
| **5. Инфраструктурни проблеми** | *Патишта* | ▸ Да се подобри локалната патна инфраструктура (асфалтирање на локалните патишта)<br>▸ Да се инвестира во целосно осветлување на улиците |
| | *Водовод* | ▸ Да се направи анализа и идејно решение за решавање на проблемот со водоснабдување во летните месеци |
| | *Канализација* | ▸ Да се воспостави канализација во сите населени места |
| **6. Еколошки проблеми** | | ▸ Да се изнајде решение за организирано справување со цврстиот отпад во селата за да се реши проблемот со дивите депонии и загадените реки<br>▸ Да се изврши процена и да се изготви идејно решение за долгорочно решавање на проблемот со ерозија на земјиштето |
| **7. Меѓуинституционална соработка во општината** | | ▸ Унапредување на соработката меѓу Општината, ЦСР и Центарот за вработување преку интензивирано и поефикасно имплементирање на јавни работи, активни мерки за вработување на корисници на социјална заштита, членство во заеднички тела, едукација за можностите и формите на нивна соработка во доменот на социјалната заштита, како и практична имплементација на заеднички проекти<br>▸ Унапредување на соработката на Општината со приватниот сектор и со верските организации преку нивно партнерско вклучување во реализација на програми од областа на социјалната заштита |

| | | |
|---|---|---|
| **8. Социјална заштита** | *Од Општина:* | ▸ Да се развијат социјално-заштитните функции на Општината преку едукација на вработените<br>▸ Да се отвори одделение за социјална заштита<br>▸ Да се вработи социјален работник<br>▸ Да се зајакнат капацитетите на Општината за стратегиско планирање и изработка на програми од областа на социјалната заштита преку едукација<br>▸ Проширување на формите на социјална заштита што ги реализира Општината (претежно финансиска помош) со нови форми на социјални услуги<br>▸ Зголемување на процентот што се издвојува од буџетот за социјална заштита и подетално и посистематско планирање на тие буџетски средства |
| | *Од ЦСР:* | ▸ Намалување на корисниците на социјална парична помош преку интензивирање на активностите за нивно вработување во соработка со Центарот за вработување<br>▸ Развивање на целокупната мрежа на институционална и вонинституционална заштита во општината |



# ОПШТИНА ЧАШКА

## 1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА ЧАШКА

Општина Чашка е рурална општина што се наоѓа во средишниот дел на Република Македонија и се простира на површина од 825 $км^2$, поради што е една од поголемите општини во земјата. Сепак, станува збор за општина со мала густина на населеност од 6 жители на $км^2$.

На територијата на општина Чашка функционираат вкупно 29 месни заедници, кои опфаќаат 42 населени места. Во општината Чашка се забележува раселување на младите лица од населените места, но и доселување на стари лица[13], опустошување на руралните средини. Само во четири населени места бројот на жители е поголем од 700 (Горно и Долно Јаболчиште, Чашка и Мелница), од 400 до 500 жители има во две населени места (Богомила и Извор), од 100 до 300 жители има во осум населени места, до десет жители има во осум населени места, без жители се четири населени места. Во сите останати населени места бројот на жители се движи од 10 до 100. Седиштето на општината е населбата Чашка, која во последните педесетина години го диктира ритамот на економскиот и на политичкиот живот во општината, а денес е солидно урбанизирана.

Во општината живеат вкупно 7.673 жители во 2.185 домаќинства. Од вкупниот број жители, 4.017 (52,3%) се мажи и 3.656 (47,7%) жени. Структурата на населението според етничка припадност е следна: Македонци - 57%, Албанци - 35%, Турци - 5%, Срби - 1%, Бошњаци - 1% и останати - 1%. Од вкупното население, 1.935 (25,2%) припаѓаат на возрасната група 0-14 години, 4.588 (59,8%) на возрасната група 15-64, 1.150 (15%) на возрасната група над 65 години. Општината Чашка е една од општините со поизразено демографско стареење на населението, за што говори и податокот дека дури 36% од населението од возрасната група над 65 години е постаро од 75 години. Од аспект на образовната структура на населението над 10-годишна возраст (6.410), 3.338 се мажи, од кои 97% се писмени, а 3% неписмени, додека 3.072 се жени, од кои 87% се писмени, а дури 13% неписмени. Показател за ниското образовно ниво во општината е образовната структура на населението 15+ (5.738), од кои 8,9% се без образование, 45% со недовршено основно, 30% со основно, 14,6% со средно, 0,8% со вишо, 0,4% со високо и 0,2% сѐ уште во процес на основно образование.

Општината има добра географска положба и располага со добри природни ресурси. На нејзината територија спаѓаат атрактивните предели на планините Јакупица, Даутица и Бабуна од запад, Клепа од исток, Караџица и Голешница од северозапад, како и реките Бабуна и Тополка, покрај кои се наоѓа многу плодно земјиште. Во општината има и природни суровини на мермер, кварц и глина. Има и новоизградена брана „Лисиче“, која е од особена важност за водоснабдувањето на општината, но и на градот Велес. Меѓутоа, општина Чашка сѐ уште не се снабдува со вода од браната, која во иднина може да се искористи за водоснабдување на дел од населените места

[13] Профил на општина Чашка, 2008.

во општината. Вкупната обработлива земјоделска површина изнесува 476 км$^2$ и 48.97 км$^2$ се под пасишта.

Оттука, потенцијалите за развој на општината треба да се бараат во развој на земјоделството (особено поволни се оранжериското производство, производството на тутун, производството на ориз како резултат на зголемениот број оризопроизводители по текот на реката Тополка, како и производството на висококвалитетен планински компир) и на сточарството (моментално сточарството не е доволно развиено, со одгледување овци се занимава дел од населението во планинските села), планинскиот и селскиот туризам, изградба на мини-хидроцентрали, како и во искористување на природните суровини со кои е богата општината.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ

**Образование:** Основото образование во општина Чашка се реализира во три централни основни училишта (во Чашка, Богомила и Горно Јаболчиште) и во шест подрачни училишта (подрачни училишта на ЦОУ од Чашка во Мелница, ЦОУ од Горно Јаболчиште со подрачни училишта во Долно Јаболчиште и Горно Врановци и подрачни училишта на ЦОУ во Богомила во Ореше, Извор, Теово и Согле). На учениците од околните села што гравитираат околу Чашка им е обезбедено интернатско сместување. На останатите им е обезбеден бесплатен превоз од местото на живеење до најблиското училиште. Интернатот има максимален капацитет до 60 ученици, на кои им е обезбедена бесплатна исхрана. Според сознанијата, интернатското сместување по воведувањето на бесплатниот превоз до училиштата значително помалку се користи. Во општината нема средни училишта, а учениците кои го продолжуваат образованието по завршување на основното посетуваат средно училиште најчесто во Велес, каде што, исто така, на располагање е интернатско сместување.

**Здравство:** Во општината нема задоволителна мрежа на здравствени институции. Има само шест амбуланти (пунктови) во населените места: Чашка, Мелница, Извор, Богомила, Горно и Долно Јаболчиште, две стоматолошки ординации во Чашка и во Горно Јаболчиште и една специјалистичка клиника за белодробни заболувања на Министерството за здравство – „Јасеново“, која населението од околните населени места ја користи и како амбуланта. Во амбулантите се работи во две смени, но населението не е покриено со примарна здравствена заштита ноќе и за време на викендите. Исто така, нема итна медицинска помош со домашно лекување или дежурна служба, туку се користи таа од Велес. Сепак, оддалеченоста на населените места од градот Велес го оневозможува навременото функционирање.

**Социјални установи:** Уште помалку разгранета е мрежата на социјални установи. Нема ниту една детска градинка ниту, пак, дом за стари лица. Во функција се само два дневни центри за стари лица - во Чашка и во Богомила,

кои според изјавите на учесниците во фокус-групите, не се доволно атрактивни за старото население во општината, работат само преку ден и поради тоа не се доволно посетувани.

**Културни институции:** Во општина Чашка има два музеи - во Богомила и во Горно Врановци. Во рамките на музејот во Богомила функционира една библиотека како подрачна единица на библиотеката „Гоце Делчев" од Велес. Нема кина, театри, па ни функционални културни домови. Има шест објекти во кои биле сместени некогашните културни домови лоцирани во поголемите населени места, кои се празни и руинирани.

Во општината се лоцирани неколку археолошки наоѓалишта (во близина на Чашка, Голозинци, Извор, Отиштино), како и повеќе споменици на културата заштитени од Министерството за култура: две цркви, една џамија - партизанска болница, камен мост од римски период на реката Бабуна, едно село - Горно Врановци како целина, три куќи - седишта на Президиумот на АСНОМ, Главниот штаб и печатница, и Централниот комитет во Горно Врановци и една куќа на Петар Поп Арсов во Богомила.

**Спортски објекти:** Во општината има девет игралишта во поголемите населени места, кои се претежно фудбалски. Игралиштето во Чашка е нов голем стадион. Постојат и пет спортски фудбалски клуба. Други спортски објекти и клубови нема.

**Медиуми:** Во општината нема ниту еден медиум, печатен или електронски.

**Граѓански организации:** Мал е бројот и на граѓанските организации на подрачјето на општината. Најактивни се: Здружението на граѓани „Галеби", Здружението за мултиетнички соживот и човекови права „Мозаик", „Амбиенталисти" - неодамна формирано еколошко здружение, „Челарница" и „Плавник". Постојат и одреден број други здруженија на граѓани и фондации кои, и покрај тоа што се регистрирани на национално ниво или во соседната општина Велес, голем дел од своите активности ги реализираат на територијата на општината Чашка.

**Стопански субјекти:** Во 2005 година се регистрирани вкупно 170 деловни субјекти во општината Чашка, што е значителен пораст споредено со 2003 година, кога биле регистрирани 73. Од 170 деловни субјекти, 19 се претпријатија, 35 трговски друштва, 53 трговци - поединци и 63 останати. Најголеми активни стопански субјекти се „Канет агро" (оранжерии) и „Каме комерц" (производство на кварц), кои моментално апсорбираат добар дел од работната сила. Покрај нив, во општината се отворени и функционираат и одреден број фарми (свињарски, живинарски, печуркарница, производство на полжави). Надвор од функција се неколку деловни субјекти, во кои некогаш бил вработен значаен дел од населението од оваа општина: млекарницата „Напредок", „Лозар оранжерии", фабриката „Киро Ќучук" за производство на цигли и градежен материјал, „Порцеланка" од Велес и „Свиларница", исто така, од Велес.

## 3. ДОМИНАНТНИ ПРОБЛЕМИ ВО ОПШТИНАТА

**Социјални проблеми:** Најизразени социјални проблеми во општината се невработеноста, која достигнува висока стапка, како и сиромаштијата, која резултира со голем број корисници на социјална помош. Проблеми што бележат пораст во општината се и малолетничката деликвенција, семејното насилство, како и малолетничките бракови (посебно изразено меѓу албанското население). Најзагрозено е старото, финансиски необезбедено население, кое е без пензии или со минимални пензиски примања, особено во населените места со високо учество на старото во вкупното население (Богомила). Во неповолна социјална положба се и инвалидните лица (29), за кои не постојат никакви социјални услуги во општината. Според сознанијата добиени од Општината, во тек е склучување договор со МТСП за отворање дневен центар за инвалидни лица на територијата на општината.

Надлежен за справување со проблемот на невработеноста во општината Чашка е Центарот за вработување лоциран во Велес. Во него се вработени 17 лица (седум со ВСС, четири со виша и шест со ССС). Од вкупното население на возраст од 15 години и повеќе (5.553, од кои 2.799 се мажи и 2.754 жени), 33,4% е економски активно, а 66,6% неактивно население. Од економски активното население (1.857), вработени се 1.078 лица (87,4% мажи и само 12,6% жени), а невработени 779 лица (62,2% мажи и 37,8% жени).

Според најновите податоци добиени од Центарот за вработување, со состојба на 31.10.2010 година, евидентирани се 1.965 невработени лица, од кои 851 (43,3%) се жени и 1.114 (56,7%) се мажи. Структурата на евидентираните невработени лица според степенот на образование е следна: 1.643 (83,6%) од невработените лица се неквалификувани и полуквалификувани, 127 (6,5%) се квалификувани, 188 (9,6%) се со завршено средно, едно (0,05%) со вишо и шест (0,3%) со високо образование. Структурата на евидентираните невработени лица според возраста е следна: 619 (31,5%) се на возраст до 29 години, 525 (26,7%) се на возраст од 30 до 39 години, 399 (20,3%) се на возраст 40-49 години и 422 (21,5%) се на возраст над 50 години. Од овие податоци може да се заклучи дека меѓу невработените најзастапено е младото население, но исто така, впечатлив е и високиот процент (21,5%) невработени кај постарото население на возраст над 50 години. Според чекањето на прво вработување, структурата е следна: 264 (13,4%) од невработените чекаат на вработување до 11 месеци, 602 (30,6%) од една до три години, 1.099 (55,9%) чекаат на вработување четири и повеќе години. Овој податок, кој укажува дека повеќе од половината од невработените чекаат на вработување четири и повеќе години, навистина е алармантен. Дефицитарни занимања во општината се: градежници, лекари, стоматолози, медицински сестри, а доминантни дејности се земјоделството и сточарството. Во најнеповолна положба од аспект на невработеноста се неквалификуваните и полуквалификуваните лица кои, поради ниските квалификации со кои располагаат и долгогодишното отсуство од пазарот на трудот, од една страна, тешко се вклучуваат како активни баратели на работа,

а од друга страна, има мала побарувачка за оваа категорија невработени лица од страна на работодавците.

Во борбата против невработеноста Центарот за вработување реализира повеќе активни мерки: субвенционирано вработување на ранливи групи население, мали бизниси, работни клубови, преквалификација, доквалификација, обука и сл. Јавните работи повеќе се применувале во 2009 година кога, согласно со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување, од општина Чашка биле ангажирани 38 евидентирани невработени лица на јавни работи за одржување и обновување на јавната инфраструктура и одржување и заштита на животната средина. Во реализација на активните мерки, контактот и соработката со работодавците од приватниот сектор е клучна. Сепак, соработката со ЦСР на полето на вработување корисници на социјална заштита, како и со Општината, треба да се унапреди, бидејќи засега се сведува, пред сè, на размена на информации за корисниците или за економско-социјалната состојба во општината.

Во ситуација на висока невработеност и непостоење можности за вработување во општината (нема задоволителен број фирми и претпријатија, освен оранжеријата, која е приватна), скоро секое семејство одгледува тутун и на тој начин ја обезбедува својата егзистенција. Она што претставува тешкотија за населението е фактот дека голем дел од нив немаат своја земја, па поради тоа или работат во други села на ниви под наем или се јавуваат како диви корисници на земјиште. Како што истакна еден од учесниците во фокус-групите:

*„Што да правиме? Земјата на 'Лозар' им е доделена само на неколку луѓе. Голем дел од нас се дојдени од околните села во селото Чашка. Немаме своја земја, па одиме во соседните села да садиме тутун...“*

**Инфраструктурни проблеми:** Во општината има добра сообраќајна поврзаност. Со градот Велес општината е поврзана со регионален пат. Низ нејзината територија поминува и железничката пруга Скопје - Битола. Се предвидува приклучување на општината со магистралниот пат Велес – Прилеп – Битола, со што ќе се подобри територијалната поврзаност со другите делови од земјата. Сепак, останува проблемот на неасфалтирани локални патишта и застарена патна инфраструктура на регионалните и на локалните патишта. Локалната патна мрежа е во должина од 126,7 км, од кои 38,9 км се асфалтирани и 87,8 км неасфалтирани (тампониран и земјен пат).

Граѓаните на општина Чашка се снабдуваат со вода за пиење преку системот за водоснабдување (изграден со местен самопридонес и доброволна работа во 1976 година), сопствени бунари и селски чешми. Преку водоводна мрежа со вода за пиење се снабдуваат 22 населени места (од вкупно 42), а во останатите населени места преку селски чешми и бунари. Водата се обезбедува од реките Бабуна и Тополка. Во населбата Чашка формирано Јавното комунално претпријатие „Тополка“ со 16 вработени, од кои четворица се постојано вработени, а 12 со договор за вршење комунални дејности од јавен интерес. Ова ЈКП се финансира од приходи од вршење на услугите што

им ги дава на корисниците. ЈКП „Тополка“ стопанисува само со пет водоводи (Чашка, Богомила, Извор, Оморани и Теово). Другите водоводи со одлука на Советот на Општината им се дадени на користење и стопанисување на месните заедници од тие населени места. Во поголемите населени места квалитетот на водата се контролира по два пати месечно (во населените места каде што е преземен водоводот), а во помалите места по два пати годишно. Сепак, бидејќи контролата на водата се наплаќа, таа се врши само во пет села.

Одведувањето на комуналните отпадни води од домаќинствата и другите потрошувачи од општината се врши преку канализациона мрежа (изградена во 1986 година), која постои само во седум населени места (населбата Чашка, Извор, Теово, Богомила, викенд-населбата во Горно Врановци, Мелница, Мартолци), а од останатите директно се испушта во реките Бабуна и Тополка. Пречистителна станица е изградена во селото Теово.

**Еколошки проблеми:** Општината Чашка се смета за еколошки чиста општина со квалитетен и чист воздух. Сепак, бидејќи ЈКП „Тополка“ не стопанисува со поголемиот број водоводи и организирано собирање отпад, се јавуваат диви депонии и загадување на реките од фрлање цврст отпад и одводни води. Депонијата за цврст отпад за населбата Чашка се наоѓа на месноста Глиниште, во атарот на селото Раковец. Останатите рурални средини се соочуваат со низа проблеми со собирањето на отпадот, особено во оние каде што не се практикува негово организирано собирање.

## 4. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНАТА

**Општинска администрација:** Општината Чашка е една од општините во кои им се придава значење на функциите што треба да ги има Општината во однос на социјалната заштита на населението. Во Општината е формирано Одделение за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации. Во рамките на ова одделение не е вработен социјален работник, туку се ангажирани еден правник и еден педагог. Во рамките на ова одделение се изготвени неколку програми, и тоа: Програма за развој на образованието, спортот, културата, здравството и социјалната заштита на општина Чашка за периодот 2009-2013 година; Предлог-програма за активностите на општина Чашка во областа на социјалната заштита во 2011 година, како и Програма за активностите на основните училишта во областа на социјалната заштита за 2011 година. Иако програмите што се однесуваат на социјалната заштита треба да се збогатат во делот на заштитата на ранливите групи население преку социјални услуги како дополнение на финансиската помош и помошта во натура, сепак, иницијативите на оваа општина во делот на развивање на социјалната заштита на локално ниво се за пример и поздравување.

И во практичната реализација на формите на социјална заштита Општината забележува добри резултати. Во досегашната практика Општината

интервенирала во сместување на социјално загрозени семејства во општински објекти (сместени се 30 социјално загрозени семејства во општинска зграда); еднократна парична помош за граѓани кои поднеле барање до Општината (во 2009 се дадени 140.000 денари финансиска помош); доделување новогодишни подароци за деца со посебни потреби и деца од еднородителски семејства; покривање трошоци за превоз на ученици од општината до средните училишта од Велес и сл.

На децентрализацијата во социјалната заштита општинските претставници гледаат со скептицизам поради недоволниот број вработени во Општината и слабата финансиска база за преземање на надлежностите. Од вкупниот буџет на Општината, кој во 2010 година изнесувал 33.895.963 денари, за социјална заштита се издвоени 300.000 денари, или околу 1%.

**Центар за социјална работа:** Реализацијата на правата од социјална заштита на населението од општина Чашка е во надлежност на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа во Велес, кој воедно ги покрива и општините Велес и Градско.

Според податоците за корисниците на социјална заштита во општината Чашка, најголем е бројот на корисници на социјална парична помош - 267 (или 12,2% од вкупниот број домаќинства – 2.185). Најголем број од домаќинствата се корисници од селото Горно Јаболчиште со доминантно албанско население - 89 (или 33,3% од вкупниот број корисници) и од селото Амелница, каде што се застапени Македонци-муслимани - 32 (или 12% од вкупниот број корисници). Останатите корисници (146) се распределени по другите населени места. Има 33 корисници на постојана парична помош и 51 корисник на паричен надоместок за помош и нега од друго лице. Исплатата на еднократната парична помош е стопирана од април 2010 поради рестриктивната политика на МТСП во однос на овој вид социјална помош. Општо земено, постои незадоволство на корисниците во однос на износот на паричните надоместоци, кој е недоволен за покривање ни на основните трошоци за живеење. Голема тешкотија за корисниците на социјална помош од општината Чашка е оддалеченоста на ЦСР. Поради потребата од месечно пријавување, тие мораат да патуваат до Велес барем еднаш месечно, а јавен превоз има само од населбата Чашка. Ова претставува најголем проблем за корисниците од пооддалечените села.

Од формите на вонинституционална заштита, само еден малолетник од албанска националност е сместен во згрижувачко семејство. Постојат и два клуба за стари лица во населените места Чашка и Богомила во кои, според ЦСР, како корисници се регистрирани 160 стари лица од Чашка и 105 стари лица од Богомила. Во рамките на основното училиште функционира и народна кујна. Според сознанијата од теренот, народната кујна не ја користат само корисници на постојана парична помош туку и корисници на социјална парична помош. Неможноста народната кујна да ја користат сите социјално загрозени граѓани во општината предизвикува незадоволство меѓу граѓаните поради исклученоста. Во рамките на дискусијата во фокус-групата околу ова прашање, еден од корисниците истакна:

*„Вдовец сум, болен, самохран родител, имам три ќерки. Не знаете колку ќе ми значи да имам барем по еден оброк на ден..., а досега не сум ја користел народната кујна. Ако јас не заслужувам, тогаш кој?“*

Форми на институционална заштита користат вкупно девет граѓани на општината: двајца корисници на формата самостојно живеење со поддршка во Неготино, еден е сместен во СОС Детско село, двајца во Заводот за рехабилитација на деца и младинци во Скопје и четворица во институцијата за згрижување лица со умерена и тешка инвалидност во Демир Капија.

Мрежата на социјални услуги во општината и за вонинституционална и за институционална заштита не е задоволителна. Општината располага со објекти што би можеле да се искористат за отворање мали домови за старите лица, шелтер-центар за заштита на жртви од семејно насилство и дневни центри за инвалидни лица.

Инаку, ЦСР работи според категоријален принцип, но условите за работа се отежнати. Стручниот кадар го сочинуваат: тројца правници, двајца социолози, 12 социјални работници, двајца психолози, еден педагог и еден дефектолог. По двајца стручни работници се сместени во една канцеларија, што е неповолно од аспект на контактите со корисниците, а ЦСР располага и само со едно старо и дотраено возило што се користи за увид во семејствата во трите општини и поради тоа не ги задоволува потребите во услови на зголемен обем на работа.

ЦСР од Велес остварува соработка претежно со „Црвен крст“, кој има истурена единица во Чашка, но граѓаните не се задоволни од неговото работење. Добра соработка се остварува со ЦОУ од Чашка. Исто така, добра е соработката и со амбулантата. Лекарот кој работи во амбулантата во Чашка повремено со посредство на ЦСР се ангажира во работа со старите лица во клубовите (мерење притисок, здравствена едукација и сл.). Соработката со центрите за вработување е многу слаба. Пред две години, преку формата јавни работи, изграден е и клуб за стари лица од Чашка, но во последните години имплементацијата на јавните работи затајува. Со приватниот сектор и со верските организации ЦСР не остварува никаква соработка.

## 5. СОРАБОТКА НА ОПШТИНАТА СО ЛОКАЛНИТЕ АКТЕРИ

Општината Чашка се граничи со општините Велес и Градско на исток, Зелениково и Студеничани на север, Македонски Брод и Долнени на запад и со Прилеп и Кавадарци на југ. Најизразена е меѓуопштинската соработка со Велес поради административните врски. Со Велес е склучен договор за заедничка администрација (ревизор, сметководител, градежен и сообраќаен инспектор). Нема форми на соработка што се однесуваат на социјалната заштита со соседните општини.

Општината има добра соработка со централната власт. Соработката со ЗЕЛС се истакнува како солидна, а се однесува на редовни контакти, учества на работилници, инфобилтен, како и консултации за закони, учество на состаноци и други слични активности.

Соработката со Меѓуопштинскиот ЦСР од Велес се сведува на размена на податоци за корисници на социјална заштита и тоа, пред сè, за народната кујна, која е воспоставена во објектот на основното училиште во населбата Чашка. Соработка со Центарот за вработување скоро воопшто не се остварува. Јавните работи во општината, за кои вообичаено има соработка меѓу овие институции, пред неколку години се реализирале почесто, но во поново време нивната примена се избегнува поради негодувањето што се јавува меѓу корисниците на социјална помош и нивното незадоволство поради тоа што кога биле ангажирани, не добивале никаков надомест за патни трошоци или храна.

Соработката со невладиниот сектор е солидна и покрај тоа што е мал бројот на невладини организации активни на подрачјето на оваа општина, а се однесува, пред сè, на поддршка за имплементација на проекти. За разлика од невладиниот сектор, соработка со приватниот и со верскиот сектор во доменот на социјална заштита не постои.

Општината има добри контакти со граѓаните. Соработката со граѓаните се остварува преку нивно вклучување во јавни расправи при донесување на буџетот, како и во имплементација на различни проекти.

## 6. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА ВО ОПШТИНА ЧАШКА

### 6.1. Општи податоци за анкетираните домаќинства

Со емпириското истражување беа опфатени вкупно 100 домаќинства од општина Чашка. Од нив, 47% се корисници на социјална помош, а 53% не се корисници.

Според етничката структура, 96% од анкетираните домаќинства припаѓаат на македонската етничка група, по 1% на албанската и на турската и 2% на српската етничка група. Од вкупниот број домаќинства, во 90% главата на домаќинство е маж, а во 10% жена (од овие десет домаќинства во кои жената се јавува како глава на домаќинството осум се неземјоделски). Мнозинството од главите на домаќинствата припаѓаат на возрасната група од 40 до 59 години (51%), на возрасната група 30-39 припаѓаат 15%, а за забележување е високиот процент на глави на домаќинства од возрасната група 60 и повеќе години (34%) (Графикон 1).

*Графикон 1.*




Во 85% од домаќинствата, главата на домаќинството е оженет/омажена, а во 9% вдовец/вдовица. Мнозинството од главите на домаќинствата се писмени (96%). Според формалниот степен на образование, 15% се со недовршено основно, 38% со основно, 42% со средно и 5% со вишо или високо образование. Во структурата според занимање, најголем број се работници и пензионери: 34% работници, 24% пензионери, 11% земјоделци, 8% домаќин/ка, 5% службеници, 4% војници/полицајци и 14% друго занимање.

### 6.2. Вработување

Од вкупниот број домаќинства, 38% имаат до тројца членови, 33% се со четворица члена, а значителен број (28%) со пет-шест члена. Во мнозинството домаќинства (55%) се врши земјоделска дејност. Земјоделски домаќинства се 26%, мешовити домаќинства што се занимаваат и со земјоделство и со друга дејност се 29%, неземјоделски се 40% од домаќинствата, а 5% не се произнеле околу ова прашање. Структурата на земјоделските домаќинства од аспект на образовниот статус на главата на домаќинството покажува дека од вкупниот број земјоделски домаќинства (26 = 100%), најголем дел (46,2%) се со основно образование, 11,5% се со незавршено основно, 38,4% со средно образование, 3,8% со вишо и 0% со високо образование.

Структурата на домаќинствата во однос на вработувањето е загрижувачка. Од вкупниот број домаќинства, во мнозинството нема ниту еден вработен (59%). Во 28% од домаќинствата има само по еден вработен, во 12% по двајца вработени, а во 1% тројца вработени (Графикон 2).

*Графикон 2.*




Анализата во однос на вработувањето според полот укажува на неповолната ситуација на жените. Во 37% од домаќинствата има по едно вработено машко лице, а само во 7% по две вработени машки лица (вкупно 51 вработен маж), додека само во 10 домаќинства има вработено по едно женско лице (вкупно 10 вработени жени).

Во мнозинството домаќинства (56%) има барем по еден невработен: во 25% од домаќинствата има по еден невработен, во 24% по двајца невработени, а во 7% има по тројца-четворица невработени членови. За истакнување е податокот според кој во 15% од домаќинствата има членови кои останале технолошки вишок (стечајци): во 12% од домаќинствата има по еден член технолошки вишок, во 2% од домаќинствата по двајца членови технолошки вишок и во 1% има по тројца членови од исто домаќинство кои се технолошки вишок (или вкупно 19 лица). Од нив, мнозинството се мажи (14).

Од аспект на неактивното население во домаќинствата, во 55% од нив има домаќини/ки, во 33% пензионери, во 61% деца/ученици/студенти и само во 1% работно неспособни лица.

### 6.3. Животен стандард

Високата невработеност во домаќинствата од општина Чашка повлекува и низок животен стандард. Тоа се потврдува со податоците според кои мнозинството домаќинства (56%) не примиле приходи од редовен работен однос во изминатите 12 месеци. Од 47 = 100% корисници на социјална помош, 74,5% не примиле никакви приходи од редовен работен однос. Меѓу некорисниците на социјална помош (53 = 100%) ситуацијата е очекувано обратна, 39,6% не примиле никакви приходи, а 60,4% оствариле приход од редовен работен однос во изминатите 12 месеци.

Меѓу изворите на приход во домаќинството што се остваруваат надвор од редовен работен однос предничат приходите од земјоделство, кои ги

оствариле 46% од домаќинствата. Од нив (46 = 100%), повеќе од половината се корисници на социјална помош, односно 52,2%. Ова укажува на фактот дека земјоделството има значајна улога во обезбедувањето на егзистенцијата на домаќинствата во услови на сиромаштија и висока невработеност. Покрај приходите од земјоделство, во значителен процент домаќинствата остваруваат приходи и од пензии (31%). Воедно, 13% од домаќинствата се занимаваат и со сезонска работа (од нив 92,3% се домаќинства со маж како глава на домаќинството, а само во 7,7% глава на домаќинството е жена), а 7% се стекнуваат со приход од работи на товар - истовар - пренос.

Најсоодветен показател за нискиот животен стандард во домаќинствата е износот на месечните приходи. Најголемиот дел од домаќинствата (24%) живеат со месечен приход од 5.001 до 10.000 денари, а значителен е и бројот на домаќинства со приходи до 5.000 денари (15%). Од домаќинствата со приходи до 5.000 денари (15 = 100%), мнозинството, односно 86,7%, се корисници на социјална помош, а само 3,8% не се корисници. Од вкупниот број домаќинства - корисници на социјална помош (47 = 100%), кај 59,6% месечните примања се движат до 10.000 денари. Учеството на домаќинствата што не се корисници на социјална помош е повисоко во однос на корисниците кај месечните примања над 23.000 денари (од 14 домаќинства со примања над 23.000 денари, 11 не се корисници на социјална помош) (Табела 1). Од вкупниот број домаќинства со жена како глава на домаќинството (10 = 100%), кај 60% од нив месечните приходи се движат од 5.001 до 10.000 денари, кај 20% до 5.000 денари, а кај останатите 20% над 10.000 денари.

*Табела 1.*

| Корисници/ некорисници на СП | | **Корисници/некорисници на парична помош од социјална заштита според сума на пари што домаќинството ја остварило како приход минатиот** | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | до 5.000 мкд | 5001 – 10000 мкд | 10001 – 14 000 мкд | 14001 – 18 000 мкд | 18001 – 23 000 мкд | 23001 – 30 000 мкд | Над 30000 мкд | Не знам | Одбива да одговори | Вкупно |
| ДА | вкупно | 13 | 15 | 6 | 4 | 4 | 1 | 0 | 2 | 2 | 47 |
| | % од корисник | 27,7% | 31,9% | 12,6% | 8,5% | 8,5% | 2,1% | 0,0% | 4,3% | 4,3% | 100,0% |
| | % од сума | 86,7% | 62,5% | 30,0% | 25,0% | 44,4% | 12,5% | 0% | 66,7% | 100,0% | 47,0% |
| | % од вкупно | 13,0% | 15,0% | 6,0% | 4,0% | 4,0% | 1,0% | 0,0% | 2,0% | 2,0 | 47,0% |
| НЕ | вкупно | 2 | 9 | 14 | 12 | 5 | 7 | 3 | 1 | 0 | 53 |
| | % од корисник | 3,8% | 17,0% | 26,4% | 22,6% | 9,4% | 13,2% | 5,7% | 1,9% | 0,0% | 100,0% |
| | % од сума | 13,3% | 37,5% | 70,0% | 75,0% | 55,6% | 87,5% | 100,0% | 33,3% | 0,0% | 53,0% |
| | % од вкупно | 2,0% | 9,0% | 14,0% | 12,0% | 5,0% | 7,0% | 3% | 1,0% | 0,0% | 53,0% |
| | вкупно | 15 | 24 | 20 | 16 | 9 | 8 | 3 | 3 | 2 | 100 |
| | % од корисник | 15,0% | 24,0% | 20,0% | 16,0% | 9,0% | 7,0% | 3,0% | 3,0% | 2,0% | 100,0% |
| | % од сум | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% | 100,0% |
| | % од вкупно | 15,0% | 24,0% | 20,0% | 16,0% | 9,0% | 9,0% | 3,0% | 3,0% | 2,0% | 100,0% |

Од оние домаќинства што остваруваат приходи до 5.000 денари (15 = 100%), во поголемиот дел, односно 46,7%, главата на домаќинството е со основно или со недовршено основно образование; додека од оние домаќинства со приходи 5.001-10.000 денари (24 = 100%), 70,8% од главите на домаќинствата се со основно или недовршено основно образование. Оваа состојба укажува на негативното влијание на ниското образовно ниво врз животниот стандард.

Станбената состојба не е загрижувачка. Станува збор за цврсти градби, а скоро половината од домаќинствата живеат во двособен стан (46%) (Графикон 3). Од нив (46 = 100%), мнозинството се домаќинства во кои главата на домаќинството е во брак (80,4%); 45,6% од овие домаќинства имаат до тројца членови, 37% имаат четворица членови, а 17,4% имаат пет-шест члена. Од вкупниот број на оние што живеат во четирисобен или поголем стан (16 = 100%), најголем дел не се корисници на социјална помош (68,8%), што укажува на малку поповолниот животен стандард меѓу некорисниците.

*Графикон 3.*




Мнозинството домаќинства живеат во станбена површина до 60 м$^2$ (39%), во станбена површина од 61-80 м$^2$ живеат 29%, во станбена површина над 80 м$^2$ исто така 29%, а кај 3% од домаќинствата ситуацијата во однос на станбената површина е непозната. Од домаќинствата во кои главата на домаќинството е во брак (85 = 100%), мнозинството живеат во поголеми станови со површина над 60 м$^2$ (58,8%), во станови со површина до 60 м$^2$ живеат 37,6%, а кај 3,5% од овие домаќинства состојбата не е позната.

Состојбата во однос на поседување санитарен јазол во станот укажува на 73% од домаќинствата кои имаат веце со бања во станот (од нив, мнозинството или 57,5% не се корисници на социјална помош). Од вкупниот број домаќинства, кај 93% има канализација, а 7% користат септичка јама. Во

однос на водоснабдувањето, скоро сите домаќинства (96%) имаат чешма во станот. Најчест начин на греење е со печка на цврсти горива (дрва, ќумур), застапено кај 95% од домаќинствата, греење со парно постои само кај 3%, 1% се греат со печка на струја и 1% со печка на течни горива. Во врска со загревањето во зимските месеци, сепак, загрижува податокот дека повеќе од половина од домаќинствата (62%) загреваат само една соба во која во текот на тие месеци, најверојатно, престојуваат сите членови на домаќинството; 28% од домаќинствата загреваат две соби, а 10% од домаќинствата загреваат три или повеќе соби. Поголемиот дел од домаќинствата што загреваат само една соба (62 = 100%) се корисници на социјална помош - 53,2% (Графикон 4).

*Графикон 4.*




Од аспект на облеката, најмногу недостасува топла зимска облека (јакни, џемпери), што како недостиг го истакнале 57% од домаќинствата, потоа обувки (15%), свечена облека (11%), долна облека (2%), спортска облека (1%), друг вид облека (2%), а 13% од домаќинствата истакнале дека не им недостасува облека (76,9% од домаќинствата на кои не им недостасува облека не се корисници на социјална помош).

Состојбата со поседување апарати во домаќинствата е прикажана на Прегледот 2. Од прегледот се гледа дека повеќе од 90% од домаќинствата ги поседуваат следниве апарати за домаќинство: шпорет на цврсто гориво (99%), телевизор (97%), електричен шпорет (92%) и машина за перење алишта (96%). Помалку од 20% од домаќинствата поседуваат: машина за миење садови (3%), видеокамера (9%), клима-уред (13%), земјоделски машини (13%).

*Преглед 2. Поседување апарати за домаќинство*

| *Апарати за домаќинство* | Домаќин-ството има | На домаќин-ството не му треба | Домаќинството не може да си дозволи | Одбива да одговори | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| шпорет на цврсто гориво | 99 | 1 | / | / | 100 |
| електричен шпорет | 92 | 6 | 2 | / | 100 |
| печка | 37 | 38 | 20 | 5 | 100 |
| бојлер | 89 | 4 | 6 | 1 | 100 |
| фрижидер | 97 | 1 | 2 | / | 100 |
| длабоко замрзнување | 81 | 11 | 8 | / | 100 |
| машина за перење алишта | 96 | 1 | 3 | / | 100 |
| машина за миење садови | 3 | 34 | 60 | 3 | 100 |
| правошмукалка | 88 | 3 | 9 | / | 100 |
| клима-уред | 13 | 33 | 51 | 3 | 100 |
| радио/грамафон/касетофон | 73 | 19 | 7 | 1 | 100 |
| телевизор | 97 | 3 | / | / | 100 |
| видеокамера | 9 | 49 | 39 | 3 | 100 |
| видеорикордер/ДВД | 50 | 30 | 18 | 2 | 100 |
| фотографски апарат | 23 | 42 | 33 | 2 | 100 |
| компјутер | 44 | 22 | 32 | 2 | 100 |
| телефон | 77 | 15 | 8 | / | 100 |
| мобилен телефон | 85 | 8 | 5 | 2 | 100 |
| велосипед | 50 | 39 | 9 | 2 | 100 |
| мотоцикл | 21 | 54 | 23 | 2 | 100 |
| патнички автомобил | 49 | 12 | 37 | 2 | 100 |
| трактор/земјоделски машини | 13 | 53 | 31 | 3 | 100 |
| | | | Σ=403 | | |

Значајно е да се нагласи дека од вкупниот број случаи на искажување неможност домаќинството да се снабди со некои од наведените апарати (403 случаи кога не можат да си дозволат купување одреден апарат), мнозинството се корисници на социјална помош, или 61%.

### 6.4. Социјални проблеми и социјална заштита

Констатацијата дека доминантни социјални проблеми во општината Чашка се, пред сè, невработеноста и сиромаштијата, а потоа и проблеми поврзани со семејните дисфункции и болести (инвалидност) се потврди и со емпириското истражување. Од вкупниот број домаќинства, 77% истакнале дека се соочиле или се соочуваат со проблемот на невработеност, 38% со проблеми поврзани со болести во семејството, а 21% со проблемот на сиромаштија. Кај 8% се забележуваат проблеми поврзани со семејната дисфункционалност, а кај 5% проблемот на инвалидност на член од домаќинството. Проблемите поврзани со општествените девијации не се застапени. Извесно присуство има на проблеми поврзани со природни непогоди, поплави и суши, истакнато од страна на 9% од домаќинствата.

За тоа колку невработеноста е поврзана со нискиот образовен статус говори податокот според кој соочувањето со проблемот на невработеност го истакнале 100% од оние домаќинства во кои главата на домаќинството е без образование, 71,4% од оние во кои главата на домаќинството е со недовршено основно и 84,2% од оние во кои главата на домаќинството има завршено основно образование. Слична е состојбата и со проблемот на сиромаштија што го истакнале 100% од оние домаќинства во кои главата е без образование, 85,7% од оние во кои главата е со нецелосно основно и 89,5% од оние домаќинства во кои главата на домаќинството е со основно образование.

И покрај постојните социјални проблеми во домаќинствата, користењето на мерките на социјална заштита е на многу ниско ниво (со исклучок на паричните бенефиции). Од вкупниот број домаќинства, 52% користеле или користат социјална парична помош, 11% постојана парична помош и само две домаќинства домашна нега и помош. Од мерките на детска заштита, 29% семејства користеле или користат детски додаток, само 5% еднократна парична помош за новороденче и 3% посебен детски додаток што се доделува за грижа за инвалидно дете.

За истакнување е образовната структура на домаќинствата - корисници и некорисници на социјална парична помош. Од Графиконот 5 може да се забележи дека меѓу корисниците на социјална парична помош, кај најголем дел главата на домаќинството е со основно образование (38,5%), додека меѓу некорисниците на социјална парична помош во најголем дел од домаќинствата (41,7%) главата на домаќинството има повисок степен на средно стручно образование.

*Графикон 5.*




Меѓу причините за некористење на мерките на социјална и детска заштита доминираат одбивањето, неисполнувањето услови и неинформираноста. Во однос на причините зошто домаќинството не користело или не користи

парична помош од социјална заштита, освен оние што истакнале дека немаат потреба од неа (23%), најголемиот дел истакнале дека биле одбиени (13%), 7% дека не исполнуваат услови, 3% поради неинформираност, 2% од срам и 5% од други причини. Доминантни причини за некористење на детската заштита, освен немањето потреба од неа, истакнато од страна на 65% од домаќинствата, е одбивањето (15%), неинформираноста (9%), срамот, несредената документација и неисполнувањето услови, истакнати во по 2% од домаќинствата, и други причини (5%).

Во однос на институционалната и вонинституционалната заштита, 61% од семејствата истакнале дека немаат потреба од овие форми на заштита, 17% дека не ги користат овие мерки поради неинформираност дека постојат, 14% бидејќи биле одбиени, 5% поради неисполнување услови, 1% поради несредена документација и 2% од други причини.

### 6.5. Здравство и исхрана

Состојбата со здравственото осигурување во домаќинствата е задоволителна. Мнозинството се домаќинства во кои сите членови се здравствено осигурени (83%). Кај 8% од домаќинствата постои ситуација на делумно здравствено осигурување (односно непокриеност со здравствено осигурување на сите членови), кај 6% не постои здравствено осигурување, а во 3% оваа ситуација е непозната. Состојбата со здравственото осигурување е малку понеповолна кај домаќинствата што се корисници на социјална помош. Имено, 84,9% од домаќинствата - некорисници се целосно осигурени наспроти 80,9% од домаќинствата корисници. За истакнување е големата разлика меѓу овие две групи домаќинства од аспект на состојбата кога никој во домаќинството не е осигурен. Такви се 10,6% од домаќинствата - корисници на социјална помош и само 1,9% од домаќинствата - некорисници (Графикон 6).

*Графикон 6.*



Поголемиот дел од домаќинствата се лекуваат во јавното здравство, односно одат на лекар и земаат лекови на рецепт - 86%, само 6% се лекуваат приватно, 5% посетуваат јавен лекар, но купуваат лекови приватно, 2% не одат на лекар и користат алтернативни начини на лекување, 1% одбиле да одговорат на ова прашање. Овие податоци укажуваат на нискиот животен стандард кај населението, поради што домаќинствата не можат да си ги дозволат трошоците за приватно лекување.

Редовна и квалитетна исхрана богата со месо не е карактеристика на домаќинствата. Најголемиот дел од нив топол оброк со месо готват само еднаш неделно (35%), а значителен е и процентот на домаќинства (14%) што не готват топол оброк со месо ниту еднаш неделно (64,3% од нив се корисници на социјална помош) (Графикон 7).

*Графикон 7.*




Меѓу потребите на домаќинството за чие задоволување недостасуваат средства, храната и безалкохолните пијалоаи се на второ место, а хигиената и здравјето (потреба од лекови и помагала) котираат на високото четврто место (Преглед 3). Анализата на потребите во домаќинството за чие задоволување недостасуваат средства од аспект на корисници и некорисници на социјална помош заслужува посебно внимание. За шест од наведените потреби (храна, облека, домување, покуќнина, хигиена и здравје, рекреација и култура), процентуалното учество на домаќинствата што истакнале дека имаат недостиг од средства, а припаѓаат на групата корисници на социјална помош е значително поголемо од истото процентуално учество кај домаќинствата - некорисници. Некорисниците на СП истакнале поголем недостиг од средства за останатите четири потреби: алкохолни пијалаци и тутун, сообраќај и

транспорт, комуникации и образование. Ваквата распределба укажува на тоа дека кај домаќинствата - корисници се јавува поголем недостиг од средства за задоволување, пред сè, на примарните потреби, додека кај домаќинствата - некорисници за задоволување секундарни потреби, под претпоставка дека примарните потреби од кои зависи биолошката егзистенција се задоволени во поголема мера.

*Преглед 3. Листа на потреби во домаќинството за чие задоволување недостасуваат средства*

| Потреби во домаќинството | Број на домаќинства што истакнале недостиг од средства | % на домаќинства што истакнале дека им недостасуваат средства за наведените потреби | |
|---|---|---|---|
| | | Корисници на СП | Некорисници на СП |
| 1. Облека и обувки | 78 | 83% | 73,6% |
| 2. Храна и безалкохолни пијалаци | 75 | 83% | 67,9% |
| 3. Домување, вода, електрика, горива | 60 | 63,8% | 56,6% |
| 4. Хигиена и здравје (лекови и помагала) | 59 | 63,8% | 54,7% |
| 5. Покуќнина, мебел | 56 | 61,7% | 50,9% |
| 6. Образование | 28 | 27,7% | 28,3% |
| 7. Сообраќај (транспорт/автомобил) | 23 | 19,1% | 26,4% |
| 8. Рекреација и култура (весници, книги, патувања, забава) | 10 | 12,8% | 7,5% |
| 9. Комуникација (телефон, интернет) | 9 | 4,3% | 13,2% |
| 10. Алкохолни пијалаци и тутун | 5 | 4,3% | 5,7% |

### 6.6. Образование

Во 47% од домаќинствата има деца на школска возраст (шест и повеќе години). Во 31% од домаќинствата има деца кои посетуваат основно образование, во 20% од домаќинствата има деца во средно образование, а само во 6% има деца кои посетуваат високо образование. Не се забележува проблем во однос на редовноста на децата на училиште.

Што се однесува до помошта што ја добиваат домаќинствата во однос на образованието на децата, таа е на ниско ниво. Од 31 домаќинство со деца во основно образование, осум користат бесплатен превоз и едно бесплатна ужинка. Од 20 домаќинства со деца на средношколска возраст, четири користат бесплатен превоз до средните училишта. Меѓу домаќинствата со деца во високо образование не се користи ниту една од формите на помош, какви што се стипендиите, кредитите или уписот во квоти.

### 6.7. Спорт, забава, култура

Според исказите на анкетираните домаќинства, ниту едно домаќинство нема пристап до кино и театар, пред сè, поради фактот што во општината овие културни институции не постојат. Од вкупниот број домаќинства, 99% истакнале дека имаат пристап до спортски игралишта, 95% до детски нишалки, 74% до кафе-барови, 57% до библиотека, 52% до ресторан, 39% до интернет-кафе (Графикон 8).

*Графикон 8.*




Мнозинството од домаќинствата воопшто не користат интернет - 65%, 31% користат од домашен компјутер, 2% од интернет-кафе, а кај 2% не е даден одговор на ова прашање. Анализата на користењето интернет според формалното образование на главата на домаќинството покажува дека во домаќинствата каде што главата на домаќинството е со повисок степен на образование интернетот се користи почесто. Од 31 домаќинство што користи интернет (31 = 100%), во 20 домаќинства (65%) главата на домаќинството има средно или повисоко од средно образование. Од домаќинствата во кои главата на домаќинството е со нецелосно основно образование, 85,7% не користат интернет воопшто, а од домаќинствата со глава на домаќинство со основно образование, 73,7% не користат интернет воопшто (Табела 2).

*Табела 2. Користење интернет според степенот на формално образование*

| Формално образование | | Дали барем еден член од вашето домаќинство користи интернет? | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | да, најчесто од домашниот компјутер | да, најчесто од интернет-кафе | не користам интернет | Не знам | |
| Без образование | вкупно<br>% од образование | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 1<br>100,0% | 0<br>0,0% | 1<br>100,0% |
| Непотполно основно образование | вкупно<br>% од образование | 2<br>14,3% | 0<br>0,0% | 12<br>85,7% | 0<br>0,0% | 14<br>100,0% |
| Основно образование | вкупно<br>% од образование | 9<br>23,7% | 0<br>0,0% | 28<br>73,7% | 1<br>2,6% | 38<br>100,0% |
| Средно стручно | вкупно<br>% од образование | 16<br>41,0% | 2<br>5,1% | 20<br>51,3% | 1<br>2,6% | 39<br>100,0% |
| Средно гимназиско | вкупно<br>% од образование | 1<br>33,3% | 0<br>0,0% | 2<br>66,7% | 0<br>0,0% | 3<br>100,0% |
| Вишо образование | вкупно<br>% од образование | 1<br>33,3% | 0<br>0,0% | 2<br>66,7% | 0<br>0,0% | 3<br>100,0% |
| Високо образование (додипломски) | вкупно<br>% од образование | 2<br>100,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 2<br>100,0% |
| Вкупно | вкупно<br>% од образование | 31<br>31,0% | 2<br>2,0% | 65<br>65,0% | 2<br>2,0% | 100<br>100,0% |

# 7. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 7.1. Заклучоци

| ОБЛАСТ | Потесно подрачје | СОСТОЈБА/ПРОБЛЕМИ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▸ Земјоделство (оранжериско, тутунопроизводство и производство на ориз и компир)<br>▸ Сточарство |
| **2. Институционални капацитети** | *Образо-вание:* | ▸ 3 ЦОУ<br>▸ 6 подрачни училишта<br>▸ Нема средно училиште |
| | *Здравство:* | ▸ 6 амбуланти за примарна здравствена заштита (не работат ноќе и за време на викенд)<br>▸ 2 стоматолошки ординации<br>▸ 1 специјалистичка клиника за белодробни заболувања<br>▸ Има 1 аптека<br>▸ Нема итна помош |
| | *Социјала:* | ▸ 2 клуба за стари лица<br>▸ 1 народна кујна<br>▸ Неразвиена мрежа на социјални установи: нема детски градинки, нема домови за стари лица |

| | | |
|---|---|---|
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▸ 9 спортски фудбалски игралишта<br>▸ Одреден број активни здруженија на граѓани<br>▸ Нема кино и театар<br>▸ Нема ниту еден медиум |
| | *Стопански субјекти:* | ▸ 170: најголем дел трговци-поединци и мали трговски друштва<br>▸ Најголеми: „Канет агро“ (оранжерии) и „Каме комерц“ (производство на кварц) |
| **3. Социјални проблеми** | | ▸ Најизразени: невработеност и сиромаштија (невработени се 1.965 лица; 55,9% од нив чекаат на вработување четири и повеќе години)<br>▸ 83,6% од невработените се неквалификувани и полуквалификувани<br>▸ Секоја година, согласно со оперативните планови на МТСП, се реализираат активни мерки (субвенционирано вработување, мали бизниси, работни клубови и др.)<br>▸ Јавни работи скоро воопшто не се применуваат во 2010, во 2009 година на јавни работи биле ангажирани 38 регистрирани невработени лица од Чашка<br>▸ Дефицитарни занимања се: градежници, стоматолози, медицински сестри, лекари<br>▸ Во пораст се малолетничката деликвенција, семејното насилство, како и малолетничките бракови |
| | *Социјално ранливи групи население:* | ▸ Старите лица<br>▸ Инвалидните лица (за нив не постојат никакви социјални услуги во општината) |
| **5. Инфраструктурни проблеми** | *Патишта:* | ▸ Добра регионална поврзаност<br>▸ Неасфалтирани локални патишта (само 30% под асфалт) |
| | *Водовод:* | ▸ Има водовод во 22 населени места<br>▸ Од 22 населени места, ЈКП стопанисува само со 5 водоводи<br>▸ Водата редовно се контролира само во 5 населени места |
| | *Канализа-ција:* | ▸ Има канализација само во 7 од 22 населени места<br>▸ Останатите користат септички јами |
| **6. Еколошки проблеми** | | ▸ Диви депонии за цврст отпад<br>▸ Загадени реки од цврст отпад и одводни води |
| **7. Меѓуинститу-ционална соработка во општината** | | ▸ Солидна соработка меѓу Општината и централната власт, ЗЕЛС, НВО<br>▸ Соработка, пред сè, со соседната општина Велес<br>▸ Слаба соработка меѓу Општината, ЦСР и Центарот за вработување<br>▸ Слаба соработка со приватниот сектор и со верските организации |

| | | |
|---|---|---|
| **8. Социјална заштита** | *Од Општина:* | ▸ Добро развиени функции од социјална заштита<br>▸ Отворено е Одделение за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации<br>▸ Не е вработен социјален работник (само правник и педагог)<br>▸ Изработени се 3 програми за социјална заштита<br>▸ Има развиени добри форми за социјална заштита на ранливите групи население<br>▸ Од буџетот се издвојува 1% за социјална заштита |
| | *Од ЦСР:* | ▸ Корисници на СПП: 267 (12,2% од вкупниот број домаќинства)<br>▸ Корисници на ППП: 33<br>▸ Корисници на ТНП: 51<br>▸ Вонинституционална заштита: 160 регистрирани корисници на клубот за стари лица во Чашка; 105 регистрирани корисници на клубот за стари лица во Богомила; народна кујна во населеното место Чашка<br>▸ Институционална заштита: 9 корисници (2 - самостојно живеење со поддршка во Неготино; 1 - СОС Детско село; 2 - Завод за рехабилитација на деца и млади во Скопје; 4 во Демир Капија) |

## 7.2. Препораки

| ОБЛАСТ | Потесно подрачје | ПРЕПОРАКИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ И ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▸ Потенцијалите за развој на општината треба да се бараат во развој на земјоделството (оранжериското производство, производството на тутун, ориз, компир) и сточарството, планинскиот и селскиот туризам, изградба на мини-хидроцентрали, како и во искористување на природните суровини со кои е богата општината (мермер, кварц, глина). |
| **2. Институционални капацитети** | *Образо-вание:* | ▸ Да се прошири мрежата на подрачни училишта за да се избегне интернатското сместување на децата и да се подобри пристапноста<br>▸ Да се анализираат можностите за отворање едно средно училиште |
| | *Здравство:* | ▸ Да се реорганизира работата на амбулантите за примарна здравствена заштита за да работат и ноќе и за време на викенд<br>▸ Да се отвори аптека во општината |
| | *Социјала:* | ▸ Да се збогати мрежата на социјални установи во општината<br>▸ Да се анализираат потребите и да се отворат детски градинки (дневни центри) во населените места со поголем број деца<br>▸ Да се отворат домови за стари лица |

| | | |
|---|---|---|
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▶ Да се изградат спортски игралишта и за други спортови освен за фудбал<br>▶ Да се промовира развојот на невладиниот сектор и да се воспостават нови здруженија на граѓани<br>▶ Да се изградат кино и театар или да се реновира некој од домовите на културата, во чии рамки би имало кино и театар<br>▶ Да се промовира медиумскиот развој во општината (отворање радио, ТВ-станица, печатен медиум) |
| | *Стопански субјекти:* | ▶ Да се стимулира развојот на поголеми стопански субјекти кои би можеле да апсорбираат поголема работна сила |
| **3. Социјални проблеми** | | ▶ Да се промовираат програми за вработување на корисниците на социјална заштита<br>▶ Да се подобри таргетирањето на активните мерки кон долгорочно невработените и ефективноста во однос на вработувањето на корисниците за социјална заштита<br>▶ Да се насочат мерките на обука, преквалификација и доквалификација кон дефицитарните занимања во општината (за оние со ниски квалификации кон градежните занимања)<br>▶ Да се реализираат превентивни програми за спречување на појавата на малолетничката деликвенција, семејното насилство, како и малолетничките бракови<br>▶ Да се зајакне стручната советодавна и советувалишна работа со домаќинствата зафатени со овие категории проблеми<br>▶ Да се отвори шелтер-центар за жртви на семејно насилство во општината |
| | *Социјално ранливи групи население:* | ▶ Да се збогати мрежата на социјални услуги за старите лица: да се анализираат можностите за отворање социјални услуги за помош во домашни услови, дневни центри, мали групни домови<br>▶ Да се ревидира работата на постојните клубови за стари лица во Чашка и во Богомила, да се збогатат програмските активности што се нудат во клубовите, во насока на нивна поголема искористеност<br>▶ Да се отворат дневни центри за инвалидни лица (деца и возрасни)<br>▶ Да се разгледаат можностите за отворање сервиси за помош во домашни услови |
| **5. Инфраструктурни проблеми** | *Патишта:* | ▶ Да се подобри локалната патна инфраструктура (асфалтирање на локалните патишта) |
| | *Водовод:* | ▶ Да се уреди стопанисувањето со водоводот во населените места со кои не стопанисува ЈКП „Тополка“<br>▶ Да се изнајдат механизми за редовна контрола на водата во сите населени места |
| | *Канализација:* | ▶ Да се воспостави канализација во сите населени места |

| | | |
|---|---|---|
| **6. Еколошки проблеми** | | ▸ Да се изнајде решение за организирано справување со цврстиот отпад, со цел да се реши проблемот со дивите депонии и загадените реки |
| **7. Меѓуинститу-ционална соработка во општината** | | ▸ Унапредување на соработката на општина Чашка со сите соседни општини<br>▸ Унапредување на соработката меѓу Општината, ЦСР и Центарот за вработување преку интензивирано и поефикасно имплементирање јавни работи, активни мерки за вработување корисници на социјална заштита, членство во заеднички тела, едукација за можностите и формите на нивна соработка во доменот на социјална заштита, како и практична имплементација на заеднички проекти<br>▸ Унапредување на соработката на Општината со приватниот сектор и со верските организации преку нивно партнерско вклучување во реализација на програми од областа на социјалната заштита |
| **8. Социјална заштита** | *Од Општина:* | ▸ Зајакнување на Одделението за образование, култура, здравство, социјална заштита, спорт и соработка со здруженија на граѓани и фондации со вработување социјален работник<br>▸ Едукација на вработените во Одделението за можностите и формите за развивање на социјално-заштитните функции на Општината<br>▸ Едукација за стратегиско планирање и изработка на програми од областа на социјалната заштита<br>▸ Проширување на формите на социјална заштита што ги реализира Општината (претежно финансиска помош) со нови форми на социјални услуги<br>▸ Зголемување на процентот што се издвојува од буџетот за социјална заштита и подетално и посистематско планирање на тие буџетски средства |
| | *Од ЦСР:* | ▸ Намалување на корисниците на социјална парична помош преку интензивирање на активностите за нивно вработување во соработка со Центарот за вработување<br>▸ Анализа на можностите за проширување на опфатот на домаќинства - корисници на социјална помош со услугите на народната кујна<br>▸ Развивање на мрежата на институционална и вонинституционална заштита во општината. Општината располага со објекти што би можеле да се искористат за отворање мали групни домови за старите лица, шелтер-центар за заштита на жртви од семејно насилство и дневни центри за инвалидни лица (деца и возрасни). |



# ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

## 1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Општината Пехчево се наоѓа во источниот дел на Република Македонија, во североисточниот дел од Малешевската Котлина, на границата со Република Бугарија. Таа е сместена помеѓу општините Берово на југ и Делчево на север. Општината Пехчево се наоѓа на просечна надморска височина од 1.000 метри и се простира на територија од 206,8 км$^2$. Географската конфигурација на теренот е претежно ридско-планинска, со три постојани водни текови. Во општината има една урбана заедница Пехчево и шест рурални месни заедници: Нагрево, Умлена, Робово, Црник, Панчарево, Чифлик (кои спаѓаат во категоријата ридско-планински села).

Вкупниот број жители во општина Пехчево е 5.517 жители. Поголемиот дел од жителите се населени во општинскиот центар Пехчево (3.237 жители), а останатиот дел во другите селски населби: Нагрево (170 жители), Умлена (391 жител), Робово (470 жители), Црник (752 жители) и Панчарево (467 жители). Од вкупниот број жители, 51% се мажи, а 49% жени. Во однос на етничката структура на населението, доминантно е македонското население (85,86%), а од другите етнички заедници има Турци (6,47%), Роми (7,07%), Власи (0,04%), Срби (0,22%) и останати (0,34%). Поголем дел од населението (58,7%) живее во урбани населби, а помал дел (41,3%) во рурални. Возрасната структура на населението покажува тенденција кон стареење на населението во општината. Според податоците од пописот во 2002 година, 27,8% од жителите се на возраст од 0 до 19 години, 52,3% се на возраст од 20 до 60 година, а 19,9% се на возраст над 60 години.

Регионот на Малеш и општината Пехчево располагаат со богати природни ресурси, шумски потенцијал и чиста, незагадена средина. Во завршна фаза е изработката на Детален урбанистички план за туристичката населба Рамна Река - населба со локации за 300 објекти за одмор и рекреација, изградени два мотели со рибници на протечна вода и обезбедени локации за две маркички за изградба на хотели, што во голема мера ќе го унапреди квалитетот на туризмот и туристичката понуда во општината. Значајни ресурси се бакарот на планината Кадмица и јагленот во атарот на селата Панчарево и Црник, кои се истражени, меѓутоа сè уште не се експлоатираат.

Потенцијалите за развој на општината се гледаат во искористувањето на потенцијалите за производство на здрава храна, преработка на дрво, производство на огноотпорни материјали, туризам, како и искористување на водите на реката Брегалница и изградбата на четири проточни хидроцентрали.

На територијата на општина Пехчево има значајни археолошки локалитети, кои во голема мера се недоволно истражени и заштитени.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ

**Образование:** Во општина Пехчево има едно централно училиште за основно образование -ОУ „Ванчо Китанов“ - Пехчево. Во составот на училиштето работат и три подрачни училишта до петто одделение во селата: Црник, Робово и Умлена. Во градот Пехчево од учебната 2008/09 година наставата за средно гиманзиско образование се изведува во шест дисперзирани паралелки на СОУГ „Ацо Русковски“ - Берово. Стручни средни училишта и специјални училишта нема.

**Здравство:** Примарната здравствена заштита во општина Пехчево се обезбедува во Здравствен дом ситуиран во градот Пехчево, во кој се нудат специјалистички услуги од интерна медицина, рендген и очен специјалист. На територијата на општината има десетина приватни здравствени установи, односно четири ординации за општа медицина со матични лекари, пет стоматолошки ординации и една гинеколошка ординација. Во Пехчево работат две приватни аптеки и една амбулантска аптека во состав на Здравствениот дом. Во дел од селата нема ниту дисперзирани амбуланти во кои се нудат основни медицински услуги. Служба за брза помош има, но таа не располага со специјално возило. Службата има две стари возила кои се во релативно добра состојба. Во општина Пехчево нема поликлиника, ниту специјалистичка клиника, а жителите во случај на потреба се упатуваат во Кочани, Штип или во Скопје.

**Социјални установи:** Во општина Пехчево има една јавна установа за предучилишно воспитание и образование ситуирана во градот Пехчево. Во тек е отворање клон во селото Црник со донаторска помош од Европската комисија, односно од Ромскиот едукативен фонд. Приватна детска градинка нема. Во општина Пехчево нема ниту јавен ниту приватен старски дом.

**Културни установи:** Во општина Пехчево најзначајна установа во која се реализираат голем дел од културните збиднувања е Домот на културата „Јане Сандански“. Во градот Пехчево има матична библиотека - „Кочо Рацин“. Нема музеј, кино и театар.

**Спортски објекти:** Во општина Пехчево има две спортски сали, од кои едната е штотуку предадена во употреба. Спортски игралишта од отворен тип има во градот и во сите села.

**Медиуми:** Во општина Пехчево има едно приватно локално радио. Нема локален печат, ниту локална телевизија.

**Граѓански организации:** До 2008 година се регистрирани 24 здруженија на граѓани, но активни се неколку од нив: ЗГ „Процрник“ - с. Црник, Организацијата на жените - Пехчево, Организацијата на Ромките „Дајакере Чаве“, ЗГ „Биомалеш“ - Пехчево, ЕД „Кладенец“ - Пехчево, ЕД „Солза“ – Пехчево.

**Стопански субјекти:** Главни стопански гранки се земјоделството, шумарството, рударството, текстилната индустрија и туризмот. На подрачјето на општина Пехчево функционираат неколку поголеми стопански субјекти со

над сто вработени лица (АД „Бомекс рефрактори“ Пехчево, АД „Напредок“ - Пехчево, АД „Фагус“ - Пехчево) и повеќе помали субјекти и семејни бизниси поврзани со преработувачката на земјоделски производи и изработка на дрвена граѓа, делови за мебел и мебел. Најголем дел од поголемите капацитети се затворени во процесот на трансформација на општествениот капитал.

## 3. ДОМИНАНТНИ ПРОБЛЕМИ ВО ОПШТИНАТА

**Социјални проблеми:** Доминантни социјални проблеми во општината се проблемите поврзани со социјалниот развој: сиромаштијата, невработеноста и социјалната исклученост. Невработени се вкупно 1.050 жители, од кои околу половина (518) се жени. Со оглед на лоцираноста на индустриските капацитети и јавните установи во општинскиот центар, поголем дел од невработените лица се во руралните населени места. Стапката на невработеност е највисока кај лицата на вораст од 50 до 59 години и изнесува 26,4% (277 лица), потоа 22,6% (237) невработеност на лицата на возраст од 35 до 44 години и 20,8 (219 лица) на возраст од 24 до 34 години. Особено загрижува високата стапка на невработеност кај младите лица на возраст 20-24 години, односно 9,4% (99 лица, од кои 50 се жени) од вкупниот број невработени. Најголем дел од невработените лица се нискоквалификувана работна сила (549, од кои 265 жени), потоа со завршено средно образование (229, од кои 125 жени) и најмал дел (89, од кои 54 жени) се со завршено вишо и високо образование. Од вкупниот број невработени, 27,5% чекаат на вработување над осум години.

На територијата на општина Пехчево нема центар за вработување, како надлежна институција за постапување во случај на невработеност. Месно надлежен е Центарот за вработување од Берово, кој реализира активности и програми за самовработување, програма за поддршка за формализирање на постојните бизниси, субвенционирано вработување (самохрани родители, брачни парови со три и повеќе деца, лица кои останале без работа поради стечај, ликвидација и технолошки вишок, лица постари од 55 години и млади лица до 27 години). Центарот за вработување во 2009 година реализирал едукации за почнување со бизнис и изработка на бизнис-планови, обука за економско јакнење на жени-жртви на семејно насилство, како и анкета за потребни вештини и знаења на пазарот на трудот во општина Пехчево.

Според процените на локалниот Центар за вработување, како најзагрозена категорија граѓани од аспект на вработувањето се посочуваат лицата кои завршиле високо образование. Кај нив постои согласност и интерес да се вработат и на работни места за кои е предвиден понизок степен на образование и за работи што се помалку платени. Во однос на корисниците на услуги од социјална заштита, потребно е да се разгледаат можностите за стимулација на нивно вработување преку законски мерки за поволни услови и директна поддршка (плаќање придонеси за подолг временски период).

Побарувачката за работна сила е мала и не може да придонесе за значително намалување на невработеноста. Генерално, присутни се сите профили и кадри за кои работодавците искажале потреба. Сепак, неповолна е старосната структура (поради големиот удел на постарата средовечна работна сила).

Како значајни проблеми што добиваат посериозни димензии во последен период се истакнуваат социјалните проблеми на старите лица. Како последица на интензивните миграции од Пехчево, се јавува една категорија граѓани кои имаат потреба од помош и заштита. Со оглед на фактот што во општина Пехчево воопшто не е развиена мрежата на локални социјални услуги за стари лица, овој проблем добива на интензитет.

Ромската заедница се издвојува како посебна етничка група која во најголема мера се соочува со социјални проблеми. Најголем дел од Ромите во општина Пехчево (80%) се ситуирани во селото Црник. Етничката структура на ова село опфаќа Роми (40%), Македонци (30%) и Турци (30%). Најголем дел од нив, околу 94% се корисници на парична помош од социјална заштита. Во голема мера населението се соочува со проблемот на општествена, социјална и културна исклученост. Само седум Ромки на возраст до 35 години имаат завршено средно образование.

Во општина Пехчево во помала мера се јавуваат социјални проблеми поврзани со девијантно однесување, како и социјални проблеми поврзани со природни катастрофи.

**Инфраструктурни проблеми:** Општина Пехчево има релативно добра инфраструктурна мрежа. Сите населени места се снабдуваат со вода за пиење. Еден дел од селата се приклучени на новиот регионален водовод, а дел од нив располагаат со сопствени системи за водоснабдување. Во тек е изградба на пречистителни станици за отпадните води на повеќе објекти, односно изградба на нови системи за одведување на отпадните води во селските населби Умлена, Црник, Робово и Панчарево и замена на дотраените азбестни цевки во Пехчево. Во 2009 година е санирана старата градска депонија и изградена е нова за депонирање на комуналниот отпад. Сите населени места имаат комуникациска поврзаност до општинскиот центар. Иако пристапот во и од населените места е асфалтиран, треба да се напомене дека патната мрежа е застарена и квалитетот на асфалтот е во лоша состојба. Дел од локалната патна мрежа во селските населени места е со тампонирани патишта и патишта со земјена подлога.

**Еколошки проблеми:** Во општина Пехчево како позначајни еколошки проблеми се издвојуваат проблемот со третманот на комуналниот отпад, како и квалитетот на водата за пиење надвор од населените места и во дел од селските населби во одреден календарски период во годината.

## 4. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНАТА

**Општинска администрација:** Во рамките на општинската администрација нема посебно одделение за социјална заштита, туку надлежностите се реализираат од страна на Одделението за човечки ресурси и Одделението за урбанизам, комунални работи и локален економски развој. Од вкупниот број лица вработени во општинската администрација, девет лица имаат статус на државни службеници. Со новата систематизација на работните места се предвидува вработување на социјален работник. Општината нема подготвено акционен план или стратегија за социјален развој. Во фаза на подготовка е Правилник за згрижување бездомници и предвидување средства од општинскиот буџет за оваа категорија граѓани. Соработката со граѓаните се одвива најчесто преку собир на граѓани, локално радио и огласни табли, но досега немало граѓански иницијативи, ниту локален референдум. Како форма на помош за социјално загрозеното население Општината доделува еднократна парична помош во висина од 3.000 до 50.000 денари, за чие доделување надлежност имаат Советот и градоначалникот на Општината. Од страна на Советот на Општината е донесена одлука со која се предвидува хранарината за децата во основно училиште, чии родители се корисници на парична помош од социјална заштита, да се покрива од општинскиот буџет. Меѓутоа, во рамките на фокус-групите, од страна на некои корисници беше истакнато дека немале информации за можноста на користење бесплатна хранарина и дека не ја користат оваа форма на помош.

**Центар за социјална работа:** Центарот за социјална работа што е ситуиран во Берово е месно надлежен и за жителите на Пехчево. Во Пехчево има само Канцеларија за материјални давања, во која може да се остваруваат формите на социјална парична помош, постојана парична помош и помош и нега од туѓо лице. Бројот на вработени стручни работници во Канцеларијата на ЦСР е тројца, од кои двајца социјални работници и еден социолог. Просторните и техничките капацитети на Канцеларијата не се на завидно ниво. Канцеларијата има на располагање две простории со површина од околу 35 $м^2$ и три компјутери. Нема возило.

Канцеларијата за материјални давања генерално малку соработува со невладиниот сектор, верските организации и со приватниот сектор. Со Општината се вклучени во заеднички едукации и одржување трибини. Имајќи предвид дека Канцеларијата е надлежна за постапување во управна постапка кога се реализираат парични права, таа нема соработка со училиштата и со здравствените установи.

Како најзначајни проблеми за функционирање на Канцеларијата за материјални давања се издвојуваат немањето возила и непостоењето мрежна поврзаност, со што би се олеснил пристапот до податоци, а со тоа и самата постапка. Најголем број проблеми во работењето се јавуваат кога граѓаните ќе бидат одбиени во остварувањето на некое право како резултат на утврдување одредена фактичка состојба предвидена со закон (на пример: врз основа на

доделени субвенции за земјоделско земјиште се укинува социјална парична помош).

Во општина Пехчево се нагласува потребата од отворање центар за социјална работа или, во најмала рака, проширување на надлежностите на постојната Канцеларија за материјални давања, со што би се олеснила реализацијата на правата од социјална заштита. Ваквата ситуација наметнува потреба жителите на општина Пехчево да патуваат во соседната општина Берово во случај на потреба од остварување некое право на институционална или вонинституционална заштита, како и дел од правата од парична помош од социјална заштита што не се остваруваат во Канцеларијата за материјални давања.

**Број и структура на корисници на мерки и услуги на социјална заштита:** Анализата на структурата на корисници на парична помош од социјална заштита на територијата на општина Пехчево покажува дека 168 домаќинства се корисници на социјална парична помош, девет семејства користат постојана парична помош, 136 лица се јавуваат како корисници на помош и нега од туѓо лице. Правото на парична помош од социјална заштита најчесто не се остварува како резултат на поседување земјоделска површина, поседување моторно возило и куќа во градба.

Во општина Пехчево нема центар за дневно или за привремено сместување корисници, нема згрижувачки семејства, ниту мал групен дом. Институционално се згрижени три лица, од кои едно дете во СОС Детското село - Скопје, едно лице во Бања Банско и едно во Демир Капија.

Во општинскиот центар Пехчево функционира народна кујна, во која се подготвуваат 50 оброци дневно. Функционирањето на народната кујна финансиски го поддржува Министерството за труд и социјална политика.

Во однос на новите форми за субвенционирање на енергетската сиромаштија, во фокус-групата беше истакнат проблемот поврзан со исполнувањето услови за остварување на правата:

*„Ни бараат платена сметка за струја за последниот месец. Јас живеам под кирија и од каде да им донесам сметка за струја на мое име. Го замолив газдата да ми го префрли броилото на мое име, но тој не се согласува...“*

*„Кој може да го користи тоа право кога сите ние немаме платено за струја неколку години...“*

## 5. СОРАБОТКАТА НА ОПШТИНАТА СО ЛОКАЛНИТЕ АКТЕРИ

Општината има соработка со ЗЕЛС, меѓутоа таа не се однесува на прашања од социјалната сфера. Генерално се сведува на техничка поддршка и не претставува голема помош за Општината. Се нагласува барањето за плаќање членарина заради учество во оваа организација.

Општина Пехчево има развиена регионална соработка, посебно со околните општини Берово и Делчево, пред сѐ, на инфраструктурни проекти, како и на ниво на градење стратегиски планови за намалување на социјалните проблеми во регионот.

Соработката на Општината со Агенцијата за вработување се реализираше при изработката на Локален акционен план за вработување во Берово и во Пехчево 2009-2011, како и при ангажирање корисници за изведување јавни работи. Во последниве две години во општина Пехчево не се ангажираат корисници на социјална парична помош во изведување јавни работи, бидејќи самите одбиваат да учествуваат и нивното ангажирање води кон намалување на популарноста на локалните власти.

Општината реализира соработка со граѓански здруженија најчесто преку организација на настани, партнерства на проекти и заеднички активности. Добра соработка има со Организацијата на жени од Пехчево, Еколошкото друштво „Кладенц“, ЗГ „Био Малеш“, а се јавува и како кофинансиер на некои активности на ромски организации.

Соработката со приватниот сектор не е доволно развиена. Генерално се соработува кога има саемски презентации на стопанските капацитети на општината, прашања поврзани со урбанизмот, локалната инфраструктура и поттикнување на претприемаштвото.

Соработката со централната власт се одвива преку заеднички проекти, како што е народната кујна, како и проекти во обласа на образованието, здравството, инфраструктурата и др. Меѓутоа, се нагласува потребата од интензивирање на процесот на децентрализација и промена на системот на финансирање на единиците на локалната самоуправа, со што би се зголемиле изворите на приходи на општините.

Во општината е формиран Локален совет за превенција, во кој учествуваат сите релевантни актери на локално ниво. Советот одржува редовни средби на кои се третираат одредени социјални прашања од интерес за општината. Реализацијата на оваа активност е финансиски поддржана од ОБСЕ.

## 6. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА ВО ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

### 6.1. Општи податоци за анкетираните домаќинства

Во општина Пехчево беа анкетирани вкупно 100 домаќинства. Според местото на живеење, 63% од анкетираните домаќинства живеат во урбано населено место, а 37 во рурално населено место. Структурата на анкетираните домаќинства според типот на домаќинството покажува дека најголем број од анкетираните се неземјоделски (33%), потоа земјоделски (15%), мешовити (37%), додека 13% од испитаниците одговориле дека не знаат каков е карактерот на нивното домаќинство, а 2% одбиле да одговорат.

*Графикон 1.*




*Графикон 2.*




Дистрибуцијата на домаќинства според етничка припадност покажува дека 92 домаќинства се изјасниле како Македонци, седум домаќинства се изјасниле како ромски и еден како српско домаќинство. Најголема е застапеноста на четиричлени домаќинства (35%), а најмала на едночлени домаќинства (4%). Во 92 домаќинства глава на домаќинството е маж, а во седум е жена, во еден случај испитаникот одбива да одговори. Во најголем број од случаите главата на домаќинството е во брачна заедница (86%), во 7% од случаите станува збор за лица кои се неженети/немажени, 2% разведени и во 5% од случаите се работи за вдовец/вдовица.

*Графикон 3.*




Иако 96% од анкетираните лица се описменети, најголем дел се со основно (27%) и со средно образование (56%), без образование се 2%, а со вишо и со високо образование се 15%. Во најголем број од домаќинствата, главата на домаќинството е работник (39%), потоа пензионер (19%), земјоделец (13%), стручњак (7%), службеник (6%), домаќин (1%). Треба да забележи дека 11% од испитаниците се изјасниле како невработени, од кои 1% технолошки вишок и 2% стечајци.

*Графикон 4.*




Како корисници на парична помош од социјална заштита се изјасниле 45 испитаници. Според типот на домаќинство, постои релативно уедначена дистрибуција на корисниците на парична помош од социјална заштита, при што на земјоделски тип домаќинство отпаѓаат 26,7%, на неземјоделски 37,8%, а на мешовити 24,4% од домаќинствата. Меѓу домаќинствата што се корисници на парична помош од социјална заштита, кај 80% нема ниту еден вработен, кај 15,6% има еден вработен, а кај 4,4% двајца членови од домаќинството се вработени.

*Графикон 5.*



### 6.2. Вработување

Треба да се забележи дека кај 38% домаќинства нема ниту еден вработен, во 32% од домаќинствата има по еден вработен член, во 27% двајца членови се вработени, а само во три домаќинства се вработени по три лица. Само во едно домаќинство е евидентиран еден самовработен член. Во 39,1% од домаќинствата каде што глава на домаќинството е маж нема ниту еден вработен, во 28,3% има само еден вработен, а во 29,3% има двајца вработени. Различна тенденција се јавува кај домаќинствата каде што жената е глава на домаќинството. Имено, во овие домаќинства, во најголем дел (71,4%) има по еден член кој е вработен, а во 28,6% ниту еден не е вработен. Важно е да се напомене дека не се среќава домаќинство во кое жена е глава на домаќинството со повеќе од еден вработен.

*Графикон 6.*




Од вкупниот број анкетирани домаќинства, 57 се соочуваат со проблемот на невработеност. Во најголем дел од домаќинствата има по еден невработен член (30%), во 19% има по двајца невработени, а во 8% од три до пет невработени члена. Во 7% од домаќинствата има еден член, а во 5% има двајца членови кои се прогласени за технолошки вишок/стечаец. Притоа, од вкупниот број невработени лица, 40 се машки, од кои 38 се членови на домаќинства во кои маж е глава на домаќинството, а двајца во домаќинства каде што жена е глава на домаќинството. Значително е поголем бројот на невработени жени (55), од кои само едно лице е од домаќинство во кое жена е глава на домаќинството.

*Графикон 7.*




## 6.3. Животен стандард

Извршената анализа на добиените податоци покажува дека 41 домаќинство не остварило никаков приход од редовен работен однос во изминатите 12 месеци. Во рамките на семејствата во кои жена е глава на домаќинството се јавува повисок процент, односно 71,4% домаќинства, со остварен приход од личен доход наспроти 57,6% домаќинства каде што маж е глава на домаќинството. Најголем дел од домаќинствата што оствариле приход од редовен работен однос се работнички семејства (61,0%), потоа следуваат службеници и стручњаци (17,2%), земјоделци (3,4%) и домаќинство каде што пензионер е глава на домаќинството - 5%. Притоа, од вкупно 45 домаќинства што се корисници на парична помош од социјална заштита, само осум, односно 17,8% од семејствата оствариле приход од редовен работен однос во изминативе 12 месеци.

*Графикон 8.*



Привлекува внимание фактот дека во општина Пехчево се јавуваат 28 домаќинства што оствариле приход надвор од редовен работен однос, и тоа 16 домаќинства - корисници на парична помош од социјална заштита. Приходи надвор од редовен работен однос оствариле 29,3 проценти од домаќинствата со глава на домаќинство маж и 14,3% од домаќинствата со глава на домаќинство жена. Од нив, 35,7% се работнички домаќинства, 25,0% земјоделски, а во 7,1% глава на домаќинството е стручњак. Интересно е да се забележи дека скоро половина (46,7%) од корисниците на парична помош од социјална заштита оствариле приход од земјоделска дејност. Исто така, за забележување е дека една третина од работничките семејства и две третини од службеничките домаќинства оствариле приход од земјоделска дејност. Незначителен е бројот (1%) на домаќинства што оствариле приход од имот (закуп, продажба). Само 8% од анкетираните домаќинства, од кои 50% земјоделски, 25% работнички и по 12,5% стручњак и невработен, добиле помош од близок родина. Мал е процентот на солидарност меѓу корисниците на парична помош од социјална заштита.

Најголем дел од домаќинствата (22%) оствариле приход од 10.001 до 14.000 денари, додека 18% во последниот месец оствариле приход од 5.001 до 10.000 денари. Приходи во висина од 14.001 до 18.001 денар оствариле 13% од домаќинствата, 21% оствариле приход од 18.001 до 30.000 денари и 5% од домаќинствата оствариле приход над 30.001 денар. Посебно внимание привлекуваат податоците што се однесуваат на домаќинствата кои примаат до 5.000 денари, на кои отпаѓаат 21% од вкупниот број анкетирани домаќинства.

*Графикон 9.*




Најголем дел од нив (33,3%) се семејства каде што главата на домаќинството е невработен, потоа земјоделски домаќинства (28,6%), како и по 9,5% каде што главата на домаќинството е работник, пензионер и стечаец. Притоа, 42,2% од домаќинствата - корисници на парична помош од социјална заштита остваруваат приход под 5.000 денари. Загрижува фактот

што во рамките на оваа категорија домаќинства се идентификувани две домаќинства што не се корисници на парична помош од социјална заштита. Од вкупниот број домаќинства каде што жената се јавува како глава на домаќинството, најголем дел (57,1%) остваруваат од 18.001 до 23.000 денари, додека само 14,3% остваруваат приход до 5.000 денари. За разлика од нив, во домаќинствата каде што маж е глава на домаќинството, има релативно рамномерна дистрибуција во пониските износи на приходи со тенденција на намалување на бројот на домаќинства што примиле повисоки приходи во минатиот месец.

*Графикон 10.*




Анализата на податоците што се однесуваат на домаќинствата каде што главата е неженет/немажена покажува дека 42,9% од нив остваруваат приход помал од 5.000 денари, додека по 14,3% оствариле приходи во сите интервали на приходи од 5.001 до 23.000 денари. Дистрибуцијата на приходи кај домаќинствата каде што главата е вдовец/вдовица е највисока (40,0%) кај приходите од 10.001 до 14.000 денари, додека во семејствата каде што главата на домаќинството е оженет/омажена во првите три интервали се забележува просечна дистрибуција од 20,6%.

Во однос на прашањето за консумирање топол оброк со месо, домаќинствата во кои се готви еднаш неделно се доминантни (30%), потоа следуваат домаќинствата во кои се приготвува топол оброк со месо двапати неделно (24%), а кај 21% од случаите се готви три пати во неделата. Во 15% од

случаите се готви над трипати неделно, од нив 6% секојдневно приготвуваат топол оброк со месо. Значајно е да се забележи високиот процент на домаќинствата (10%) во кои не се консумира топол оброк со месо ниту еднаш неделно. Во оваа категорија, најголем дел (50%) се домаќинства каде што главата на домаќинство е невработен или стечаец, додека 30,0% се работнички и 20,0% се пензионерски. Загрижува фактот што во рамките на домаќинствата со член технолошки вишок/ стечаец, топол оброк со месо се готви само еднаш неделно или ниеднаш, додека во рамките на семејствата со член невработено лице само во 12,5% се готви и двапати неделно.

*Графикон 11.*




Во рамките на категоријата корисници на парична помош од социјална заштита, топол оброк со месо најмногу се консумира еднаш (33,3%), односно двапати (28,9%), додека 15,6% од испитаниците истакнуваат дека ниту еднаш во неделата не приготвуваат топол оброк со месо. Истата тенденција се забележува и во однос на дистрибуцијата на одговорите според полот на главата на домаќинстото, при што најголем број од домаќинствата приготвуваат топол оброк еднаш или двапати неделно (34,4%).

Најголем број од испитаниците истакнале дека пари им недостасуваат најмногу за покривање на режиските трошоци (домување, вода, електрика, гориво) (50), по 46 за здравје и хигиена, односно за храна и безалкохолни пијалаци, потоа за облека и обувки (44), за сообраќај (41). Помал број испитаници истакнале дека им недостасуваат пари за рекреација и култура (37), за покуќнина и мебел (34), комуникации (21), а најмалку (10) истакнуваат дека им недостигаат парични средства за купување алкохолни пијалаци и тутун.

*Графикон 12.*




Во рамките на групата корисници на парична помош од социјална заштита, најголем дел од испитаниците (66,7%) истакнале дека им недостигаат средства за храна и безалкохолни пијалаци, како и еднаков број одговори има за режиски трошоци и за хигиена и здравје (57,8%). Исто така, во голема мера им недостигаат средства за облека и обувки (53,3%), покуќнина и мебел (31,1%), сообраќај и транспорт (24,4%). Ист број испитаници (17,8%) нагласиле дека им недостигаат средства за купување алкохол и тутун, како и за образование (17,8%). Во однос на видот на облека што им недостасува, испитаниците најчесто посочуваат на недостиг од зимска облека (57), обувки (15) и свечена облека (11).

Најголем дел од анкетираните домаќинства (95%) живеат во живеалишта изградени од цврст материјал. Со истражувањето се опфатени и четири домаќинства што живеат во трошна/монтажна куќа и едно домаќинство во импровизориум. Најголем број од семејствата живеат во трособен стан (38%), во двособен 28%, во четирисобен 14%, а само 11% во едйособен стан (6%). Анализата на станбените услови за живеење, споредени со бројот на членови на домаќинствата, покажува дека најголем дел од домаќинствата не се соочуваат со просторни проблеми, освен во еден случај на седумчлено семејство што живее во еднособен стан.

*Графикон 13.*




*Графикон 14.*




Во однос на начинот на кој домаќинствата го загреваат домот, евидентиран е висок процент на користење печки на цврсто гориво, дрва (93), а мал број го загреваат домот со сопствено парно (4) и едно домаќинство со печка на струја. Податоците за тоа колкав број простории се загреваат укажуваат на намален квалитетот на живеење во зимскиот период. Имено, најголем број од домаќинствата (47%) загреваат само една просторија во домот, додека 29% две простории, а три и повеќе простории 23%.

Најголем дел од домаќинствата (97) се приклучени на канализациона мрежа, додека само три домаќинства, сите корисници на парична помош од социјална заштита, имаат септичка јама. Кај 86 домаќинства, од кои 34 се корисници на парична помош од социјална заштита, во домот има веце со бања, веце во двор имаат 22 домаќинства, а веце во стан шест домаќинства. Резултатите покажуваат дека голем дел од домаќинствата се приклучени на водоводната мрежа, односно чешма во стан имаат 97 домаќинства, додека две домаќинства - корисници на парична помош од социјална заштита користат јавна чешма. Евидентирано е дека седум домаќинства немаат бојлер, од кои две немаат потреба, а пет не може да си дозволат. Три од домаќинствата што не може да си дозволат да купат бојлер се корисници на парична помош од социјална заштита. Дел од анкетираните домаќинства имаат недостиг од основните апарати за домаќинство, како што се електричен шпорет (8), фрижидер (3) и фижидер за длабоко замрзнување (17). Околу две-третини од домаќинствата (61) немаат компјутер, од кои 33 не можат да си дозволат, а 28 немаат потреба. Голем дел од корисниците (37,8%) не можат да си дозволат да купат компјутер. Патнички автомобил немаат 72 домаќинства, од кои 52 не можат да си дозволат.

*Графикон 15*




### 6.4. Социјални проблеми и социјална заштита

Анализата на податоците во однос на социјалните проблеми покажува дека најзначајни се проблемите поврзани со социјалниот развој, и тоа невработеност (63), сиромаштија (60) и болест (34). Исто така, од страна на анкетираните домаќинства како значајни проблеми се наведуваат и конфликтни семејни односи (12), инвалидност (11), а се забележува и по еден случај на деликвенција, бракоразвод, алкохолизам. Испитаниците истакнуваат и социјални проблеми поврзани со природни еколошки процеси: поплава (3) и пожар (1).

Најголем дел од анкетираните домаќинства се корисници на правата на парична помош од социјална заштита, односно 46% од домаќинствата се приматели на социјална парична помош, 11% од домаќинствата на постојана парична помош, 8% од домаќинствата на паричен надоместок за помош и нега од друго лице. Најголем дел од домаќинствата - корисници на социјална парична помош (26,1%) се земјоделски, 19,6% се работнички, 28,3% на пензионери, 2,2% на домаќин/ка и домаќинства со глава на домаќинството невработен член (19,0%), од кои 6,5% технолошки вишок и стечаец.

*Графикон 16.*




Најголем дел од лицата кои примаат постојана парична помош, исто така, се концентрирани во домаќинства со глава невработен член (45,4%), земјоделски домаќинства (27,3%) и во работнички семејства (18,2%). Постои релативно иста тенденција во однос на дистрибуцијата на одговори според полот на главата на домаќинството, односно во домаќинствата со маж како глава на домаќинството 46,7% се корисници на социјална парична помош, а 12% се корисници на постојана парична помош. Во домаќинствата со жена како глава на домаќинството 42,9% се корисници на социјална парична помош, а ниту едно вакво домаќинство не се јавува како корисник на постојана парична помош.

Од формите на вонинституционална заштита се појавуваат три домаќинства што користат право на домашна нега и помош и две домаќинства што користат право на згрижување во дневен центар. Две третини од домаќинствата што остваруваат право на домашна нега и помош и двете домаќинства што ги користат услугите на дневниот центар се корисници на парична помош од социјална заштита. Во сите случаи главата на домаќинството е маж. Ниту едно домаќинство не користело институционална социјална заштита.

*Графикон 17.*




*Графикон 18.*




Како најзастапена форма на детска заштита се јавува детскиот додаток, односно 22 испитаници истакнале дека користеле детски додаток. Само едно домаќинство - корисник на детски додаток има жена како глава на домаќинството. Приближно една четвртина (22,7%) се корисници на парична помош од социјлна заштита. Како корисници на посебен детски додаток се јавуваат четири домаќинства, од кои исто така едно со жена глава на домаќинството. Сите се корисници на парична помош од социјална заштита.

Анализата покажува дека најголем дел од домаќинствата што не остваруваат право на парична помош од социјална заштита немале потреба за остварување на ова право (33,0%), 7% се неинформирани, а 6% од домаќинствата биле одбиени. Мал број од испитаните домаќинства наведуваат дека причини за некористење на правото е срам од средината (2,0%), како и 2,0% наведуваат дека причина за некористење е нискиот износ на помошта. Слична тенеденција се забележува и во однос на користењето на правата од детска заштита. Имено, процентот на испитаници кои немаат потреба за користење на ова право е 24,0%, а одбиени биле 3,0% од домаќинствата. Загрижува фактот што релативно висок број домаќинства (16%) не го остваруваат ова право поради неинформираност. Во однос на користењето на формите на вонинституционална и институционална заштита, најголем дел од испитаниците немале потреба (75,0%), биле неинформирани (19,0%) и биле одбиени (1,0%).

### 6.5. Здравство и исхрана

Во најголем број од случаите (79%) испитаниците истакнале дека сите членови на семејството се здравствено осигурени. Загрижува фактот што во 13% од домаќинства здравствено се осигурени дел од членовите, додека во 8% од домаќинства не е осигурен ниту еден член од домаќинството. Анализата на податоците покажува дека 46,2% од домаќинствата што се делумно здравствено осигурени се земјоделски, 30,8% се работнички, во 15,4% главата на домаќинството е службеник, односно стручњак, а во 7,7 % главата на домаќинството е пензионер.  Исто така, најголем дел од семејствата во кои ниту еден член не е здравствено осигурен се земјоделски (37,5%), работнички

(25,0%). Во оваа група на здравствено неосигурени домаќинства во 37,5% од случаите главата на домаќинството е невработено лице.

*Графикон 19.*




Поголем број лица (87,5%) од домаќинствата што немаат здравствено осигурување се корисници на парична помош од социјална заштита. Само едно домаќинство каде што жена е глава на домаќинството е делумно здравствено осигурено, додека во домаќинствата каде што маж е глава на домаќинството само во 7,6% никој не е осигурен, додека 13,0% се делумно здравствено осигурени. Од вкупниот број домаќинства, најголем дел (79%) во случај на болест користат јавни здравствени услуги (услуги на јавни здравствени установи и купуваат лекови од позитивната листа). Мал број (4%) од вкупниот број испитаници купуваат лекови што не се на позитивната листа, 50% се земјоделски и 50% се работнички. Во 2% од домаќинствата членовите се лекуваат приватно. Во двата случаја станува збор за домаќинства - корисници на парична помош од социјална заштита во кои главата на домаќинството е невработено лице. Значајно е да се забележи дека 4% од испитаниците не посетуваат лекар и користат алтернативни начини на лекување, сите корисници на парична помош од социјална заштита.

### 6.6. Образование

Од вкупниот број домаќинства опфатени со истражувањето, 59 домаќинства имаат деца кои се на возраст од шест и повеќе години, односно деца кои треба да се вклучени во образовниот процес. Од нив, 22 домаќинства

имаат едно дете кое посетува основно образование, 14 домаќинства имаат две деца кои посетуваат основно образование, 17 домаќинства имаат едно дете во средно образование, а четири домаќинства две деца во средно образование. Едно дете на факултет имаат девет домаќинства, а три домаќинства две деца вклучени во високо образование. Во ниедно од анкетираните домаќинства не е евидентирано дете кое е на школска возраст, а не е вклучено во редовните образовни процеси.

*Графикон 20.*




*Графикон 21.*




Од вкупниот број домаќинства со деца на школска возраст, 26 домаќинства примаат парична помош од социјална заштита. Од нив, 17 домаќинства имаат деца во основно образование, девет домаќинства имаат деца во средно образование, а три домаќинства имаат деца на факултет. Дистрибуцијата на одговори во однос на занимањето на главата на домаќинството покажува дека деца вклучени во образовните процеси имаат 71,4% од домаќинствата каде што главата е стручњак, 61,5% од земјоделските домаќинства, 66,7% од работничките домаќинства, односно од домаќинствата каде што главата на домаќинството е службеник, 15,8% од домаќинствата каде што главата е пензионер.

Од вкупниот број домаќинства што имаат деца во основно образование, 30 домаќинства живеат на оддалеченост од основното училиште помала од 1 км, додека четири домаќинства се на оддалеченост од 1,01 до 2 км. Анализата на податоците покажува дека скоро сите деца вклучени во основно и во средно образование редовно ја посетуваат наставата, освен две деца од едно домаќинство во кое сиромаштијата е причина за нередовна посета на училиштето. Домаќинството не е корисник на парична помош од социјална заштита.

Од вкупниот број домаќинства чии деца посетуваат основно училиште, само едно домаќинство - корисник на парична помош од социјална заштита остварило право на бесплатен превоз. Исто така, се јавува едно домаќинство што користело право на бесплатна ужинка. И во двата случаја станува збор за домаќинства што не се корисници на парична помош од социјална заштита. Во девет домаќинства е користено правото на бесплатни учебници, од кои

седум се корисници на парична социјална заштита. Кај домаќинствата чии деца посетуваат средно училиште, се среќаваат три домаќинства што користеле право на бесплатен превоз, од нив две домаќинства се корисници на социјална парична помош. Други форми за помош за средно образование не се користат од страна на домаќинствата. Од сите форми за помош на високо образование, само едно домаќинство што е корисник на парична помош од социјална заштита прима стипендија и три домаќинства, од кои две корисници на парична помош од социјална заштита, користат кредит.

### 6.7. Спорт, забава, култура

Испитаниците од општина Пехчево истакнале дека во нивното населено место има спортско игралиште (99), нишалки (82), кафе-бар (87), библиотека (61), ресторан (73), маркети (97) и интернет-кафе (76), кино (48), спортска обложувалница (63). Нема театар. Најголем дел од испитаниците (53 домаќинства) истакнале дека ниту еден член од нивното домаќинство не користи интернет. Во 31% од случаите на користење интернет, испитаниците користеле домашен компјутер, а само во десет домаќинства користеле интернет од интернет-кафе.

## 7. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### 7.1. Заклучоци

| ОБЛАСТ | Потесно подрачје | СОСТОЈБА/ПРОБЛЕМИ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▸ Земјоделство (производство и преработка)<br>▸ Шумарство<br>▸ Рударство<br>▸ Текстилна индустрија и<br>▸ Туризам |
| **2. Институционални капацитети** | *Образо-вание:* | ▸ 1 ЦОУ<br>▸ 3 подрачни училишта до петто одделение<br>▸ Шест дисперзирани паралелки на средното училиште во Берово |
| | *Здравство:* | ▸ Здравствен дом<br>▸ 4 ординации со лекари по општа медицина<br>▸ 5 стоматолошки ординации<br>▸ 1 гинеколошка ординација<br>▸ 2 приватни аптеки и 1 за потребите на Здравствениот дом<br>▸ Служба за брза помош |

| | | |
|---|---|---|
| | *Социјала:* | ▸ Канцеларија за материјални давања на ЦСР како истурено одделение на ЦСР од Берово<br>▸ 1 детска градинка<br>▸ 1 народна кујна<br>▸ Нема домови за стари лица<br>▸ Нема центри за дневно и привремено згрижување |
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▸ Дом на културата<br>▸ Матична библиотека<br>▸ Две спортски сали<br>▸ Спортски игралишта во сите населени места<br>▸ 24 здруженија на граѓани<br>▸ Нема кино и театар<br>▸ Приватно локално радио |
| | *Стопански субјекти:* | ▸ Неколку поголеми стопански субјекти со над сто вработени лица („Бомекс", АД „Напредок", АД „Фагус"). |
| **3. Социјални проблеми** | | ▸ Најизразени: невработеност и сиромаштија<br>▸ Најголем дел од невработените лица се неквалификувана работна сила и чекаат на вработување осум и повеќе од осум години<br>▸ Старосната структура на невработеноста е неповолна поради големиот удел на постара средовечна работна сила)<br>▸ Социјална исклученост на Ромите |
| | *Социјално ранливи групи население:* | ▸ Старите лица<br>▸ Инвалидните лица (за нив не постојат никакви социјални услуги во општината)<br>▸ Ромите<br>▸ Невработените (млади и долгорочно невработени лица) |
| **5. Инфраструктурни проблеми** | *Патишта:* | ▸ Патната мрежа е застарена и квалитетот на асфалтот е во лоша состојба<br>▸ Во селата има неасфалтирани земјени патишта<br>▸ Изградена е нова депонија за комунален отпад |
| | *Водовод:* | ▸ Во тек е изградба на пречистителни станици на повеќе објекти<br>▸ Водоводната мрежа се подобрува преку промена на азбестните цевки |
| | *Канализа-ција:* | ▸ Целата општина е покриена со канализациона мрежа, а се планира изградба на повеќе пречистителни станици на отпадните води од домаќинствата |
| **6. Еколошки проблеми** | | ▸ Проблемот со квалитетот на водата за пиење надвор од населените места во одредени периоди од годината |
| **7. Меѓуинститу-ционална соработка во општината** | | ▸ Добра соработка со централната власт и НВО<br>▸ Развиена регионална соработка, посебно со околните општини Берово и Делчево<br>▸ Просечна соработка меѓу Општината, ЦСР и Центарот за вработување<br>▸ Слаба соработка со приватниот сектор |

| | | |
|---|---|---|
| **8. Социјална заштита** | *Од Општина:* | ▶ Нема посебно одделение за социјална заштита, туку надлежностите се реализираат од страна на Одделението за човечки ресурси, како и Одделението за урбанизам, комунални работи и локален економски развој<br>▶ Не е вработен социјален работник (со новата систематизација на работните места се предвидува вработување социјален работник).<br>▶ Во фаза на подготовка е правилник за згрижување бездомници<br>▶ Општината доделува еднократна парична помош во висина од 3.000 до 50.000 денари |
| | *Од ЦСР:* | ▶ Корисници на СПП: 168 домаќинства<br>▶ Корисници на ППП: 9 семејства<br>▶ Корисници на ТНП: 136<br>▶ Вонинституционална заштита: народна кујна во населеното место Пехчево<br>▶ Институционална заштита: тројца корисници (1 - СОС Детско село; 1 – Бања Банско; 1 - Демир Капија) |

## 7.2. Препораки

| ОБЛАСТ | Потесно подрачје | ПРЕПОРАКИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ И ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▶ Потенцијалите за развој на општината се гледаат во унапредување на традиционално застапените дејности: земјоделство, шумарство, текстилна индустрија и туризам<br>▶ Значајни ресурси се бакарот на планината Кадмица и јагленот во атарот на село Панчарево<br>▶ Можности за развој има во искористувањето на потенцијалите за производство на здрава храна, преработка на дрво, производство на огноотпорни материјали<br>▶ Особен поттик за развој претставуваат користењето на водите на реката Брегалница и изградбата на четири проточни хидроцентрали |
| **2. Институционални капацитети** | *Образо-вание:* | ▶ Да се прошири мрежата на подрачни училишта<br>▶ Да се анализираат можностите за отворање на едно средно училиште во Пехчево, а не дисперзирани одделенија на училиштето од Берово |
| | *Здравство:* | ▶ Да се реорганизира работата на амбулантите за примарна здравствена заштита<br>▶ Да се отворат амбуланти во селските населби<br>▶ Да се зајакнат капацитетите на Службата за брза помош |

| | | |
|---|---|---|
| | *Социјала:* | ▸ Да се збогати мрежата на социјални установи во општината<br>▸ Да се отвори центар за социјална работа или да се прошири надлежноста за постапување на постојната Канцеларија<br>▸ Да се отворат дневни центри за социјално и образовно исклучени деца<br>▸ Да се основаат домови за стари лица |
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▸ Да се зајакне капацитетот на невладиниот сектор<br>▸ Да се изградат кино и театар<br>▸ Да се промовира медиумскиот развој во општината (отворање ТВ-станица, печатен медиум) |
| | *Стопански субјекти:* | ▸ Да се стимулира развојот на мали и на средни бизниси |
| **3. Социјални проблеми** | | ▸ Да се промовираат програми за вработување на корисниците на социјална заштита<br>▸ Да се подобрат таргетирањето на активните мерки кон долгорочно невработените и ефективноста во однос на вработувањето на корисниците за социјална заштита<br>▸ Да се реализираат превентивни програми за спречување на појавата на социјални проблеми поврзани со девијантно однесување<br>▸ Да се зајакне стручната советодавна и советувалишна работа со домаќинствата зафатени со овие категории проблеми<br>▸ Да се промовираат формите згрижувачко семејство и мал групен дом<br>▸ Да се развиваат формите на дневно и привремено згрижување на ранливи категории лица |
| | *Социјално ранливи групи население:* | ▸ Да се збогати мрежата на социјални услуги за старите лица: да се анализираат можностите за отворање социјални услуги за помош во домашни услови, дневни центри, мали групни домови<br>▸ Да се промовираат форми за намалување на социјалната исклученост на Ромите<br>▸ Да се отворат дневни центри за инвалидни лица (деца и возрасни)<br>▸ Да се разгледаат можностите за отворање сервиси за помош во домашни услови |
| **5. Инфраструктурни проблеми** | *Патишта:* | ▸ Да се подобри квалитетот на локалната патна инфраструктура (асфалтирање на локалните патишта) |
| | *Водовод:* | ▸ Подобрување на квалитетот на водата во сите населени места |
| | *Канализа-ција:* | ▸ Да се воспостави канализација во сите населени места |
| **6. Еколошки проблеми** | | ▸ Да се воведе редовна контрола на квалитетот на водата за пиење |

| | | |
|---|---|---|
| **7. Меѓуинститу-ционална соработка во општината** | | ▸ Унапредување на соработката меѓу Општината, ЦСР и Центарот за вработување преку интензивирано и поефикасно имплементирање јавни работи, активни мерки за вработување корисници на социјална заштита, членство во заеднички тела, едукација за можностите и формите на нивна соработка во доменот на социјална заштита, како и практична имплементација на заеднички проекти<br>▸ Унапредување на соработката на Општината со невладиниот сектор преку нивно партнерско вклучување во реализација на програми од областа на социјалната заштита<br>▸ Иницирање заеднички проекти со приватниот сектор и развивање на социјалната одговорност на стопанските субјекти |
| **8. Социјална заштита** | *Од Општина:* | ▸ Зајакнување на Одделението за човечки ресурси со вработување социјален работник<br>▸ Едукација на вработените во Одделението за можностите и формите за развивање на социјално-заштитните функции на Општината<br>▸ Едукација за стратегиско планирање и изработка на програми од областа на социјалната заштита<br>▸ Проширување на формите на социјална заштита што ги реализира Општината (претежно финансиска помош) со нови форми на социјални услуги<br>▸ Зголемување на средствата што се издвојуваат од буџетот за социјална заштита и нивно ефективно користење<br>▸ Развивање локална мрежа на даватели на услуги на социјална заштита, делумно и преку промоција на јавно-приватно партнерство |
| | *Од ЦСР:* | ▸ Намалување на корисниците на социјална парична помош преку интензивирање на активностите за нивно вработување во соработка со Центарот за вработување<br>▸ Анализа на можностите за проширување на опфатот на домаќинства - корисници на социјална помош со услугите на народната кујна<br>▸ Развивање на мрежата на институционална и вонинституционална заштита во општината<br>▸ Преиспитување на условите за остварување одредени права од социјална заштита |



# ОПШТИНА КОНЧЕ

# 1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА КОНЧЕ

Општина Конче се наоѓа во централно-источниот дел на Република Македонија на 150 км оддалеченост од градот Скопје, десно од патот Радовиш - Струмица. Таа е типично рурална општина опкружена со Конечка Планина и Смрдешник. Географската конфигурација на теренот е претежно ридско-планинска. Рамничарскиот дел е околу реката Лакавица. Се граничи со општините Штип, Неготино, Демир Капија, Валандово, Струмица, Василево и Радовиш.

Општина Конче зафаќа површина од 225 км$^2$ и се вбројува меѓу средно големите рурални општини во Република Македонија. Вкупниот број домаќинства е 1.057. Густината на населението е 15,17 жители/км$^{2.}$ Во општина Конче има еден рурален центар со 13 селски населби со вкупен број жители 3.536. Има само три населби со повеќе од 500 жители: Конче, Дедино и Ракитец. Во останатите населби живеат 300-500 жители. Во три населби живеат помалку од 50-ина жители, а четири населби се целосно раселени. Во однос на етничката структура на населението, доминантно е македонското население со 85,10% од вкупниот број жители, потоа Турци 14,73%, Срби 0,08% и останати 0,08%. Старосната структура на населението покажува дека 21,4% се на возраст од 0 до 14 години, 67,0% се на возраст од 15 до 64 години, додека 11,6% се на возраст над 65 години. Најголем дел од жителите се со незавршено основно образование (50,6%), потоа завршено основно образование - 34,5%, завршено средно образование - 14% и вишо и високо образование - 0,9%.

Главни стопански дејности се земјоделство, шумарство и сточарство. Шумите се протегаат на површина од 75% наспроти 25% обработливо земјиште. Во хидрографски поглед, во општината има појава на подземни води, извори и површински водотеци, како и помали вештачки акумулации. Најзначајна е вештачката акумулација Мантово, која зафаќа површина од 365 ха површина под вода и вештачките езера Конче 1 и Конче 3, со кои делумно се задоволени големите потреби за наводнување.

Општина Конче е чиста и еколошки здрава средина со ресурси и потенцијали за производство на здрава храна, а располага и со огромно шумско и водно богатство. Општина Конче располага и со огромни резерви мермер, глина и бакарна руда, со што претставува и потенцијал за развој на рударството.

# 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ

**Образование:** Во општина Конче има едно централно училиште за основно образование - ОУ „Гоце Делчев" – Конче, со четири подрачни училишта од прво до петто одделение во селата: Габревци, Ракитец, Горни Липовиќ и Долни Липовиќ. Наставата се одвива и на турски јазик во село Конче. Нема ниту едно училиште за средно образование. Учениците најчесто посетуваат

средно образование во соседната општина Радовиш.

**Здравство:** Мрежата на здравствени установи на територијата на општина Конче е многу слабо развиена. На целата територија на општината има само две амбуланти со матичен лекар по општа медицина и медицинска сестра, од кои амбулантата во Конче работи секој ден, а амбулантата во Ракитец два пати неделно. Нема специјалистички ординации и аптеки. Поради тоа, жителите на општината се принудени да патуваат во околните општини во случај на потреба од здравствена услуга.

**Социјални установи:** Во општина Конче нема установа за предучилишно воспитание и образование. Нема ниту јавен ниту приватен старски дом.

**Културни установи:** Жителите на општина Конче се оневозможени во задоволувањето на своите културни потреби поради непостоењето на установи во општината во кои би се реализирале културни активности. Во Конче нема дом на култура, но има поголема сала што се користи за културни настани и собири на граѓани. Нема кино, театар, музеј и библиотека.

**Спортски објекти:** Во општина Конче нема спортска сала, ниту спортско игралиште. Единствено има сала во централното основно училиште во која се реализираат активности по физичка култура. Во четири села има диви фудбалски игралишта.

**Медиуми:** Во општина Конче нема локално радио. Нема локална телевизија, ниту локален печат.

**Граѓански организации:** Во општина Конче се регистрирани повеќе здруженија на граѓани, но активни се неколку. Најголем дел се фолклорни друштa, дел се насочени кон еманципација на македонската и турската жена и функционира едно здружение на тутунари.

**Стопански субјекти:** Општина Конче е типично рурална општина каде што земјоделството, сточарството, водостопанството и шумарството се директно вклучени во развојот на општината.  Посебен акцент е ставен на производството на висококвалитетен тутун од типот „јака“. Годишно се произведуваат околу 1.000.000 кг тутун, што претставува 5% од вкупното производство на тутун во Република Македонија. Во населените места во општината се регистрирани само мали трговски објекти, за линиски локален патен превоз и мал стопански капацитет за откуп и преработка на млеко.

## 3. ДОМИНАНТНИ ПРОБЛЕМИ ВО ОПШТИНАТА

**Социјални проблеми:** Доминантни социјални проблеми се сиромаштијата и невработеноста. Една третина од работоспособните жители на општината Конче (32,3%), односно 722 лица се невработени. Половата структура на невработеноста покажува дека поголем дел од невработените лица се мажи, односно од вкупниот број невработени само 23,3% (168) се жени. Со оглед на етничката структура на населението, најголем дел се Македонци (604), потоа Турци (112), Срби (3) и останати. Дистрибуцијата на

невработеноста според возрасната структура покажува дека најголем дел од невработените (224) се на возраст од 30 до 39 години и 189 лица на возраст од 20 до 29. Потоа следуваат лицата на возраст 40-49 години (152), 105 лица на возраст 50-59 и 27 лица на возраст 60-65. Анализата на податоци покажува дека најголем број од лицата чекаат на вработување подолго од осум години, односно помалку од една година се невработени 98 лица, до две години - 93, до три години - 50, до четири години - 44, од пет до седум години - 94 и над осум години - 283 лица. Две третини од невработените лица (488, од кои 130 жени) се неквалификувани работници, со средна стручна спрема се 118, од кои 44 жени, а со вишо и високо само осум, од кои седум се жени. Во Конче нема развиена индустрија, односно нема капацитет за апсорбирање на работната сила. Во 2009 година се ангажирале околу 50 корисници на социјална парична помош за изведување јавни работи во општината.

За жителите на Конче месно е надлежен Центарот за вработување од Радовиш. Во Центарот се применуваат активни мерки за вработување согласно со оперативните планови на МТСП. Како дефицитарни занимања се наведуваат профилите дипломиран филолог по англиски јазик, електроинженери.

Како најзагрозена група во однос на вработувањето се јавуваат повозрасните неквалификувани лица. Во однос на користењето на правата од социјална заштита, како најзагрозени се јавуваат старите лица кои се материјално необезбедени и неспособни за работа, но поради имотот и имотните права на може да остварат права.

Во општина Конче во помала мера се јавуваат социјални проблеми поврзани со девијантно однесување, како и социјални проблеми поврзани со природни катастрофи.

**Инфраструктурни проблеми:** Општина Конче има релативно добра инфраструктурна мрежа. Во најголем дел од селата има водоводна мрежа, односно во секое населено место во функција се посебни системи од кои се добива пивка вода. Само во три села кои имаат многу мал број жители, односно скоро се празни (Загорци, Гарван и Скорушак), водоснабдување се врши најчесто од бунари. Канализациона мрежа има во четири најголеми села: Конче, Ракитец, Делино и Долни Митовиќ. Сите населени места имаат комуникациска поврзаност до општинскиот центар. Иако пристапот во и од населените места е асфалтиран, треба да се напомене дека внатре во селата има неасфалтирани земјени патишта. Во тој контекст, испитаниците од фокус-групата истакнаа: *„Само главниот пат е асфалтиран, но за да си влеземе во домовите, врвиме низ кал...“* Предвидена е реконструкција на патот Радовиш - Конче во 2011 година.

**Еколошки проблеми:** Во општина Конче како позначаен еколошки проблеми се истакнува проблемот со депонијата, која не е изградена според еколошки стандарди, како и во незначителна мера проблеми со ерозија на земјиштето.

## 4. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**Општинска администрација:** Во рамките на општинската администрација нема посебно одделение за социјална заштита, туку надлежностите се реализираат од страна на Одделението за урбанизам, комунални работи, животна средина и локален економски развој. Нема вработен социјален работник, но има назначено лице со работни задолженија од областа на социјалната сфера. Во соработка со Општина Радовиш е изготвен заеднички Стратегиски план за локален економски развој 2007-2011 за Конче и за Радовиш, во кој се обработени прашања поврзани со образованието и квалитетот на живеењето. Во 2009 година е усвоена Програма за социјална заштита за населението во општина Конче за 2010 година, во која фокусот генерално се става на материјалните давања. Во Програмата за здравствена и социјална заштита за 2011 година се проширени активностите за социјална заштита на населението со оперативен план за нивно спроведување. Соработката со граѓаните се одвива преку информирање на граѓаните, соопштенија на јавни места, упатување и помош при пополнување апликации. Како форма на помош за социјално загрозеното население Општината доделува еднократна парична помош. За оваа ставка во 2010 година се издвоиле 150.000 денари, или 0,5 проценти од годишниот буџет на Општината. За 2011 година се предвидени 200.000 денари од буџетот на Општината.

**Центар за социјална работа:** Центарот за социјална работа, кој е ситуиран во Радовиш, е месно надлежен за жителите на Конче. Во Конче нема ниту канцеларија за материјални давања во која може да се остваруваат формите на социјална парична помош, постојана парична помош и помош и нега од туѓо лице. Бројот на вработени стручни работници во ЦСР е девет, од кои четворица се социјални работници, тројца правници и по еден социолог и психолог. ЦСР има на располагање десет простории на два ката. Сите стручни работници имаат компјутер, но немаат пристап до интернет. Има возила, меѓутоа ниедно од нив не е технички исправно. Исто така, немаат доволно материјални средства за покривање на трошоците за гориво. Во ЦСР нема ниту фиксен ниту мобилен телефон.

ЦСР соработува со општинската администрација во Конче само во случај на потреба, најчесто кога ќе се појави некој проблем поврзан со корисник на право од социјална заштита. Со училиштата се соработува во случај на малолетничка деликвенција, како и во случај на потреба за издавање училишна потврда за членови на домаќинството. Исто така, се соработува со здравствените установи кога е потребно да се обезбеди некоја документација. ЦСР има добра соработка со Агенцијата за вработување. Слаба е соработката со локалните НВО.

Како најзначајни проблеми за функционирање на ЦСР се издвојуваат немањето исправни возила, немање пристап до интернет и телефон, како и недостигот од материјални услови за непречено функционирање на Центарот. Како најпроблематична категорија корисници се издвојуваат барателите

на социјална парична помош во случај кога не ги исполнуваат условите за користење на ова право со оглед на материјалната состојба на домаќинството.

Поради непостоење на центар за социјална работа во Конче, жителите во случај на потреба од остварување на некое право од социјална заштита се принудени да патуваат во соседната општина Радовиш. Тоа претставува тешкотија за нив со оглед на тоа што станува збор за сиромашни лица кои треба да издвојат дел од средствата за патни трошоци, а во дел станува збор за лица кои се болни или за лица со пречки во развојот, како и за деца, односно стари лица. Ваквата ситуација наметнува потреба од отворање центар за социјална работа или, во најмала рака, канцеларија за материјални давања во Конче, со што би се олеснила реализацијата на правата од социјална заштита.

**Број и структура на корисници на мерки и услуги на социјална заштита:** Анализата на структурата на корисници на парична помош од социјална заштита на територијата на општина Конче покажува дека 23 домаќинства се корисници на социјална парична помош. Како глава на домаќинствата се јавуваат лица од сите старосни групи. Како корисници на постојана парична помош се јавуваат 17 семејства, од кои најголем дел од нив (15) го користат ова право врз основа на старост и болест. Најголем дел од овие семејства се од турска етничка припадност. Еднократна парична помош во просек им се доделува на 20 корисници годишно. Правото на парична помош од социјална заштита најчесто не се остварува поради остварувањето приход од земјоделска дејност, односно обработка на тутун. Исто така, ова право се ограничува како резултат на поседување земјоделска површина и на сета потребна механизација. Како голем проблем во рамките на фокус-групите се истакна висината на социјална парична помош. *„Јас живеам со невенчана жена која е болна, а и јас сум болен и имам направено неколку операции... Со парите од помошта не можам да преживеам, а камоли да купам лекови. Еве, зимата доаѓа, немам дрва, и да сакам – не можам сам да соберам, не сум способен да се наведнам...“*

Како корисник на вонинституционална заштита се јавува дете без родителска грижа сместено во згрижувачко семејство во Македонски Брод, чии родители се корисници на постојана парична помош. Исто така, евидентирани се две сестри кои биле сместени во „25 Мај“, меѓутоа поради возраста им завршило правото на користење. Во општина Конче нема центар за дневно или привремено сместување корисници, нема згрижувачки семејства, ниту мал групен дом. Нема ниту установа за институционална заштита. Како посебно потребно се издвојува формирањето дневен центар за стари лица.

# 5. СОРАБОТКАТА НА ОПШТИНАТА СО ЛОКАЛНИТЕ АКТЕРИ

Општината има генерално добра соработка со ЗЕЛС.

Слаба е соработката со Центарот за социјална работа, која се остварува само во случај на потреба за конкретен случај. Нема соработка во однос на превенција од социјални проблеми и прашања за унапредување на социјалната состојба во општината.

Општина Конче има развиена регионална соработка, посебно со околните општини Радовиш, Валандово и Штип. Со Општина Радовиш заеднички се работи на стратегиски програми за локален економски развој.

Соработката на Општината со Агенцијата за вработување се оценува како одлична. Меѓусебно се информираат за обуки и едукации. Општинската администрација е задоволна од работата на Локалниот центар за вработување и доделувањето помош за развивање мали бизниси и самовработување.

Општината реализира соработка со граѓански здруженија, меѓутоа се потенцира слабиот капацитет и иницијативност на локалните НВО. Во 2010 година е усвоена Програма за развој на НВО-секторот и соработка со Општината за 2011 година, при што се одвоени 100.000 денари за финансирање на активностите од општина Конче.

Приватниот сектор е слабо развиен и има слабо развиена корпоративна солидарност.

Соработката со централната власт е добра, но се нагласува дека сите општини немаат ист капацитет за преземање на сите надлежности. Аналогно на тоа, сите општини не може да имаат ист степен на децентрализација. Предност претставува фискалната децентрализација и можноста за остварување сопствени извори на приходи.

# 6. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА ВО ОПШТИНА КОНЧЕ

## 6.1. Општи податоци за анкетираните домаќинства

Во општина Конче беа анкетирани вкупно 100 домаќинства. Структурата на анкетираните домаќинства, според типот на домаќинството, покажува дека најголем број од анкетираните се занимаваат со земјоделство (55%), при што во 29% од нив има член кој се занимава со некоја друга дејност.

Дистрибуцијата на домаќинствата според етничка припадност покажува дека 96 домаќинства се изјасниле како Македонци, едно домаќинство се изјаснило како албанско, две како српски и едно се изјаснило како турско. Најголема е застапеноста на четиричлени домаќинства (33%). Во 90 домаќинства глава на домаќинството е маж, а во десет е жена. Во најголем број случаи глава на едночлените домаќинства (66,7%) е маж. Жената почесто се јавува како глава на четиричлени (30%) и петчлени домаќинства (30%). Речиси во сите домаќинства со поголем број членови како глава на домаќинството

се определува маж. Во најголем број од случаите главата на домаќинството е во брачна заедница (85%), во 4% од случаите станува збор за лица кои се неженети/немажени и во 9% од случаите станува збор за вдовец/вдовица.







Иако 96% од анкетираните лица се описменети, голем дел (14%) се со нецелосно основно образование, 38% се со основно образование, 42% со средно образование, а само 5% се со вишо и со високо образование. Во најголем број од домаќинствата главата на домаќинството е работник (34%), потоа пензионер (25%), земјоделец (11%), службеник (5%), домаќин (8%) и за забележување е тоа што 13% од испитаниците се или невработени или технолошки вишок и стечаец.

*Графикон 3.*




Како корисници на парична помош од социјална заштита се изјасниле 47 испитаници. Треба да се забележи дека кај 59 домаќинства нема ниту еден вработен, а само во пет домаќинства еден член е самовработен. Според типот на домаќинство, постои релативно уедначена дистрибуција на корисниците на парична помош од социјална заштита, при што на земјоделски тип

домаќинство отпаѓаат 27%, на неземјоделски 36%, а на мешовити 29,8% од домаќинствата.

*Графикон 4.*




*Графикон 5.*




### 6.2. Вработување

Од вкупниот број анкетирани домаќинства, во 59% од случаите нема ниту еден вработен. Од нив, 96,6% од домаќинствата се македонски, а 1,7% се турски и 1,7% се српски. Притоа, во 63 домаќинства има само по еден невработен член, од кои 35 од машки, а 28 од женски пол, а во 11 домаќинства има по две невработени лица, од кои пет од машки и шест од женски пол. Се јавува и едно семејство со три невработени лица, сите од женски пол. Во 47 домаќинства се евидентира по еден вработен, а само во седум домаќинства се евидентирани две вработени лица. Сепак, загрижува податокот за вкупно десет вработени лица од женски пол, наспроти 51 лице од машки пол.

*Графикон 6.*



### 6.3. Животен стандард

Извршената анализа на добиените податоци покажува дека 56 домаќинства не оствариле никаков приход од редовен работен однос во изминатите 12 месеци. И тука се потврдува истата тенденција, односно најголем дел од домаќинствата каде што глава на домаќинството е жена (80,0%) живеат без приходи од личен доход, наспроти домаќинствата со глава на домаќинството маж, каде што тој процент е 53,3%. Најголем дел од домаќинствата што оствариле приход од редовен работен однос се работнички (25%), потоа следуваат семејства на службеници, на вработени во војска и полиција (8%), и по 3% на земјоделци и пензионери. Притоа, од вкупно 47 домаќинства што се корисници на парична помош од социјална заштита, само 12 семејства оствариле приход од редовен работен однос во изминатите 12 месеци. Привлекува внимание фактот дека во општина Конче се јавуваат 27 домаќинства што оствариле приход надвор од редовен работен однос, и тоа 23 домаќинства со глава на домаќинството маж и четири домаќинства со глава на домаќинството жена.

*Графикон 7.*




Од нив, 37% се работнички домаќинства, 14,8% земјоделски, исто како и во однос на домаќинствата каде што глава на домаќинството е службеник, вработен во војска и полиција, 11,1% се семејства на пензионери и кај 7,4% случаи главата на домаќинството е домаќин/ка. Една третина од домаќинствата (31,9%) - корисници на парична помош од социјална заштита оствариле приход надвор од редовен работен однос. Интересно е да се забележи дека

повеќе од половина (51,1%) од корисниците на парична помош од социјална заштита оствариле приход од земјоделска дејност. Само три домаќинства, од кои две работнички и едно пензионерско, оствариле приход од имот (закуп, продажба), а од нив едно домаќинство е корисник на парична помош од социјална заштита. Само четири од анкетираните домаќинства, од кои две се корисници на парична помош од социјална заштита и две домаќинства со лице вработено во војска/полиција, односно пензионер, примиле финансиска помош од некој поблизок роднина на семејството. Приходите по други основи имаат незначителен удел во вкупниот буџет на домаќинствата.

Најголем дел од домаќинствата (24%) во последниот месец оствариле приход од 5.001 до 10.000 денари, додека 20% оствариле приход од 10.001 до 14.000 денари, од кои 21 се корисници на парична помош од социјална заштита.

*Графикон 8.*




Дистрибуцијата на одговори покажува дека, според занимањето на главата на домаќинството, 15 домаќинства се пензионерски, 13 работнички, а шест се земјоделски. Приходи во висина од 14.001 до 18.001 денар оствариле 16% од домаќинствата, додека 17% оствариле приход од 18.001 до 30.000 денари. Посебно внимание привлекуваат податоците што се однесуваат на домаќинствата кои примаат до 5.000 денари, на кои отпаѓаат 15% од вкупниот број анкетирани домаќинства. Најголем дел од нив се семејства каде што главата е домаќин (26,7%), работнички домаќинства се 20% и земјоделски 13,3%. Од вкупниот број домаќинства каде што жената се јавува како глава на домаќинството, 20% остваруваат приходи до 5.000 денари, додека во домаќинството каде што маж е глава на домаќинството тој процент е 14%.

*Графикон 9.*




Загрижува фактот што во рамките на оваа категорија домаќинства се идентификувани две домаќинства што не се корисници на парична помош од социјална заштита. Анализата на податоците што се однесуваат на домаќинствата каде што главата е неженет/немажена покажува дека 75% од нив остваруваат приход помал од 5.000 денари, додека 25% оствариле приходи од 5.001 до 10.000 денари. Слична е дистрибуцијата на приходи кај домаќинствата каде што главата е вдовец/вдовица, при што 77,7% од домаќинствата остваруваат приходи до 10.000 денари, додека 11,1% до 14.000 денари.

Во однос на прашањето за консумирање топол оброк со месо, домаќинствата во кои се готви еднаш неделно се доминантни (35%), потоа следуваат домаќинствата во кои се приготвува топол оброк со месо двапати неделно (18%), а кај 16% од случаите се готви три пати во неделата. Значајно е да се забележи високиот процент на домаќинства (14%) во кои не се консумира топол оброк со месо ниту еднаш неделно. Во оваа категорија домаќинства, 14,3% од анкетираните се земјоделски, 14,3% се работнички и по 28,6% се семејства на пензионери и домаќин/ки.

*Графикон 10.*




Во рамките на категоријата корисници на парична помош од социјална заштита, 19,1% од испитаниците истакнуваат дека ниту еднаш во неделата не приготвуваат топол оброк со месо, 36,2% консумираат еднаш неделно, 8,5% двапати неделно, додека изненадува податокот дека 34,1% од корисниците консумираат топол оброк со месо повеќе од трипати неделно. Дистрибуцијата на одговорите во однос на полот на главата на домаќинството покажува слична тенденција, при што во најголем број од домаќинствата во кои глава на домаќинството е маж се консумира топол оброк еднаш неделно (34,4%), додека кај домаќинствата во кои жена е глава на домаќинството еднаш неделно топол оброк се консумира во 40,0% од случаите. Се забележува висок процент на домаќинства (20%) во кои жената е глава на домаќинството, а ниту еднаш неделно не се приготвува топол оброк со месо.

*Графикон 11.*



Најголем број од испитаниците истакнале дека пари им недостасуваат најмногу за облека и обувки (78) и за храна и безалкохолни пијалаци (75), додека за режиски трошоци (домување, вода, електрика, гориво) (60) и за здравје и хигиена  (59). Повеќе од половина испитаници истакнале дека им недостасуваат пари за покуќнина и мебел (56). Помал број испитаници истакнале дека им недостасуваат пари за образование (28), комуникации (23), рекреација и култура (10), а најмалку (5) истакнуваат дека им недостигаат парични средства за купување алкохолни пијалаци и тутун. Анализата покажува дека 50,0% од испитаниците што истакнале дека им недостигаат пари за режиски трошоци се корисници на парична помош од социјална заштита. Истиот сооднос се задржува и во дистрибуцијата на одговори во однос на недостигот од средства за храна и безалкохолни пијалаци (52%), покуќнина и мебел (51,8%), облека и обувки (50%), хигиена и здравје (50,8%) и образование (46,4%). Во однос на видот на облека што им недостасува, испитаниците најчесто посочуваат на недостиг од зимска облека (57), обувки (15) и свечена облека (11). Најголем дел од испитаниците - корисници на парична помош од социјална заштита нагласуваат дека им недостасуваат парични средства за култура и забава (60%) и за забележување е дека дури кај 40% од нив е наведен недостигот од средства за алкохолни пијалаци и тутун.

Сите домаќинства живеаат во живеалишта изградени од цврст материјал. Најголем број од семејствата живеат во двособен стан (46%), трособен (31%), помал дел во еднособен стан (6%), а само 16% во четирисобен и поголем. Анализата на станбените услови за живеење, споредени со бројот на членови на домаќинствата, покажува дека најголем број од едночлените, двочлените, трочлените и четиричлените домаќинства живеат во двособни станови, додека пет од шестчлените домаќинства живеат во поголеми станови, додека едно петчлено семејство живее во еднособен стан, а пет во двособни станови. Во однос на начинот на кој домаќинствата го загреваат домот, евидентиран е висок процент на користење печки на цврсто гориво, дрва (95), а мал број го загреваат домот со сопствено парно (3) и по едно домаќинство со печка на струја и течни горива. Податоците за тоа колкав број простории се загреваат укажуваат на намален квалитет на живеење во зимскиот период. Имено, најголем број од домаќинствата (62%) загреваат само една просторија во домот, додека 28% две простории, а три и повеќе простории 10%.

*Графикон 12.*




*Графикон 13.*



Најголем дел од домаќинствата (93) се приклучени на канализациона мрежа. Истата тенденција се забележува и кај корисниците на парична помош од социјална заштита, односно само две домаќинства имаат септичка јама. Кај 73 домаќинства, од кои 31 се корисници на парична помош од социјална заштита, во домот има веце со бања, веце во двор имаат 41 домаќинство, а веце во стан 22 домаќинства. Резултатите покажуваат дека голем дел од домаќинствата се приклучени на водоводна мрежа, односно чешма во стан имаат 96 домаќинства. Евидентно е дека 11 домаќинства немаат бојлер, од кои шест се корисници на парична помош од социјална заштита. Дел од анкетираните домаќинства имаат недостиг од основните апарати за домаќинство, како што се електричен шпорет (8), фрижидер (3) и фрижидер за длабоко замрзнување (19). Повеќе од половина од домаќинствата (54) немаат компјутер, од кои 32 не можат да си дозволат, а 22 немаат потреба. Голем дел од корисниците (42,6%) не можат да си дозволат да купат компјутер. Патнички автомобил немаат 49 домаќинства, од кои 37 не можат да си дозволат.

*Графикон 14.*




## 6.4. Социјални проблеми и социјална заштита

Анализата на податоците во однос на социјалните проблеми покажува дека најзначајни се проблемите поврзани со социјалниот развој, и тоа невработеност (77), сиромаштија (79) и болест (38). Истотака, од страна на анкетираните домаќинства како значајни проблеми се наведуваат и бракоразвод (4), конфликтни семејни односи (3), инвалидност (5), а се

забележува и по еден случај на дете без родители и родителска грижа, односно корисник на психотропни супстанции. Испитаниците истакнуваат и социјални проблеми поврзани со природни еколошки процеси: поплава (4), суша (5) и земјотрес (1).

*Графикон 15.*




Најголем дел од анкетираните домаќинства се корисници на правата на парична помош од социјална заштита, односно 52 домаќинства се приматели на социјална парична помош, а 11 домаќинства на постојана парична помош. Меѓу корисниците на социјална парична помош, 26,9% се работнички, 15,4% се земјоделски домаќинства, 7,6% се семејства на службеници, на вработени во војска и полиција, 13,5% на пензионери, домаќин/ка 8% и 17,3% друго. Постои релативно иста тенденција во однос на дистрибуцијата на одговори според полот на главата на домаќинството. Во домаќинствата каде што глава на домаќинството е маж, 51% се корисници на социјална парична помош, а 11,1% се корисници на постојана парична помош. Во домаќинствата со жена како глава на домаќинството, 60% се корисници на социјална парична помош, а 10% на постојана парична помош.

*Графикон 16.*



Од формите на вонинституционална заштита се појавуваат само две домаќинства што користат право на домашна нега и помош. И во двата случаја глава на домаќинството е жена. Ниту едно домаќинство не користело институционална социјална заштита.

Како најзастапена форма на детска заштита се јавува детскиот додаток, односно 29 испитаници истакнале дека користеле детски додаток, додека само три испитаници се изјаснил дека користеле посебен детски додаток.

*Графикон 17.*




*Графикон 18.*




Анализата покажува дека најголем дел од домаќинствата што не остваруваат право на парична помош од социјална заштита немале потреба за остварување на ова право (50,0%), а 28,3% од домаќинствата биле одбиени. Мал број од испитаните домаќинства наведуваат дека причини за некористење на правото е нивната неинформираност (6,5%), односно срамот од средината (4,35%). Истата тенденција се забележува и во однос на користењето на правата од детска заштита. Имено, процентот на испитаници кои немаат потреба од користење на ова право е 53,0%, а одбиени биле 22,7% од домаќинствата. Загрижува фактот што релативно висок број домаќинства (13,6%) не го остваруваат ова право поради неинформираност, 3,0% поради срам и 3,0% поради несредена документација. Во однос на користењето на формите на вонинституционална и институционална заштита, најголем дел од испитаниците немале потреба (62,2%), биле неинформирани (17,4%), биле одбиени (14,3%), немале комплетна документација (1%) и друго (5,0%).

### 6.5. Здравство и исхрана

Во најголем број од случаите (83%) испитаниците истакнале дека сите членови на семејството се здравствено осигурени. Загрижува фактот што во 8% од домаќинствата здравствено се осигурени дел од члановите, додека во 6% од домаќинствата не е осигурен ниту еден член од домаќинството. Анализата на податоците покажува дека 33,3% од домаќинствата што не се здравствено осигурени се земјоделски, 33,3% се работнички семејства, а по 16,7% се семејства каде што главата на домаќинството е пензионер и

домаќин/ка. Најголем број лица (83,3%) кои немаат здравствено осигурување се корисници на парична помош од социјална заштита.

*Графикон 19.*




Сите домаќинства во кои жената е глава на домаќинството се здравствено осигурени, додека во домаќинствата каде што маж е глава на домаќинството само во 6,7% никој не е осигурен, 8,9% се делумно здравствено осигурени. Од вкупниот број домаќинства, најголем дел (86%) во случај на болест користат јавни здравствени услуги (услуги на јавни здравствени установи и купуваат лекови од позитивната листа). Мал број (5%) од вкупниот број испитаници купуваат лекови што не се на позитивната листа, од нив 20% се земјоделски, 60% се работнички, 20% отпаѓаат на категоријата други. Во 6% од домаќинствата членовите се лекуваат приватно, од кои по една третина отпаѓаат на категоријата земјоделски домаќинства, работнички домаќинства и друго. Половина од домаќинствата што користат улуги на приватен лекар се корисници на парична помош од социјална заштита. Значајно е да се забележи дека 2% од испитаниците не посетуваат лекар и користат алтернативни начини на лекување, сите корисници на парична помош од социјална заштита.

### 6.6. Образование

Од вкупниот број домаќинства опфатени со истражувањето, 47 домаќинства имаат деца кои се на возраст од шест и повеќе години, односно деца кои се вклучени во образовниот процес. Од нив, 19 домаќинства имаат

едно дете кое посетува основно образование, 12 домаќинства имаат две деца кои посетуваат основно образование, 17 домаќинства имаат едно дете во средно образование, а три домаќинства две деца во средно образование, додека пет домаќинства имаат едно дете на факултет, а едно домаќинство две деца вклучени во високото образование.

*Графикон 20.*




*Графикон 21.*




Во ниедно од анкетираните домаќинства не е евидентирано дете кое е на школска возраст, а не е вклучено во редовните образовни процеси. Од вкупниот број домаќинства со деца на школска возраст, 24 домаќинства примаат парична помош од социјална заштита. Од нив, 16 домаќинства имаат деца во основно образование, десет домаќинства имаат деца во средно образование, а две домаќинства имаат деца на факултет. Дистрибуцијата на одговори во однос на занимањето на главата на домаќинството покажува дека деца вклучени во образовните процеси имаат 81,8% од земјоделските домаќинства, 61,8% од работничките домаќинства, 100,0% од домаќинствата каде што глава на домаќинството е службеник, 12,5% од домаќинствата каде што главата е пензионер и по 50% семејства на домаќин/ка и војска и полиција.

Во најголем број случаи (96,7%), домаќинствата со деца кои посетуваат основно образование живеат на оддалеченост од основното училиште помала од 1 км, додека само во еден случај се јавуваат домаќинства што се на оддалеченост поголема од 4 км. Анализата на податоците покажува дека сите деца вклучени во основно и во средно образование редовно ја посетуваат наставата.

Од вкупниот број домаќинства чии деца посетуваат основно училиште, осум користеле право на бесплатен превоз, од нив шест домаќинства се корисници на парична помош од социјална заштита, едно домаќинство користело право на бесплатна ужинка. Кај домаќинствата чии деца посетуваат средно училиште се среќаваат четири домаќинства штп користеле право на бесплатен превоз, од нив три домаќинства се корисници на социјална парична помош. Други форми за помош за образование не се користат од страна на домаќинствата. Од сите форми за помош на високо образование само едно домаќинство, кое не е корисник на парична помош од социјална заштита, користи стипендија.

### 6.7. Спорт, забава, култура

Испитаниците од општина Конче истакнале дека во нивното населено место има спортско игралиште (99), нишалки (95), кафе-бар (74), библиотека (57), ресторан (52), маркети (49) и интернет-кафе (39). Недостасуваат кина, театри и спортски обложувалници. Најголем дел од испитаниците (65 домаќинства) истакнале дека ниту еден член од нивното домаќинство не користи интернет. Во 31% од случаите на користење интернет, испитаниците користеле домашен компјутер, а само во два случаја користеле интернет од интернет-кафе.

## 7. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### 7.1. Заклучоци

| ОБЛАСТ | Потесно подрачје | СОСТОЈБА/ПРОБЛЕМИ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▸ Земјоделство (тутунопроизводство)<br>▸ Шумарство<br>▸ Сточарство |
| **2. Институционални капацитети** | *Образование:* | ▸ 1 ЦОУ<br>▸ 4 подрачни училишта до петто одделение<br>▸ Нема училиште за средно образование |
| | *Здравство:* | ▸ Слабо развиена мрежа на здравствени установи<br>▸ Две ординации со лекар по општа медицина и медицинска сестра, од кои едната работи само два пати неделно<br>▸ Нема специјалистички ординации<br>▸ Нема служба за брза помош<br>▸ Нема аптека |
| | *Социјала:* | ▸ Нема центар за социјална работа во Конче<br>▸ Правата од социјална заштита жителите на Конче ги реализираат во ЦСР во Радовиш<br>▸ Нема детска градинка<br>▸ Нема народна кујна<br>▸ Нема домови за стари лица<br>▸ Нема центри за дневно и за привремено згрижување<br>▸ Нема детска градинка |
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▸ Неразвиена мрежа на културни установи<br>▸ Нема дом на културата, нема кино, театар, музеј, библиотека<br>▸ Нема спортска сала, ниту спортски игралишта<br>▸ Неколку здруженија на граѓани<br>▸ Нема локални медиуми |
| | *Стопански субјекти:* | ▸ Мали трговски објекти, за линиски локален патен превоз и мал стопански капацитет за откуп и преработка на млеко |

| | | |
|---|---|---|
| **3. Социјални проблеми** | | ▸ Најизразени: невработеност и сиромаштија<br>▸ Една третина од жителите на возраст од 15 до 65 години се невработени. Од нив, 168 се жени<br>▸ Дистрибуцијата на невработеноста според возрасната структура покажува дека најголем дел од невработените се на возраст од 30 до 39 години<br>▸ Две третини (67,6%) од невработените се неквалификувана работна сила |
| | *Социјално ранливи групи население:* | ▸ Старите лица<br>▸ Инвалидните лица (за нив не постојат никакви социјални услуги во општината) |
| **5. Инфраструктурни проблеми** | | ▸ Сите населени места имаат асфалтиран пристап<br>▸ Во селата има неасфалтирани земјени патишта |
| | *Водовод:* | ▸ Во секое населено место има посебен систем за водоснабдување |
| | *Канализација:* | ▸ Канализациона мрежа има во четири најголеми села: Конче, Ракитец, Делино и Долни Митовиќ |
| **6. Еколошки проблеми** | | ▸ Проблемот со депонијата, која не е според еколошки критериуми<br>▸ Помали проблеми со ерозија на земјиште |
| **7. Меѓуинституционална соработка во општината** | | ▸ Добра соработка со централната власт и со НВО<br>▸ Развиена регионална соработка, посебно со околните општини Радовиш, Валандово и Штип<br>▸ Слаба е соработката со Центарот за социјална работа, која се остварува само во случај на потреба за конкретен случај. Нема соработка во однос на превенција од социјални проблеми и прашања за унапредување на социјалната состојба во општината<br>▸ Општината реализира соработка со граѓански здруженија, меѓутоа се потенцира слабиот капацитет и иницијативност на локалните НВО<br>▸ Одлична соработка со Центарот за вработување |
| **8. Социјална заштита** | *Од Општина:* | ▸ Нема посебно одделение за социјална заштита, туку надлежностите се реализираат од страна на Одделението за урбанизам, комунални работи, животна средина и локален економски развој<br>▸ Не е вработен социјален работник, но назначено е лице со работни задачи од социјалната сфера<br>▸ Изготвен е Стратегиски план за локален економски развој 2007-2011 за Конче и за Радовиш<br>▸ Усвоена е Програма за социјална заштита за населението во општина Конче за 2010<br>▸ Како форма на помош за социјално загрозеното население Општината доделува еднократна парична помош<br>▸ За оваа ставка се издвојуваат 150.000 денари, или 0,5 проценти од годишниот буџет на Општината |
| | *Од ЦСР:* | ▸ Корисници на СПП: 23 домаќинства<br>▸ Корисници на ППП: 17 семејства<br>▸ Еднократна парична помош во просек им се доделува на 20 корисници годишно<br>▸ Вонинституционална заштита: едно дете без родителска грижа сместено во згрижувачко семејство |

## 7.2. Препораки

| ОБЛАСТ | Потесно подрачје | ПРЕПОРАКИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ И ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▸ Општина Конче е чиста и еколошки здрава средина со ресурси и потенцијали за производство на здрава храна, а располага и со огромно шумско и водно богатство<br>▸ Општина Конче располага и со огромни резерви на мермер, глина и бакарна руда, со што претставува и потенцијал за развој на рударството |
| **2. Институционални капацитети** | *Образо-вание:* | ▸ Да се прошири мрежата на подрачни училишта<br>▸ Да се анализира можноста во дел од подрачните училишта наставата да се одвива до деветто одделение<br>▸ Да се отвори средно училиште |
| | *Здравство:* | ▸ Да се рашири мрежата на здравствени установи, пред сè, со ординации со матични лекари по општа медицина<br>▸ Да се реорганизира работата на ординациите за примарна здравствена заштита<br>▸ Да се отворат амбуланти во селските населби<br>▸ Да се формира служба за брза помош<br>▸ Да се стимулира отворање аптека и основни специјалистички ординации |
| | *Социјала:* | ▸ Да се збогати мрежата на социјални установи во општината<br>▸ Да се отвори центар за социјална работа или канцеларија на ЦСР од Радовиш<br>▸ Да се основаат домови за стари лица<br>▸ Да се отворат дневни центри за лица со пречки во развојот<br>▸ Да се отвори детска градинка |
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▸ Да се зајакне капацитетот на невладиниот сектор<br>▸ Да се создадат услови за задоволување на културните потреби<br>▸ Постепено да се започне со инвестиции за отворање кино, театар, музеј, библиотека<br>▸ Да се промовира медиумскиот развој во општината (отворање ТВ и радиостаница, печатен медиум) |
| | *Стопански субјекти:* | ▸ Да се стимулира развојот на мали и на средни бизниси<br>▸ Да се стимулира, преку даночни олеснувања и други субвенции, отворање поголеми индустриски капацитети |
| **3. Социјални проблеми** | | ▸ Да се промовираат форми за намалување на социјалната и на културната исклученост<br>▸ Да се промовираат програми за вработување на корисниците на социјална заштита<br>▸ Да се подобри таргетирањето на активните мерки кон долгорочно невработените и ефективноста во однос на вработувањето на корисниците на социјална заштита<br>▸ Да се реализираат превентивни програми за спречување на појавата на социјални проблеми поврзани со девијантно однесување<br>▸ Да се зајакне стручната советодавна и советувалишна работа со домаќинствата зафатени со овие категории проблеми<br>▸ Да се развиваат формите на дневно и привремено згрижување на лица со пречки во развојот<br>▸ Да се промовираат формите згрижувачко семејство и мал групен дом<br>▸ Да се отворат домови и центри за стари лица |

| | | |
|---|---|---|
| | *Социјално ранливи групи население:* | ▸ Да се збогати мрежата на социјални услуги за старите лица: да се анализираат можностите за отворање социјални услуги за помош во домашни услови, дневни центри, мали групни домови<br>▸ Да се промовираат форми за намалување на социјалната исклученост<br>▸ Да се отворат дневни центри за инвалидни лица (деца и возрасни)<br>▸ Да се разгледаат можностите за отворање сервиси за помош во домашни услови |
| **5. Инфраструктурни проблеми** | *Патишта:* | ▸ Да се подобри квалитетот на локалната патна инфраструктура (асфалтирање на локалните патишта) |
| | *Водовод:* | |
| | *Канализација:* | ▸ Да се воспостави канализација во сите населени места |
| **6. Еколошки проблеми** | | ▸ Да се реши проблемот со депонијата за цврст отпад и да се преземат мерки за намалување на последиците од ерозија на земјиштето |
| **7. Меѓуинституционална соработка во општината** | | ▸ Унапредување на соработката меѓу Општината, ЦСР и Центарот за вработување преку интензивирано и поефикасно имплементирање јавни работи, активни мерки за вработување корисници на социјална заштита, членство во заеднички тела, едукација за можностите и формите на нивна соработка во доменот на социјална заштита, како и практична имплементација на заеднички проекти<br>▸ Унапредување на соработката на Општината со невладиниот сектор преку нивно партнерско вклучување во реализација на програми од областа на социјалната заштита<br>▸ Иницирање заеднички проекти со приватниот сектор и развивање на социјалната одговорност на стопанските субјекти |
| **8. Социјална заштита** | *Од Општина:* | ▸ Зајакнување на Одделението за урбанизам, комунални работи, животна средина и локален економски развој, меѓу другото, и со вработување социјален работник<br>▸ Едукација на вработените во Одделението за можностите и формите за развивање на социјално-заштитните функции на општината<br>▸ Едукација за стратегиско планирање и изработка на програми од областа на социјалната заштита<br>▸ Проширување на формите на социјална заштита што ги реализира Општината (претежно финансиска помош) со нови форми на социјални услуги<br>▸ Зголемување на средствата што се издвојуваат од буџетот за социјална заштита и нивно ефективно користење<br>▸ Развивање локална мрежа на даватели на услуги на социјална заштита, делумно и преку промоција на јавно-приватно партнерство |
| | *Од ЦСР:* | ▸ Намалување на корисниците на социјална парична помош преку интензивирање на активностите за нивно вработување во соработка со Центарот за вработување<br>▸ Развивање на мрежата на институционална и вонинституционална заштита во општината<br>▸ Отворање народна кујна |



# ОПШТИНА НЕГОТИНО

## 1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО

Општината Неготино е лоцирана во централниот дел од Република Македонија, во областа на средното Повардарие. Му припаѓа на Вардарскиот регион, а како посебна природна средина му припаѓа на Тиквешко-вардарскиот регион. Го зафаќа источниот дел од Тиквешката Котлина, на двете страни од реката Вардар, а на југоисток се граничи со Демир Капија. Се граничи со општините: на север со општина Штип, на исток со Конче, на југ со Кавадарци, на запад со Росоман и на северозапад со Градско. Општина Неготино се наоѓа на просечна надморска височина од 150 метри. Територијата на општината Неготино зафаќа површина од 414 км$^2$. Општината, како дел од областа Тиквеш и Повардарие, е под влијание на медитеранската клима, која навлегува од југ, преку Демиркаписката Клисура, и на континенталната клима, која навлегува од север, преку Велешката Котлина.

Општина Неготино ја сочинуваат градот Неготино и селата: Брусник, Вешје, Војшанци, Горни Дисан, Долни Дисан, Дуброво, Јаношево, Калањево, Криволак, Курија, Липа, Пепелиште, Пештерница, Тимјаник, Тремник, Црвени Брегови, Џидимирци и Шеоба. Во општината има вкупно 7.240 домаќинства и 9.120 станбени единици.

Во општина Неготино, според последниот попис на населението во 2002 година, живеат 19.212 жители, што претставува 0,95% од вкупното население на Република Македонија. Густината на населеноста изнесува 46,5 жители на км$^2$. Од вкупниот број жители, околу 13.500 живеат во градот Неготино, кој е административно седиште на општината. Бројот на населението во другите населени (рурални) места е следен: Тимјаник - 1.155 жители, Пепелиште - 1.074, Долни Дисан - 930, Криволак - 1.021, Тремник - 829, Војшанци - 443, Курија - 216, Црвени Брегови - 173, Вешје - 45, Дуброво - 49, Горни Дисан - 11, Пештерница - 3, Липа - 2 и Брусник - 3 жители. Селата Јаношево, Калањево, Џидимирци и Шеоба се целосно раселени. Споредбените податоци од пописот извршен во 1994 година и пописот од 2002 година покажуваат дека бројот на населението во рамките на сегашната општина Неготино се зголемил за 871 жител или процентуално изразено за 4,75%. На ниво на Република Македонија зголемувањето на бројот на жители изнесува 3,9%. Стапката на пораст на ниво на целата општина изнесува 0,5. Природниот прираст во општина Неготино изнесува 783, додека стапката на морталитет изнесува 0,5 (на 1.000 жители). Миграционото салдо е 88. Според пописот од 1994 година, просечната возраст на населението на општина Неготино била 32,7 години со индекс на стареење од 0,35, додека според податоците од пописот од 2002 година, просечната возраст на населението на општината изнесува 35,7 години, со индекс на стареење од 0,524. Во однос на половата структура на населението, 50,89% од жителите се од машки пол (9.777), а 49,11% се од женски пол (9.435). Етничката структура на населението во општина Неготино е следна: Македонци 92,48%, Албанци 0,16%, Турци 1,26%, Роми 2,36%, Власи 0,07%, Срби 3,26%, Бошњаци 0,01%, останати 0,40%. Во однос на структурата на населението според

возраста, во општина Неготино 27,6% од населението е на возраст до девет години, 57,9% е на возраст од 20 до 60 и 14,5% од населението е на возраст над 60 години.

Во општина Неготино, вкупниот број жители на возраст од повеќе од 10 години изнесува 16.906, од кои 16.401 жител се писмени, додека 505 жители се неписмени или процентуално 2,99% (на ниво на Република Македонија изнесува 3,62%). Неписменоста е повеќе изразена кај жителите од женски пол, која изнесува 4,47% (на ниво на Република Македонија изнесува 5,53%), а кај жителите од машки пол изнесува 0,75% (на ниво на Република Македонија изнесува 1,71%).

Кога станува збор за природните ресурси со кои располага општина Неготино, од рудни богатства на територијата на општината има наоѓалиште на јаглен на површина од 60 км$^2$. Меѓу неорганските ресурси со кои располага општината се каменот, песокот, глината и тресетот, кои доста често се експлоатираат на неорганизиран и стихиен начин.

Позначајни површински водотеци во општина Неготино се: Војшаничка, Тимјаничка Река, Курјачка Река, реките Дошница, Бошавица и Вардар, која поминува низ општината Неготино. Во општината Неготино риболовни места се реките Вардар и Дошница, кои располагаат со рибен фонд од следниве видови риба: сом, крап, мрена, клен и белвица.

Од животинскиот свет може да се сретнат: дивата свиња, дивиот зајак, срната, волкот, лисицата, еребицата, дивата пајка и други помалку застапени видови. Во општина Неготино постојат пет ловишта и едно ловно друштво. Најчесто во општината се ловат следниве видови дивеч: див зајак, еребица, гулаб-гривнаш, дива свиња и лисица.

Покрај реката Вардар се застапени врбата, тополите и некои видови грмушки, додека на повисоките места се сретнуваат дабот, буката, габерот и јасенот. Шумските производи што се добиваат од дрвото, како што се смола, лико, плута, плодови, семе, лист, мов и друго, како и другите шумски производи: лековити и индустриски растенија, шумски плодови, габи, трева, се користат, односно се собираат на неконтролиран и доста стихиен начин.

Во општина Неготино се наоѓаат и повеќе излетнички места.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ

**Образование:** Во општина Неготино има две основни училишта. Во ОУ „Гоце Делчев“ наставата ја следат вкупно 1.079 ученици распоредени во 55 паралелки, од кои 878 ученици се во матичното училиште во градот Неготино распоредени во 35 паралелки. Останатите паралелки се распоредени во подрачните училишта во населените места Курија, Тремник, Тимјаник и Долни Дисан. Во ОУ „Страшо Пинџур“ наставата ја следат 907 ученици, од кои во централното училиште, кое се наоѓа во градот Неготино, наставата ја следат 736 ученици распоредени во 30 паралелки. Училиштето има и четири

подрачни училишта во населените места Црвени Брегови, Војшанци, Криволак и Пепелиште.

Во општината има едно средно училиште - СОУ „Кирил и Методиј“ со гимназиско образование, прехранбено-технолошка и електрострука, лоцирано во градот Неготино.

**Здравство:** Примарната здравствена заштита во општина Неготино се остварува во ЈЗУ Здравствен дом – Неготино, кој е ситуиран во градот Неготино, и во рамките на шест здравствени пунктови. Секундарната здравствена заштита се реализира во рамките на Медицинскиот центар и пет општи медицински болници. Во општина Неготино има 11 приватни амбуланти и една приватна специјалистичка клиника. Во општина Неготино има четири активни аптеки.

**Социјални установи:** Во рамките на општината Неготино функционира една јавна установа за предучилишно воспитание и образование за деца. Приватна детска градинка нема. Во општината постои само еден приватен старски дом.

**Културни установи:** Во општина Неготино има еден културен дом - НУ Центар за култура „Ацо Ѓорчев“, лоциран во градот Неготино. Објектот на Центарот за култура „Ацо Ѓорчев“ - Неготино е зграда со површина од 1.200 $м^2$, предаден во употреба во 1948 година како Дом на културата – Неготино, кој претставува центар на уметноста, музиката и целокупното културно живеење на граѓаните од Неготино. Во општината има и една киносала и една театарска сала, кои се во состав на Домот „Ацо Ѓорчев“. Во општината има една библиотека - ЛУ Библиотека „Страшо Пинџур“ во градот Неготино. Во општина Неготино постои еден Музеј на град Неготино, лоциран во градот Неготино.

**Спортски објекти:** Општина Неготино располага со една спортска сала и со две спортски игралишта.

**Медиуми:** Во општина Неготино има две локални радија. Нема локална телевизија, ниту печат. Општината за своите активности информира преку Инфобилтен на општина Неготино, четири пати во годината.

**Граѓански организации:** На територијата на општина Неготино се регистрирани вкупно 60 здруженија на граѓани и 26 спортски клуба.

**Стопански субјекти:** На територијата на општина Неготино е особено развиено земјоделството (агробизнис, шумарство), со особен акцент на лозарството. Од производствената дејност посебно се истакнуваат прехранбената индустрија, текстилната индустрија и градежништвото. Значаен потенцијал за развој во рамките на општината имаат лозарството, пред сѐ преку отворање нови винарски визби, и алтернативниот туризам.

## 3. ДОМИНАНТНИ ПРОБЛЕМИ ВО ОПШТИНАТА

**Социјални проблеми:** Доминантни социјални проблеми во општината се социјалната исклученост и невработеноста. Од вкупниот број активно население, 4.865 жители се вработени, додека 3.302 жители се невработени. Од вкупниот број вработени, 64,6% се мажи, а 35,4% се жени, додека од невработените, 55,5% се мажи, а 44,5% се жени, податоци добиени од Центарот за вработување - Неготино од 31.10.2010 година. Во структурата на невработените лица, најбројни се невработените неквалификувани и полуквалификувани лица (41,2%), кои поради недоволните квалификации со кои располагаат и долгогодишното отсуство од пазарот на трудот тешко се вклучуваат како активни баратели на работа на пазарот на трудот. Исто така, и невработените лица  со завршено средно образование имаат релативно високо учество во бројот на евидентирани невработени лица во општина Неготино (32,0%). Од невработените лица, квалификувани се 617 лица (18,7%), притоа со вишо образование се 67 лица (2,0%), а 201 лице (6,1%) од евидентираните невработени лица се со високо образование. Во однос на возраста, структурата на евидентираните невработени лица е следна: 856 лица (25,9%) се на возраст до 29 години, 675 лица (20,4%) се на возраст од 30 до 39 години, 700 лица (21,2%) се на возраст од 40 до 49 години и 1.071  лице (32,5%) се на возраст над 50 години.

Во однос на проблемот на социјална исклученост, во општина Неготино особено се истакнува социјалната исклученост на ромската популација, односно нискиот степен на образование на Ромите, како и социјалната исклученост на старите лица во општината. Воедно, тука се наведува е проблемот на непристапност до јавни институции за хендикепираните лица.

Меѓу најзагрозените групи население во општина Неготино се вбројуваат Ромите, старите лица, социјалните случаи и децата од руралните населени места.

**Инфраструктурни проблеми:** Еден од најзначаните инфраструктурни проблеми со кои се соочува општина Неготино е недоволната урбанизираност на руралните средини.

Водоснабдување има во целата општина. Канализациона мрежа нема во Тремник и Црвени Брегови.

Постои комуникациска поврзаност низ целата територија на општина Неготино. Вкупната должина на постојната градска мрежа во градот Неготино изнесува 25 км, а вкупната површина 17,5 ха. Во општина Неготино има 51 км локални патишта. Низ територијата на општина Неготино поминува автопатот М-1 и регионалниот пат Р-107. Во општината нема организиран јавен градски превоз.

**Еколошки проблеми:** меѓу најзначајните еколошки проблеми со кои се соочуваат општина Неготино и нејзините жители се недостигот од вода, како и недостигот од депонија во општината.

## 4. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

**Општинска администрација:** Во рамките на општинската администрација нема посебно одделение за социјална заштита, туку надлежностите се реализираат од страна на Одделението за јавни дејности, каде што е вработен еден социјален работник.

Општината има Акционен план за социјална заштита подготвен во 2006 година. Има Стратегија за локален развој за периодот 2007 – 2012 година, која е базирана на МРЦ. Во годишните програми планирањето на социјалниот развој во општината е составен дел од програмата за јавни дејности.

Соработката со граѓаните се реализрира најчесто преку известување за активностите преку информативен билтен, веб-страница и преку медиумите. Исто така, за подобра соработка со граѓаните на општина Неготино, тие еднаш неделно имаат прием кај градоначалникот.

Општина Неготино има остварено добра соработка со Општина Демир Капија, особено преку спроведување заеднички проекти за животна средина, со Општина Кавадарци за формирање заеднички комисии за земјоделство и за лозарство, а воедно и за заедничко аплицирање на проекти за алтернативен туризам.

Како форма на помош за социјално загрозеното население Општината доделува еднократна парична помош, за чие доделување надлежност има Советот на Општината. Воедно, Општината организаира разни превентивни трибини, едукација, игротеки за деца од социјално загрозени семејства од руралните средини (кои моментално не функционираат, бидејќи не се самоодржливи и затоа претходното раководство не донело одлука за нивно продолжување). Општината му дава поддршка на Дневниот центар за лица со посебни потреби „Порака“.

Од годишниот буџет на Општината, 600.000 денари се издвојуваат за социјални трансфери.

**Центар за социјална работа:** Центарот за социјална работа во општина Неготино е надлежен да постапува за подрачјето на две општини: Неготино и Демир Капија. Бројот на вработени во Центарот за социјална работа е 15, од кои три социјални работници, еден педагог, еден психолог, еден правник, еден дефектолог, еден социолог, еден економист, три административни работници и помошен персонал.

Центарот за социјална работа располага со две возила, од кои едното се користи за реализирање на теренската работа. Центарот располага со две згради (една народна кујна).

Како најпроблематична група корисници за работа се посочени лицата со психички растројства.

Во општината има недостиг на социјални услуги, како што се советувалиште за бракоразвод, едукативни центри за превентивна работа со малолетни лица, а особено за работа со деца од семејства со социјални проблеми.

Центарот реализира соработка со граѓански здруженија најчесто преку давање поддршка и размена на податоци. Од верските организации, Центарот има остварено соработка со хуманитарната организација на Евангелската црква „Агапе“.

Меѓу најзначајните проблеми за функционирање на Центарот за социјална работа се издвојуваат недостигот од финансиски средства за гориво за возилата, потребно за реализирање на теренската работа.

**Број и структура на корисници на мерки и услуги на социјална заштита:** Анализата на структурата на корисници на парична помош од социјална заштита на територијата на општина Неготино, според податоците за септември 2010 година, укажува на 485 корисници на социјална парична помош, 96 корисници на постојана парична помош и 362 корисници на помош и нега од друго лице. Регистрирани се четири корисници на еднократна парична помош. Во рамките на народната кујна, како корисници се евидентирани 42 домаќинства, со вкупно 80 оброци.

Правото на парична помош од социјална заштита најчесто не се остварува како резултат на вработеност и остварување приходи од обработка на земјоделско земјиште. Исто така, во рамките на фокус-групата беше истакнат проблемот со стопирањето на исплатата на еднократната парична помош. *„Повеќе не ни исплаќаат еднократна помош, оперирана сум и од каде да најдам пари за да појдам на контрола во Скопје... Докторката може само 'дијазапам' да ми препише, бидејќи само тој лек можам да си го купам, ама мојата болест не се лекува со дијазапами...“*

Од формите на вонинституционална заштита, на територијата на општина Неготино функционира Дневен центар за лица со пречки во развојот и една народна кујна.

## 5. СОРАБОТКА НА ОПШТИНАТА СО ЛОКАЛНИТЕ АКТЕРИ

Општина Неготино генерално има остварено соработка со ЗЕЛС, која претежно се заснова на соработка на заеднички обуки и слично.

Во однос на соработката на Општината со Центарот за социјална работа, таа најчесто се остварува преку размена на информации, заеднички едукации и обуки.

Општината соработува со Агенцијата за вработување претежно преку размена на информации и податоци. Соработката на Општината со невладините организации се остварува преку аплицирање и реализација на заеднички проекти, подготовка на стратегиски документи и сл. Со приватниот сектор Општината единствено соработува при организирање заеднички манифестации. Општината соработува со централната власт преку дописи од министерствата, преку размена на податоци и реализирање обуки.

Соработката со верските организации, односно со организацијата на Православната црква, Општината ја реализира по повод манифестацијата „Свети Трифун“.

# 6. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА ВО ОПШТИНА НЕГОТИНО

## 6.1. Општи податоци за домаќинствата

Во општината Неготино беа анкетирани 100 домаќинства, од кои 70 беа од урбана средина, а 30 од рурална средина. Повеќе од половината домаќинства се неземјоделски (52%), а од останатите, 27% се мешовити и 21% се земјоделски домаќинства. Во однос на националната припадност, 96% од домаќинствата се од македонска националност, а само 2% од ромска, од кои сите се неземјоделски домаќинства, и 1% од турска националност, од кои сите се мешовити домаќинства.

*Графикон 1.*




*Графикон 2.*




Кај повеќето главата на домаќинството е работник (36%) и домаќин/ка (18%). Потоа следуваат домаќинствата каде што главата на домаќинството е пензионер (8%), земјоделец (7%), невработен (6%), службеник (5%), вработен во војска или полиција (5%) и во сосема мал дел раководител (2%), стручњак, ученик или студент и технолошки вишок (со по 1% застапеност во домаќинствата). Во 71% од домаќинствата главата на домаќинството е лице од машки пол. Во 65% од домаќинствата главата на домаќинството е во брачна заедница, а во 25% не е во брак.

Во однос на бројот на членовите на домаќинството, во 31% од нив има по четворица членови, во 21% по тројца, во 20% по петмина (од кои едно домаќинство е од ромска националност, а останатите од македонска), а во 16% има по двајца членови. Во 6% од домаќинствата има по шест члена, од кои едно домаќинство е од ромска националност, а останатите од македонска. Едно од домаќинствата е осумчлено и е од турска националност, а едно домаќинство е десетчлено и е од македонска националност.

Во најголем дел од домаќинствата главата на домаќинството е со завршено средно стручно образование (43%), а потоа следуват оние со средно гимназиско образование (25%), со основно образование (14%), со вишо образование (8%) и со нецелосно основно образование (4%). Само

мал дел од испитаниците се со високо образование, односно 5%, а 1% се без образование. Речиси сите од испитаниците се писмени (99%).

*Графикон 3.*




Половина од домаќинствата што беа анкетирани се корисници на парична помош од социјална заштита.

### 6.2. Вработување

Во 41% од домаќинствата има по еден вработен член, во 15% по двајца, во 4% по тројца, а во 1% од домаќинствата има по четворица вработени. Во домаќинствата од ромска и од турска националност нема вработени членови.

Во 54% од домаќинствата има вработени членови од машки пол, а во само 28% вработени членови од женски пол. Додека во однос на невработеноста, во 49% од домаќинствата се лица од женски пол, а во 45% се лица од машки.

*Графикон 4.*




*Графикон 5.*



Пензионери има во 26% од домаќинствата, од кои во 13% се од машки пол, а во 18% од женски пол. Во 56% од домаќинствата има ученици или студенти, притоа во 42% од домаќинствата има ученици, односно студенти од женски пол, а во 32% од машки. Во 20% од домаќинствата има домаќини/ки, од кои во 20% се од женски пол, а само во 2% се од машки пол. Самовработени лица има во 5% од домаќинствата, технолошки вишок во 2% (сите од машки пол), а работодавци во само 1% од домаќинствата (сите од машки пол).

### 6.3. Животен стандард

Анализата на приходите укажува дека 64% од домаќинствата примиле приходи од редовен работен однос во последните 12 месеци. Од домаќинствата, 44% оствариле приход од земјоделство, 26% од пензии, а 22% од сезонска работа. Потоа следуваат домаќинствата што оствариле приход од социјална заштита (12%), во кои се вбројуваат и сите домаќинства од ромска националност. Приходи од помош од роднини примиле 5% од домаќинствата, а примања од странство имале 4% од домаќинствата.

*Графикон 6.*




Во однос на сумата на приходите што ги остварило домаќинството во последниот месец, најголем дел од домаќинствата, односно 23%, имаат остварено приход од 5.001 до 10.000 денари, од кои сите се од македонска националност. Потоа следуваат домаќинствата што оствариле приход до 5.000 денари (19% од домаќинствата), во кои спаѓаат и сите домаќинства од ромска и од турска националност што живеат во општината. Интересен е податокот што голем дел од домаќинствата имале приход од над 18.001 денар. Имено, 13% од домаќинствата оствариле приход од 18.001 до 23.000 денари, 11% приход од 23.001 до 30.000 денари, а 12% оствариле приход над 30.001 денар.

*Графикон 7.*




Во 16% од домаќинствата не се консумира топол оброк со месо. Од домаќинствата во кои се консумира топол оброк со месо доминираат оние во кои се готви три пати неделно (22%). Потоа следуваат домаќинствата во кои се готви топол оброк со месо два пати неделно (17%), четири пати неделно (13%), еднаш неделно (12%), секој ден (9%) и пет пати неделно (8%).

Домаќинствата од турска националност изјавиле дека консумираат топол оброк со месо четири пати неделно. Загрижувачки е податокот што домаќинствата од ромска националност изјавиле дека не консумираат топол оброк со месо ниту еднаш во неделата.

Од корисниците на парична помош од социјална заштита, 15% изјавиле дека не консумираат топол оброк со месо ниту еднаш неделно. Два пати во неделата консумираат 12% од корисниците , 8% само еднаш неделно, а 5% четири пати. Само 3% од корисниците на парична помош од социјална заштита консумираат топол оброк со месо секој ден во неделата.

*Графикон 8.*



Во домаќинствата во кои главата е маж најчесто се консумира топол оброк со месо два пати (19,7%) и три пати неделно (19,7%), додека во домаќинствата во кои жена е глава топол оброк најчесто се консумира три пати неделно (27,6%) и еднаш неделно (17,2%). Од домаќинствата во кои не се консумира топол оброк со месо, 75% се оние во кои главата на домаќинството е од машки пол. Меѓу домаќинствата во кои ниту еднаш во неделата не се консумира топол оброк со месо најзастапени се оние каде што главата е домаќин/ка со 43,8%, потоа следуваат земјоделските, работничките и домаќинствата каде што главата е невработено лице со по 12,5% застапеност. Во домаќинствата во кои секојдневно се консумира топол оброк најбројни се оние каде што главата е работник (55,6%).

*Графикон 9.*




Најголем дел од домаќинствата имаат недостиг од пари за покривање на режиските трошоци - домување, вода, електрика, гориво (75%) и за облека и обувки (72%). Дел од испитаниците истакнале дека им недостасуваат пари за покуќнина и мебел (56%), за храна и безалкохолни пијалаци (52%) и за хигиенски и здравствени потреби (49%). Потоа следуваат потребите за сообраќај - транспорт, автомобил (32%) и за комуникации - телефон, интернет (22%). Овде е интересно тоа што во 22% од домаќинствата се истакнува недостиг од пари за алкохолни пијалаци и тутун. Во 18% од домаќинствата се истакнува недостиг од пари за образование и во 11% за култура и рекреација. Од домаќинствата, 55% поседуваат компјутер, а 26% не можат да си го дозволат, додека 47% поседуваат автомобил, а 43% од домаќинствата не можат да си го дозволат. Половина од домаќинствата истакнале дека имаат недостиг од зимска облека и обувки.

*Графикон 10.*




*Графикон 11.*




Кога станува збор за живеалиштето на домаќинството, најголем дел изјавиле дека живеат во стан со повеќе од четири соби (33%), како и во четирисобен стан (29%). Во трособен стан живеат 19% од домаќинствата, во двособен 16%, а најмал дел, односно 2%, живеат во еднособен стан. Домаќинствата од ромска националност живеат во двособен стан, додека домаќинствата од турска националност во четирисобен стан.

Од корисниците на парична помош од социјална заштита, најголем дел од домаќинствата живеат во четирисобен стан (32%). Во стан со повеќе од четири соби живеат 26% од домаќинствата, во двособен 22%, во трособен 16%, а најмал дел од корисниците, односно 4%, живеат во еднособен стан.

*Графикон 12.*




Најголем дел од домаќинствата во домот користат греење со печка на цврсти горива (87%), од кои најголем дел се корисниците на парична помош

од социјална заштита (55,2%). Само 5% од домаќинствата користат сопствено парно греење, од кои ниту едно домаќинство не е корисник на парична помош од социјална заштита. Најголем дел од домаќинствата (47%) загреваат само по една соба во домот, од кои 70,2% се корисници на парична помош од социјална заштита.

### 6.4. Социјални проблеми и социјална заштита

Во социјалните проблеми со кои најчесто се соочуваат домаќинствата се вбројуваат невработеноста во 67% и сиромаштијата во 53% од домаќинствата. Бракоразводите како социјален проблем се истакнати во 13% од домаќинствата, конфликтните семејни односи во 12% и болестите, исто така, во 12% од домаќинствата. Само 3% од домаќинствата како проблем ја истакнале инвалидноста. Дел од домаќинствата ги истакнале и проблемите поврзани со природните еколошки процеси, односно сушите (10%) и поплавите (9%). Девијантното однесување е истакнато како проблем од страна на неколку домаќинства, и тоа кај 4% е истакнато коцкањето, кај 4% скитањето на возрасни, кај 3% алкохолизмот, кај 1% наркоманијата, односно проституцијата.

*Графикон 13.*




Ниту едно од домаќинствата нема користено некоја од мерките на институционална заштита. Само едно домаќинство има користено некоја од мерките на вонинституционална заштита, и тоа стручна помош на семејството, а станува збор за домаќинство во кое главата е разведен/а. На прашањето зошто не користеле ниту една од мерките на вонинституционална и институционална заштита, 74,7% од домаќинствата изјавиле дека немале потреба, во кои спаѓаат сите домаќинства од турска националност. Дел од домаќинствата не ги користеле овие мерки на заштита поради неинформираност (12,1%), дел биле одбиени (8,1%), а дел немале комплетна

документација (4%). Во однос на користењето парична помош од социјална заштита, 54% од домаќинствата користат или користеле социјална парична помош, во кои, покрај македонските, се вбројуваат и сите домаќинства од ромска и од турска националност. Евидентирано е само едно домаќинство што користело паричен надомест за помош и нега од друго лице и едно домаќинство што користело парична помош на лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа. Поголем дел од корисниците се домаќинства во кои главата на домаќинството е во брачна заедница (64%). Половина од домаќинствата што се корисници на парична помош од социјална заштита се неземјоделски (50%), додека 32% се земјоделски, а 18% се мешовити домаќинства.

*Графикон 14.*




*Графикон 15.*




Поголем дел од домаќинствата изјавиле дека немале потреба од користење парична помош од социјална заштита (36%), а само мал дел изјавиле дека биле одбиени (5%), не биле информирани (3%), немале комплетна документација (1%) или поради срам (1%).

*Графикон 16.*




*Графикон 17.*



Кога станува збор за користење на формите на детска заштита, 28% од домаќинствата користеле детски додаток и 13% користеле еднократна парична помош за новороденче, меѓу кои спаѓаат и сите домаќинства од турска националност. Само 2% од домаќинствата користеле посебен детски додаток, а 1% родителски додаток за дете. Притоа, од домаќинствата што не користеле некоја од формите на детска заштита, 34% изјавиле дека немале потреба, 12% изјавиле дека не користеле поради неинформираност, 9% биле одбиени, а 5% немале комплетна документација. Во однос на дистибуцијата на користење на формите на детска заштита во однос на брачниот статус на главата на семејството, најголем дел од корисниците на детски додаток и еднократна парична помош за новороденче се во брак, додека корисниците на родителски додаток се разведени.

Сите домаќинства од ромска националност изјавиле дека не користеле ниту една од мерките на вонинституционална и институционална заштита, како и на детска заштита поради некомплетна или несредена документација.

Само едно домаќинство изјавило дека досега добило некаков вид парична или помош во натура од страна на приватни лица.

### 6.5. Здравство и исхрана

Во поглед на здравственото осигурување, најголем дел од домаќинствата изјавиле дека сите членови се осигурени (90%), од кои половината се корисници на парична помош од социјална заштита. Од домаќинствата, 8% изјавиле дека само дел од нивните членови се здравствено осигурени, додека 2% изјавиле дека ниту еден член на домаќинството не е осигурен, од кои половина се корисници на парична помош од социјална заштита. Во домаќинствата од турска и од ромска националност се осигурени сите членови на домаќинството.

*Графикон 18.*




*Графикон 19.*




Најголем дел од домаќинствата, односно 90%, изјавиле дека одат на јавен лекар и купуваат лекови на рецепт, од кои половината се домаќинства што се корисници на парична помош од социјална заштита. Од домаќинствата,

5% изјавиле дека одат на јавен лекар, а купуваат лекови приватно (од кои три домаќинства се корисници на парична помош од социјална заштита, а две не се). Мал дел, односно 3%, изјавиле дека не одат на лекар и користат алтернативни начини на лекување, од кои две се домаќинства што се корисници на парична помош од социјална заштита, а едно не е корисник. Само едно домаќинство изјавило дека се лекува кај приватен лекар, притоа главата на домаќинството е од женски пол со занимање службеник.

Домаќинствата од турска и од ромска националност ги користат јавните здравствени услуги.

Што се однесува на близината на здравствените домови до живеалиштата на домаќинствата, 80% изјавиле дека најблискиот здравствен дом се наоѓа на оддалеченост не повеќе од 15 минути. Кај 10% од домаќинствата далечината до најблискиот здравствен дом е од 16 до 30 минути, а кај 2% од домаќинствата е повеќе од 30 минути. Од домаќинствата, 8% изјавиле дека не постои здравствен дом во нивното населено место.

### 6.6. Образование

Во 47% од домаќинствата има деца кои се на возраст од шест и повеќе години, односно деца кои се вклучени во образовниот процес, од кои 91,5% се од македонска, 4,3% од ромска и 2,1% од турска националност.

Во 19% од домаќинствата има по едно дете, во 6% има по две деца, а во 3% по три деца кои посетуваат основно образование. Во 11% од домаќинствата има по едно дете, а во 3% има по две деца кои посетуваат средно училиште. Само во 11% од домаќинствата има по едно дете кое посетува високо образование, а во 4% по две деца. Во ниту едно од анкетираните домаќинства нема деца кои се на училишна возраст, а не посетуваат основно или средно образование.

*Графикон 20.*



Од домаќинствата кои имаат деца кои посетуваат основно образование, 25 домаќинства живеат на оддалеченост од основното училиште помала од 1 км, додека пет домаќинства живеат на оддалеченост од 1.01 до 2 км, а само едно домаќинство живее на оддалеченост од 2.01 до 4 км од училиштето.

Од вкупниот број домаќинства со деца на школска возраст, 48,9% се корисници на парична помош од социјална заштита. Од нив, 29 домаќинства имаат деца во основно образование и пет домаќинства имаат деца во средно образование. Само во три од домаќинствата што се корисници на парична помош од социјална заштита има деца вклучени во високо образование.

Домаќинствата со деца кои посетуваат основно образование од форми на помош за образование, четири домаќинства користеле бесплатен превоз, од кои три домаќинства се корисници на парична помош од социјална заштита. Само едно домаќинство од ромска националност и корисник на парична помош од социјална заштита користело бесплатна ужинка.

Кај домаќинствата со деца кои посетуваат средно образование единствено користеле бесплатен превоз две од домаќинствата, од кои едно домаќинство е корисник на парична помош од социјална заштита. Кај домаќинствата со деца кои посетуваат високо образование само едно користело стипендија и притоа станува збор за домаќинство кое не е корисник на парична помош од социјална заштита.

Добиените податоци покажуваат дека децата вклучени во основно и во средно образование редовно ја посетуваат наставата. Притоа, не се евидентирани случаи на деца во домаќинството кои нередовно посетуваат основно или средно образование ниту, пак, деца кои престанале да одат на училиште.

Во однос на занимањето на главата на домаќинството, анализата покажа дека од вкупниот број домаќинства во кои има деца на школска возраст, во најголем дел главата на домаќинството е работник (27,7%) и домаќин/ка (21,3%). Потоа следуваат домаќинства каде што главата е земјоделец (10,6%), пензионер и лице вработено во војска или полиција (по 6,4%%), службеник (4,3%), невработен, технолошки вишок, ученик/студент и раководител (по 2,1%).

### 6.7. Спорт, забава, култура

Од вкупниот број испитаници, најголем дел изјавиле дека во нивното населено место има интернет-кафе (96%), спортски обложувалници (93%), нишалки (92%), библиотеки (89%), кафе-барови (74%), маркети (72%), ресторани (72%), театар (72%) и киносала (71%). Сите испитаници изјавиле дека во нивното населено место има спортски игралишта. Што се однесува до употребата на интернет, најголем дел од испитаниците изјавиле дека користат интернет од домашниот компјутер (46%). Мал дел од испитаниците користат интернет од интернет-кафе (10%) и од работното место (2%). Особено значаен е податокот што голем дел од испитаниците воопшто не користат интернет (42%).

# 7. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 7.1. Заклучоци

| Област | Потесно подрачје | СОСТОЈБА/ПРОБЛЕМИ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▶ Земјоделство (лозарство)<br>▶ Текстилна индустрија |
| **2. Институционални капацитети** | *Образование:* | ▶ 2 централни основни училишта<br>▶ 8 подрачни основни училишта<br>▶ 1 средно училиште со гимназиско образование, прехранбено-технолошка и електрострука |
| | *Здравство:* | ▶ Примарна здравствена заштита: 1 здравствен дом, 6 здравствени пунктови<br>▶ Секундарна здравствена заштита: 1 медицински центар и 5 општи медицински болници<br>▶ 11 приватни амбуланти, 1 приватна специјалистичка клиника<br>▶ 4 аптеки |
| | *Социјала:* | ▶ 1 народна кујна<br>▶ 1 јавна детска градинка<br>▶ 1 приватен дом за стари лица |
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▶ 1 спортска сала, 2 спортски игралишта<br>▶ 60 здруженија на граѓани<br>▶ 26 спортски клуба<br>▶ 1 дом на културата, 1 кино, 1 театар, 1 библиотека, 1 музеј<br>▶ 2 локални радија |
| | *Стопански субјекти:* | |
| **3. Социјални проблеми** | | ▶ Најизразени: невработеност и сиромаштија (стапката на невработеност е 36,2%, а стапката на вработеност 44,4%)<br>▶ 3.302 невработени лица (1.471 жена и 1.831 маж)<br>▶ 41,2% од невработените се неквалификувани и полуквалификувани лица<br>▶ Социјална исклученост на ромската популација, пред сè, поради нискиот степен на образование<br>▶ Социјална исклученост на старите лица<br>▶ Непристапност до јавни институции за хендикепирани лица |
| | *Социјално ранливи групи население:* | ▶ Старите лица<br>▶ Ромите<br>▶ Децата од руралните средини<br>▶ Социјалните случаи |
| **5. Инфраструктурни проблеми** | *Патишта:* | ▶ Добра регионална поврзаност<br>▶ Недоволна урбанизираност на руралните средини |
| | *Водовод:* | ▶ Има водовод |
| | *Канализација:* | ▶ Канализација нема само во 2 населени места |

| | | |
|---|---|---|
| **6. Еколошки проблеми** | | ▶ Недостиг од вода<br>▶ Недостиг од депонии |
| **7. Меѓуинститу-ционална соработка во општината** | | ▶ Недоволно развиена соработка меѓу Општината, ЗЕЛС и централната власт<br>▶ Добра соработка меѓу Општината и НВО<br>▶ Добра соработка меѓу Општината и граѓаните<br>▶ Развиена соработка со соседните општини Демир Капија и Кавадарци<br>▶ Слаба соработка помеѓу Општината, ЦСР и Центарот за вработување<br>▶ Слаба соработка со приватниот сектор |
| **8. Социјална заштита** | *Од општина:* | ▶ Нема посебно одделение за социјална заштита, надлежностите се реализираат од страна на Одделението за јавни дејности<br>▶ Има еден вработен социјален работник<br>▶ Општината има усвоено Акционен план за социјална заштита во 2006 година и Стратегија за локален развој за периодот 2007-2012 година. Планирањето на социјалниот развој во општината е составен дел од Програмата за јавни дејности<br>▶ Општината издвојува 600.000 денари за социјални трансфери |
| | *Од ЦСР:* | ▶ Корисници на СПП: 485<br>▶ Корисници на ППП: 96<br>▶ Корисници на помош и нега од друго лице: 362<br>▶ Корисници на еднократна парична помош: 4<br>▶ Вонинституционална заштита: еден дневен центар за лица со пречки во развојот и една народна кујна |

## 7.2. Препораки

| Област | Потесно подрачје | ПРЕПОРАКИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ И ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▶ Потенцијалите за развој на општината треба да се лоцираат во земјоделството, односно лозарството, а во тој дел и воотворање нови винарски визби и развивање на алтернативниот туризам, искористување на природните суровини со кои е богата општината (јаглен, песок, глина, камен) |
| **2. Институционални капацитети** | *Образование:* | ▶ Подобрување на постојните образовни капацитети |
| | *Здравство:* | ▶ / |
| | *Социјала:* | ▶ Да се зогати мрежата на социјални установи во општината |
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▶ Да се промовираат развојот и активноста на невладиниот сектор<br>▶ Да се изградат повеќе спортски терени и детски игралишта<br>▶ Да се стимулира развојот на медиумите во општината |
| | *Стопански субјекти:* | ▶ Да се промовира развојот на поголеми стопански субјекти |

| | | |
|---|---|---|
| **3. Социјални проблеми** | | ▸ Да се промовираат програми за вработување на корисниците на социјална заштита<br>▸ Да се промовираат програми за вработување на младите лица<br>▸ Да се имплементираат мерки на обука, преквалификација и доквалификација на корисниците на социјална заштита<br>▸ Да се имплементираат мерки на обука, преквалификација и доквалификација на невработените лица со ниски квалификации<br>▸ Да се отвори советувалиште за бракоразвод<br>▸ Да се отворат едукативни центри за превентивна работа со малолетни лица, а особено за работа со деца од семејства со социјални проблеми |
| | *Социјално ранливи групи население:* | ▸ Да се збогати мрежата на социјални услуги за старите лица<br>▸ Да се имплементираат програми за стимулирање на образовниот процес кај лицата од ромска популација<br>▸ Да се применат мерки што ќе овозможат подобар пристап на лецата со хендикеп до јавните услуги и институции |
| **5. Инфраструктурни проблеми** | *Патишта:* | ▸ Подобрување на локалната патна инфраструктура, особено во руралните населени места |
| | *Водовод:* | ▸ / |
| | *Канализација:* | ▸ Да се воспостави канализација во сите населени места |
| **6. Еколошки проблеми** | | ▸ Да се пронајде решение за справување со недостигот од вода во општината<br>▸ Да се пронајде решение за депониите |
| **7. Меѓуинститу-ционална соработка во општината** | | ▸ Унапредување на соработката на Општината со ЦСР и со Центарот за вработување преку поефикасно имплементирање јавни работи, активни мерки за вработување на корисниците на социјална заштита, како и на младите, едукација за можностите и формите на нивна соработка во доменот на социјалната заштита<br>▸ Продлабочување на соработката со НВО-секторот преку имплементација на заеднички проекти и вклучување во планирањето и спроведувањето одредени активности од социјалната заштита<br>▸ Унапредување на соработката на Општината со приватниот сектор преку партнерско вклучување во реализација на програми од областа на социјалната заштита и учество во имплементација на заеднички проекти<br>▸ Унапредување на соработката со централната власт |

| | | |
|---|---|---|
| **8. Социјална заштита** | *Од Општина:* | ▸ Отворање посебно одделение во рамките на Општината кое потесно ќе биде надлежно за планирање и имплементирање активности за социјален развој и социјална заштита во општината<br>▸ Изработка и имплементација на посебни програми и стратегии за социјален развој во општината<br>▸ Едукација на вработените во надлежното Одделение за стратегиско планирање и изработка на програми од областа на социјалната заштита<br>▸ Проширување на формите на социјална заштита што ги реализира Општината со воведување нови форми на социјални услуги<br>▸ Зголемување на процентот што се издвојува од буџетот на Општината за финансирање на социјалната заштита и посистематско планирање на тие буџетски средства |
| | *Од ЦСР:* | ▸ Намалување на бројот на корисници на социјална парична помош преку интензивирање на активностите за нивно вработување, во соработка со Центарот за вработување<br>▸ Развивање на мрежата на институционална и вонинституционална заштита во општината |



# ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ

# 1. ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ

Општина Студеничани го зафаќа јужниот и југозападниот дел на Скопската Котлина, како поранешен простор на општината Кисела Вода. На нејзината територија извира Кадина Река. Просторот на оваа општина има разновидна релјефна структура, бидејќи поголем дел од неа е ридско-планински, сместен меѓу планините Голешница и Караџица, односно му припаѓа на планинскиот масив Јакупица. Таа се граничи со општините: Сопиште, Кисела Вода, Зелениково, Чашка, Македонски Брод и Петровец. Територијата на општина Студеничани зазема површина од 274 км$^2$ и се вбројува во средно големите општини во Република Макдеонија.

Во состав на општината Студеничани има 19 населени места (месни заедници), од кои 18 се постојни, а едно село е наполно раселено (Калдирец). Централно место и седиште на општината е Студеничани, додека другите населби се: Батинци, Драчевица, Долно Количани, Горно Количани, Црвена Вода, Алдинци, Цветово, Елово, Црн Врв, Маркова Сушица, Вртекица, Малчиште, Умово, Пагаруша, Осинчани, Рамни Габер и Морани.

Вкупниот број жители во општината изнесува 17.246. Просечната густина на населеноста е 62 жители на 1 км$^2$. Во однос на бројот на жителите, најголема населба е Студеничани со 4.582 жители, а потоа следува населбата Батинци со 4.109 жители. Бројот на жители во останатите населени места е: Драчевица - 236, Долно Количани - 1.516, Горно Количани - 297, Црвена Вода - 51, Алдинци - 3, Цветово - 826, Елово - 256, Црн Врв - 702, Маркова Сушица - 54, Вртекица - 112, Малчиште - 60, Умово (скоро целосно раселено), Пагаруша - 222, Осинчани - 1, Рамни Габер - 40 и Морани - 1.695. Во општината постои релативно еднаква дистрибуција на населението според полот, односно 8.910 лица се од машки пол и 8.336 лица се од женски пол. Анализата на етничката структура на населението во општина Студеничани покажува дека најголем дел се Албанци (68,38%), потоа Турци (19,05%), Бошњаци (9,64%), Македонци (1,79%), Роми (0,42%), Срби (0,08%) и останати (0,64%). Во однос на степенот на образование, во општина Студеничани без образование се 945 лица (7,97%), со незавршено основно образование 2.004 (16,91%), со основно образование 7.360 (62,12%), со средно образование 1.387 (11,70%), со виша школа 40 (0,34%), со високо образование 74 (0,63%) и 38 лица (0,33%) сѐ уште се вклучени во процесот на основно образование. Од вкупното население на возраст над 10 години во општината, 93,12% (12.711) од жителите се писмени, додека 6,88% (938) се неписмени.

На територијата на општина Студеничани има многу природни ресурси, како што се речни, планински и шумски ресурси. Со нив сѐ уште стопанисува централната власт. Општина Студеничани има 6.815 хектари обработливо земјиште, 6.072 хектари пасишта, а шумите зафаќаат површина од по 10.153 хектари. Има одлични услови за развој на шумското стопанство, а во атарите на рамничарските села има добри услови за полјоделство.

Од големо значење за развој на општината Студеничани е изградбата на индустриска зона, изградбата на четири мини-хидроцентрали, инвестирањето

во производството и преработката на примарните земјоделски производи, трговијата и градежништвото. Исто така, потенцијалите за развој на општината Студеничани треба да се бараат во развивање на планинскиот и селскиот туризам.

## 2. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ КАПАЦИТЕТИ

**Образование:** Во општина Студеничани функционираат три основни училишта, од кои ОУ „Наим Фрашери“ во с. Студеничани, ОУ „Мустафа Ќемал Ататурк“ во с. Долно Количани и ОУ „Алија Авдовиќ“ во с. Батинци. Има девет подрачни училишта (едно од прво до петто одделение и осум подрачни училишта од прво до деветто одделение). Средни училишта и специјални училишта нема.

**Здравство:** Примарната здравствена заштита во општина Студеничани се реализира во рамките на ЗО „Емергенца“, ЗО „Мелем“ и ЗО „Нерон“, кои се наоѓаат во с. Студеничани, и во ПЗУ „Авицена“ и ПЗУ „Интра витам медикус“, кои се лоцирани во с. Батинци. Во рамките на општината функционираат и три аптеки.

**Социјални установи:** Мрежата на социјални установи во целост е неразвиена. Нема ниту една детска градинка, дом за стари лица или други социјални установи.

**Културни установи:** Мрежата на културните установи воопшто не е развиена. Нема музеј, театар, кино. Има три библиотеки што функционираат во рамките на училиштата.

**Спортски објекти:** Нема спортска сала од затворен тип. Во општината има неколку спортски игралишта од отворен тип.

**Медиуми:** Нема печатени ниту електронски медиуми.

**Граѓански организации:** Регистрирани се две граѓански организации: Фондацијата „Евро центар“ и „Артизанти“ – Прво здружение на Албанки.

**Стопански субјекти:** На територијата на општина Студеничани постојни стопански гранки се производството и преработката на земјоделски производи и трговијата (претежно како сива економија).

## 3. ДОМИНАНТНИ ПРОБЛЕМИ ВО ОПШТИНАТА

**Социјални проблеми:** Еден од најзначајните социјални проблеми со кои се соочуваат жителите на општина Студеничани е невработеноста на населението. Согласно со податоците од Агенцијата за вработување, бројот на невработени лица во општината Студеничани во ноември 2010 година изнесувал 1.722 лица, од кои 451 (26,2%) се лица од женски пол. Од евидентираните невработени лица, без образование и со завршено основно образование се 1.330 лица, со нецелосно средно образование 156 лица, со

завршено средно образование 218 лица, а со завршен факултет се 15 лица. Ваквата анализа покажува дека најголем број од невработените лица се нискоквалификувана работна сила, при што учеството на лица со високо образование претставува само 0,9% во вкупниот број невработени лица кои се пријавуваат во Агенцијата за вработување. Најголем дел од невработените во општината се млади лица на возраст од 20 до 29 години (595 лица).

Меѓу социјално најзагрозените групи население во општината Студеничани се истакнува една група жители кои се декларираат како турско население, но нивниот начин на живеење и традиција се блиски на ромската етничка група. Исто така, како ранливи групи се истакнуваат децата со посебни потреби, женските деца (особено оние на возраст од 13 до 15 години), како и земјоделците со нерегулирана земјоделска дејност.

**Инфраструктурни проблеми:** Патната инфраструктура во сите населени места е во многу лоша состојба. Главната патна мрежа е делумно асфалтирана, меѓутоа дел од повисоките планински предели се целосно отсечени од патната мрежа. Исто така, дел од улиците во населените места се земјени, неасфалтирани. Организиран јавен превоз има само во Студеничани, Батинци, Морани, Долно Количани и Горно Количани. Во општинскиот центар Студеничани локалната улична мрежа е делумно асфалтирана, но и таа поради изградбата на фекална канализација во текот на 2004 година е целосно оштетена.

Мал дел од населените места (Студеничани, Батинци и Морани) се снабдуваат со вода од градскиот водовод, кој е изграден пред 30 години. Тој денес делумно ги задоволува потребите на локалното население, поради што се јавува потреба за негово проширување и изградба на нова пумпна станица и резервоар за вода. Локална водоводна мержа е изградена во Цветово со донација на јапонската влада. Водоснабдување во останатите населени места се обезбедува преку каптажа на локални извори (Долно Количани, Горно Количани и Пагаруша) и преку локални чешми и извори.

Во населените места не е изградена канализациона мрежа и се користат септички јами. Исклучок е општинскиот центар Студеничани, каде што главна канализациона мрежа е изградена со донација од Европската агенција за реконструкција. Останува да се изгради секундарна мрежа и да се изврши приклучување на домаќинствата.

Депонија за отпад за Студеничани и останатите населени места од општината е „Дрисла“.

**Еколошки проблеми:** На територијата на општина Студеничани на неколку места има ризик од ерозија на земјиштето, а освен депонијата „Дрисла“, која е еколошка бомба, исто така има и диви депонии создадени од несовесните граѓани. Низ атарот на населените места Студеничани и Морани поминува „Црниот канал“, кој тече од Пинтија и Драчево, како канал кој примарно бил наменет за атмосферски води. Меѓутоа, на него диво се приклучени факални одводи кои често се излеваат во обработливото земјоделско земјиште.

## 4. СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО ОПШТИНАТА

**Општинска администрација:** Во рамките на општинската администрација нема посебно одделение за социјална заштита, како и вработено лице од профилот социјален работник. Не е изработен стратегиски план или програма за социјална заштита. Општината има подготвено Стратегија за локален економски развој и Стратегија за долгорочно решавање на проблемот со невработеноста на Албанките. Годишниот буџет на Општината изнесува 151.000.000 денари, а процентот за социјални трансфери е минимален (точен податок за неговиот износ не беше ставен на располагање). Во Општината не се развиени форми на помош за социјално ранливите групи население, освен за Албанките, со кои се започнати активности за нивно економско јакнење.

**Центар за социјална работа:** Центарот за социјална работа, кој е ситуиран во општина Кисела Вода, е месно надлежен за жителите на општина Студеничани. Покрај Кисела Вода и Студеничани, Центарот е месно надлежен и за општините Зелениково и Сопиште. Тој располага со десет простории и со дванаесет компјутери. Меѓу најзначајните проблеми за функционирање на Центарот за социјална работа се вбројуваат немањето возила за пристап на терен и недостигот од техничка опрема (телефони).

Центарот за социјална работа има соработка со Општината, но таа е повеќе формална и се остварува само при реализација на теренската работа. Соработката со невладиниот сектор, верските организации и со приватниот сектор се оценува како слаба. Важно е да се забележи напуштањето на практиката за соработка со училиштата. Со здравствените установи се соработува само во случај кога е потребно стручно мислење заради остварување на правото на нега од друго лице.

**Број и структура на корисници на мерки и услуги на социјална заштита:** Анализата на структурата на корисници на парична помош од социјална заштита на територијата на општина Студеничани покажува дека 1.100 домаќинства се корисници на социјална парична помош, 140 семејства користат постојана парична помош. Околу десет лица се јавуваат како корисници на еднократна парична помош во последнава година. Исто така, во ноември се евидентирани 101 корисник на детски додаток, 86 на посебен детски додаток, 170 корисници на родителски додаток и 12 корисници на еднократна помош.

Правото на парична помош од социјална заштита најчесто не се остварува поради непоседување комплетна документација, како и утврдување на лажно претставување на состојбата од страна на некои од корисниците при извршување увид и процена на состојбата.

Како најпроблематична група корисници за работа се истакнуваат корисниците на постојана парична помош и на социјална парична помош, пред сè, поради нивната агресивност кога станува збор за утврдување на вистинската состојба на семејството што е корисник кога корисникот е заминат во странство и слично.

## 5. СОРАБОТКА НА ОПШТИНАТА СО ЛОКАЛНИТЕ АКТЕРИ

Општина Студеничани има многу слаба соработка со релевантните институции/организации на локално ниво во доменот на социјалната заштита. Со ЗЕЛС се остваруваат поредовни контакти и средби, додека соработка на Општината со Центарот за социјална работа, со Центарот за вработување, со приватни, верски и невладини здруженија скоро и не постои. Општината соработува со граѓаните преку јавни повици и состаноци со групи заинтересирани граѓани. Во последните неколку години во Општината се интензивира соработката со меѓународни организации и амбасади.

## 6. РЕЗУЛТАТИ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА ВО ОПШТИНА СТУДЕНИЧАНИ

### 6.1. Општи податоци за домаќинствата

Во општина Студеничани беа анкетирани вкупно 100 домаќинства, при што сите потекнуваат од рурална средина. Од вкупниот број домаќинства, 43% се неземјоделски, 35% се мешовити, а 14% се земјоделски домаќинства. Во однос на етничката припадност, доминираат домаќинствата од албанска националност (96%), додека само 2% се домаќинства од турска и 1% од бошњачка националност.

Најголема е застапеноста на петчлени (35%), потоа шестчлени (24%) и 13% четиричлени домаќинства.

*Графикон 1.*




Кај 85% од домаќинствата како глава на домаќинството се јавува мажот. Во 82% од домаќинствата главата на домаќинството е во брачна заедница, додека во 12% станува збор за лице кое е вдовец/вдовица, во 3% е неженет/

немажена, а во 2% разведен/разведена. Во најголем дел од домаќинствата главата на домаќинството е на возраст од 40 до 49 години (35%). Во најмногу домаќинства бројот на членови изнесува пет (35%), а во некои има шест члена (24%).

*Графикон 2.*




*Графикон 3.*




Во најголем број од домаќинствата главата на домаќинството е работник (35%), па потоа невработен (18%), земјоделец (14%), пензионер и домаќин/ка (со по 10%), службеник (6%).

*Графикон 4.*




Иако 98% од лицата кои беа анкетирани се писмени, сепак, половина од анкетираните лица се со завршено само основно образование, односно 52%. Со средно гимназиско се 19%, а 18% со средно стручно образование, со незавршено основно образование се 5%, додека само 4% се со завршено вишо образование и 2% со високо образование.

Половина од домаќинствата што беа анкетирани се корисници на парична помош од социјална заштита.

### 6.2. Вработување

Од вкупниот број анкетирани домаќинства, во 48% нема ниту еден вработен, од кои 46 домаќинства се од албанска националност и по едно домаќинство од турска и од бошњачка националност. Во 40% има по еден вработен член на домаќинството, во 10% по двајца членови (девет домаќинства од албанска и едно од турска националност), а во по 1% од домаќинствата по тројца и по четворица членови. Загрижувачки податок е родовиот јаз во однос на вработеноста, имено во 49% од домаќинствата вработените лица се од машки пол, додека само во 7% се лица од женски пол.

*Графикон 5.*




*Графикон 6.*




Во домаќинствата каде што глава на домаќинството е домаќин/ка, само кај 1% главата е лице од машки пол. Пензионери има во 19% од домаќинствата, од кои само во 1% од домаќинствата се од женски пол. Во 87% од домаќинствата има ученици, студенти или деца, од кои во 78% од домаќинствата има деца од машки пол, а во 57% од женски пол. Во ниту едно од домаќинствата нема работодавци. Во 3% од домаќинствата има лица кои се стечајци или технолошки вишок, а во 2% има членови кои се неспособни за работа, притоа во двата случаја сите лица се од женски пол.

### 6.3. Животен стандард

Од вкупниот број домаќинства, 51% изјавиле дека во последните 12 месеци примиле приходи од редовен работен однос, од кои 96,1% се домаќинства од албанска, а 2% од турска националност, додека од оние што не оствариле приход, 95,9% се од албанска и со по 2% од турска и од бошњачка националност. Приходи надвор од редовен работен однос изјавиле дека примиле 27% од домаќинствата, а 25% оствариле приходи од земјоделство. По 19% од домаќинствата примиле приходи од пензии и од социјална заштита (17 домаќинства од албанска и по едно домаќинство од турска и од бошњачка националност). Само 3% од домаќинствата имале примања од странство,

од кои сите се од албанска националност. Од домаќинствата, 6% примиле финансиска помош од роднини, 4% оствариле приход од имот, а само 1% примиле заеми. Особено е важно да се напомене дека 38,8% од корисниците на парична помош од социјална заштита оствариле приход врз основа на земјоделство.

*Графикон 7.*




*Графикон 8.*




Според анализите, 27% од домаќинствата во последниот месец оствариле приход до 5.000 денари, од кои најголем дел (88,9%) се корисници на парична помош од социјална заштита. Од домаќинствата, 25% оствариле приход од 5.001 до 10.000 денари (по едно домаќинство од турска и од бошњачка националност, а останатите од албанска), од кои поголемиот дел (72%) се корисници на парична помош од социјална заштита. Само 8% од домаќинствата, сите од албанска националност, оствариле приходи над 30.001 денар.

*Графикон 8.*




Во половина од домаќинствата се консумира топол оброк со месо, од кои преовладуваат оние во кои се приготвува топол оброк со месо само еднаш неделно (36%) и два пати неделно (29%). Во 20% од домаќинствата се

консумира топол оброк со месо три пати неделно, а кај 12% не се консумира топол оброк со месо ниту еднаш неделно. Од корисниците на парична помош од социјална заштита, дури 91,7% изјавиле дека не консумираат топол оброк со месо ниту еднаш неделно, а 77,8% од корисниците консумираат само еднаш во неделата. Од лицата кои изјавиле дека ниту еднаш во неделата не консумираат топол оброк со месо, се издвојуваат невработените со 41,7%, потоа следуваат домаќинства каде што главата е домаќин/ка со 33,3% и земјоделски домаќинства со 16,7%. Единствено во работничките домаќинства се консумира топол оброк со месо повеќе од три пати неделно.

*Графикон 9.*




Кај најголем број од домаќинствата во кои глава на домаќинството е маж се консумира топол оброк еднаш (32,9%), два пати (30,6%) и три пати неделно (23,5%). Додека во домаќинствата во кои жена е глава на домаќинството топол оброк се консумира еднаш неделно (60%), два пати неделно (10%) или ниту еднаш во неделата (30%).

Најголем дел од испитаниците (79%) истакнале дека пари им недостасуваат најмногу за покривање на режиските трошоци (домување, вода, електрика, гориво), потоа за храна и безалкохолни пијалаци (59%) и за облека и обувки (58%). Помал дел од испитаниците истакнале дека им недостасуваат пари за покуќнина и мебел (38%), за задоволување на хигиенските и здравствените потреби (26%), за сообраќај - транспорт, автомобил (18%) и за комуникации - телефон, интернет (16%). Само 12% од испитаниците истакнале дека им недостигаат пари за образование. Најмал дел од испитаниците истакнале дека им недостигаат пари за култура и рекреација (4%) и за алкохолни пијалаци и тутун (2%).

*Графикон 10.*




Кога станува збор за корисниците на парична помош од социјална заштита, најголем дел, односно 76,3% од нив, истакнале дека им недостигаат пари за храна и безалкохолни пијалаци, 67,2% за облека и обувки, а 50,6% за режиски трошоци.

Од домаќинствата, само 24% поседуваат компјутер, а повеќе од половината (56%) не можат да си дозволат, додека 39% поседуваат автомобил, а 45% не можат да си дозволат.

*Графикон 11.*




*Графикон 12.*



Најголем дел од испитаниците изјавиле дека живеат во двособен стан (35%), од кои 74,3% се корисници на парична помош од социјална заштита. Особено значајно е тоа што 30% од домаќинствата живеат во четирисобен стан, од кои 26,7% се корисници на парична помош од социјална заштита. Од испитаниците, 19% живеат во трособен стан, 8% во поголем од четирисобен, 6% во едноасобен стан и само 1% во гарсониера. Од домаќинствата, 97% навеле дека имаат градска канализација во своето живеалиште. Сите испитаници истакнале дека во однос на загревањето на домот како главен извор на енергија користат печка на цврсти горива, меѓутоа најголем дел од домаќинствата (77%) загреваат само по една соба во домот, а помалку од домаќинствата по две соби (21%). Половина од испитаниците истакнале дека најмногу им недостасува зимска облека.

*Графикон 13.*




### 6.4. Социјални проблеми и социјална заштита

Најчести социјални проблеми со кои се соочуваат домаќинствата се невработеноста (71%) и сиромаштијата (75%). Од останатите проблеми се наведуваат следниве: болест во 15% од домаќинствата, конфликти во семејните односи во 7%, инвалидност во 6%, деца без родители или родителска грижа во 4%, како и малолетничка деликвенција во 4% од домаќинствата. Во мал дел од домаќинствата како проблеми се јавуваат бракоразводите (2%), асоцијалното однесување кај децата (2%) и дел од проблемите поврзани со природните еколошки процеси (поплава 2% и пожар 1%).

*Графикон 14.*




Домаќинствата посочуваат дека не користеле ниту една форма на вонинституционална и институционална заштита, најчесто поради неинформираност (65%), како и поради тоа што немале потреба од таков вид заштита (33%) и имале нецелосна документација (2%).

Кога станува збор за паричната помош од социјална заштита, половина од домаќинствата користат или користеле право на социјална парична помош, меѓу кои едно домаќинство од турска националност и едно домаќинство од бошњачка националност. Само 10% од домаќинствата користеле постојана парична помош. По 1% од домаќинствата користеле паричен надомест за помош и нега од друго лице и еднократна парична помош и помош во натура, при што во нив главата на домаќинствата е вдовец/вдовица. Како најчести причини за некористење на паричната помош од социјална заштита е истакнато немањето потреба за овој вид заштита (27%), а потоа се наведуваат и неинформираноста (8%), биле одбиени (5%), нецелосна документација (4%) и срам (1%).

*Графикон 15.*




Во однос на правата од детска заштита, 13% од домаќинствата користеле детски додаток, од чиј вкупен број 69,2% се лица кои се во брачна заедница, 15,4% се вдовец/вдовица и 7,7% се разведени. Посебен детски додаток користеле само 9% од домаќинствата, од кои 88,8% се во брачна заедница, а 11,1% се вдовец/вдовица. Причините за некористење на правата од детска заштита домаќинствата ги лоцираат во неинформираноста (34%), затоа што немале потреба (25%), биле одбиени (10%) или немале комплетна документација (8%).

Само мал дел од испитаниците истакнуваат дека досега добиле некаков вид помош од невладини организации (2%), од Општината (2%) и од верски и хуманитарни организации (2%).

### 6.5. Здравство

Во најголем дел од случаите, односно 80% од испитаниците истакнале дека сите членови на семејството се здравствено осигурени, во кои покрај домаќинствата од албанска националност се вбројуваат и сите домаќинства од останатите етнички заедници во населеното место (Турци и Бошњаци). Во 17% од домаќинствата членовите се делумно осигурени, додека кај 3% од домаќинствата ниту еден од членовите не е осигурен и оваа појава е присутна само кај домаќинствата од албанска национална припадност, кои воедно се и корисници на парична помош од социјална заштита.

*Графикон 16.*




Од вкупниот број домаќинства, најголем дел (87%) во случај на болест користат јавни здравствени услуги (услуги на јавни здравствени установи и купуваат лекови од позитивната листа), додека само 1% од домаќинствата се лекуваат кај јавен лекар, а купуваат лекови приватно. Ниту едно од домаќинствата не се лекува кај приватен лекар. Половина од домаќинствата што ги користат услугите на јавните здравствени установи се корисници на парична помош од социјална заштита, а домаќинствата што купуваат лекови приватно не се корисници на парична помош од социјална заштита. Од испитаниците, 6% не посетуваат лекар и користат алтернативни начини на лекување, од кои речиси сите се корисници на парична помош од социјална заштита. Домаќинствата од турска и од бошњачка националност ги користат јавните здравствени услуги.

Во домаќинствата што купуваат лекови приватно главата на домаќинството е невработено лице. Од вкупниот број домаќинства што користат алтернативни начини на лекување, 50% се домаќинства во кои главата на домаќинството е домаќин/ка.

Најголем дел од испитаниците (80%) се оддалечени не повеќе од 15 минути одење пеш до најблискиот здравствен дом, додека на 16% од испитаниците им се потребни 15-30 минути, а само на 1% од домаќинствата им се потребни повеќе од 30 минути за да стигнат до најблискиот здравствен дом.

### 6.6. Образование

Во 62% од домаќинствата има деца кои се на возраст од шест и повеќе години, односно деца кои се вклучени во образовниот процес. Во 18% од домаќинствата има по едно дете, во 26% има по две деца, а во 8% по три деца

кои посетуваат основно образование. Во 22% од домаќинствата има по едно дете кое посетува средно училиште, во 9% има по две деца, а во 2% по три деца кои посетуваат средно училиште. Во повеќе од половината домаќинства (59%) нема деца на возраст за високо образование, а од останатите, само во 2% од домаќинствата има по едно дете, а во 1% по две деца кои посетуваат високо образование.

*Графикон 17.*




Во 7% од анкетираните домаќинства се евидентирани деца кои се на школска возраст, а не се вклучени во редовните образовни процеси, од кои сите се од албанска националност. 42% од домаќинствата што имаат деца кои посетуваат основно образование живеат на оддалеченост од основното училиште помала од 1 км, додека 5% од домаќинствата живеат на оддалеченост од 1,01 до 2 км, а само 1% на оддалеченост од 2,01 до 4 км.

Домаќинствата со деца кои посетуваат основно образование не користеле никакви форми на помош за образование, освен десет од домаќинствата со деца во основно училиште кои користеле бесплатни учебници, од кои само три се корисници на парична помош од социјална заштита. Кај домаќинствата со деца кои посетуваат средно образование, единствено користеле бесплатен превоз 11 од домаќинствата, од кои седум се корисници на парична помош од социјална заштита. Кај домаќинствата со деца кои посетуваат високо образование, само едно домаќинство користело бесплатни учебници.

Според добиените податоци, децата вклучени во основно и во средно образование редовно ја посетуваат наставата. Кај децата во основно училиште, само 1% нередовно посетуваат настава поради нарушено социјално однесување, додека настава не посетуваат 3% (1% поради сиромаштија и 2% поради нарушено социјално однесување), притоа домаќинствата се корисници на парична помош од социјална заштита. Кај децата во средно

училиште нередовно посетуваат настава 6% од децата, и тоа 1% поради болест и 5% поради помагање на родителите во обезбедување егзистенција, сите корисници на парична помош од социјална заштита. Воедно, и 6% од децата во средно училиште не посетуваат настава поради болест (1%), сезонска работа (1%), сиромаштија (3%), нарушено социјално однесување (1%), од кои половина се корисници на парична помош од социјална заштита.

Од вкупниот број домаќинства со деца на школска возраст, 48,4% од домаќинствата се корисници на парична помош од социјална заштита. Од нив, 25 домаќинства имаат деца во основно образование и 20 домаќинства имаат деца во средно образование. Ниту едно од домаќинствата што се корисници на парична помош од социјална заштита немаат деца на факултет. Кај шест домаќинства што се корисници на парична помош од социјална заштита се евидентирани деца кои се на школска возраст, а не се вклучени во редовните образовни процеси.

Што се однесува на занимањето на главата на домаќинството, анализата покажа дека од вкупниот број домаќинства во кои има деца на школска возраст, најголем дел се работнички домаќинства (41,9%). Потоа следуваат домаќинства каде што главата на домаќинството е земјоделец (17,7%), невработено лице (14,5%), пензионер (9,7%), домаќин/ка (6,5%), службеник (4,8%).

### 6.7. Спорт, забава, култура

Испитаниците истакнале дека во општината не постојат библиотеки, театри, киносали и спортски обложувалници. Повеќе од половината испитаници истакнале дека во општината има спортско игралиште, нишалки, ресторан, кафе-бар, интернет-кафе. Најголем дел од испитаниците, односно 60%, истакнале дека ниту еден член од нивното домаќинство не користи интернет. Само 19% од испитаниците користеле интернет од домашен компјутер, а 16% користеле интернет од интернет-кафе.

## 7. ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

### 7.1. Заклучоци

| Област | Потесно подрачје | СОСТОЈБА/ПРОБЛЕМИ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▸ Земјоделство<br>▸ Градежништво<br>▸ Трговија |
| **2. Институционални капацитети** | *Образование:* | ▸ 3 ЦОУ<br>▸ 9 подрачни ОУ (1 училиште од прво до петто одделение, 8 училишта од прво до деветто одделение)<br>▸ Средни училишта нема |

| | | |
|---|---|---|
| | *Здравство:* | ▸ Примарна здравствена заштита: 3 јавни и 2 приватни здравствени установи<br>▸ 3 аптеки |
| | *Социјала:* | ▸ Нема социјални институции во општината |
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▸ Нема кино, ниту театар<br>▸ Нема локални медиуми |
| | *Стопански субјекти:* | ▸ / |
| **3. Социјални проблеми** | | ▸ Најизразен проблем е невработеноста (бројот на невработени лица во општината изнесува 1.722)<br>▸ Од невработените, 1.333 лица се без образование и со завршено основно образование<br>▸ Од невработените, 595 се млади лица на возраст од 20 до 29 години |
| | *Социјално ранливи групи население:* | ▸ Албанките<br>▸ Ромите<br>▸ Децата со посебни потреби<br>▸ Земјоделците со нерегулирана земјоделска дејност |
| **5. Инфраструктурни проблеми** | *Патишта:* | ▸ Лоша состојба на патната мрежа |
| | *Водовод:* | ▸ Водоводна мрежа има само во пет поголеми населени места, додека водоснабдувањето во другите се обезбедува преку каптажа на локалните извори и селски чешми |
| | *Канализација:* | ▸ Канализациона мрежа има само во општинскиот центар Студеничани, каде што е потребна изградба на секундарна мрежа и приклучување на домаќинствата. Во сите други населени места се користат септички јами |
| **6. Еколошки проблеми** | | ▸ Загадување од депонијата за смет што ја користи општината – „Дрисла"<br>▸ Загадување од диви депонии<br>▸ Ерозија на земјиште<br>▸ „Црн канал" |
| **7. Меѓуинституционална соработка во општината** | | ▸ Недоволно развиена соработка меѓу Општината и централната власт<br>▸ Слаба соработка меѓу Општината и ЦСР<br>▸ Слаба соработка со невладиниот сектор (во зачеток), со приватниот сектор и со верските организации |
| **8. Социјална заштита** | *Од Општина:* | ▸ Нема одделение за социјална заштита<br>▸ Не е вработен социјален работник<br>▸ Не се изработени планови и програми за социјална заштита<br>▸ Не се развиени форми на социјална заштита на населението во општината<br>▸ Минимално издвојување од буџетот за социјална заштита |

| | | |
|---|---|---|
| | *Од ЦСР:* | ▶ Корисници на СПП: 1.100 домаќинства<br>▶ Корисници на ППП: 140 семејства<br>▶ Корисници на ЕПП: 10 лица<br>▶ Корисници на детски додаток: 101<br>▶ Корисници на посебен додаток: 86<br>▶ Корисници на родителски додаток: 170<br>▶ Слаба примена на мерките на воинституционална и институционална заштита |

## 7.2. Препораки

| Област | Потесно подрачје | ПРЕПОРАКИ ЗА НАДМИНУВАЊЕ НА ПРОБЛЕМИТЕ И ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▶ Од големо значење за развој на општината Студеничани е изградбата на индустриска зона, изградбата на четири мини-хидроцентрали, инвестирањето во производството и преработката на примарните земјоделски производи. Исто така, потенцијалите за развој на општината Студеничани треба да се бараат во развивање на планинскиот и селскиот туризам |
| **2. Институционални капацитети** | *Образование:* | ▶ Отворање подрачни основни училишта во населени места во општината каде што нема основно училиште<br>▶ Реновирање на постојните училишни згради (инсталација, промена на азбестни покриви, греење и др.)<br>▶ Зголемување на постојните капацитети за посоодветен опфат на децата во помалобројни паралелки<br>▶ Отворање училиште за средно образование |
| | *Здравство:* | ▶ Проширување на мрежата на здравствени установи |
| | *Социјала:* | ▶ Воспоставување социјални институции во општината<br>▶ Спроведување анализа на потребите и отворање вонинституционални и институционални форми на заштита на населението |
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▶ Отворање културни, спортски и забавни институции |
| | *Стопански субјекти:* | ▶ Инвестирање во развој на стопанските субјекти во општината |
| **3. Социјални проблеми** | | ▶ Да се промовираат програми за вработување на младите лица<br>▶ Да се имплементираат мерки на обука, преквалификација и доквалификација на невработените лица со ниски квалификации<br>▶ Да се промовира здружување на малите земјоделски производители во задруги, со што ќе се овозможат поорганизиран пласман, повисока цена и подобра информираност за можностите за користење субвенции и други дополнителни извори<br>▶ Да се промовира претприемаштвото и да се стимулира самовработувањето |

| | | |
|---|---|---|
| | *Социјално ранливи групи население:* | ▸ Да се имплементираат програми за стимулирање на социјалната инклузија на лицата од ромска популација<br>▸ Развивање форми на вонинституционална поддршка на деца со посебни потреби<br>▸ Спроведување програми за унапредување на положбата и социјална инклузија на Албанките |
| **5. Инфраструктурни проблеми** | *Патишта:* | ▸ Да се работи на подобрување на севкупната патна инфраструктура<br>▸ Асфалтиран пристап кон повисоките планински села и асфалтирање на земјените патишта внатре во селата<br>▸ Обнова на постојната асфалтирана оштетена патна инфраструктура |
| | *Водовод:* | ▸ Развивање водоводна мрежа во сите населени места |
| | *Канализација:* | ▸ Изградба на канализациона мрежа во сите населени места<br>▸ Доoформување на секундарната мрежа во општинскиот центар Студеничани |
| **6. Еколошки проблеми** | | ▸ Да се изврши процена и да се најде решение за дивите депонии во општината и за ерозијата на земјиште<br>▸ Да се изнајде техничко решение за пречистување и регулирање на текот на „Црниот канал“ за да не дојде до негово излевање |
| **7. Меѓуинституционална соработка во општината** | | ▸ Воспоставување соработка на Општината со ЦСР и со Центарот за вработување<br>▸ Унапредување на соработката со централната власт<br>▸ Воспоставување соработка со НВО-секторот, со приватниот сектор и со верските организации |
| **8. Социјална заштита** | *Од Општина:* | ▸ Отворање одделение за социјална заштита и вработување социјален работник<br>▸ Едукација на вработените за стратегиско планирање во социјалната заштита и подготовка на програми и планови<br>▸ Едукација на вработените за формите на социјална заштита што би можеле да се реализираат на локално ниво<br>▸ Зголемување на процентот што се издвојува од буџетот за социјална заштита<br>▸ Процена на потребите од социјални услуги и развивање партнерски односи со невладиниот и со приватниот сектор во нудењето на локалните социјални услуги |
| | *Од ЦСР:* | ▸ Намалување на бројот на корисници на социјална парична помош преку интензивирање на активностите за нивно вработување и активација<br>▸ Зголемена примена на јавните работи |

# III ЗБИРНА АНАЛИЗА, ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

## 1. ЗБИРНА АНАЛИЗА НА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД АНКЕТНОТО ИСТРАЖУВАЊЕ ВО ОПШТИНИТЕ

### 1.1. Вработување

Состојбата со сиромаштијата и социјалната исклученост во општините вклучени во истражувањето е слична во однос на повеќе анализирани индикатори. Исклученоста од пазарот на трудот е еден од најизразените. Од вкупно 800 анкетирани домаќинства, кај 350 или 43,8% нема невработен член меѓу работоспособните членови. Меѓутоа, во 204 (25,5%) домаќинства невработен е еден член, а во 178 (22,3%) невработени се двајца членови. Во 68 домаќинства (8,6%) невработени се тројца или повеќе членови на домаќинството. Од 800 анкетирани домаќинства, во 450 (56,2%) има барем по еден работоспособен член кој е невработен (Табела 1).

*Табела 1. Домаќинства според број на невработени и општини*

| **Општина** | | **Работен статус: Колку членови во вашето домаќинство моментално се вработени?** | | | | | | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Ниту еден** | **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** | |
| Радовиш | вкупно<br>во % | 47<br>5,9% | 25<br>3,1% | 19<br>2,4% | 5<br>0,6% | 4<br>0,5% | 0<br>0,0% | 0<br>0.0% | 100<br>12,5% |
| Неготино | вкупно<br>во % | 35<br>4,4% | 27<br>3,4% | 28<br>3,5% | 3<br>0,4% | 3<br>0,4% | 4<br>0,5% | 0<br>0.0% | 100<br>12,5% |
| Берово | вкупно<br>во % | 42<br>5,3% | 22<br>2,8% | 33<br>4,1% | 3<br>0.4% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 100<br>12,5% |
| Пехчево | вкупно<br>во % | 4,<br>5,4% | 30<br>3,8% | 19<br>2,4% | 5<br>0,6% | 2<br>0.3% | 1<br>0.1% | 0<br>0.0% | 100<br>12,5% |
| Конче | вкупно<br>во % | 44<br>5,5% | 25<br>3.1% | 24<br>3,0% | 5<br>0.6% | 2<br>0.3% | 0<br>0.0% | 0<br>0.0% | 100<br>12,5% |
| Липково | вкупно<br>во % | 53<br>6.6% | 19<br>2,4% | 14<br>1,8% | 5<br>0.6% | 6<br>0.8% | 0<br>0.0% | 3<br>0.4% | 100<br>12.5% |
| Студеничани | вкупно<br>во % | 42<br>5,3% | 31<br>3,9% | 17<br>2,1% | 3<br>0.4% | 6<br>0,8% | 1<br>0.1% | 0<br>0.0% | 100<br>12.5% |
| Чашка | вкупно<br>во % | 44<br>5,5% | 25<br>3.1% | 24<br>3,0% | 5<br>0.6% | 2<br>0.3% | 0<br>0,0% | 0<br>0,0% | 100<br>12,5% |
| | вкупно<br>во % | 350<br>43,8% | 204<br>25,5% | 178<br>22,3% | 34<br>4,3% | 25<br>3,1% | 6<br>0,8% | 3<br>0.4% | 800<br>100.0% |

### 1.2. Животен стандард

Од 800 домаќинства, приходи од редовен работен однос во изминатите 12 месеци оствариле 435 (54,4%), 285 (35,6%) оствариле приходи од земјоделска дејност, 224 (28%) оствариле приходи надвор од редовен работен однос, 209 (26,1%) од пензии, 49 (6,1%) добиле примања од странство, 46 (5,8%) добиле помош од деца, родители, роднини, 25 (3,1%) оствариле приходи од имот

(закуп, продажба), а 4 (0,5%) од заеми. Најчест извор на приход надвор од редовен работен однос е од сезонска работа, која ја практикуваат 107 (13,4%) од домаќинствата, додека приближно по 5% од домаќинствата остваруваат приходи надвор од редовен работен однос од: работа по куќи, товар – истовар - пренос, градежништво, трговија и препредажба. Овие податоци, особено податокот за остварување приходи надвор од редовен работен однос, укажуваат на потребата, во услови на сиромаштија, домаќинствата да ја обезбедуваат својата егзистенција од различни извори.

Од 800 домаќинства, најголем дел имаат месечни приходи од 5001 до 10.000 денари (180 или 22,5%), додека значителен е и бројот на домаќинства со приходи до 5.000 денари (162 или 20,3%) (Табела 2).

*Табела 2. Месечни приходи во домаќинствата*

| Месечен приход | Број на домаќинства | % |
|---|---|---|
| До 5 000 мкд | 162 | 20,3 |
| 5 001 – 10 000 мкд | 180 | 22,5 |
| 10 001 – 14 000 мкд | 119 | 14,9 |
| 14 001 – 18 000 мкд | 82 | 10,3 |
| 18 001 – 23 000 мкд | 87 | 10,9 |
| 23 001 – 30 000 мкд | 66 | 8,3 |
| Над 30 001 мкд | 67 | 8,4 |
| Не знам | 13 | 1,6 |
| Одбивам да одговорам | 24 | 3,0 |
| Вкупно | 800 | 100 |

Најголем дел од домаќинствата живеат во двособен стан - 255 (31,9%), во станбена површина од 61 до 80 м$^2$ - 201 или 25,1% од домаќинствата и во цврста градба - 759 или 94,9% од домаќинствата. Во 145 домаќинства (18,1%) нема веце со бања во станот, 53 домаќинства (6,6%) користат септичка јама, 38 домаќинства (4,8%) не се поврзани со градска канализација. Од аспект на водоснабдувањето, четири домаќинства (0,5%) користат вода од јавна чешма, а 28 (3,5%) немаат воопшто вода во станот. Најголем дел од домаќинствата - 731 (91,4%) се греат со печка на цврсти горива, а само 31 (3,9%) имаат сопствено парно греење. За забележување е дека мнозинството домаќинства загреваат само една соба во текот на зимата - 427 домаќинства (53,4%), што значи дека приближно 1/3 од годината сите членови на домаќинството се принудени заедно да престојуваат само во една соба.

Од основните апарати што се користат во домаќинството, електричен шпорет имаат 739 (92,4%), бојлер - 731 (91,4%), фрижидер - 784 (8%), машина за перење алишта - 714 (89,3%), правошмукалка - 677 (84,6%), телевизор - 769 (96,1%), а телефон - 459 домаќинства (57,4%). Домаќинствата најмалку поседуваат: машина за миење садови (87 или 10,9%), видеокамера (93 или

11,6%) и клима-уред (108 или 13,5%). За истакнување е високиот процент на домаќинства кои, и покрај нискиот животен стандард, поседуваат мобилен телефон (682 домаќинства или 85,3%; процент што е дури и повисок од процентот на домаќинства што поседуваат обичен телефон – 57,4%) и видеорикордер (402 домаќинства или 50,3%).

На домаќинствата од облека најмногу им недостасуваат: топла зимска облека (јакни, џемпери), што како потреба го истакнале 347 домаќинства (43,4%), потоа обувки - 114 домаќинства (14,3%) и облека за свечени пригоди - 85 домаќинства (10,6%).

### 1.3. Социјални проблеми и социјална заштита

Од аспект на социјалните проблеми, во сите општини како најизразени се истакнуваат невработеноста (555 или 69,4% од вкупниот број домаќинства - 800) и сиромаштијата (546 или 68,3%). Социјалните проблеми поврзани со природните еколошки процеси се втори по застапеност. Најчеста е погоденоста од поплави (50 домаќинства или 6,3%), земјотреси (40 домаќинства или 5,0%) и суши (33 домаќинства или 4,1%). Социјалните проблеми поврзани со девијации (деликвенција, коцкање, криминал, болести на зависност, скитништво) се јавуваат кај вкупно 29 домаќинства (3,6% од вкупниот број домаќинства).

За забележување е многу ниското ниво на користење на мерките на институционална и вонинституционална социјална заштита во сите општини. Од 800 домаќинства, само 22 (2,7%) користеле мерки на вонинституционална заштита, а само 3 (0,4%) мерки на институционална заштита. За разлика од нив, значително поголемо е користењето на паричните бенефиции. Меѓу нив, најчесто користени се: социјална парична помош, која ја користат или користеле 388 домаќинства (48,5%), постојана парична помош - 49 домаќинства (6,1%), и паричен надоместок за помош и нега од друго лице - 12 домаќинства (1,5%).

Од мерките на детска заштита најчесто користени се: детски додаток (168 домаќинства или 21%), еднократна помош за новороденче (93 или 11,6%), партиципација (29 или 3,6%) и посебен детски додаток (23 или 2,9%).

Помош од други извори (од невладини организации, општина, верски и хуманитарни организации и приватни лица) добиле само мал дел од домаќинствата - 25 или 3,1%. Овој податок укажува на недоволно развиените функции за локална социјална заштита од страна на релевантните актери во сите општини.

Меѓу **причините за некористење** на мерките на социјална заштита, покрај онаа што се однесува на непостоењето потреба од ваков вид мерки, предничат неинформираноста и одбивањето на апликантите од страна на релевантните институции. Најчести причини за некористење парична помош од социјална заштита се: немање потреба (235 или 29,4%); одбиени (87 или 10,9%) и неинформираност (39 или 4,9%). Детската заштита не се користи најчесто поради: немање потреба (242 или 30,3%), неинформираност (140 или 17,5%) и одбивање (117 или 14,6%). Домаќинствата не користат

институционална и вонинституционална заштита најчесто поради: немање потреба (422 или 52,8%), неинформираност (221 или 27,6%) како и одбивање (102 или 12,8%).

Меѓу помалку застапените причини поради кои домаќинствата не остваруваат пристап до мерките на социјална заштита се истакнуваат: несредена/некомплетна документација, неисполнување на потребните услови за аплицирање, како и срам од околината.

### 1.4. Здравство и исхрана

Во однос на **здравственото осигурување**, во 688 домаќинства (86%) сите членови на домаќинството се осигурени, во 71 домаќинство (8,9%) членовите на домаќинството се само делумно здравствено осигурени, во 31 домаќинство (3,9%) никој не е осигурен и во десет домаќинства (1,3%) оваа состојба е непозната (Графикон 1). Во случај на болест, 659 домаќинства (82,4%) одат на јавен лекар и купуваат лекови на рецепт, а само 31 (3,9%) истакнале дека можат да си го дозволат приватното лекување. Податоците за **близината на здравствениот дом,** пак, говорат за релативно добрата распределеност на овие институции на локално ниво. Имено, од 800 домаќинства, 617 (77,1%) живеат на оддалеченост до 15 минути од најблискиот здравствен дом, иако значителен е и бројот на оние на кои им се потребни 16-30 минути да стигнат до него (141 домаќинство или 17,6%) или повеќе од 30 минути - 30 домаќинства (3,8%). И покрај пристапноста, овој податок треба да се поткрепи со сознанијата од терен, според кој голем дел од здравствените домови (особено пунктовите во руралните средини) се со ограничено работно време и не нудат сеопфатна здравствена заштита за граѓаните.

*Графикон 1.*



Во анкетираните домаќинства **исхраната** богата со месо недостасува. Од 800 домаќинства, најголемиот дел готват топол оброк со месо само еднаш во неделата (213 или 26,6%), а 98 домаќинства (12,3%) ниту еднаш. На прашањето да посочат пет од наведените потреби во домаќинството за кои им недостасуваат средства, добиени се сознанија за најголем недостиг од средства за домување, вода, електрика, горива (истакнато од страна на 562 домаќинства или 70,3%) и за храна и безалкохолни пијалаци (истакнато од страна на 500 домаќинства или 62,5%) (Преглед 1).

*Преглед 1. Листа на потреби во домаќинството за чие задоволување недостасуваат средства*

| Потреби во домаќинството | Број на домаќинства | % од вкупниот број домаќинства (800) |
|---|---|---|
| 1. Домување, вода, електрика, горива | 562 | 70,3% |
| 2. Храна и безалкохолни пијалаци | 500 | 62,5% |
| 3. Облека и обувки | 491 | 61,4% |
| 4. Хигиена и здравје (лекови и помагала) | 372 | 46,5% |
| 5. Сообраќај (транспорт/автомобил) | 250 | 31,3% |
| 6. Образование | 184 | 23% |
| 7. Рекреација и култура (весници, книги, патувања, забава) | 139 | 17,4% |
| 8. Комуникација (телефон, интернет) | 132 | 16,5% |
| 9. Алкохолни пијалаци и тутун | 78 | 9,8% |

### 1.5. Образование

Резултатите од истражувањето во осумте општини во однос на образованието покажуваат слични тенденции. Од 800 домаќинства, во 442 (55,3%) има деца на школска возраст (шест и повеќе години). Од нив, во 285 домаќинства има деца кои посетуваат основно училиште, во 193 има деца кои посетуваат средно училиште, а во 110 домаќинства има деца кои се вклучени во високото образование. Во однос на редовноста на училиште, се забележува задоволителен опфат кај сите три степени на образование (нередовноста се движи околу незабележителни 0,3-1,0%). Ваквата состојба веројатно се должи и на неодамнешните законски интервенции во однос на задолжителноста на двата степени на образование (основно и средно), промовирањето на високото образование во рамките на образовната политика во земјата, но во одредена мера и на фактот што етничката група Роми, кај која исклученоста од образовниот систем е најизразена, како проблем е застапена со само 29 домаќинства или 3,6% од вкупниот број домаќинства (800).

Од формите на помош за основно образование најчесто се користени бесплатниот превоз (49 домаќинства) и бесплатната ужинка (пет домаќинства); за средно образование најчесто користен е бесплатниот превоз (41 домаќинство); а за високо образование најчесто се користени стипендиите (16 домаќинства), кредитите (осум домаќинства) и уписот во квоти (седум

домаќинства). Во основа, само незабележителен број домаќинства успеале да остварат пристап до формите на помош и поддршка за задоволување на образовните потреби.

### 1.6. Спорт, забава, култура

Од аспект на пристапот до спортски, забавни и културни институции, најголема исклученост се забележува во однос на театрите и кината, а најмала во однос на кафе-баровите и спортските игралишта. Процентуалното учество на домаќинствата од аспект на можноста да остварат пристап до овој вид институции во своето населено место е даден во Преглед 2.

*Преглед 2. Пристап до спортски, забавни и културни институции*

| Вид на институција | Број на домаќинства што имаат пристап до институциите | % од вкупниот број домаќинства (800) |
|---|---|---|
| 1. Театар | 135 | 16,9% |
| 2. Кино | 233 | 29,1% |
| 3. Спортска обложувалница | 364 | 45,5% |
| 4. Библиотека | 378 | 47,3% |
| 5. Нишалки | 524 | 65,5% |
| 6. Интернет-кафе | 533 | 66,6% |
| 7. Ресторан | 561 | 70,1% |
| 8. Кафе-бар | 646 | 80,8% |
| 9. Спортско игралиште | 721 | 90,1% |

Од вкупниот број домаќинства (800), мнозинството воопшто не користат интернет (436 или 54,5%) (Графикон 2).

*Графикон 2.*



## 2. ЗАКЛУЧОЦИ

| ОБЛАСТ | Потесно подрачје | СОСТОЈБА/ПРОБЛЕМИ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▸ Во урбаните општини доминираат дејности што апсорбираат пониско квалификувана работна сила<br>▸ Голема застапеност на текстилната индустрија и на рударството<br>▸ Доминантна застапеност на земјоделството, сточарството, шумарството и тутунопроизводството во руралните оптини<br>▸ Застапеност на земјоделството и на сточарството и во урбаните општини<br>▸ Развој на туризмот во неколку општини |
| **2. Институци-онални капацитети** | *Образо-вание:* | ▸ Во урбаните општини постои подобро развиена мрежа на образовни институции и подобар пристап до нив<br>▸ Мрежата на средни стручни училишта не е доволно развиена  во урбаните општини<br>▸ Недоволно развиена мрежа на образовни институции во руралните општини (во руралните општини нема средни училишта)<br>▸ Најисклучени од пристапот до образовни институции се руралните населби лоцирани во повисоките планински места |
| | *Здравство:* | ▸ Мрежата на здравствени институции во урбаните општини е задоволувачка<br>▸ Мрежата на здравствени институции во руралните општини е слабо развиена (во поголем број рурални општини нема аптеки, специјалистички ординации, служба за брза помош, а малиот број амбуланти не се достапни за граѓаните ноќе и за време на викендите)<br>▸ Воопшто не е развиена мрежата на здравствени институции во руралните планински населби |
| | *Социјала:* | ▸ Недоволен број детски градинки<br>▸ Непостоење на ниту еден дом за стари лица<br>▸ Непристапност на ЦСР за жителите од руралните општини поради непостоење подрачни единици на надлежните ЦСР<br>▸ Најограничен пристап до ЦСР за жителите од планинските населби<br>▸ Слабо развиена мрежа на установи за вонинституционална заштита<br>▸ Неразвиена мрежа на установи за институционална заштита<br>▸ Народни кујни во поголем број општини |
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▸ Слабо развиена мрежа на културно-забавни институции во урбаните средини<br>▸ Добро развиена мрежа на спортски објекти и организации во урбаните средини<br>▸ Неразвиена мрежа на културно-забавни институции и спортски објекти во руралните средини<br>▸ Слабо развиена локална медиумска мрежа<br>▸ Поголем број регистрирани здруженија на граѓани, од кои активни се мал број |

| | | |
|---|---|---|
| | *Стопански субјекти:* | ▸ Преовладува развој на мало стопанство<br>▸ Недостиг од поголеми стопански субјекти што би апсорбирале поголема работна сила |
| **3. Социјални проблеми** | | ▸ Доминантни се социјални проблеми поврзани со социјалниот развој - невработеност и сиромаштија<br>▸ Животниот стандард е повисок во урбаните општини во споредба со руралните<br>▸ Во руралните општини сиромаштијата од аспект на обезбедување основни егзистенцијални потреби е помалку изразена во споредба со урбаните општини<br>▸ Во подем се проблемите поврзани со семејни дисфункции и девијации<br>▸ Подобри ресурси за унапредување на човековиот развој постојат во урбаните општини<br>▸ И во урбаните и во руралните општини постои голема социјална нееднаквост<br>▸ Невработеноста е пониска во општинските центри |
| | *Социјално ранливи групи население:* | ▸ Старите лица<br>▸ Инвалидните лица<br>▸ Корисниците на ППП<br>▸ Турската етничка група<br>▸ Ромската етничка група<br>▸ Жителите од планинските населби |
| **5. Инфраструктурни проблеми** | *Патишта:* | ▸ Подобра патна инфраструктура во урбаните општини во споредба со руралните<br>▸ Застарена патна инфраструктура<br>▸ Неасфалтирани земјени патишта во руралните населби<br>▸ Најлош пристап до планинските населби |
| | *Водовод:* | ▸ Поголема покриеност со водоводна мрежа во урбаните во споредба со руралните општини, односно населени места<br>▸ Проблем со водоснабдување, особено во повисоките населени места |
| | *Канализација:* | ▸ Поголема покриеност со канализациона мрежа во урбаните во споредба со руралните општини, односно населени места |
| **6. Еколошки проблеми** | | ▸ Диви депонии за цврст отпад (најчесто само во општинските центри има организирано собирање)<br>▸ Загадени реки од цврст отпад и отпадни води (од населени места без канализација) |
| **7. Меѓуинституционална соработка во општината** | | ▸ Формална соработка меѓу општините и централната власт<br>▸ Релативно добра соработка со ЗЕЛС<br>▸ Недоволно развиена соработка со НВО<br>▸ Регионална соработка најчесто со најблиската соседна општина, со која има административна, комуникациска и традиционална поврзаност<br>▸ Слаба соработка меѓу општините, ЦСР и центрите за вработување<br>▸ Слаба соработка со приватниот сектор и верските организации<br>▸ Мала активност и иницијативност на населението во општините |

| | | |
|---|---|---|
| **8. Социјална заштита** | *Од Општина:* | ▸ Слабо развиени функции од социјална заштита<br>▸ Нема посебни одделенија за социјална заштита<br>▸ Не се вработени социјални работници<br>▸ Постои тренд на изработка на програми за социјална заштита и на стратегиски планови за вработување<br>▸ Програмите за социјална заштита генерално се фокусирани на финансиска помош и не ги задоволуваат основните методски и методолошки критериуми<br>▸ Нема стратегиско планирање во областа на социјалната заштита<br>▸ Нема развиени форми за социјална заштита на ранливите групи население<br>▸ Од буџетот се издвојуваат минимални средства за социјална заштита (околу 1%) |
| | *Од ЦСР:* | ▸ Најголем број корисници на СПП<br>▸ Најголем процент на корисници на СПП во општини со албанско население<br>▸ Понизок животен стандард кај корисниците на социјална помош во споредба со некорисниците<br>▸ Мерките на вонинституционална и институционална заштита на жителите од општините недоволно се применуваат<br>▸ Најчести причини за некористење на правата од социјална заштита се неинформираноста, неисполнувањето услови, одбивањето и срамот<br>▸ Во борбата против невработеноста, како најдоминантен социјален проблем, недоволно се применуваат и слабо се таргетираат активните мерки<br>▸ Јавните работи скоро воопшто не се реализираат во 2010 година (во некои општини оваа мерка се доживува како деградирачка и поради тоа нејзиното реализирање влијае врз популарноста на локалните власти) |

## 3. ПРЕПОРАКИ

| ОБЛАСТ | Потесно подрачје | СОСТОЈБА/ПРОБЛЕМИ |
|---|---|---|
| **1. Доминантни дејности** | | ▸ Промовирање современи начини на земјоделско и сточарско производство преку едукација и субвенционирање на ситните земјоделски производители и сточари<br>▸ Стимулирање на здружување на земјоделските производители и сточари во задруги заради обезбедување соодветен и навремен пласман на производите, заштита на нивните права, подобрена информираност и сл.<br>▸ Натамошен развој на текстилната индустрија, со зајакнување на контролата врз работата на текстилните стопански субјекти и заштита на правата на работниците<br>▸ Инвестирање во развој на туризмот согласно со потенцијалите и ресурсите на секоја општина<br>▸ Развивање на други стопански гранки преку длабинска анализа на расположливите ресурси и капацитети на општината, воспоставување стратегиски правци на развој и одржливо и доследно реализирање |

| | | |
|---|---|---|
| **2. Институционални капацитети** | *Образование:* | ▶ Развивање на мрежата на средни стручни училишта во урбаните општини<br>▶ Развивање на мрежата на образовни институции во руралните општини<br>▶ Подобрување на пристапот до образовни институции во руралните населби лоцирани во повисоките планински места |
| | *Здравство:* | ▶ Доразвивање на специјалистички здравствени услуги во урбаните општини<br>▶ Развивање на мрежата на здравствени институции во руралните општини што ќе бидат достапни ноќе и за време на викендите<br>▶ Создавање услови за отворање аптеки во руралните општини<br>▶ Зајакнување на капацитетите и начинот на функционирање на службите за брза помош<br>▶ Воспоставување мобилни амбуланти заради пристап до оддалечените и слабо населените рурални средини<br>▶ Субвенционирање на функционирањето на општи и специјалистички ординации во општините во кои се јавува потреба од одредени здравствени услуги |
| | *Социјала:* | ▶ Отворање детски градинки во општините каде што се јавува потреба од тоа, особено во руралните општини<br>▶ Отворање домови за стари лица, како и други форми на институционална и вонинституционална заштита на стари лица<br>▶ Анализа на можностите за отворање локални канцеларии на надлежните центри за социјална работа во поголемите рурални општини<br>▶ Развивање на сите форми за вонинституционална заштита и во руралните и во урбаните општини (дневни центри за лица со посебни потреби, стари лица, клубови, советувалишта и др.)<br>▶ Анализа на потребите за развивање институционална заштита (мали групни домови, заштитено домување и др.)<br>▶ Отворање народни кујни во општините во кои не е воспоставена оваа форма и проширување на обемот на корисници во постојните кујни |
| | *Култура/ Спорт/ Забава:* | ▶ Збогатување на мрежата на културно-забавни институции во урбаните средини<br>▶ Развивање на мрежата на културно-забавни институции и спортски објекти во руралните средини<br>▶ Поддршка од страна на општините за развивање локална медиумска мрежа<br>▶ Јакнење на капацитетите на НВО-секторот на локално ниво |
| | *Стопански субјекти:* | ▶ Стимулирање натамошен развој на малото стопанство<br>▶ Анализа на потенцијалите на општините за отворање поголеми стопански субјекти кои би апсорбирале поголема работна сила |

| | | |
|---|---|---|
| **3. Социјални проблеми** | | ▸ Развивање локални стратегиски планови, програми и мерки за социјален развој и борба против невработеноста и сиромаштијата<br>▸ Развивање стратегиски мерки за справување со урбаната сиромаштија<br>▸ Зајакнување на активностите на центрите за вработување, особено на полето на активните мерки<br>▸ Подигање на свеста на населението за препознавање и реагирање на формите на семејни девијации преку превентивни мерки<br>▸ Развивање советодавни и советувалишни услуги за зајакнување на семејната структура и за справување со семејните дисфункции<br>▸ Мерки за ублажување на социјалната нееднаквост меѓу жителите на урбаните и на руралните општини<br>▸ Изготвување стратегија за постигнување порамномерен локален развој на општината |
| | *Социјално ранливи групи население:* | ▸ Стари лица: воспоставување институционални и вонинституционални форми на заштита (домови, дневни центри, клубови, дневни болници, услуги за помош во домашни услови, заштита во згрижувачки семејства и др.)<br>▸ Инвалидни лица: воспоставување институционални и вонинституционални форми на заштита (дневни центри, заштитено домување, мали групни домови, згрижувачки семејства, субвенционирано вработување, олеснет пристап до институциите и др.)<br>▸ Корисници на ППП: зголемена поддршка од ЦСР за корисниците на ППП, зголемување на износот на ППП, олеснет пристап до институциите, обезбедување континуирана парична помош и помош во натура од страна на општините.<br>▸ Ромската етничка група: мерки на афирмативна акција, програми и мерки за унапредување на образовниот статус, вклучување во активните мерки за вработување, унапредување на условите за домување<br>▸ Турската етничка група: мерки за унапредување на образовниот статус, развивање програми за еманципација на Турчинката, вклучување во активните мерки за вработување<br>▸ Жителите од планинските населби: посебни мерки за социјална инклузија на жителите од планинските населби заради подобрен пристап до образовни, здравствени, културни, социјални и други услуги |
| **5. Инфра-структурни проблеми** | *Патишта:* | ▸ Доизградба на патната инфраструктура во руралните општини<br>▸ Обновување на патната инфраструктура во урбаните општини<br>▸ Подобрување на пристапот до планинските населби |
| | *Водовод:* | ▸ Постепено покривање на сите населени места во урбаните и во руралните општини со водоводна мрежа, посебно во оддалечените планински места<br>▸ Воведување механизми за контрола на квалитетот на водата за пиење во руралните општини |
| | *Канализа-ција:* | ▸ Постепено покривање со канализациона мрежа на сите населени места во урбаните и во руралните општини |

| | | |
|---|---|---|
| **6. Еколошки проблеми** | | ▶ Изнаоѓање решенија за постојните диви депонии за цврст отпад и изградба на депонии на соодветни локации според утврдените стандарди<br>▶ Формирање комунални претпријатија за организирано собирање отпад и проширување на капацитетите на постојните претпријатија заради покривање на сите населени места (најчесто само во општинските центри има организирано собирање)<br>▶ Анализа на можностите за примена на моделот на јавно-приватно партнерство во справувањето со еколошките проблеми<br>▶ Изнаоѓање решенија за стопирање на изворите на загадување на водите |
| **7. Меѓуинституционална соработка во општината** | | ▶ Унапредување на формите на соработка меѓу општините и централната власт<br>▶ Развивање различни форми на соработка со НВО<br>▶ Зајакнување на соработката меѓу општините, ЦСР и центрите за вработување преку воспоставување формални и неформални мултиресорски тематски тела<br>▶ Развивање корпоративна одговорност на стопанските субјекти<br>▶ Поттикнување на социјалните функции на верските организации<br>▶ Развивање нови форми на соработка меѓу граѓаните и општините и промовирање на важноста на граѓанската иницијатива и акција за решавање на локалните проблеми и развој на општината |
| **8. Социјална заштита** | *Од Општина:* | ▶ Развивање на функциите од социјална заштита<br>▶ Формирање посебни одделенија за социјална заштита<br>▶ Предвидување работно место за социјален работник во систематизацијата на работни места во општините<br>▶ Систематска, координирана и информирана изработка и доработка на стратегиските документи на општините<br>▶ Организирање и спроведување едукација за стратегиско планирање на вработените во општинската администрација<br>▶ Изработка на стратегии за локален развој на социјалната заштита<br>▶ Таргетирање на ранливите групи население и развивање соодветни мерки за социјална заштита<br>▶ Зголемување на ставката за социјална заштита од општинските буџети, проследено со соодветно буџетско планирање и контрола на наменското трошење<br>▶ Регулирање на финансиската помош што им ја доделуваат општините на ранливите групи граѓани преку воспоставување јасни критериуми за нејзино доделување (изработка на правилници)<br>▶ Развивање локална мрежа на соработка заради оптимално искористување на локалните ресурси во обезбедувањето социјална заштита на населението (општина, образовни, здравствени, културни и спортски институции, приватен сектор, НВО и верски и хуманитарни организации)<br>▶ Едукација на релевантните локални актери за можните форми на достава на социјални услуги: кофинансирање, контрактирање и сл. |

*Од ЦСР:*

- Подобрено таргетирање на СПП
- Зголемување на можностите за вработување на корисниците на СПП преку подобрување на соработката помеѓу ЦСР и ЦВ во имплементацијата на активните мерки
- Проширување на опфатот на домаќинства - корисници на социјална помош со услугите на народната кујна и формирање народни кујни во сите општини
- Развивање на мрежата на вонинституционална заштита и анализа на можностите за развивање регионална институционална социјална заштита
- Искористување на општинските инфраструктурни капацитети за воспоставување на потребните социјални услуги (мали групни домови за старите лица, шелтер-центри, дневни центри, народни кујни и сл.)
- Зголемување на информираноста на населението за правата од социјална заштита
- Имплементација на програми за развивање на свеста за социјално загрозеното население и надминување на предрасудите и стигматизирачките практики
- Поинтензивно и неселективно ангажирање на корисниците на СПП во изведување јавни работи во општините, кое ќе биде доследно на законските прописи

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Амицис Г. (2004) Систем на социјална заштита во Република Македонија, стр. 11-12, Скопје.

Државен завод за статистика (2002) Попис на населението, домаќинството и становите на Република Македонија.

Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/2000, 17/2003, 65/2004).

Закон за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија 79/09“).

Општина Берово, УНДП (2006) Стратегија за одржлив развој на општина Берово 2006-2001.

Општина Конче (2010) Програма за социјална заштита на населението во општина Конче за 2010 година, „Службен гласник на Општина Конче“ бр. 05/2010.

Општина Липково (2009) Профил на општина Липково, *Графотекс*, Куманово.

Општина Липково, УСАИД (2009) Стратегија за локален развој на општина Липково 2009-2011.

Општина Студеничани (2010) Стратегија за локален економски развој на општина Студеничани 2010-2014, *Евроцентар консалтинг*.

Општина Чашка (2008) Профил на општина Чашка.

Општина Чашка (2008) Програма за развој на образованието, спортот, културата, здравството и социјалната заштита на општина Чашка за периодот 2009-2013 година.

Општина Чашка, УСАИД (2008) Стратегиски план за локален економски развој на општина Чашка.

Општина Чашка (2010) Предлог-програма за активностите на Општина Чашка во областа на социјалната заштита во 2011 година.

Пејановиќ С. (1995) Појам потреба и социјалне потребе, *Социјална мисао*, бр. 5-6, Београд.

Совет на општините Берово и Пехчево (2008) Локален акционен план за вработување во Берово и во Пехчево 2009-2011.

Сулејманов З., Стојановски Н. (2002) Социјална патологија, стр. 21, Скопје.

УНДП (2004) Извештај од анализата на социоекономските разлики меѓу македонските општини, Скопје.

УСАИД (2010) Стратегија за долгорочно решавање на проблемот со невработеност на  Албанката, Студија на случај во општините Студеничани и Теарце.

Фонд за социјални инвестиции (2005) Брошура за идентификување социјални проблеми и соработка во локалната заедница. Проект за развој на општините и Центар за континуирано образование за социјален развој, Скопје.

www.stat.gov.mk

www.mtsp.gov.mk

http://epp.eurostat.ec.europa.eu

http: www1.oecd.org/cer/obj5/docs.htm

http://www.berovo.gov.mk/

http://www.pehcevo.gov.mk/

http://www.radovis.gov.mk/

http://www.caska.gov.mk/

http://www.negotino.gov.mk/

http://www.lipkovo.gov.mk/

http://www.studenicani.gov.mk/

http://www.konce.gov.mk/

Анекс 1

# Прашалник

## истражување на социјалната положба на граѓаните во РМ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Бр. на прашалник: | | | |
| Општина: | | | |
| Име на населено место: | | | |
| Тип на населено место: | 1. Урбано | 2. Рурално | 3. Приградско |
| Датум на анкетирање: | | | |
| Име и презиме на анкетарот: | | | |
| Код на супервизорот: | | | |

### А. Информации во врска со главата на домаќинството

Q1. **Пол на главата на домаќинството:**

1. Машки
2. Женски

*999. Одбива да одговори (не читај)*

Q2. **Возраст на главата на домаќинството:**

1. 15 – 19
2. 20 – 29
3. 30 – 39
4. 40 - 49
5. 50 - 59
6. 60 - 64
7. 65 и повеќе

*99. Не знам (не читај)*

*999. Одбива да одговори (не читај)*

Q3. **Националност на главата на домаќинството:**

1. Македонец/Македонка
2. Албанец/Албанка
3. Ром/Ромка
4. Турчин/Турчинка
5. Србин/Србинка
6. Влав/Влаинка
7. Бошњак/Бошњачка
8. Друго (запиши)______________________
9. *Одбива да одговори (не читај)*

Q4. **Брачен статус на главата на домаќинството:**
1. неженет/немажена
2. оженет/омажена
3. вонбрачна заедница
4. разведен/разведена
5. вдовец/вдовица

*99. Не знам (не читај)*
*999. Одбива да одговори (не читај)*

Q5. **Писменост на главата на домаќинството:**
1. писмен (знае да чита и да пишува)
2. неписмен (не знае да чита и да пишува)

*99. Не знам (не читај)*
*999. Одбива да одговори (не читај)*

Q6. **Степен на формално образование на главата на домаќинството:**
1. Без образование
2. Нецелосно основно образование (до 4 одделение)
3. Основно образование
4. Средно стручно
5. Средно гимназиско
6. Вишо образование
7. Високо образование (додипломски)
8. Второ ниво на универзитетско образование (магистер)
9. Постуниверзитетско ниво (докторат, специјализација)

*99. Не знам (не читај)*
*999. Одбива да одговори (не читај)*

Q7. **Моментално занимање на главата на домаќинството (за што е стручно ТГИ): Инструкција: Читај ги модалитетите! САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**
1. земјоделец
2. работник
3. службеник
4. стручњак
5. раководител
6. приватен претприемач
7. слободна професија (уметник, новинар, адвокат и сл.)
8. војска, полиција
9. ученик/студент
10. пензионер
11. домаќин/домаќинка
12. Друго (запиши)___________________________________

*99. Не знам (не читај)*
*999. Одбива да одговори*

Q8. **Дали главата на домаќинство е корисник на парична помош од социјална заштита? Инструкција: САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**
1. да
2. не

*99. Не знам (не читај)*
*999. Одбива да одговори (не читај)*

## Б. Информации во врска со домаќинството

Q9. **Колку членови брои вашето домаќинство? Под член на домаќинството се подразбира личност која е со постојано место на живеење на адресата на вашето домаќинство. Се бројат и оние лица кои се моментално на привремен престој во странство (до 12 месеци), а официјално се водат на оваа адреса. Инструкција: запиши во квадратот!**

1. Број на членови во домаќинството: [ ]

*99. Не знам (не читај)*

*999. Одбива да одговори (не читај)*

Q10. **Тип на домаќинство:**
**Инструкција: САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**

1. земјоделско (домаќинството се издржува само од земјоделска дејност)
2. неземјоделско (ако ниеден од членовите не се занимава со земјоделска дејност)
3. мешовито (се издржува и од земјоделска и од неземјоделска дејност)

*99. Не знам (не читај)*

*999. Одбива да одговори (не читај)*

Q11. **Колку членови во вашето домаќинство моментално се:**
**Инструкција: Читај ги модалитетите! ПО ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД!**

| Работен статус | ниту еден | еден | двајца | тројца | четворица | петмина | шестмина | седуммина | осуммина и повеќе |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВРАБОТЕНИ | | | | | | | | | |
| Вработен | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| Работодавец | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| Самовработен | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| НЕВРАБОТЕНИ | | | | | | | | | |
| Невработен | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| Стечаец/технолошки вишок | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| НЕАКТИВНИ ЛИЦА | | | | | | | | | |
| Пензионер | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| Ученик/студент/дете | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| Работно неспособен | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| Домаќин/домаќинка | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| Друго | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |

Q12. **Колку членови од претходно наведените работни статуси се машки, а колку женски?**
**Инструкција: За секој наведен работен статус во претходното прашање заокружи колку се машки, колку женски**

| Работен статус | машки | | | | | | | | | женски | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВРАБОТЕНИ | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вработен | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| Работодавец | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| Самовработен | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| НЕВРАБОТЕНИ | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Невработен | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| Стечаец/технолошки вишок | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| НЕАКТИВНИ ЛИЦА | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Пензионер | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| Ученик/студент/дете | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| Работно неспособен | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| Домаќинка | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |
| Друго | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + | 0 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 + |

## В. Животен стандард

Q13. **Дали вие или некој друг од вашето домаќинство**
**Q13а. Дали сте примиле некој од следниве видови приход во изминатите 12 месеци?**
**Инструкција: Читај ги модалитетите! За секој елемент од табелата заокружи дали испитаникот одговара потврдно или не! Само по еден одговор во секој ред!**

| Извори на приходи во домаќинството: | Да | Не | Не знам (не читај) | Одбива да одговори (не читај) |
|---|---|---|---|---|
| приходи од редовен работен однос | 1 | 0 | 99 | 999 |
| приходи надвор од редовен работен однос | 1 | 0 | 99 | 999 |
| приходи од пензии | 1 | 0 | 99 | 999 |
| примања од странство | 1 | 0 | 99 | 999 |
| приходи од земјоделство | 1 | 0 | 99 | 999 |
| приходи од имот (закуп, продажба) | 1 | 0 | 99 | 999 |
| заеми | 1 | 0 | 99 | 999 |
| помош од деца/родители/роднини | 1 | 0 | 99 | 999 |
| приходи од социјална заштита | 1 | 0 | 99 | 999 |
| други извори на приходи (запиши): | | | | |

***САМО АКО во Q13 е назначено за приходи вон работен однос***

Q14. **Кои Q14. Кои од наведениве дејности овозможиле прилив на приходи надвор од редовен работен однос во последните 12 месеци?**
**Инструкција: Читај ги модалитетите! За секој елемент од табелата заокружи**

**ДАЛИ ИСПИТАНИКОТ ОДГОВАРА ПОТВРДНО ИЛИ НЕ! САМО ПО ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД!**

| Дејности | Надвор од редовен работен однос | |
|---|---|---|
| | Да | Не |
| трговија/ препродажба | 1 | 0 |
| градежништво | 1 | 0 |
| товар - истовар - пренос | 1 | 0 |
| работа по куќи | 1 | 0 |
| сезонска работа | 1 | 0 |
| друго (запиши): | | |

Q15. **КОЛКАВА Е СУМАТА ПАРИ ШТО ВАШЕТО ДОМАЌИНСТВО ЈА ОСТВАРИ КАКО ПРИХОД МИНАТИОТ МЕСЕЦ?**
**ИНСТРУКЦИЈА: НЕ ЧИТАЈ. САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**

1. до 5.000 МКД
2. 5.001-10.000 МКД
3. 10.001-14.000 МКД
4. 14.001-18.000 МКД
5. 18.001-23.000 МКД
6. 23.001-30.000 МКД
7. над 30.001 МКД

*99. Не знам (не читај)*
*999. Одбива да одговори*

## Г. ЗДРАВСТВО И ИСХРАНА

Q16. **ДАЛИ ЧЛЕНОВИТЕ ОД ВАШЕТО ДОМАЌИНСТВО СЕ ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРЕНИ?**
**ИНСТРУКЦИЈА: ЧИТАЈ ГИ МОДАЛИТЕТИТЕ! САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**

Здравствено осигурување на членовите на домаќинството:

1. да - сите се осигурени
2. делумно - не се сите осигурени
3. никој не е осигурен

*99. Не знам (не читај)*
*999. Одбива да одговори (не читај)*

Q17. **ВО СЛУЧАЈ НА БОЛЕСТ (ОСВЕН ХОСПИТАЛИЗАЦИЈА) НАЈЧЕСТО:**
**ИНСТРУКЦИЈА: ЧИТАЈ ГИ МОДАЛИТЕТИТЕ! САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**

1. одам на јавен лекар и купувам лекови на рецепт
2. одам на јавен лекар и купувам лекови приватно
3. се лекувам кај приватен лекар
4. не одам на лекар, користам алтернативни начини на лекување
5. друго *(запиши)*_____________________________________________

*99. Не знам (не читај)*
*999. Одбива да одговори (не читај)*

Q18. **Колку време ви е потребно за да стигнете до најблискиот здравствен дом од вашето живеалиште?**
**Инструкција: Читај ги модалитетите! САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**
1. до 15 минути
2. 16 – 30 минути
3. повеќе од 30 минути
4. не постои здравствен дом во моето населено место

*99. Не знам (не читај)*
*999. Одбива да одговори (не читај)*

Q19. **Вообичаено, колку пати во неделата се готви топол оброк со месо во вашето домаќинство?**
**Инструкција: Не читај! САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**
1. ниту еднаш
2. еднаш
3. два пати
4. три пати
5. четири пати
6. пет пати
7. шест пати
8. секој ден (седум пати)

*99. Не знам (не читај)*
*999. Одбива да одговори (не читај)*

Q20. **Од наведениве неколку работи, ве молам, назначете до 5 за кои најмногу ви недостасуваат пари?**
**Инструкција: Прочитај ја целосно листата. Возможен е само еден одговор во секој ред! Максимум 5 единици во колоната „Наведено“, за сите останати заокружете 0 во колоната „Ненаведено“**

| За што најмногу ви недостасуваат пари (заокружи 5): | Наведено | Ненаведено |
|---|---|---|
| храна и безалкохолни пијалаци | 1 | 0 |
| алкохолни пијалаци и тутун | 1 | 0 |
| облека и обувки | 1 | 0 |
| домување, вода, електрика, горива | 1 | 0 |
| покуќнина и мебел | 1 | 0 |
| хигиена и здравје (лекови, помагала) | 1 | 0 |
| сообраќај (транспорт, автомобил) | 1 | 0 |
| комуникации (телефон, интернет) | 1 | 0 |
| рекреација и култура (весници, книги, патувања, забава) | 1 | 0 |
| образование | 1 | 0 |
| Друго (запиши) | | |

## Д. ОБРАЗОВАНИЕ

Q21. **Дали во вашето домаќинство има деца на возраст за да бидат вклучени во образовниот процес (на 6 и повеќе години)?**
**Инструкција: САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**

1. да
2. не *>>>> оди на Q27*

Q22. **Ве молам, назначете колку од нив посетуваат основно, средно или високо образование, а колку не посетуваат?**
**Инструкција: Запиши го бројот на деца во колоната и наведи го збирот под „ВКУПНО деца"!**

| Тип на образование | Број на деца (запиши) | Не знам (не читај) | Одбива да одговори (не читај) |
|---|---|---|---|
| во основно образование | | 99 | 999 |
| во средно образование | | 99 | 999 |
| во високо образование (факултет ) | | 99 | 999 |
| никогаш не биле вклучени во образовен процес, а се на возраст да посетуваат училиште (основно или средно) | | 99 | 999 |
| ВКУПНО деца: | | | |

***САМО АКО во Q22 е назначен број на деца во ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ***

Q23. **Колку е оддалечено основното училиште во кое учат децата/детето од вашето домаќинство?**
**Инструкција: САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**

1. до 1 км
2. 1,01 - 2 км
3. 2,01 - 4 км
4. повеќе од 4 км

*99. Не знам (не читај)*
*999. Одбива да одговори (не читај)*

***САМО АКО во Q22 е назначен број на деца во ОСНОВНО И / ИЛИ СРЕДНО образование***

Q24. **Колку од децата редовно, нередовно или воопшто не посетуваат настава (само за деца во основно и во средно образование)?**
**Инструкција: Прашај посебно за основно и за средно! Запиши го бројот на деца и наведи го збирот под „ВКУПНО деца"!**

| | Деца во основно образование | | | Деца во средно образование | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| РЕДОВНОСТ | Број на деца (запиши) | Не знам (не читај) | Одбива да одговори (не читај) | Број на деца (запиши) | Не знам (не читај) | Одбива да одговори (не читај) |
| Редовно посетува | | 99 | 999 | | 99 | 999 |
| Нередовно посетува | | 99 | 999 | | 99 | 999 |
| Престана да посетува | | 99 | 999 | | 99 | 999 |
| ВКУПНО деца: | | | | | | |

***САМО АКО во Q24 е назначено дека нередовно или воопшто не посетува настава***

Q25. **КОЛКУ ОД ДЕЦАТА НЕ ПОСЕТУВААТ ИЛИ НЕРЕДОВНО ПОСЕТУВААТ НАСТАВА ПОРАДИ НЕКОЈА ОД СЛЕДНИВЕ ПРИЧИНИ?**
**ИНСТРУКЦИЈА: ПРАШАЈ ПОСЕБНО ЗА ОСНОВНО И ЗА СРЕДНО! ЧИТАЈ ГИ ПРИЧИНИТЕ И ЗАПИШИ ГО БРОЈОТ НА ДЕЦА КОИ НЕРЕДОВНО ИЛИ ВООПШТО НЕ ПОСЕТУВААТ НАСТАВА И НАВЕДИ ГО ЗБИРОТ ПОД „ВКУПНО“!**

| | Деца во основно образование | | | | Деца во средно образование | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ПРИЧИНИ | Нередовно посетува поради: | Не посетува поради: | Не знам (не читај) | Одбива да одговори (не читај) | Нередовно посетува поради: | Не посетува поради: | Не знам (не читај) | Одбива да одговори (не читај) |
| Болест | | | 99 | 999 | | | 99 | 999 |
| Сезонска работа | | | 99 | 999 | | | 99 | 999 |
| Помага на родител во обезбедување егзистенција | | | 99 | 999 | | | 99 | 999 |
| Сиромаштија (нема облека, пари) | | | 99 | 999 | | | 99 | 999 |
| Нарушено социјално однесување | | | 99 | 999 | | | 99 | 999 |
| Традиција | | | 99 | 999 | | | 99 | 999 |
| Друго (запиши) ______________________ | | | 99 | 999 | | | 99 | 999 |
| ВКУПНО | | | | | | | | |

***САМО АКО во Q22 е назначено дека има деца кои се вклучени во образовниот оцес***

Q26. **ДАЛИ СТЕ КОРИСТЕЛЕ ИЛИ КОРИСТИТЕ НЕКОЈА ОД НАВЕДЕНИВЕ ФОРМИ НА ПОМОШ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ?**
**ИНСТРУКЦИЈА: ЧИТАЈ ПОСЛЕДОВАТЕЛНО. ВОЗМОЖЕН Е САМО ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД!**

| Форми на помош за образование | Да | Не | Не знам (не читај) | Одбива да одговори (не читај) |
|---|---|---|---|---|
| Основно образование | | | | |
| бесплатен превоз | 1 | 0 | 99 | 999 |
| бесплатна ужинка | 1 | 0 | 99 | 999 |
| стипендија | 1 | 0 | 99 | 999 |
| кредит | 1 | 0 | 99 | 999 |
| упис во квоти | 1 | 0 | 99 | 999 |
| Друго (запиши) | | | | |
| Средно образование | | | | |
| бесплатен превоз | 1 | 0 | 99 | 999 |
| бесплатна ужинка | 1 | 0 | 99 | 999 |
| стипендија | 1 | 0 | 99 | 999 |
| кредит | 1 | 0 | 99 | 999 |
| упис во квоти | 1 | 0 | 99 | 999 |
| Друго (запиши) | | | | |
| Високо образование | | | | |
| бесплатен превоз | 1 | 0 | 99 | 999 |
| бесплатна ужинка | 1 | 0 | 99 | 999 |
| стипендија | 1 | 0 | 99 | 999 |
| кредит | 1 | 0 | 99 | 999 |
| упис во квоти | 1 | 0 | 99 | 999 |
| Друго (запиши) | | | | |

## Ѓ. СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

Q27. **ДАЛИ ВООПШТО НЕКОГАШ ВАШЕТО ДОМАЌИНСТВО БИЛО СООЧЕНО ИЛИ СЕ СООЧУВА СО НЕКОЈ ОД НАВЕДЕНИВЕ СОЦИЈАЛНИ ПРОБЛЕМИ?**
**ИНСТРУКЦИЈА: ЧИТАЈ ПОСЛЕДОВАТЕЛНО. ВОЗМОЖЕН Е САМО ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД!**

| | Да | Не | Не знам (не читај) | Одбива да одговори (не читај) |
|---|---|---|---|---|
| Проблеми поврзани со социјалниот развој: | | | | |
| невработеност | 1 | 0 | 99 | 999 |
| сиромаштија | 1 | 0 | 99 | 999 |
| бракоразвод | 1 | 0 | 99 | 999 |
| конфликтни семејни односи | 1 | 0 | 99 | 999 |
| деца без родители и родителска грижа | 1 | 0 | 99 | 999 |
| болест | 1 | 0 | 99 | 999 |
| инвалидност | 1 | 0 | 99 | 999 |
| семејно насилство | 1 | 0 | 99 | 999 |
| етнички конфликти/војни | 1 | 0 | 99 | 999 |
| Проблеми поврзани со девијации) | | | | |
| асоцијално однесување (бегање од училиште, тепачки, скитање кај деца) | 1 | 0 | 99 | 999 |
| малолетничка деликвенција | 1 | 0 | 99 | 999 |
| деликвенција кај возрасни (коцкање) | 1 | 0 | 99 | 999 |
| деликвенција кај возрасни (криминал) | 1 | 0 | 99 | 999 |
| алкохолизам | 1 | 0 | 99 | 999 |
| наркоманија | 1 | 0 | 99 | 999 |
| проституција | 1 | 0 | 99 | 999 |
| скитање кај возрасни | 1 | 0 | 99 | 999 |
| убиства/самоубиства | 1 | 0 | 99 | 999 |
| Проблеми поврзани со природни еколошки процеси: | | | | |
| пожар | 1 | 0 | 99 | 999 |
| поплава | 1 | 0 | 99 | 999 |
| суша | 1 | 0 | 99 | 999 |
| земјотрес | 1 | 0 | 99 | 999 |
| Друго (запиши) | | | | |

Q28. **ДАЛИ ВООПШТО НЕКОГАШ ВАШЕТО ДОМАЌИНСТВО КОРИСТЕЛО ИЛИ КОРИСТИ НЕКОЈА ОД НАВЕДЕНИВЕ МЕРКИ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА?**
**ИНСТРУКЦИЈА: ЧИТАЈ ПОСЛЕДОВАТЕЛНО. ВОЗМОЖЕН Е САМО ЕДЕН ОДГОВОР ВО СЕКОЈ РЕД!**

| Мерки на социјална заштита | Да | Не | Не знам (не читај) | Одбива да одговори (не читај) |
|---|---|---|---|---|
| Вонинституционална заштита: | | | | |
| информирање, консултативна, советодавна и советувалишна работа при ЦСР | 1 | 0 | 99 | 999 |
| стручна помош на семејството за решавање брачни, семејни кризи, односи родител - дете | 1 | 0 | 99 | 999 |
| домашна нега и помош | 1 | 0 | 99 | 999 |
| дневен центар | 1 | 0 | 99 | 999 |
| сместување во згрижувачко семејство | 1 | 0 | 99 | 999 |
| мал групен дом | 1 | 0 | 99 | 999 |
| самостојно живеење со поддршка | 1 | 0 | 99 | 999 |
| Институционална заштита: | | | | |
| оспособување за работно-производствена активност | 1 | 0 | 99 | 999 |
| сместување во институција за социјална заштита | 1 | 0 | 99 | 999 |
| Парична помош од социјална заштита: | | | | |
| социјална парична помош | 1 | 0 | 99 | 999 |
| постојана парична помош | 1 | 0 | 99 | 999 |
| парична помош на лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа | 1 | 0 | 99 | 999 |
| паричен надоместок за помош и нега од друго лице | 1 | 0 | 99 | 999 |
| еднократна парична помош и помош во натура | 1 | 0 | 99 | 999 |
| надоместок на плата за скратено работно време поради нега на дете со телесни или ментални пречки во развојот | 1 | 0 | 99 | 999 |
| парична помош за социјално домување | 1 | 0 | 99 | 999 |
| Детска заштита: | | | | |
| детски додаток | 1 | 0 | 99 | 999 |
| посебен детски додаток | 1 | 0 | 99 | 999 |
| еднократна парична помош за новороденче | 1 | 0 | 99 | 999 |
| партиципација (детска градинка) | 1 | 0 | 99 | 999 |
| родителски додаток за дете | 1 | 0 | 99 | 999 |
| Друг вид парична или помош во натура сме добиле од: | | | | |
| НВО | 1 | 0 | 99 | 999 |
| Општината | 1 | 0 | 99 | 999 |
| верски-хуманитарни организации | 1 | 0 | 99 | 999 |
| приватни лица | 1 | 0 | 99 | 999 |
| Друго (запиши) | | | | |

***САМО АКО во Q28 е назначено дека не користеле ниту една мерка на социјална заштита од подгрупита „Парична помош од социјална заштита“***

Q29. **ЗОШТО НЕ СТЕ КОРИСТЕЛЕ ПАРИЧНА ПОМОШ ОД СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА?**

**ИНСТРУКЦИЈА: ЧИТАЈ ГИ МОДАЛИТЕТИТЕ! САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**

1. поради неинформираност
2. бевме одбиени
3. имавме некомплетна/несредена документација
4. поради срам
5. немаме потреба
6. друго (*запиши*) _______________________________

***САМО АКО во Q28 е назначено дека не користеле ниту една мерка на социјална заштита од подгрупита „ Детска заштита "***

Q30. **ЗОШТО НЕ СТЕ КОРИСТЕЛЕ ДЕТСКА ЗАШТИТА?**

**ИНСТРУКЦИЈА: ЧИТАЈ ГИ МОДАЛИТЕТИТЕ! САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**

1. поради неинформираност
2. бевме одбиени
3. имавме некомплетна/несредена документација
4. поради срам
5. немаме потреба
6. друго (*запиши*) _______________________________

***САМО АКО во Q28 е назначено дека не користеле ниту една мерка на социјална заштита од подгрупите „Институционална заштита" и / или „Вонинституционална заштита "***

Q31. **ЗОШТО НЕ СТЕ КОРИСТЕЛЕ ДРУГИ ФОРМИ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА (ИНСТИТУЦИОНАЛНА И ВОНИНСТИТУЦИОНАЛНА ЗАШТИТА)?**

**ИНСТРУКЦИЈА: ЧИТАЈ ГИ МОДАЛИТЕТИТЕ! САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**

1. поради неинформираност
2. бевме одбиени
3. имавме некомплетна/несредена документација
4. поради срам
5. немаме потреба
6. друго (*запиши*) _______________________________

## Е. СПОРТ, ЗАБАВА, КУЛТУРА

Q32. **Ве молам да ми кажете дали во вашето населено место постојат следниве објекти?**
**Инструкција: Читај последователно. Возможен е само еден одговор во секој ред!**

| | Да | Не | Не знам (не читај) | Одбива да одговори (не читај) |
|---|---|---|---|---|
| кино | 1 | 0 | 99 | 999 |
| театар | 1 | 0 | 99 | 999 |
| библиотека | 1 | 0 | 99 | 999 |
| спортско игралиште | 1 | 0 | 99 | 999 |
| нишалки | 1 | 0 | 99 | 999 |
| ресторан | 1 | 0 | 99 | 999 |
| маркети | 1 | 0 | 99 | 999 |
| интернет-кафе | 1 | 0 | 99 | 999 |
| кафе-бар | 1 | 0 | 99 | 999 |
| спортска обложувалница | 1 | 0 | 99 | 999 |

Q33. **Дали барем еден член од вашето домаќинство користи интернет?**
**Инструкција: Читај ги модалитетите! САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**
1. да, најчесто од домашниот компјутер
2. да, најчесто од интернет-кафе
3. да, најчесто од работа
4. не користам интернет
5. друго (запиши)____________________________

*99. Не знам (не читај)*
*999. Одбива да одговори (не читај)*

## Ж. ЖИВЕАЛИШТЕ

Q34. **Колку соби брои вашето живеалиште (без, кујна, веце или бања)?**
**Инструкција: САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**
Број на соби во станот:
1. гарсониера
2. еднособен
3. двособен
4. тривособен
5. четирисобен
6. поголем стан

*999. Одбива да одговори (не читај)*

Q35. **Која е приближната големина на вашето живеалиште (не се вбројуваат подрум, таван, работилница, гаража)?**
**Инструкција: САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**

Површина на станот

1. до 10 $м^2$
2. 11-20 $м^2$
3. 21-40 $м^2$
4. 41-60 $м^2$
5. 61-80 $м^2$
6. 81-100 $м^2$
7. над 101 $м^2$

*99. Не знам (не читај)*
*999. Одбива да одговори (не читај)*

Q36. **Дали живеалиштето во кое живеете има:**
**Инструкција: Читај последователно. Еeден одговор во секој ред!**

| | Да | Не | Одбива да одговори |
|---|---|---|---|
| Санитарен јазол | | | |
| веце во двор | 1 | 2 | 999 |
| веце во стан | 1 | 2 | 999 |
| веце со бања во стан | 1 | 2 | 999 |
| Канализација | | | |
| нема | 1 | 2 | 999 |
| септичка јама | 1 | 2 | 999 |
| градска | 1 | 2 | 999 |
| Водоснабдување | | | |
| користи од друго место (на пр. јавна чешма) | 1 | 2 | 999 |
| чешма во двор | 1 | 2 | 999 |
| чешма во стан | 1 | 2 | 999 |

Q37. **Како го загревате домот за време на зимата? Назначете го главниот извор на енергија што го користите?**
**Инструкција: САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**

1. централно парно греење
2. сопствено парно греење
3. греење со печка на струја
4. греење со печка на цврсти горива
5. греење со печка на течни горива
6. друго (*запиши*)___________________________________

*99. Не знам (не читај)*
*999. Одбива да одговори (не читај)*

Q38. **Колку соби од вашето живеалиште загревате?**
**Инструкција: САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**

1. една
2. две
3. три
4. четири и повеќе

99. Не знам (не читај)
999. Одбива да одговори (не читај)

Q39. **Кој вид облека најмногу му недостасува на вашето домаќинство?**
**Инструкција: Читај ги модалитетите! САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**

1. обувки
2. летна облека
3. зимска облека (јакни, џемпери)
4. свечена облека
5. долна облека
6. не му недостига облека на домаќинството
7. друго (запиши)_______________________________

99. Не знам (не читај)

999. Одбива да одговори (не читај)

Q40. **Ќе прочитам одредени апарати за домаќинство што може да ги поседува едно семејство. Ве молам да ми кажете дали вашето домаќинство ги:**
**1. поседува,**
**2. не ги поседува затоа што не му се потребни или**
**3. ги нема затоа што не може да си ги дозволи?**
**Инструкција: Читај последователно. Возможен е само еден одговор во секој ред!**

| Апарати за домаќинство | Домаќинството го има | На домаќинството не му треба | Домаќинството не може да си го дозволи | Одбива да одговори (не читај) |
|---|---|---|---|---|
| шпорет на цврсто гориво | 1 | 2 | 3 | 999 |
| електричен шпорет | 1 | 2 | 3 | 999 |
| печка | 1 | 2 | 3 | 999 |
| бојлер | 1 | 2 | 3 | 999 |
| фрижидер | 1 | 2 | 3 | 999 |
| длабоко замрзнување | 1 | 2 | 3 | 999 |
| машина за перење алишта | 1 | 2 | 3 | 999 |
| машина за миење садови | 1 | 2 | 3 | 999 |
| правошмукалка | 1 | 2 | 3 | 999 |
| Клима-уред | 1 | 2 | 3 | 999 |
| радио/грамофон/касетофон | 1 | 2 | 3 | 999 |
| телевизор | 1 | 2 | 3 | 999 |
| видеокамера | 1 | 2 | 3 | 999 |
| видеорикордер/ДВД | 1 | 2 | 3 | 999 |
| фотографски апарат | 1 | 2 | 3 | 999 |
| компјутер | 1 | 2 | 3 | 999 |
| телефон | 1 | 2 | 3 | 999 |
| мобилен телефон | 1 | 2 | 3 | 999 |
| велосипед | 1 | 2 | 3 | 999 |
| мотоцикл | 1 | 2 | 3 | 999 |
| патнички автомобил | 1 | 2 | 3 | 999 |
| трактор/земјоделски машини | 1 | 2 | 3 | 999 |

***ПОПОЛНИ ОТКАКО ЌЕ ГО НАПУШТИШ ЖИВЕАЛИШТЕТО!!!***

Q41. **Вид на градба:**

**Инструкција: САМО ЕДЕН ОДГОВОР!**

1. импровизориум
2. трошна/монтажна
3. цврста градба
4. друго (запиши)___________________________________________________

ЦИП -